# Службен весник на Република Македонија

Број 43 | 4 март 2014, вторник | година LXX

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk


СОДРЖИНА


Стр.

1241. **Закон** за изменување и дополнување на Законот за вештачење.............. 3
1242. **Закон** за изменување и дополнување на Законот за матичната евиденција....... 7
1243. **Закон** за изменување и дополнување на Законот за заштита на личните податоци ........................................ 8
1244. **Закон** за изменување и дополнување на Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка......................... 9
1245. **Закон** за судска служба ..................... 10
1246. **Закон** за изменување и дополнување на Законот за извршување на санкциите........................................... 56
1247. **Закон** за изменување и дополнување на Законот за застапување на Република Македонија пред Европскиот суд за човекови права.............. 88
1248. **Закон** за изменување и дополнување на Законот за извршување на одлуките на Европскиот суд за човекови права ....................................... 89
1249. **Закон** за изменување на Законот за шумарска и ловна инспекција........... 90
1250. **Закон** за изменување и дополнување на Законот за шумите................... 91
1251. **Закон** за дополнување на Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој ............................ 102
1252. **Закон** за дополнување на Законот за основање на Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството................................................. 103
1253. **Закон** за дополнување на Законот за државниот инспекторат за земјоделство................................................ 104
1254. **Закон** за изменување и дополнување на Законот за здравјето на растенијата.............................................. 105
1255. **Закон** за дополнување на Законот за безбедност на храната.................... 106
1256. **Закон** за изменување на Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија .............................. 107
1257. **Закон** за изменување и дополнување на Законот за рамномерен регионален развој ...................................... 108
1258. **Закон** за изменување и дополнување на Законот за Државниот инспекторат за локална самоуправа... 109
1259. **Закон** за изменување и дополнување на Закон за акцизите ..................... 110
1260. **Закон** за изменување и дополнување на Законот за субвенционирање на станбен кредит .............................. 112
1261. **Закон** за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност ...................................................... 114
1262. **Закон** за изменување на Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор ............................................. 115

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 1263. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за државната ревизија | 116 |
| 1264. | **Закон** за дополнување на Законот за ревизија | 118 |
| 1265. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за Централен регистар | 120 |
| 1266. | **Закон** за изменување на Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам | 122 |
| 1267. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за супервизија на осигурување | 123 |
| 1268. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за Фондот за осигурување на депозити | 124 |
| 1269. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за финансиската полиција | 126 |
| 1270. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за ревизија на инструментот за претпристапна помош (ИПА) | 128 |
| 1271. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за Народната банка на Република Македонија | 131 |
| 1272. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати | 132 |
| 1273. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за девизната инспекција | 133 |
| 1274. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за стоковните резерви | 134 |
| 1275. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за Царинската управа | 135 |
| 1276. | **Закон** за Управата за јавни приходи | 144 |
| 1277. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки | 158 |
| 1278. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита | 162 |
| 1279. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување | 172 |
| 1280. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за санитарната и здравствената инспекција | 175 |
| 1281. | **Закон** за дополнување на Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност | 176 |
| 1282. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за лековите и медицинските помагала | 177 |
| 1283. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување | 178 |
| 1284. | **Одлука** за одобрување на Годишната програма за работа на Агенцијата за пошти за 2014 година | 180 |
| 1285. | **Одлука** за давање согласност на Одлуката за висината на месечниот надомест за 2014 година што Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување го наплатува од пензиските друштва | 180 |
| 1286. | **Одлука** за давање согласност на Одлуката за измена на Одлуката за утврдување на висината на надоместоците што Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување ги наплатува од пензиските друштва | 180 |
| 1287. | **Одлука** за давање согласност на предлогот на Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2014 година | 180 |
| 1288. | **Одлука** за давање согласност на предлогот на Годишниот финансиски план на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2014 година | 180 |
| 1289. | **Одлука** за користење на средствата од концесискиот надоместок за користење на аеродромите во Република Македонија за 2013 година | 181 |
| 1290. | **Одлука** за одобрување на Финансискиот план на ЈРП Македонска радиотелевизија за редовни и инвестициони активности на радиопрограмите наменети за соседните земји и Европа на странски јазици за 2014 година | 181 |
| 1291. | **Одлука** за одобрување на Финансискиот план на ЈРП Македонска радиотелевизија за редовни и инвестициони активности на радиопрограмите наменети за информирање на иселениците и граѓаните на Република Македонија кои живеат во соседните земји, во Европа и на другите континенти на македонски јазик и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници за 2014 година | 181 |
| 1292. | **Одлука** за одобрување на Финансискиот план на ЈРП Македонска радиотелевизија за редовни и инвестициони активности на радиопрограмски сервис преку сателит наменет за иселениците и граѓаните на Република Македонија кои живеат во Европа и на другите континенти на македонски јазик и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници за 2014 година | 182 |
| 1293. | **Одлука** за одобрување на Финансискиот план на ЈРП Македонска радио-телевизија за редовни и инвестициони активности на Првиот телевизиски програмски сервис преку сателит наменет за иселениците и граѓаните на Република Македонија кои живеат во Европа и на другите континенти на мекедонски јазик и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници за 2014 година | 182 |
| 1294. | **Одлука** за одобрување на Финансискиот план на ЈРП Македонска радио-телевизија за редовни и инвестициони активности на Вториот телевизиски програмски сервис преку сателит наменет за иселениците и граѓаните на Република Македонија кои живеат во Европа и на другите континенти на македонски јазик и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници за 2014 година | 182 |
| 1295. | **Одлука** за одобрување на Финансискиот план на ЈРП Македонска радио-телевизија за редовни и инвестициони активности за Собранискиот канал за 2014 година | 183 |
| 1296. | **Автентично толкување** на членот 64 ставови 1 и 2 од Законот за денационализација („Службен весник на Република Македонија“ број 20/98, 31/2000, 42/2003, 44/2007, 72/10, 171/10 и 55/13) | 183 |
| 1297. | **Одлука** за изменување и дополнување на Одлуките за формирање на општинските изборни комисии | 183 |
| | **Огласен дел** | **1-8** |

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**1241.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВЕШТАЧЕЊЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за вештачење,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 25 февруари 2014 година.

Бр. 07-1208/1
25 февруари 2014 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВЕШТАЧЕЊЕ

Член 1

Во Законот за вештачење („Службен весник на Република Македонија“ број 115/10 и 12/14), во членот 1 зборовите: “како и други прашања кои се однесуваат на вештачењето” се заменуваат со зборовите: “надлежностите на Бирото за судски вештачења (во натамошниот текст: Бирото), организацијата и работењето, како и други прашања од значење за судските вештачења, супервештачења, процени и грижа за унапредување на работите на вештачењето“.

Член 2

По членот 43 се додава нова Глава IV и 14 нови члена 43-а, 43-б, 43-в, 43-г, 43-д, 43-ѓ, 43-е, 43-ж, 43-з, 43-ѕ, 43-и, 43-ј, 43-к и 43-л, кои гласат:

„IV. БИРО ЗА СУДСКИ ВЕШТАЧЕЊА

Член 43-а

(1) Бирото е орган на државна управа во состав на Министерството за правда, со својство на правно лице.

(2) Бирото врши стручни работи од областа на вештачењата и супервештачењата за потребите на судовите и јавните обвинителства во Република Македонија, за потребите на државните органи, јавните претпријатија, трговските друштва основани од државата, физичките и правните лица, како и за други субјекти за кои е потребно да се изврши вештачење.

(3) Бирото за потребите на судовите и јавните обвинителства, државните органи, јавните претпријатија и трговските друштва основани од државата, изготвува Програма за вештачење и процени.

(4) Бирото ги врши и работите на процена согласно со закон.

Член 43-б

Вршењето на работите од својата надлежност, особено вршење на вештачења, супервештачења и процена, Бирото ги заснова врз научни и стручни методи со примена на методологија и сознанија според достигнувањата на науката и искуствата на практиката во соодветната област.

Член 43-в

Во делокругот на Бирото од областа на вештачењето спаѓа:

- следење на научните, стручните и техничките достигнувања во областите во кои врши вештачења и процени, преземање мерки за усовршување на работата, методите на вештачењата и стручно усовршување на вработените и надворешните соработници,
- запознавање на барателите на вештачењата со достигнувањата во определените области, заради нивно упатување во можностите за користење на вештачењата и процена,
- преземање мерки за оспособување лица за вештачења и процени во рамките на Бирото,
- предлагање мерки за унапредување на дејноста вештачење,
- вршење советодавна стручна работа за подобрување на квалитетот во дејноста вештачење,
- учествување во спроведувањето на обуки за вештаци и проценители, со цел практично и теоретско усовршување на знаењата и вештините,
- обезбедување на меѓународна помош во областа на вештачењата и соработка со меѓународни организации и здруженија и
- вршење и на други работи утврдени со закон.

Член 43-г

Во вршењето на работите од својот делокруг и за определени работи од надлежност на Бирото кои бараат посебна стручност и за чие извршување се потребни соодветни стручни лица, опрема и уреди кои не ги поседува Бирото, Бирото може да склучи договор за соработка со друг орган на државната управа, државен орган, високообразовна установа, научна установа или стручна установа.

Член 43-д

(1) На Бирото за извршените вештачења, супервештачења и други услуги на барање на правни и физички лица, му следува награда и трошоци во согласност со законот кој ја уредува предметната област.

(2) Наградата и трошоците за вештачење и супервештачење ги подмируваат барателите на услугата.

Член 43-ѓ

(1) Со работата на Бирото раководи директор.

(2) Директорот го именува Владата на Република Македонија за период од четири години.

(3) За именување на директор се објавува јавен оглас во три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Македонија од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

(4) За директор може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

1) е државјанин на Република Македонија;

2) во моментот на изборот со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

3) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;

4) има минимум пет години работно искуство;

5) поседува еден од следните меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:

- ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,

- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или
- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2) и

6) има положено психолошки тест и тест за интегритет.

(5) Функцијата директор е неспојлива со вршење други јавни функции или професии.

Член 43-е

На директорот му престанува мандатот пред истекот на времето за кое е именуван:

- заради смрт,
- ако тоа сам го побара,
- ако е утврдена трајна неспособност за работа и
- ако ги исполнува условите за пензионирање.

Член 43-ж

Владата на Република Македонија го разрешува директорот на Бирото пред истекот на мандатот за кој е именуван:

- ако со правосилна одлука му е изречена мерка забрана за вршење професија, дејност или должност,
- ако со правосилна судска одлука е осуден на казна затвор во траење од најмалку шест месеци и
- поради нестручно, пристрасно и несовесно вршење на функцијата и надлежностите кои му се доверени.

Член 43-з

(1) Во Бирото вработените се групираат во групи и подгрупи согласно со Законот за вработените во јавниот сектор:

- административни службеници и
- помошно-технички лица.

(2) Вработените Бирото имаат статус на административни службеници.

(3) За вработените од ставот (2) на овој член категориите, нивоата и звањата се утврдуваат согласно со Законот за административните службеници.

(4) Вработените од ставот (2) на овој член кои вршат вештачења и процени потребно е да ги исполнуваат и условите за вештаци и проценители предвидени со овој закон и Законот за процена.

(5) За прашањата кои се однесуваат на класификацијата, евиденцијата, вработувањето, унапредувањето, стручното усовршување и оспособување, мерењето на учинокот и други прашања во врска со работниот однос на административните службеници во Бирото се применуваат одредбите од Законот за административните службеници.

(6) Вработените во Бирото кои вршат помошно-технички работи, имаат статус на помошно-технички персонал.

(7) За прашањата кои се однесуваат на класификацијата, евиденцијата, вработувањето и други прашања во врска со работниот однос на помошно-техничкиот персонал во Бирото, се применуваат одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор и општите прописи за работни односи.

Член 43-ѕ

(1) За вршење на работите од своја надлежност Бирото може да ангажира и надворешни соработници од соодветна област.

(2) Надворешните соработници вештачењата и процените ги вршат во име и за сметка на Бирото за судски вештачења.

(3) Надворешните соработници на Бирото се должни да ги исполнуваат условите определени со закон.

(4) Бирото за судски вештачења е должно да објави листи на надворешни соработници вештаци и проценители на својата веб страница.

(5) Образецот за аплицирање за надворешен соработник (вештак или проценител), на предлог на Бирото го пропишува министерот за правда.

Член 43-и

(1) Вештачењата и процените по правило ги вршат вработените вештаци во Бирото за судски вештачења.

(2) Надворешните соработници од членот 43-ѕ Бирото може да ги ангажира заради:

- особено сложени случаи
- ангажираност
- за вештачењето, односно процената е потребно и учество на други вештаци, односно проценители со иста или друга специјалност,
- по барање на надлежните органи и
- други причини предвидени со актите на Бирото.

Член 43-ј

(1) За извршеното вештачење или процена или учество во вештачење, односно процена, надворешните соработници на Бирото имаат право на надоместок и награда.

(2) При утврдување на наградата и надоместокот на надворешните соработници ќе се земат предвид критериумите сложеност, времетраење, обем и потребни ресурси за извршеното вештачење.

(3) Уредбата за наградата и надоместокот на надворешните соработници на предлог на министерот за правда ја донесува Владата на Република Македонија.

Член 43-к

(1) Бирото за својата работа доставува Годишен извештај до Владата на Република Македонија.

(2) Програмата за вештачења и процени на предлог на Бирото за судски вештачења ја донесува Владата на Република Македонија.

Член 43-л

(1) Средствата за финансирање на Бирото се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

(2) Бирото може да остварува сопствени приходи, приходи од донации и од други извори утврдени со закон."

Член 3

Подзаконските акти предвидени во овој закон ќе се донесат во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 4

Директорот на Бирото именуван до денот на започнувањето на примената на членот 2 од овој закон со кој се дополнува нов член 43-ѓ продолжува да ја врши функцијата до истекот на мандатот за кој е именуван.

Член 5

Одредбите од членот 2 од овој закон со кој се дополнува нов член 43-з ќе започнат да се применуваат со отпочнувањето на примената на Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ број 27/14) и Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ број 27/14).

Одредбите од членот 2 од овој закон со кој се дополнува нов член 43-ѓ ќе започнат да се применуваат по една година од денот на влегувањето во сила на овој закон, освен одредбите кои се однесуваат на условот за познавање на странски јазик, кои ќе започнат да се применуваат по две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 6

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за основање и работа на Републичкиот завод за судски вештачења во областа на финансиите, материјалното работење и сообраќајот(“Службен весник на СРМ“ број 9/77).

Член 7
Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

---

**LI GJ**
**PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR EKSPERTIZË**

Neni 1
Në Ligjin për ekspertizë ( "Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 115/10 dhe 12/14), në nenin 1 fjalët: "si dhe çështje tjera të cilat kanë të bëjnë me ekspertizën" zëvendësohen me fjalët: "kompetencat e Byrosë për Ekspertiza Gjyqësore (në tekstin në vijim: Byroja), organizimin dhe punën, si dhe çështje tjera me rëndësi për ekspertizat gjyqësore, superekspertizat, vlerësimet dhe kujdesin për avancimin e punëve të ekspertizës."

Neni 2
Në nenin 43 shtohet kapitull i ri IV dhe 14 nene të reja 43-a, 43-b, 43-v, 43-g, 43-d, 43-gj, 43-e, 43-zh, 43-z, 43-x, 43-i, 43-j, 43-k dhe 43-ll, si vijon:

"IV. BYROJA PËR EKSPERTIZA GJYQËSORE
Neni 43-a
(1) Byroja është organ i administratës shtetërore në përbërje të Ministrisë së Drejtësisë, me cilësinë e subjektit juridik.
(2) Byroja kryen punë profesionale nga sfera e ekspertizës dhe superekspertizës për nevojat e gjykatave dhe prokurorive publike në Republikën e Maqedonisë, për nevojat e organeve shtetërore, ndërmarrjeve publike, shoqërive tregtare të themeluara nga shteti, personave fizikë dhe juridikë, si dhe për subjekte tjera për të cilët nevojitet të kryhet ekspertiza.
(3) Byroja për nevojat e gjykatave dhe prokurorive publike, organeve shtetërore, ndërmarrjeve publike dhe shoqërive tregtare të themeluara nga shteti, përpilon Program për ekspertizë dhe vlerësim.
(4) Byroja i kryen edhe punët e vlerësimit në pajtim me ligjin.

Neni 43-b
Kryerjen e punëve në kompetencë të saj, në veçanti kryerjen e ekspertizave, superekspertizave dhe vlerësimit, Byroja i bazon në metoda shkencore dhe profesionale me zbatimin e metodologjisë dhe njohurive sipas arritjeve të shkencës dhe përvojave të praktikës në fushën përkatëse.

Neni 43-v
Në fushëveprimin e Byrosë nga sfera e ekspertizës bëjnë pjesë:
- përcjellja e arritjeve shkencore, profesionale dhe teknike në sferat në të cilat kryhet ekspertiza dhe vlerësimi, marrja e masave për perfeksionimin e punës, metodave për ekspertizë dhe perfeksionimin profesional të të punësuarve dhe bashkëpunëtorëve të jashtëm;
- njohja e kërkuesve për ekspertizë me arritjet në sfera të caktuara, për shkak të udhëzimit të tyre në mundësitë për shfrytëzimin e ekspertizës dhe vlerësimit,
- ndërmarrja e masave për aftësimin e personave për ekspertizë dhe vlerësime në suazat e Byrosë,
- propozimi i masave për avancimin e veprimtarisë ekspertizë,
- kryerja e punës profesionale përkatëse për përmirësimin e cilësisë në veprimtarinë e ekspertizës,
- pjesëmarrja në zbatimin e trajnimeve për ekspertë dhe vlerësues, me qëllim aftësimin praktik dhe teorik të njohurive dhe shkathtësive,
- sigurimi i ndihmës ndërkombëtare në sferën e ekspertizës dhe bashkëpunimin me organizata ndërkombëtare dhe shoqata dhe
- kryerja e punëve tjera të përcaktuara me ligj.

Neni 43-g
Gjatë kryerjes së punëve nga fushëveprimi i vet dhe për çështje të caktuara me kompetencë të Byrosë të cilat kërkojnë profesionalizëm të veçantë dhe për realizimin e të cilave nevojiten persona të veçantë profesionalë, pajisje dhe aparate të cilat nuk i posedon Byroja, Byroja mund të lidhë marrëveshje për bashkëpunim me organ tjetër të administratës shtetërore, organ shtetëror, institucion të lartë arsimor, institucion shkencor ose institucion profesional.

Neni 43-d
(1) Byrosë për ekspertizat e kryera, superekspertizave dhe shërbimeve tjera, me kërkesë të personave juridik dhe fizik, u takon shpërblim dhe shpenzime në pajtim me ligjin i cili e rregullon fushën përkatëse.
(2) Shpërblimi dhe shpenzimet për ekspertizë dhe superekspertizë i shlyejnë kërkuesit e shërbimit.

Neni 43-gj
(1) Me punën e Byrosë udhëheq drejtori.
(2) Drejtorin e emëron Qeveria e Republikës së Maqedonisë për periudhë prej katër vjetësh.
(3) Për emërimin e drejtorit shpallet konkurs publik në së paku tre gazeta ditore të cilat botohen në të gjithë territorin e Republikës së Maqedonisë, nga të cilat një nga gazetat që botohen në gjuhën që e flasin së paku 20% nga qytetarët që flasin gjuhë zyrtare të ndryshme nga gjuha maqedonase.
(4) Drejtor mund të zgjidhet personi cili i plotësojnë kushtet si vijon:
1) është shtetas i Republikës së Maqedonisë;
2) në momentin e emërimit me aktgjykim të plotfuqishëm gjyqësor nuk i është shqiptuar dënim ose sanksion kundërvajtës ndalim për ushtrim të profesionit, veprimtarisë ose detyrës;
3) ka fituar së paku 240 kredi sipas SETK ose ka kryer shkallën VII/1,
4) ka përvojë pune minimum pesë vjet;
5) posedon një nga certifikatat ose dëshmitë e pranuara ndërkombëtare vijuese për njohje aktive të gjuhës angleze jo më të vjetër se pesë vjet;
-TOEFEL IBT -së paku 74 pikë,
-IELTS (IELTS) – së paku 6 pikë,
-ILEC (ILEC) (Cambridge English: Legal ) - së paku niveli B2 (B2),
-FCE (FCE) (Cambridge English: First) – i dhënë,
-BULATS (BULATS) – së paku 60 pikë ose
-APTIS (APTIS) – së paku niveli B2 (B2) dhe
6) ka të dhënë testin psikologjik dhe testin e integritetit.
(5) Funksioni drejtor është i papajtueshëm me ushtrimin e funksioneve ose profesioneve tjera publike."

Neni 43-e
Drejtorit i pushon mandati para skadimit të kohës për të cilën është emëruar:
- për shkak të vdekjes,
- nëse vetë e kërkon këtë,
- nëse është konstatuar paaftësi e përhershme për punë dhe
- nëse i plotëson kushtet për pensionim.

Neni 43-zh
Qeveria e Republikës së Maqedonisë e shkarkon drejtorin e Byrosë para skadimit të mandatit për të cilin është emëruar:
- nëse me vendim të plotfuqishëm gjyqësor i është kumtuar dënim ndalim për ushtrimin e profesionit, veprimtarisë ose obligimit,

- nëse me vendim të plotfuqishëm gjyqësor është dënuar me dënim me burg në kohëzgjatje prej të paktën gjashtë muaj dhe

- për shkak të ushtrimit të funksionit në mënyrë joprofesionale, të njëanshme dhe të pandërgjegjshme dhe kompetencave që i janë besuar.

Neni 43-z

(1) Në Byronë, të punësuarit grupohen në grupe dhe nëngrupe në pajtim me Ligjin për të punësuarit në sektorin publik:

- nëpunës administrativë dhe

- personat ndihmës-teknikë.

(2) Të punësuarit në Byro kanë statusin e nëpunësve administrativë.

(3) Për të punësuarit nga paragrafi (2) të këtij neni kategoritë, nivelet dhe titujt përcaktohen në pajtim me Ligjin për nëpunësit administrativë.

(4) Të punësuarit nga paragrafi (2) të këtij neni të cilët kryejnë ekspertizë dhe vlerësime nevojitet të plotësojnë edhe kushtet për ekspert dhe vlerësues të parapara me këtë ligj dhe Ligjin për vlerësim.

(5) Për çështjet të cilat kanë të bëjnë me klasifikimin, punësimin, avancimin, përsosjen profesionale dhe aftësimin, matjen e rezultatit dhe çështje tjera në lidhje me marrëdhëniet e punës të nëpunësve administrativë të Byrosë zbatohen dispozitat e Ligjit për nëpunësit administrativë.

(6) Të punësuarit në Byro të cilët kryejnë punë ndihmëse teknike, kanë statusin e personelit ndihmës - teknik.

(7) Për çështjet të cilat kanë të bëjnë me klasifikimin, evidencën, punësimin dhe çështje tjera në lidhje me marrëdhënien e punës të personelit të Byrosë, zbatohen dispozitat e Ligjit për të punësuarit në sektorin publik dhe dispozitat e përgjithshme për marrëdhënie pune.

Neni 43-x

(1) Për kryerjen e punëve në kompetencë të saj, Byroja mund të angazhojë edhe bashkëpunëtorë të jashtëm nga sfera përkatëse.

(2) Bashkëpunëtorët e jashtëm ekspertizat dhe vlerësimet i kryejnë në emër dhe për llogari të Byrosë për Ekspertiza Gjyqësore.

(3) Bashkëpunëtorët e jashtëm të Byrosë janë të obliguar t'i plotësojnë kushtet e përcaktuara me ligj.

(4) Byroja për Ekspertizë Gjyqësore është e obliguar t'i publikojë listat e bashkëpunëtorëve të jashtëm ekspertë dhe vlerësues në ueb faqen e vet.

(5) Formularin për aplikim për bashkëpunëtor të jashtëm ( ekspert ose vlerësues) me propozim të Byrosë e përcakton ministri i Drejtësisë.

Neni 43-i

(1) Ekspertizat dhe vlerësimet sipas rregullës i kryejnë ekspertët e punësuar në Byronë për Ekspertiza Gjyqësore.

(2) Bashkëpunëtorët e jashtëm nga neni 43-x Byroja mund t'i angazhojë për shkak të:

- rasteve veçanërisht të komplikuara,

- angazhimit,

- për ekspertizën, respektivisht vlerësimin nevojitet edhe pjesëmarrja e ekspertëve tjerë, respektivisht vlerësuesve me specialitet të njëjtë ose tjetër,

- kërkesës së organeve kompetente,

- shkaqeve tjera të parapara me aktet e Byrosë.

Neni 43-j

(1) Për ekspertizën e kryer ose vlerësimin ose pjesëmarrjen gjatë ekspertizës, respektivisht vlerësimit, bashkëpunëtorët e jashtëm të Byrosë kanë të drejtë për kompensim dhe shpërblim.

(2) Gjatë përcaktimit të shpërblimit dhe kompensimit për bashkëpunëtorët e jashtëm do të merren parasysh kriteret ndërlikueshmëri, kohëzgjatje, vëllim, resurse të nevojshme për ekspertizën e kryer.

(3) Dekretin për shpërblim dhe kompensim për bashkëpunëtorët e jashtëm me propozim të ministrit të Drejtësisë e miraton Qeveria e Republikës së Maqedonisë.

Neni 43-k

(1) Byroja për punën e saj dorëzon Raport vjetor te Qeveria e Republikës së Maqedonisë.

(2) Programin për ekspertiza dhe vlerësime me propozim të Byrosë për Ekspertiza Gjyqësore e miraton Qeveria e Republikës së Maqedonisë.

Neni 43-ll

(1) Mjetet për financimin e Byrosë sigurohen nga Buxheti i Republikës së Maqedonisë.

(2) Byroja mund të realizojë të ardhura personale, të ardhura nga donacione dhe nga burime tjera të përcaktuara me ligj."

Neni 3

Aktet nënligjore të parapara me këtë ligj do të miratohen në afat prej tre muajsh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 4

Drejtori i Byrosë i emëruar deri në ditën e fillimit të zbatimit të nenit 2 të këtij ligji, me të cilin plotësohet nen i ri 43-gj, vazhdon ta ushtrojë funksionin deri në skadimin e mandatit për të cilin është zgjedhur.

Neni 5

Dispozitat e nenit 2 të këtij ligji, me të cilin plotësohet nen i ri 430-z, do të fillojnë të zbatohen me fillimin e zbatimit të Ligjit për nëpunës administrativë ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 27/14) dhe Ligjit për të punësuarit në sektorin publik ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 27/14).

Dispozitat e nenit 2 të këtij ligji, me të cilin plotësohet nen i ri 43-gj, do të fillojnë të zbatohen pas një viti nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji, përveç dispozitave të cilat kanë të bëjnë me kushtin për njohje të gjuhës së huaj të cilat do të fillojnë të zbatohen pas dy vitesh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 6

Me ditën e hyrjes në fuqi të këtij ligji shfuqizohet Ligji për themelim dhe punë të Entit Republikan për Ekspertiza Gjyqësore në sferën e financave, punës materiale dhe komunikacionit ("Gazeta Zyrtare e RSM" numër 9/77).

Neni 7

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

**1242.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МАТИЧНАТА ЕВИДЕНЦИЈА**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за матичната евиденција,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 25 февруари 2014 година.

Бр. 07-1209/1
25 февруари 2014 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МАТИЧНАТА ЕВИДЕНЦИЈА**

Член 1

Во Законот за матичната евиденција („Службен весник на Република Македонија" број 8/95, 38/2002, 66/2007, 98/2008, 67/2009 и 13/13), во членот 2-а по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„За именување на директор се објавува јавен оглас во најмалку три дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Македонија од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.''

Ставот 2 станува став 3.

Ставот 3 кој станува став 4 се менува и гласи:

„За директор може да биде избрано лице кое ги исполнува следниве услови, и тоа:

1) е државјанин на Република Македонија;

2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

3) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен правен факултет;

4) има минимум пет години работно искуство во областа на управните работи;

5) поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:

- ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода и
- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2) и

6) има положено психолошки тест и тест за интегритет."

Член 2

Директорот на Управата именуван до денот на започнувањето на примената на овој закон продолжува да ја врши функцијата до истекот на мандатот за кој е избран.

Член 3

Одредбите од членот 1 од овој закон кои се однесуваат на условот за познавање на странски јазик ќе започнат да се применуваат по две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува по една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

---

**LI GJ**
**PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR EVIDENCËN AMË**

Neni 1

Në Ligjin për evidencën amë ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 8/95, 38/2002, 66/2007, 98/2008, 67/2009 dhe 13/13), në nenin 2-a pas paragrafit 1 shtohet paragraf i ri 2 si vijon:

"Për emërimin e drejtorit shpallet konkurs publik në së paku tre gazeta ditore të cilat botohen në të gjithë territorin e Republikës së Maqedonisë, nga të cilat një nga gazetat që botohen në gjuhën që e flasin së paku 20% nga qytetarët që flasin gjuhë zyrtare të ndryshme nga gjuha maqedonase."

Paragrafi 2 bëhet paragraf 3.

Paragrafi 3 i cili bëhet paragraf 4 ndryshon si vijon:

"Drejtor mund të zgjidhet personi i cili plotësojnë kushtet si vijon:

1) është shtetas i Republikës së Maqedonisë;

2) në momentin e emërimit me aktgjykim të plotfuqishëm gjyqësor nuk i është shqiptuar dënim ose sanksion kundërvajtës ndalim për ushtrim të profesionit, veprimtarisë ose detyrës;

3) ka fituar së paku 240 kredi sipas SETK ose ka kryer shkallën VII/1 fakultet juridik,

4) ka së paku pesë vjet përvojë pune në sferën e punëve administrative;

5) posedon një nga certifikatat ose dëshmitë e pranuara ndërkombëtare vijuese për njohje aktive të gjuhës angleze jo më të vjetër se pesë vjet:

-TOEFEL IBT-së paku 74 pikë;
-IELTS (IELTS) – së paku 6 pikë;
-ILEC (ILEC) (Cambridge English: Legal ) - së paku niveli B2 (B2);
-FCE (FCE) (Cambridge English: First) – i dhënë;
-BULATS (BULATS) – së paku 60 pikë ose
-APTIS (APTIS) – së paku niveli B2 (B2) dhe

6) ka të dhënë testin psikologjik dhe testin e integritetit."

Neni 2

Drejtori i Drejtorisë i emëruar deri në ditën e fillimit të zbatimit të këtij ligji vazhdon ta ushtrojnë funksionin deri në skadimin e mandatit për të cilin është zgjedhur.

Neni 3

Dispozitat e nenit 1 të këtij ligji të cilat kanë të bëjnë me kushtet për njohjen e gjuhës së huaj do të fillojnë të zbatohen pas dy vitesh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 4

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë", ndërsa do të fillojë të zbatohet pas një viti nga dita e hyrjes në fuqi e këtij ligji.

**1243.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на личните податоци,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 25 февруари 2014 година.

Бр. 07-1210/1
25 февруари 2014 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ**

Член 1

Во Законот за заштита на личните податоци (“Службен весник на Република Македонија“ број 7/2005, 103/2008, 124/10 и 135/11), во членот 37 став 2 зборовите: “по пат на јавен конкурс‘‘ се бришат.

По ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

“За избор на директор се објавува јавен оглас во најмалку три дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Македонија од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.‘‘

Ставот 3 станува став 4.

Во ставот 4 кој станува став 5 зборовите: „по пат на јавен конкурс“ се бришат и се додава нов став 6, кој гласи:

“За избор на заменик директор се објавува јавен оглас во најмалку три дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Македонија, од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.‘‘

Ставовите 5, 6 и 7 стануваат ставови 7, 8 и 9.

Член 2

Во член 38 ставот 1 се менува и гласи:

“За директор може да биде избрано лице кое ги исполнува следниве услови:

1) е државјанин на Република Македонија;

2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

3) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен правен факултет;

4) има минимум пет години работно искуство во областа на правните работи;

5) поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:

- ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или
- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2) и

6) има положено психолошки тест и тест за интегритет.“

Во ставот 4 алинеја 5 бројот “4“ се заменува со бројот “2“.

Член 3

Во членот 44 став 4 зборот “државен“ се заменува со зборот “административен“, зборовите: “со положен приправнички испит“ се бришат, а зборот “државните“ се заменува со зборот “административните“.

Во ставовите 5 и 6 зборот “државен“ се заменува со зборот “административен“, а зборот “државните“ се заменува со зборот “административните“.

Член 4

Директорот, односно заменик директорот на Дирекцијата избран до денот на започнувањето на примената на овој закон продолжува да ја врши функцијата до истекот на мандатот за кој е избран.

Член 5

Одредбите од членот 2 од овој закон кои се однесуваат на условот за познавање на странски јазик ќе започнат да се применуваат по две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“, а ќе започне да се применува по една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

---

**LI GJ**
**PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR MBROJTJEN E TË DHËNAVE PERSONALE**

Neni 1

Në Ligjin për mbrojtjen e të dhënave personale ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 7/2005, 103/2008, 124/10 dhe 135/11), në nenin 37 në paragrafin 2 fjalët: me konkurs publik" shlyhen.

Pas paragrafit 2 shtohet paragraf i ri 3 si vijon:

"Për zgjedhjen e drejtorit shpallet konkurs publik në tre gazeta të shtypit ditor të cilat botohen në gjithë territorin e Republikës së Maqedonisë, prej të cilave njëra është gazetë e cila botohet në gjuhën të cilën e flasin të paktën 20% e qytetarëve të cilët flasin gjuhë zyrtare të ndryshme nga gjuha maqedonase.”

Paragrafi 3 bëhet paragraf 4.

Në paragrafin 4 i cili bëhet paragraf 5 fjalët: "me konkurs publik" shlyhen dhe shtohet paragraf i ri 6 si vijon:

"Për zgjedhjen e zëvendësdrejtorit shpallet konkurs publik së paku në tre gazeta të shtypit ditor të cilat botohen në gjithë territorin e Republikës së Maqedonisë, prej të cilave njëra është gazetë e cila botohet në gjuhën të cilën e flasin të paktën 20% e qytetarëve të cilët flasin gjuhë zyrtare të ndryshme nga gjuha maqedonase.”

Paragrafët 5, 6 dhe 7 bëhen paragrafë 7, 8 dhe 9.

Neni 2

Në nenin 38 paragrafi 1 ndryshohet si vijon:

"Drejtor mund të zgjidhet personi cili i plotëson kushtet si vijon:

1) është shtetas i Republikës së Maqedonisë;

2) në momentin e emërimit me vendim të plotfuqishëm gjyqësor nuk i është shqiptuar dënim ose sanksion kundërvajtës ndalim për ushtrimin e funksionit, veprimtarisë ose detyrës;

3) ka fituar të paktën 240 kredit sipas SETK ose ka kryer shkallën VII/1 fakultet juridik

4) ka të paktën pesë vjet përvojë pune në sferën e çështjeve juridike;

5) posedon një nga certifikatat ose dëshmitë në vijim ndërkombëtarisht të pranuara për njohje aktive të gjuhës angleze jo më të vjetër se pesë vjet:

- TOEFEL IBT së paku 74 pikë,
- IELTS - së paku 6 pikë,
- IELS (ILEC) (Cambridge English: Legal) - së paku nivelin B2 (B2),
- FCE (Cambridge English: First) - të dhënë,
- BULATS - së paku 60 pikë ose
- APTIS- së paku niveli B2 (B2) dhe

6) ka kaluar testin psikologjik dhe testin e integritetit."

Në paragrafin 4 alineja 5 numri "4" zëvendësohet me numrin "2".

Neni 3

Në nenin 44 në paragrafin 4 fjala "shtetëror" zëvendësohet me fjalën "administrativ", fjalët: " me provim të kaluar të jurisprudencës" shlyhen, ndërsa fjala "shtetërorë" zëvendësohet me fjalën "administrative".

Në paragrafët 5 dhe 6 fjala "shtetëror" zëvendësohet me fjalën "administrativ", ndërsa fjala "shtetërorë" zëvendësohet me fjalën "administrativë".

Neni 4

Drejtori respektivisht zëvendësdrejtori i Drejtorisë i zgjedhur deri në ditën e fillimit të zbatimit të këtij ligji vazhdon të ushtrojnë funksionin deri në skadimin e mandatit për të cilin është zgjedhur.

Neni 5

Dispozitat e nenit 2 të këtij ligji të cilat kanë të bëjnë me kushtet për njohjen e gjuhës së huaj do të fillojnë të zbatohen pas dy vitesh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 6

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë", ndërkaq do të fillojë të zbatohet pas një viti nga dita e hyrjes në fuqi.

---

**1244.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОНФИСКУВАН ИМОТ, ИМОТНА КОРИСТ И ОДЗЕМЕНИ ПРЕДМЕТИ ВО КРИВИЧНА И ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 25 февруари 2014 година.

Бр. 07-1211/1
25 февруари 2014 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОНФИСКУВАН ИМОТ, ИМОТНА КОРИСТ И ОДЗЕМЕНИ ПРЕДМЕТИ ВО КРИВИЧНА И ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА

Член 1

Во Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 98/2008, 145/10, 104/13 и 187/13), во членот 16 по ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„За именување на директор на агенцијата за управување со одземен имот се објавува јавен оглас во најмалку три дневни весници, од кои во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик кои се издаваат на целата територија на Република Македонија.“

Член 2

Членот 17 се менува и гласи:

“За директор на Агенцијата може да биде избрано лице кое ги исполнува следниве услови:

1) е државјанин на Република Македонија;

2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

3) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;

4) има минимум пет години работно искуство од областа на правото или економијата,

5) поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:

- ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или
- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2) и

6) има положено психолошки тест и тест за интегритет."

Член 3

Директорот на Агенцијата избран до денот на започнувањето на примената на овој закон продолжува да ја врши функцијата до истекот на мандатот за кој е избран.

Член 4

Одредбите од членот 1 од овој закон кои се однесуваат на условот за познавање на странски јазик ќе започнат да се применуваат по две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”, а ќе започне да се применува по една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**L I GJ**
**PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR MENAXHIM ME PRONË TË KONFISKUAR, DOBI PRONËSORE DHE SENDE TË KONFISKUARA NË PROCEDURË PENALE DHE KUNDËRVAJTËSE**

Neni 1

Në Ligjin për menaxhim me pronë të konfiskuar, dobi pronësore dhe lëndë të konfiskuara në procedurë penale dhe kundërvajtëse ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 98/2008, 145/10, 104/13 dhe 187/13), në nenin 16 pas paragrafit 2 shtohet paragraf i ri 3, si vijon:

"Për emërimin e Drejtorit të Agjencisë për Menaxhim me Pronë të Konfiskuar publikohet shpallje publike së paku në tre gazeta ditore, të cilat botohen në gjithë territorin e Republikës së Maqedonisë, prej të cilave njëra nga gazetat që botohen në gjuhën që e flasin së paku 20% të qytetarëve që flasin gjuhë zyrtare të ndryshme nga gjuha maqedonase."

Neni 2

Neni 17 ndryshohet si vijon:

Si drejtor i Agjencisë mund të zgjidhet personi i cili i përmbush kushtet në vijim:

1) është shtetas i Republikës së Maqedonisë;

2) në momentin e emërimit me aktgjykim të plotfuqishëm gjyqësor nuk i është shqiptuar dënim ose sanksion kundërvajtës ndalim të ushtrimit të profesionit, veprimtarisë ose detyrës;

3) ka fituar së paku 240 kredi sipas SETK ose shkallë të kryer VII/1;

4) të ketë minimum pesë vjet përvojë pune nga sfera e drejtësisë ose ekonomisë,

5) të posedojë një nga certifikatat ose dëshmitë e pranuara ndërkombëtarisht për njohje aktive të gjuhës angleze jo më të vjetër se pesë vjet:

-TOEFEL IBT-së paku 74 pikë,

-IELTS (IELTS) – së paku 6 pikë,

-ILEC (ILEC) (Cambridge English: Legal ) - së paku niveli B2 (B2),

-FCE (FCE) (Cambridge English: First) – të dhënë,

-BULATS (BULATS) – së paku 60 pikë ose

-APTIS (APTIS) – së paku niveli B2 (B2) dhe

6) të ketë dhënë testin psikologjik ose testin e integritetit."

Neni 3

Drejtori i Agjencisë i zgjedhur deri në ditën e fillimit të zbatimit të këtij ligji vazhdon ta ushtrojnë funksionin deri në skadimin e mandatit për të cilin është zgjedhur.

Neni 4

Dispozitat e nenit 1 të këtij ligji që kanë të bëjnë me kushtin për njohjen e gjuhës së huaj të cilat do të fillojnë të zbatohen pas dy vitesh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 5

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë", ndërsa do të fillojë të zbatohet pas një viti nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

**1245.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СУДСКА СЛУЖБА**

Се прогласува Законот за судска служба,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 25 февруари 2014 година.

Бр. 07-1212/1
25 февруари 2014 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА СУДСКА СЛУЖБА**

I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредуваат правата, должностите, одговорностите на судските службеници, системот на плати и надоместоци на плати на судските службеници.

Член 2

Судската служба ја сочинуваат судските службеници, лицата вработени во судовите кои вршат технички и помошни работи и судската полиција.

Член 3

(1) Судските службеници се лица со статус на административен службеник кои во судовите вршат стручни, административни, информатички, технички, статистичко - аналитички и материјално-финансиски работи во согласност со овој и друг закон. Судските службеници правата од работен однос ги остваруваат согласно со овој закон, колективните договори и другите прописи што ги уредуваат правата од работен однос.

(2) Лицата вработени во судовите кои вршат технички и помошни работи немаат статус на судски службеници и за нив важат Законот за вработени во јавниот сектор и општите прописи за работните односи.

(3) Судската полиција е служба која ги обезбедува објектите, имотот и лицата и го одржува редот во судскиот простор. Судската полиција правата од работен однос ги остваруваат согласно со овој закон, Законот за судовите, колективните договори и другите прописи што ги уредуваат правата од работен однос.

Член 4

(1) Судските службеници работите утврдени со закон ги извршуваат врз основа на начелата на законитост, професионалност, стручност и компетентност, одговорност, ефикасност, професионална етика, непристрасност и објективност, сервисна ориентираност, транспарентност и доверливост, спречување судир на интереси и економичност.

(2) Судските службеници во рамките на својата надлежност се должни да им обезбедат на граѓаните ефикасно и законито остварување на нивните уставни слободи, права и интереси во постапките пред судовите.

Член 5

При вработувањата во судовите се применува начелото на соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници, со почитување на критериумите на стручност и компетентност.

## II. КЛАСИФИКАЦИЈА НА РАБОТНИ МЕСТА НА СУДСКИТЕСЛУЖБЕНИЦИ

Член 6

(1) Работните места на судските службеници се класифицираат согласно со:

- одговорноста, целите, видот и сложеноста на работите и работните задачи на работното место и

- потребните стручни квалификации, работното искуство во струката, општите и посебните работни компетенции и други критериуми од значење за работното место.

(2) Општите работни компетенции се утврдени во Рамката на општи компетенции за административни службеници.

(3) Критериумите од ставот (1) алинеја 2 на овој член во актот за систематизација на работни места на судот, се утврдуваат како посебни услови за работното место.

### Категории на работни места на судски службеници

Член 7

(1) Согласно критериумите од членот 6 став (2) од овој закон, работните места на судските службеници се класифицираат во четири категории, и тоа:

категорија А - судски администратор,

категорија Б - раководни судски службеници,

категорија В - стручни судски службеници и

категорија Г - помошно-стручни судски службеници.

(2) Во рамките на секоја категорија од ставот (1) на овој член се утврдуваат повеќе нивоа на работни места на судски службеници.

### Звања

Член 8

(1) За судските службеници, нивоата во рамките на категориите дополнително се опишуваат со звање и тоа:

А1 - судски администратор во Врховниот суд на Република Македонија,

А2 - судски администратор во Вишиот управен суд, Управниот суд, апелационите судови, основните судови со проширена надлежност,

Б1 - самостоен судски советник,

Б2 - раководител на служба,

Б4 - раководител на судски оддел, раководител на судско одделение, раководител на оддел и раководител на одделение,

В1 - виш судски советник, судски советник и советник,

В2 - виш судски соработник,

В3 - судски соработник и соработник,

В4 - помлад судски соработник и помлад соработник,

Г1 - самостоен судски референт и самостоен референт,

Г2 - виш судски референт;

Г3 - судски референти и референт и

Г4 - помлад судски референт и помлад референт.

(2) Описот на звањата на судските службеници ги пропишува со акт Советот на судската служба.

### Нивоа на работни места на судски службеници од категоријата А - судски администратор

Член 9

(1) Во рамките на категоријата А се утврдуваат следниве нивоа на работни места на секретар:

А1 - Судски администратор од прво ниво и

А2 - Судски администратор од второ ниво.

(2) Судски администратор се избира во Врховниот суд на Република Македонија, Вишиот управен суд, Управниот суд, апелационите судови и основните судови со проширена надлежност,

(3) Судскиот администратор од ставот (2) на овој член, од редот на судските службеници од категоријата Б во постапка за вработување преку јавен оглас го избира претседателот на судот и истиот треба да ги исполнува посебните услови за работното место за нивото Б1 на раководни судски службеници.

### Нивоа на работни места на судски службеници од категоријата Б - раководни

Член 10

(1) Во рамките на категоријата Б се утврдуваат следниве нивоа на работни места на судски службеници:

Б1 - раководен судски службеник од прво ниво,

Б2 - раководен судски службеник од второ ниво и

Б4 - раководен судски службеник од четврто ниво.

(2) Раководниот судски службеник од категоријата Б треба да ги исполни следните посебни услови за работното место:

1) стручни квалификации: за сите нивоа - најмалку 300 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен;

2) работно искуство, и тоа:

- за нивото Б1 најмалку шест години работно искуство во струката, од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку десет години работно искуство во струката, од кои најмалку три години на раководно работно место во приватен сектор,

- за нивото Б2 најмалку пет години работно искуство во струката, од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку осум години работно искуство во струката, од кои најмалку три години на раководно работно место во приватен сектор или

- за ниво Б4 најмалку четири години работно искуство во струката, од кои најмалку една година на работно место во јавен сектор, односно најмалку шест години работно искуство во струката, од кои најмалку две години на раководно работно место во приватен сектор;

3) општи работни компетенции за сите нивоа на категоријата Б согласно со Рамката на општи работни компетенции и

4) посебни работни компетенции за сите нивоа : положен испит за административно управување, активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење, други посебни работни компетенции утврдени во актот за систематизација на работни места за соодветното работно место, како и познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски), и тоа:

- за нивоата Б1 и Б2 преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на Здружението ALTE на европски тестатори на Б2 (B2) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно ИЕЛТС со 5-6 поени, ФЦЕ, БЕК В, ИЛЕК, ИКФЕ, БУЛАТС; или Аптис; или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 500 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 175 бода или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 60 бода; или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ; или Гете гертификат, ТестДаФ и

- за ниво Б4 преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на Здружението ALTE на европски тестатори на Б1 (B1) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно ИЕЛТС со 3,5 - 4,5 поени, ПЕТ, БЕК П, БУЛАТС; или Аптис, или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 450 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 135 бода или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 45 бода; или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ; или Гете сертификат.

**Нивоа на работни места на судски службеници од категоријата В - стручни**

Член 11

(1) Во рамките на категоријата В се утврдуваат следниве нивоа на работни места на судски службеници:

В1 - стручен судски службеник од прво ниво,
В2 - стручен судски службеник од второ ниво,
В3 - стручен судски службеник од трето ниво и
В4 - стручен судски службеник од четврто ниво.

(2) Стручниот судски службеник од категоријата В треба да ги исполни следниве посебни услови за работното место:

1) стручни квалификации, и тоа:

- за нивото В1 стекнати 300 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен,
- за нивоата В2 и В3 со звање виш судски соработник и судски соработник: стекнати најмалку 300 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен,
- за нивоата В2 и В3 со звање виш соработник и соработник стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен.
- за нивото В4 со звање помлад судски соработник стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и
- за нивото В4 со звање помлад соработник: стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;

2) работно искуство, и тоа:

- за нивото В1 најмалку три години работно искуство во струката,
- за нивото В2 најмалку две години работно искуство во струката,
- за нивото В3 најмалку една години работно искуство во струката или
- за нивото В4 со или без работно искуство во струката;

3) општи работни компетенции за сите нивоа - категорија В, согласно со Рамката на општи работни компетенции и

4) Посебни работни компетенции за сите нивоа - активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење, други посебни работни компетенции утврдени во актот за систематизација на работни места за соодветното работно место, како и активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски) преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на Здружението ALTE на европски тестатори на А2 (A2) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно КЕТ, ИЕЛТС со максимум 3 поени, БУЛАТС; или Аптис; или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 400 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 95 бода или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 30 бода или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ; или Гете сертификат.

**Нивоа на работни места на судски службеници од категоријата Г - помошно-стручни**

Член 12

(1) Во рамките на категоријата Г се утврдуваат следниве нивоа на работни места судски службеници:

Г1 - помошно-стручен судски службеник од прво ниво,
Г2 - помошно-стручен судски службеник од второ ниво,
Г3 - помошно-стручен судски службеник од трето ниво и
Г4 - помошно-стручен судски службеник од четврто ниво.

(2) Помошно-стручниот судски службеник од категоријата Г треба да ги исполни следниве посебни услови за работното место:

1) стручни квалификации за сите нивоа - најмалку више или средно образование;

2) работно искуство, и тоа:

- за нивото Г1 најмалку најмалку три години работно искуство во струката,
- за нивото Г2 најмалку најмалку две години работно искуство во струката,
- за нивото Г3 најмалку една години работно искуство во струката или
- за нивото Г4 со или без работно искуство во струката;

3) општи работни компетенции за сите нивоа – категорија Г согласно со Рамката на општи работни компетенции и

4) Посебни работни компетенции за сите нивоа - активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење, други посебни работни компетенции утврдени во актот за систематизација на работни места за соодветното работно место, како и активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски) преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на Здружението ALTE на европски тестатори, или уверение од меѓународна институција, на А1 (A1) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно БУЛАТС или Аптис; или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 310 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 35 бода или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 10 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или Гете сертификат.

## III. СОВЕТ НА СУДСКА СЛУЖБА И СУДСКИ АДМИНИСТРАТОР

**Совет на судска служба**

Член 13

(1) Заради остварување и заштита на правата на судската служба се формира Совет на судската служба (во натамошниот текст: Советот), со седиште во Врховниот суд на Република Македонија.

(2) Советот го сочинуваат 11 члена и тоа судскиот администратор на Врховниот суд на Република Македонија, судскиот администратор на Управниот суд, судскиот администратор на Вишиот управен суд и судските администратори на апелационите судови, како постојани членови и четири судски администратори на судови со проширена надлежност, кои меѓусебно ќе ротираат на период од три години, според редоследот на судовите утврден во Законот за судовите.

(3) При формирањето на Советот, соодветно и правично се застапени припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

(4) Од редот на членовите на Советот се избира претседател со мандат во траење од две години.

**Надлежност на Советот на судската служба**

Член 14

Советот ги врши следниве работи:

- одлучува во втор степен по жалби и приговори поднесени против одлука на судскиот администратор, односно претседателот на судот во кој не се избира судски администратор, за прием и престанок на работен однос во судската служба,

- одлучува во втор степен по жалби и приговори на одлуки од судскиот администратор, односно претседателот на судот во кој не се избира судски администратор од делокругот на неговото работење,

- одлучува во втор степен во дисциплинските постапки,

- одлучува во втор степен по жалби и приговори на одлуки за остварување права од работен однос на вработени во судската служба и

- дава согласност на актите за внатрешна организација и систематизација во судовите.

**Начин на одлучување на Советот на судска служба**

Член 15

(1) Советот одлуките ги донесува на седница со мнозинство гласови од присутните членови.

(2) Член на Советот кој одлучувал во прв степен се иззема при донесување на одлуките.

(3) Стручно-административните работи за Советот ги врши одделение во состав на Врховниот суд на Република Македонија.

**Надлежност на судскиот администратор**

Член 16

Судскиот администратор :

- раководи со судската служба,

- одговорен е за остварување и вршење на стручните и административно-техничките работи на судот,

- врши работи од судската управа во рамките на својот делокруг на работа утврдени со овој закон , Судскиот деловник и други прописи и подзаконски акти и

- соработува со претседателот на судот во вршењето на работите од судската управа кои се во делокругот на работите на претседателот на судот.

IV. ВИДОВИ НА ВРАБОТУВАЊА ВО СУДСКАТА СЛУЖБА

**Видови на вработувања**

Член 17

(1) Работниот однос судските службеници го засноваат на неопределено време.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член работниот однос може да се заснова на определено време.

**Вработување на определено време**

Член 18

(1) Работниот однос на определено работно време може да се заснова заради:

- замена на привремено отсутен вработен, кој е отсутен повеќе од еден месец,

- привремено зголемен обем на работа,

- непредвидливи краткотрајни активности и

- работа на проект.

(2) Вработувањето од ставот (1) алинеја 1 на овој член трае до истекот на одобреното отсуство на отсутниот вработен, а најдолго две години.

(3) Вработувањето од ставот (1) алинеи 2 и 3 на овој член трае додека трае потребата на судот, а најдолго една година.

(4) Вработувањето од ставот (1) алинеја 4 на овој член трае до завршувањето на проектот, а најдолго пет години.

(5) Проектната единица и работните места во проектната единица согласно со ставот (1) алинеја 4 на овој член, мора да бидат утврдени во актите за внатрешна организација и систематизација на работните места на судот.

(6) Заради вработување во случаите од ставот (1) алинеи 1, 2 и 4 на овој член, претседателот на судот објавува јавен оглас, согласно со општите прописи за работни односи, односно склучува договор за отстапување на вработен со Агенцијата за привремени вработувања.

(7) Заради вработување во случај од ставот (1) алинеја 3 на овој член, за времетраење до 30 дена, претседателот на судот ја објавува потребата за вработување во службата надлежна за посредување при вработување, без наплата, преку упатување на лица за вработување од евиденцијата на невработени лица, во согласност со општите прописи за работните односи.

(8) Претседателот на судот може согласно со ставот (7) од овој член, најмногу два пати годишно, да вработи лица преку упатување од службата надлежна за посредување при вработување, при што вкупниот број на вработени лица не смее да биде поголем од 5% од бројот на сите вработени во судот.

(9) Во случај на склучување договор за отстапување на вработен со Агенцијата за привремени вработувања од ставот (7) на овој член, времетраењето на договорот за отстапување на вработен за вршење на исти привремени работи може да се склучи за време додека трае потребата, но не подолго од една година за истиот вработен кај истиот работодавач.

(10) Договорите за вработување на определено време согласно со основите утврдени во ставот (1) на овој член може да се склучат само ако судот ги обезбедил потребните финансиски средства.

(11) Правата и должностите од работен однос на вработените на определено време се уредуваат со општите прописи за работните односи.

(12) По исклучок на ставот (2) од овој член, доколку отсутниот вработен и по истекот на две години не се врати на работа, работниот однос на вработениот кој го заменува може да се трансформира од определено на неопределено време, по претходна согласност на Судскиот буџетски совет.

**Вработување на неполно работно време**

Член 19

(1) Полното работно време на вработените во судот изнесува 40 часа неделно.

(2) За неполно работно време се смета времето кое е пократко од полното работно време, и истото може да изнесува најмалку 20, а најмногу 30 часа неделно.

(3) Судскиот администратор, односно претседателот на судот каде што не е избран судски администратор, на барање на вработениот или по потреба на судот, може да донесе решение за неполно работно време заради:

- привремено намален обем на работа,

- грижа за прво дете, до негова двегодишна возраст,

- грижа за второ дете, до негова две и полгодишна возраст,

- грижа за трето дете, до негова тригодишна возраст и

- намалена работна способност, согласно со прописите за пензиско и инвалидско осигурување, прописите за здравствено осигурување или други прописи.

(4) Во услови од ставот (3) алинеја 1 на овој член судскиот администратор, односно претседателот на судот каде што не е избран судски администратор, може да побара од вработениот да работи со неполно работно време, за што по претходна согласност на вработениот, во рок од 15 дена носи решение.

(5) Во условите од ставот (3) алинеи 2, 3 и 4 на овој член судскиот службеник може да поднесе барање за работа со неполно работно време, ако работи со полно, или обратно, до судскиот администратор, односно претседателот на судот, кој во рок од 15 дена може да донесе решение.

(6) Во условите од ставот (3) алинеја 5 на овој член, судскиот службеник, врз основа на решение од надлежен орган, може да поднесе барање за работа со неполно работно време до судскиот администратор, односно претседателот на судот каде не е избран судски администратор, кој во рок од 15 дена носи решение.

(7) Платата, придонесите од плата, додатоците на плата, одморот и другите услови за судскиот службеник кој работи со неполно работно време, се определуваат во однос на бројот на работни часови неделно.

## V. ПОПОЛНУВАЊЕ НА РАБОТНИ МЕСТА НА СУДСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

### Начини на пополнување на работни места на судските службеници

Член 20

(1) Пополнувањето на работно место на судските службеници се врши преку спроведување на постапка за:

- вработување преку објавување на јавен оглас,
- унапредување преку објавување на интерен оглас и
- мобилност преку распоредување или преземање.

(2) Постапките за пополнување на работно место од ставот(1) на овој член се спроведуваат во транспарентна, фер и конкурентна постапка.

(3) Постапките за пополнување на работно место од ставот (1) на овој член се спроведуваат по претходно известување за обезбедени финансиски средства од Судскиот буџетски совет.

### Општи и посебни услови за пополнување на работни места

Член 21

(1) За пополнување на работно место на судски службеник, кандидатот треба да ги исполни следниве општи услови:

- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност.

(2) Покрај општите услови за пополнување на работно место на судски службеник од ставот (1) на овој член, кандидатот треба да ги исполни следниве посебни услови:

- да има соодветни стручни квалификации потребни за работното место,
- да има соодветно работно искуство потребно за работното место,
- да поседува соодветни општи и посебни работни компетенции потребни за работното место и
- други услови утврдени со актот за систематизација на работните места.

(3) Како дополнителен услов за пополнување на работно место на судски службеник може да се утврди и:

- статус на дете без родители и без родителска грижа, кое до својата осумнаесетгодишна возраст имало ваков статус, согласно со закон,
- статус на лице со посебни потреби, согласно со закон или
- статус на корисник на државна стипендија, согласно со закон.

## VI. ВРАБОТУВАЊЕ НА СУДСКИ СЛУЖБЕНИЦИ

### Годишен план за вработување

Член 22

(1) Судовите имаат обврска да ги планираат вработувањата во судската служба врз основа на Методологијата за планирање утврдена во Законот за вработени во јавен сектор, за што судскиот администратор, односно председателот на судот во кој не е избран судски администратор, подготвува годишен план за вработувања на судските службеници за следната календарска година (во натамошниот текст: годишен план), кој ги содржи следниве податоци:

- тековна состојба на пополнетост на работни места на судските службеници според категории и нивоа,
- тековна состојба на пополнетост на работни места на судските службеници според пол, возраст, образование и припадност на заедница,
- тековна состојба на пополнетост на работни места на судските службеници според начинот на вработување - неопределено, определено, неполно работно време,
- работни места кои ќе се испразнат и основите за нивното испразнување,
- предлози за нови вработувања во судот,
- финансискиот план на судот за наредната календарска година и
- други податоци од значење за работните места.

(2) Судскиот администратор, односно претседателот на судот во кој не е избран судски администратор е должен, најдоцна до 1 март да го достави планот од ставот (1) на овој член на согласност до Судскиот буџетски совет, кој врз основа на добиените планови од судовите, изготвува единствен годишен план за вработување, кој доставува до Министерството за финансии, кое во рамките на својата надлежност во рок го од два месеца е должно да му одговори.

(3) Доколку Министерството за финансии во рокот од ставот (2) на овој член не одговори, ќе се смета дека согласноста е дадена.

(4) Врз основа на согласноста од ставот (2) на овој член, а во рок од еден месец од приемот на согласноста, односно истекот на рокот од ставот (3) на овој член, Судскиот буџетски совет е должен да го донесе годишниот план и да го достави до судовите, а до Министерството за информатичко општество и администрација на мислење.

(5) Во рок од два месеца од денот на приемот на планот од ставот (4) на овој закон, Министерството за информатичко општество и администрација е должно да даде мислење по однос на примената на Методологијата од ставот (1) на овој член.

(6) Планот од ставот (4) на овој член во текот на годината на која се однесува може да се менува само по претходно добиена согласност од Министерството за финансии.

### Известување за реализација на плановите

Член 23

(1) Судовите два пати годишно известуваат за реализација на плановите, за што судскиот администратор, односно претседателот на судот во кој не е избран судски администратор, најдоцна до 15 јули за периодот јануари-јуни, односно најдоцна до 15 јануари за периодот јули-декември, испраќа извештај до Судскиот буџетски совет.

(2) Извештајот од ставот (1) на овој член на увид се доставува и до Министерството за информатичко општество и администрација и Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор.

**Барање за пополнување на работни места**

Член 24

(1) Барањето за пополнување на работно место претседателот на судот го доставува до Судскиот буџетски совет.

(2) Судскиот буџетски совет по утврдувањето на основаноста на барањето на судот, во рок од 15 дена по приемот на барањето, на судот кој го поднел барањето ќе му даде согласност за пополнување на слободно работно место.

(3) Судскиот буџетски совет ќе го одбие барањето на судот за пополнување на слободно работно место, ако не е предвидено со актот за систематизацијата на работните места на судот или не се обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии.

**Јавен оглас**

Член 25

(1) Јавниот оглас за вработување на судски службеник се објавува на интернет страницата на судот, како и во најмалку три дневни весника, од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

(2) Во јавниот оглас се назначува нивото, звањето и посебните услови за пополнување на работното место.

(3) Јавниот оглас го објавува судот по претходна согласност на Судскиот буџетски совет.

(4) Рокот за пријавување на јавниот оглас од ставот (1) на овој член не може да биде пократок од 15 дена, односно подолг од 20 дена од денот на неговото објавување во дневните весници.

(5) Потребните документи кандидатите ги доставуваат до судот кој го објавил огласот.

**Пријавување на јавен оглас**

Член 26

(1) Кандидатот за судски службеник пополнува пријава која ги содржи најмалку следните податоци:

- име и презиме, матичен број, датум и место на раѓање, адреса и место на живеење, припадност на заедница,
- последен степен на образование и стекнати дипломи, претходни степени на образование и стекнати дипломи (за кандидатите со магистратура и/или докторат), датуми на стекнување на дипломите, броеви на дипломите и образовни институции кои ги издале,
- претходното работно искуство, детален опис (доколку има), вклучувајќи име на работодавачот, позиција, опис на работното место, должина на работниот стаж, адреса на работодавачот и причини за напуштање на работното место,
- познавање на странски јазици или странски јазик, ниво според ЦЕФР (CEFR) или бодови според ТОЕФЕЛ ПБТ, ЦБТ или ИБТ,
- познавање на работа со компјутерски програми за канцелариско работење и
- причини за аплицирање за конкретното работно место, очекувања од работата и цели во кариерата.

(2) Кон пријавата кандидатите задолжително ги прикачуваат следниве докази за податоците внесени во истата, во скенирана форма:

- доказ за државјанство на Република Македонија,
- уверение/диплома за завршен степен на образование,
- меѓународно признат сертификат за познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски) или потврда за завршен прв, втор или трет циклус на студии на еден од 200 највисоко рангирани факултети на Shanghai Ranking - ARWU (Academic Ranking of World Universities) на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски), за кои студии кандидатот поседува нострифицирана диплома,
- потврда за работа со компјутерски програми за канцелариско работење и
- потврда за положен стручен испит или уверение од соодветната стручна област, доколку истите се посебен услов за работното место и се назначени во јавниот оглас.

(3) Кон пријавата кандидатите можат да прикачат и:

- извод од историјатот на вработувања, доколку кандидатот бил претходно вработен, издаден од агенција за вработување,
- препораки од претходните работни места, кои содржат контакт податоци од лицето кое го препорачува,
- потврди за посетувани обуки, стручни сертификати од други стручни квалификации и специјализации, трудови и публикации,
- меѓународно признат сертификат за познавање на еден од шесте официјални јазици на Обединетите нации,
- потврда за волонтерски стаж, издадена од волонтерскиот регистар на Министерството за труд и социјална политика, односно волонтерска книшка, издадена од Министерството за труд и социјална политика, а потпишана од раководното лице на институцијата и
- изјави или други документи од интерес на работното место.

(4) Откако ќе ја пополнат пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот.

(5) Со пополнување на пријавата кандидатите добиваат идентификациски код кој ги поврзува со резултатите од натамошниот тек на постапката за селекција.

**Комисија за селекција за вработување**

Член 27

(1) Судскиот администратор, односно претседателот на судот во кој не е избран судски администратор, формира Комисија за селекција за вработување, составена од три члена, и тоа:

- еден раководен, односно стручен судски службеник,
- еден судски службеник со исто звање како работното место за кое е распишан јавниот оглас и
- еден член на Советот.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, при вработување на содки администратор, Комисијата за селекција за вработување е составена од три члена, и тоа:

- двајца раководни, односно стручни судски службеници и
- еден член на Советот.

(3) При формирањето на Комисијата од ставот (1) на овој член се обезбедува начелото на соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници.

**Постапка за селекција за вработување**

Член 28

Постапката за селекција за вработување се состои од административна селекција за вработување, испит за судски службеник, проверка на веродостојност на докази и интервју, како и тест на личноста.

**Административна селекција за вработување**

Член 29

(1) Административната селекција се состои од проверка на внесените податоци во пријавата за вработување со условите утврдени во јавниот оглас, приложените докази во пријавата и нивно бодирање.

(2) За кандидатите кои при административната селекција ќе се утврди дека не ги исполнуваат условите утврдени во јавниот оглас, постапката на селекција завршува.

(3) Вкупниот број на бодови за секој пријавен кандидат се утврдува врз основа на бодовите од стручните квалификации, работното искуство во струката, познавањето на странски јазици, како познавањето на работа со компјутерски програми за канцелариско работење.

(4) Стручните квалификации се вреднуваат во однос на формалното и неформалното образование.

(5) Формалното образование на кандидатите за судски службеници од категориите Б и В се вреднува согласно со постигнатиот успех на сите циклуси на студии кои ги завршил кандидатот и од рангирањето на универзитетот според ранг-листата на домашни универзитети согласно со Законот за високото образование и ранг-листите на странските универзитети и тоа следниве: Shanghai Ranking-ARWU (Academic Ranking of World Univirsities); Times Higher Education-World University Ranking и QS World University Ranking.

(6) Формалното образование на кандидатите за судски службеници од категоријата Г се вреднува согласно со постигнатиот успех во средното, односно вишото образование.

(7) Неформалното образование на кандидатите за судски службеници се вреднува во зависност од бројот и релевантноста на меѓународно признатите стручни сертификати или уверенија за работното место.

(8) Работното искуство во струката, доколку кандидатот бил вработен, се вреднува во зависност од времетраењето и од видот на одговорноста на работното место (раководно/нераководно). Дополнителните бодови носат позитивни препораки на кандидатот од претходните работни места и волонтерскиот стаж на кандидатот во институциите на јавниот сектор.

(9) Познавањето на странски јазик на утврденото ниво за работното место се докажува со приложување на еден од следниве меѓународно признати сертификати или меѓународно употребувани уверенија: АПТИС (APTIS), БУЛАТС (BULATS), ЦАЕ (CAE), ИЕЛТС (IELTS), ФЦЕ (FCE), БЕК (BEC), ПЕТ (PET), КЕТ (KET), ИЛЕК (ILEC), ТОЕФЕЛ ПБТ (TOEFL PBT), ТОЕФЕЛ ЦБТ (TOEFL CBT), ТОЕФЕЛ ИБТ (TOEFL IBT) за англиски јазик, односно ДЕЛФ (DELF), ДАЛФ (DALF), ТЦФ (TCF), ТЕФ (TEF), БУЛАТС (BULATS) за француски јазик, односно Гете сертификат (Goethe-Zertifikat), ТестДаФ (TestDaF) и БУЛАТС (BULATS) за германски јазик или друг меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на Здружението ALTE на европски тестатори, или други меѓународни организации, а за едно од нивоата на Европската јазична рамка на Советот на Европа ЦЕФР (CEFR), при што познавање на странски јазик на повисоко ниво од утврденото ниво за работното место и познавање на втор странски јазик од шесте официјални јазици на Обединетите нации, се вреднува со дополнителни бодови. Потврдата за завршен прв, втор или трет циклус на студии на еден од 200 највисоко рангирани факултети на Shanghai Ranking - ARWU (Academic Ranking of World Universities) на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски), се вреднува на Б2 (B2) ниво според ЦЕФР (CEFR) за завршен прв циклус, односно на Ц2 (C2) за завршен втор или трет циклус на студии.

(10) Познавањето на работа со компјутерски програми за канцелариско работење се докажува со приложување на потврда, при што поседување на меѓународно признат сертификат за положен Certiport: IC3 GS4 Key Applications, Microsoft: MOS Word или MOS Excell - положен; или ECDL: Core се вреднува со дополнителни бодови.

(11) Административната селекција завршува најдоцна во рок од 15 дена по истекот на рокот за пријавување на кандидатите на јавните огласи, за што Комисијата за селекција за вработување подготвува листа со идентификациските кодови на кандидатите за кои постапката на селекција завршила и ранг-листата со идентификациските кодови на кандидатите кои ја поминале административната селекција и ги објавува на веб страницата на судот.

(12) Датумот и времето на одржување на испит за судски службеник се објавуваат заедно со ранг-листата од ставот (11) на овој член и истиот не може да биде пократок од десет дена, а подолг од 30 дена од денот на објавувањето на ранг-листата.

(13) Најмногу десет пати повеќе кандидати од бројот на работните места за кои се спроведува постапката, а кои биле најдобро рангирани на листата од ставот (11) на овој член, преминуваат во следната фаза на селекција.

(14) Испитот за судски службеник го полагаат и кандидатите кои имаат ист број на бодови со последно рангираните кандидати од ставот (13) на овој член.

**Испит за судски службеник**

Член 30

(1) Кандидатот за судски службеник полага испит за судски службеник.

(2) Испитот за судски службеник се состои од два дела, и тоа: стручен дел и дел за процена на интелектуалниот капацитет на кандидатот.

(3) Со стручниот дел, преку одговарање на прашања во вид на компјутерско тестирање, се проверуваат познавањата на кандидатот во областа на правосудството; уставниот поредок на Република Македонија; системот на управно право, управна постапка и управи спорови; правата од работен однос на судските службеници; Кодексот за административни службеници и Кодексот за судска служба.

(4) Со делот за процена на интелектуалниот капацитет на кандидатот, се проверува способноста на кандидатот за апстрактно расудување преку компјутерска тест-матрица за когнитивни способности, како и способноста за логичко расудување преку компјутерски тест за силогизми.

(5) За полагање на стручниот дел се формира база на прашања, која се ревидира еднаш годишно и е јавно достапна на веб страниците на Врховниот суд на Република Македонија.

(6) Јавно достапни и објавени на веб страниците на Врховниот суд на Република Македонија се и литературата, односно законите и подзаконските акти врз основа на кои е подготвена базата на прашања од ставот (5) на овој член.

(7) Прашањата од стручниот дел на испитот, во зависност од тежината се вреднуваат со определен број на бодови, кои се наведени за секое прашање за време на полагањето, и истите за секој кандидат се бираат по случаен избор од базата на прашања од ставот (5) на овој член.

(8) Базата на прашања за делот за процена на интелектуалниот капацитет на кандидатот, ги обезбедува Врховниот суд на Република Македонија во соработка со стручна институција за процена на интелектуалниот и психометрискиот капацитет на кандидати за вработување.

**Постапка на полагање на испити и тестови**

Член 31

(1) Испитот за судски службеник и тестот на личноста се полагаат во специјално опремена просторија во Врховниот суд на Република Македонија или друга просторија, специјално опремена со информатичка опрема, интернет врска, опрема за снимање на полагањето и дисплеј за објавување на резултати со димензии 2х2 метра.

(2) Полагањето на испитот, односно на тестот се снима и се емитува во живо .

(3) На кандидатот за време на полагањето на испитот, односно на тестот, не му се дозволува користење на литература, закони, мобилен телефон, преносни компјутерски уреди и други технички и информатички средства, и не му се дозволува да контактира со други кандидати или лица од Комисијата, освен со надлежен информатичар, доколку има технички проблем со компјутерот на кој го полагал испитот, односно тестот.

(4) Ако техничките проблеми со компјутерот бидат отстранети во рок од 30 минути испитот, односно тестот продолжува, а доколку не бидат отстранети, истиот само за тој кандидат се прекинува и ќе може да го полага во нов термин најдоцна во рок од три дена од денот во кој испитот е прекинат.

(5) Доколку кандидатот при полагањето постапува спротивно од ставот (3) на овој член, нема да му се дозволи натамошно полагање.

(6) Резултатот, односно бројот на бодови од испитот за судски службеник на кандидатот му е достапен на компјутерот на кој го полагал, веднаш по неговото завршување и истиот резултат се евиндентира во Врховниот суд на Република Македонија и може да се искористи за други постапки на селекција во рок од една година сметано од денот на првото полагање.

(7) Освен на компјутерот, резултатот од испитот за судски службеник, заедно со името и презимето на кандидатот се објавува и на дисплејот од ставот (1) на овој член, веднаш по завршување на полагањето од страна на секој кандидат, при што објавата на дисплејот трае најмалку десет минути по завршување на полагањето од страна на сите кандидати кои во истиот термин го полагале испитот.

(8) Снимките од полагањето, за секој испит се чуваат во период од најмалку две години од датумот на полагањето.

(9) Начинот на спроведување на испитот, односно тестот, критериумите во однос на просторните услови и материјално-техничката и информатичката опрема на просториите за полагање од ставот (1) на овој член, ги пропишува министерот за правда.

Член 32

(1) Во рок од три дена од денот на спроведувањето на испитот, согласно со освоените бодови од административната селекција и испитот, Комисијата за селекција за вработување подготвува и ја објавува на веб страницата на Врховниот суд на Република Македонија, ранг- листа со идентификациски кодови на кандидатите.

(2) Датумот и времето на одржувањето на интервјуто се објавуваат заедно со ранг- листата од ставот (1) на овој член и истиот не може да биде подолг од десет дена од денот на објавувањето.

(3) На интервјуто учествуваат најмногу пет пати повеќе кандидати од бројот на работни места за кои се спроведува постапката за селекција за вработување, а кои биле најдобро рангирани на листата од ставот (1) на овој член.

(4) На интервјуто учествуваат и кандидатите кои имаат ист број на бодови со последно рангираните кандидати од ставот (1) на овој член.

**Проверка на веродостојност на докази и интервју**

Член 33

(1) Проверката на доказите ја врши Комисијата за селекција за вработување најмалку три часа пред почетокот на интервјуто, за што кандидатите се должни да ги донесат истите на увид во оригинал или заверен препис.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, доказот за исполнетост на условот од членот 21 став (1) алинеја 5 од овој закон, го обезбедува судот во кој се врши вработувањето.

(3) За кандидатите кои нема да ги достават доказите согласно со ставот (1) од овој член, или истите не ја поминат проверката на веродостојност, постапката на селекција завршува.

(4) Кандидатите за кои постои сомневање дека доставиле лажни докази, се евидентираат привремено во судот кој е должен во рок од седум дена да ги информира надлежните органи за утврдување на вистинитоста на доставените докази.

(5) Доколку надлежните органи утврдат вина на кандидатот за доставување на лажни докази, се должни во рок од 30 дена да го известат судот, при што кандидатот се евидентира во Врховниот суд на Република Македонија и не може да се вработи како судски службеник во период од десет години од денот на неговото евидентирање во Врховниот суд на Република Македонија.

(6) Доколку надлежните органи не утврдат вина на кандидатот за доставување на лажни докази, се должни во рок од 30 дена да го известат Врховниот суд на Република Македонија, при што кандидатот се брише од евиденцијата во Врховниот суд на Република Македонија и истиот има право да се пријави на следните јавни огласи.

(7) Кандидатите кои успешно ја поминале проверката на веродостојност на докази имаат право да продолжат на интервју.

(8) На интервјуто, преку ситуациони прашања, се проверуваат потребните општи работни компетенции за категоријата на која припаѓа работното место, а преку стручни прашања или практични задачи, се проверуваат посебните работни компетенции од делокругот на работното место.

(9) Интервјуто од ставот (7) на овој член се спроведува усно и/или писмено.

(10) Во рок од три дена од денот на спроведувањето на интервјуто, согласно со освоените бодови од административната селекција, писмените тестови и интервјуто за кандидатите кои освоиле најмалку 60% од максималниот број на бодови во сите претходни фази на постапката на селекција, Комисијата за селекција за вработување подготвува и ја објавува на веб страницата на судот и ранг-листа со идентификациски кодови на кандидатите.

(11) Датумот и времето на одржување на тестот на личност, се објавуваат заедно со ранг листата од ставот (10) на овој член и истиот не може да биде подолг од 15 дена од денот на објавувањето.

**Тест на личност**

Член 34

(1) Со тестот на личност се проверува соодветноста на кандидатот за работно место за кое аплицирал, преку полагање на валидиран тест за користење во Република Македонија базиран на стандардизиран пет-факторски модел со кој се проверуваат социјалните особини, одредени аспекти на интегритетот на личноста, пристапот кон учењето, како и останатите психолошки особини во функција на извршувањето на работите и работните задачи за соодветната категорија на работни места.

(2) Кандидатите кои успешно го поминале тестот на личност и се покажале како соодветни за работното место, остануваат на конечната ранг-листа, додека за другите постапката на селекција завршува.

(3) Базата на прашања на тестот на личност ја обезбедува Врховниот суд на Република Македонија во соработка со стручна институција за процена на интелектуалниот и психометрискиот капацитет на кандидати за вработување.

**Избор на кандидати**

Член 35

(1) Комисијата за селекција за вработување го бира најдобро рангираниот кандидат од соодветната листа и во рок од три дена и му го предлага на судскиот администратор, односно претседателот на судот во кој не е избиран судски администратор.

(2) Во случај кога нема ниту еден кандидат на листата, Комисијата за селекција за врзботувзње не подготвува предлог до судскиот администратор, односно претседателот на судот во кој не се избира судски администратор, при што јавниот оглас се повторува.

**Одлука за избор за вработување**

Член 36

(1) Судскиот администратор, односно претседателот на судот во кој не е избиран судски администратор, во рок од пет дена по добивањето предлогот од членот 35 став (1) од овој закон, е должен да донесе одлука за избор.

(2) Одлуката за избор се доставува до избраниот кандидат и се објавува на интернет страницата и на огласната табла на судот.

(3) Против одлуката од ставот (1) на овој член, кандидатот кој не е избран има право на жалба, преку судот за чии потреби е објавен јавниот оглас до Советот, во рок од осум дена од денот на приемот на писменото известување за извршениот избор.

(4) Судот е должен во рок од три дена од приемот на жалбата, да ја достави жалбата и одговорот на жалбата до Советот.

(5) Советот одлучува во рок од 15 дена од денот на приемот на жалбата.

(6) Жалбата го одлага извршувањето на одлуката.

(7) Кандидатот кој не е задоволен од конечната одлука на Советот или ако Советот не одлучил во рок од осум дена, има право во рок од 15 дена од приемот на одлуката да поднесе тужба пред надлежен суд.

**Донесување на решение за вработување**

Член 37

(1) Во рок од пет дена од конечноста на одлуката за избор, претседателот на судот, носи решение за вработување на судски службеник на неопределено време.

(2) На избраниот кандидат му се врачува решението и му се обезбедува пристап до актите за внатрешна организација и систематизација на судот, до Кодексот за административните службеници, до законите и подзаконските акти од областа на надлежност на правосудството и други релевантни акти, за што судскиот службеник потпишува потврда за прием која се чува во неговото досие.

(3) Избраниот кандидат пред претседателот на судот ја потпишува свечената изјава, која е составен дел од Кодексот за судските службеници.

(4) Примерок од потпишаната свечена изјава од ставот (3) на овој член му се врачува на судскиот службеник, а еден примерок се чува во неговото работно досие.

**Правилник за спроведување на постапката за вработување**

Член 38

Формата и содржината на јавниот оглас, формата, содржината и начинот на поднесување на пријавата, соодветното бодирање на меѓународно признатите сертификати, начинот на спроведување на административната селекција, на испитите, проверката на веродостојност на докази и интервјуто, тестот на личност, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категориите на работни места, како и други прашања во врска со постапката на селекција, ги пропишува министерот за правда.

## VII. УНАПРЕДУВАЊЕ НА СУДСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

**Интерен оглас**

Член 39

(1) Постапката на унапредување има за цел да им овозможи на судските службеници кариерно напредување, односно преминување од работно место на пониско ниво, односно звање на работно место на повисоко ниво, односно звање.

(2) При постапката на унапредување се почитува начелото за соодветна и правична застапеност.

(3) За започнување на постапка за унапредување на судскиот службеник, судскиот администратор, односно претседателот на судот во кој не е избран судски администратор, до Судскиот буџетски совет поднесува барање за започнување на постапка за унапредување на судски службеник, во кое го назначува нивото и описот на работно место кое се предлага за пополнување.

(4) По добиеното известување за обезбедени финансиски средства, интерниот оглас и образец за пријава за унапредување се објавуваат на веб страницата на судот.

(5) На интерниот оглас може да се јави судски службеник, вработен во судот кој го објавил интерниот оглас, кој ги исполнува посебните услови за пополнување на работното место пропишани за соодветното ниво во овој закон и во актот за систематизација, како и:

- да е оценет со оцена „особено се истакнува" или „се истакнува“ при последното оценување,
- да е на работно место на непосредно пониско ниво од работното место за кое е објавен интерниот оглас,
- да поминал најмалку две години на работното место на кое е распореден и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

(6) Интерниот оглас може да се спроведува за пополнување на работни места во сите звања, освен во звањата помлад судски соработник, помлад соработник, помлад судски референт и помлад референт.

**Пријава за унапредување**

Член 40

(1) Кандидатите се пријавуваат на интерниот оглас за унапредување со поднесување на пополнетата пријава и докази за податоците содржани во пријавата и истата ја доставуваат до судот кој го објавил интерниот оглас.

(2) Рокот за пријавување на огласот не може да биде пократок од пет, односно подолг од десет дена од денот на неговото објавување.

(3) Пријавата од ставот (1) на овој член содржи име и презиме, тековно работно место, ниво, звање и работно искуство на пријавениот кандидат, како и податоци во врска со членот 39 став (5) од овој закон.

(4) Кон пријавата кандидатите можат да ги приложат следниве докази во скенирана форма:

- потврди за успешно реализирани обуки и/или
- потврди за успешно реализирано менторство (како ментор или менториран административен службеник).

(5) Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот.

**Комисија за селекција за унапредување**

Член 41

(1) Судскиот администратор, односно претседателот на судот во кој не е избран судски администратор, формира Комисија за селекција за унапредување, составена од три члена, и тоа:

- еден раководен, односно стручен судски службеник,
- еден судски службеник со исто звање како работното место за кое е распишан интерниот оглас и
- еден член на Советот.

**Постапка за селекција за унапредување**

Член 42

(1) Постапката за селекција за унапредување се состои од административна селекција и интервју.

(2) Административната селекција се состои од проверка на внесените податоци во пријавата со условите утврдени во членот 39 став (5) од овој закон и приложените докази во пријавата и нивното бодирање.

(3) За кандидатите за кои при административната селекција ќе се утврди дека не ги исполнуваат условите утврдени во интерниот оглас, постапката на селекција завршува.

(4) Бодовите за административна селекција за секој пријавен кандидат се утврдуваат врз основа на збирот на последната оценка, реализираните обуки и потврдите за менторство, согласно со доставените докази од членот 40 став (4) од овој закон.

(5) Врз основа на бодовите од административната селекција, Комисијата за селекција за унапредување составува ранг-листа, при што со најмногу пет најдобро рангирани кандидати во рок од пет дена по административната селекција спроведува интервју.

(6) Врз основа на бодовите од административната селекција и интервјуто, Комисијата за селекција за унапредување составува ранг-листа и му го предлага прворангираниот кандидат на судскиот администратор, односно претседателот на судот во кој не се назначува судски администратор на избор.

**Одлука и решение за избор за унапредување**

Член 43

(1) Во рок од три дена од добивањето на предлогот, судскиот администратор, односно претседателот на судот во кој не е избран судски администратор е должен да донесе одлука за избор.

(2) Одлуката за избор од ставот (1) на овој член се доставува до кандидатите за унапредување и се објавува на огласната табла и веб страницата на судот.

(3) Ако во рокот од ставот (1) на овој член судскиот администратор, односно претседателот на судот во кој не е избран судски администратор, донесе одлука за неврешење на избор, во истата е должен да ги наведе причините за нејзиното донесување.

(4) Интерниот оглас може да се повтори пред да се донесе одлука за објавување на јавен оглас.

(5) Против одлуката за избор од ставот (1) на овој член, незадоволниот судски службеник има право на жалба преку судот за чии потреби бил објавен интерниот оглас до Советот во рок од осум дена од денот на приемот на писменото известување за извршениот избор.

(6) Судот е должен во рок од три дена да ја достави до Советот жалбата и одговорот на жалбата.

(7) Советот одлучува во рок од 15 дена од денот на приемот на жалбата.

(8) Жалбата го одлага извршувањето на одлуката.

(9) По завршувањето на постапката за избор, судскиот администратор, односно претседателот на судот во кој не е избран судски администратор во рок од пет дена по конечноста на одлуката, донесува решение за унапредување на судскиот службеник.

**Правилник за спроведување на постапката за унапредување**

Член 44

Формата и содржината на интерниот оглас, формата, содржината и начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивното бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас, ги пропишува министерот за правда.

VIII. МОБИЛНОСТ НА СУДСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

**Мобилност**

Член 45

(1) Мобилноста е хоризонтално движење на вработен од едно на друго работно место во рамките на истата група на работни места утврдена со овој закон.

(2) Мобилноста се врши преку распоредување, односно преземање на вработениот на работно место на исто ниво, односно на работно место за кое вработениот ги исполнува општите и посебните услови утврдени во актот на систематизација на работни места на судот во кој се распоредува или се презема.

(3) Мобилноста се врши без објавување на интерен, односно јавен оглас.

**Мобилност преку распоредување**

Член 46

Судскиот службеник кој ги исполнува посебните услови за работното место, утврдени во актот за систематизација, по потреба на судот или по негово барање, може да се распореди во ист суд на работно место на исто ниво, односно во исто звање, ако работното место е утврдено во актот за систематизација и не е пополнето.

**Мобилност преку преземање во друг суд**

Член 47

Судскиот службеник на негово барање, по потреба на судот во кој е вработен или по потреба на друг суд, ако ги исполнува посебните услови за работното место, утврдени во актот за систематизација на судот, со негова согласност може да биде преземен од еден во друг суд на работно место на исто ниво, односно звање, ако за тоа се согласат претседателите на судовите, по претходна согласност на Судскиот буџетски совет.

**Преземање од јавното обвинителство, органи на државната управа, државни органи и други државни институции**

Член 48

Вработен во јавното обвинителство, органите на државната управа, државните органи и други државни институции, кој нема статус на судски службеник, кој ги исполнува посебните услови утврдени во актот за систематизација на работните места, може да биде преземен и распореден на соодветно работно место, ако за тоа се согласат претседателот на судот, јавниот обвинител, односно функционерот кој раководи со органот или институцијата и вработениот, а по претходно добиена согласност од Судскиот буџетски совет и согласност за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии.

## IX. ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА СУДСКИТТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

**Основ на правата и должностите**

Член 49

Правата и должностите на судските службеници кои произлегуваат од работниот однос се уредуваат со овој закон, со друг закон и колективен договор.

**1. Права на судските службеници**

**Право на плата и надоместоци од плата**

Член 50

Вработените во судската служба за својата работа имаат право на плата и надоместоци од плата согласно со овој закон, посебните закони, општите прописи за работните односи и колективните договори.

**Право на одмори и отсуства**

Член 51

Вработените во судската служба имаат право на пауза, одмори и отсуства од работа согласно со општите прописи за работните односи и колективните договори.

**Право на годишен одмор**

Член 52

(1) Вработените во судската служба имаат право на годишен одмор во траење од 20 до 26 работни дена.

(2) Повозрасен вработен, инвалид, вработен со најмалку 60% телесно оштетување и вработен кој негува и чува дете со телесен или душевен недостаток има право на уште три работни дена годишен одмор.

(3) Годишниот одмор по правило се користи во текот на календарската година.

(4) Годишниот одмор може да се користи и во два дела, со тоа што првиот дел мора да трае најмалку 12 работни дена.

(5) Првиот дел од годишниот одмор се користи до крајот на тековната година, а остатокот до 30 јуни идната година.

(6) Годишниот одмор за судските службеници се утврдува според следниве критериуми:

1) за образование на основицата се додаваат:

- за високо образование три работни дена,
- за вишо образование два работни дена и
- за средно образование еден работен ден и

2) За работен стаж на основицата се додаваат:

- од една до десет години работен стаж еден работен ден,
- од десет до 15 години работен стаж два работни дена,
- од 15 до 25 години работен стаж три работни дена и
- над 25 години работен стаж четири работни дена.

**Платено отсуство**

Член 53

Вработените во судската служба имаат право на платено отсуство од работа и тоа во следниве случаи за:

- склучување на брак на судскиот службеник три дена,
- склучување брак на деца два дена,
- раѓање на дете два дена,
- посвојување на дете два дена,
- смрт на сопружник или дете пет дена,
- смрт на родител, брат, сестра два дена,
- смрт на родител на сопружник два дена,
- смрт на дедо или баба еден ден,
- полагање на стручен испит запотребите на судот три дена,
- селидба од едно во друго место два дена,
- селидба во исто место еден ден,
- елементарни непогоди три дена и
- за крводарителство два дена.

**Неплатено отсуство**

Член 54

(1) Вработениот во судската служба има право да отсуствува од работа без надоместок на плата и придонеси од плата, но најдолго три месеца во текот на календарската година, и тоа за:

- вршење на неодложни лични и семејни работи,
- нега на член на семејство кој е тешко болен,
- посета на член на потесно семејство во странство,
- изградба или реновирање на стан или семејна куќа,
- лекување на судскиот службеник на негов трошок,
- учество на културни и спортски манифестации,
- полагање на правосуден испит,
- учество на семинари, работилници и конгреси во земјата и странство и
- патување во странство.

(2) Барањето за користење на неплатено отсуство, со образложение, се поднесува до судскиот администратор, односно претседателот на судот во кој не е избран судски администратор.

(3) Судскиот администратор, односно претседателот на судот во кој не е избран судски администратор, во рок од пет дена по поднесувањето на барањето е должен да донесе решение, водејќи сметка да не се наруши процесот на работа.

(4) Против решението е дозволена жалба преку судот кој го донел решението до Советот во рок од три дена од денот на приемот.

**Право на стручно усовршување**

Член 55

(1) Судскиот службеник има право и должност стручно да се оспособува и усовршува.

(2) Континуираната обука за стручно усовршување на судските службеници е со цел за стекнување и постојано унапредување и стручно усовршување на теоретски и практични знаења и вештини за квалитетно, стручно и ефикасно извршување на работите и работните задачи.

**Право на заштита**

Член 56

Судскиот службеник во остварувањето на правата и должностите од работниот однос имаат право да бараат заштита пред надлежниот суд, како и од друг надлежен орган во согласност со закон.

**Право на заштита на вработени кои пријавиле сомневање или сознание за кривично дело или за незаконско или недозволиво постапување**

Член 57

На вработен во судската служба кој пријавил сомневање или има сознание дека е извршено, или се извршува или е веројатно дека ќе се изврши кривично дело против службената должност или друго незаконито или недозволиво постапување со кое се загрозува јавниот интерес, безбедноста и одбраната, му се обезбедува заштита согласно со закон и му се гарантира анонимност и доверливост до степен и до момент до кои тој тоа го бара.

**Право на мирување на работен однос**

Член 58

(1) На судски службеник кој е избран или именуван на државна или јавна функција утврдена со закон или кој е упатен на работа во странство во рамките на меѓународна, техничка, просветна, здравствена, културна, научна или друг вид соработка, односно кој е упатен на работа во дипломатско или во конзуларно претставништво, му мируваат правата и должностите од работниот однос.

(2) Судскиот службеник од ставот (1) на овој член има право во рок од 15 дена по престанувањето на вршењето на функцијата, или по враќањето од странство, да се врати во судот од каде што заминал, на работно место на исто ниво со нивото на кое бил распореден пред мирувањето на работниот однос.

(3) На судски службеник чиј брачен другар е упатен на работа во странство во рамките на меѓународна, техничка, просветна, здравствена, културна научна и друг вид соработка, односно кој е упатен на работа во дипломатско или во конзуларно претставништво, му мируваат правата и должностите од работниот однос.

(4) Судскиот службеник од ставот (3) на овој член има право во рок од 15 дена по престанувањето на работата на нивниот брачен другар во странство, да се врати во судот од каде што заминал, на работно место на исто ниво со нивото на кое бил распореден пред мирувањето на работниот однос.

(5) Судскиот службеник на негово барање, а со согласност со претседателот на судот, има право на неплатено отсуство во времетраење од најмногу две години, поради стручно усовршување кое не е финансирано од судот.

(6) На судскиот службеник од ставот (5) на овој член за времетраење на неплатеното отсуство, му мируваат правата од работниот однос.

(7) Доколку за времетраење на мирувањето на работниот однос на судскиот службеник од ставовите (1), (3) и (5) од овој член, се променат посебните услови за неговото работното место, истиот е должен да ги исполни новите услови во рок од две години од денот на враќањето во судот.

**Право на синдикално организирање и право на штрајк**

Член 59

(1) Вработените во судската служба, заради остварување на своите економски и социјални права, имаат право да се вклучат во основање и да членуваат во синдикат под услови и во постапка утврдени со закон и со актите на синдикатот.

(2) Вработените во судската служба имаат право на штрајк организиран во согласност со Уставот, закон и ратификуваните меѓународни договори согласно со Уставот.

(3) При остварувањето на правото на штрајк вработените во судската служба се должни да обезбедат минимум непречено извршување на функциите на судот и неопходно ниво на остварување на правата и интересите на граѓаните и на правните лица, а особено во постапките за кои со закон е утврдено дека се итни, односно за работите кои според закон се нужни, судот е должен да работи и за време на штрајк.

(4) Заради непречено организирање на работата на судот и водење на евиденција на вработените за исплата на плата во услови на штрајк, вработените во судската служба писмено се изјаснуваат за нивното учество во штрајкот.

(5) Вработените во судската служба кои учествуваат во штрајкот, не смеат за време на штрајк да го onевозможуваат и попречуваат тековното работење на судот и на вработените кои не учествуваат во штрајкот и не смеат да го блокираат влезот и излезот на судот.

**2. Должности на јавнообвинителските службеници**

**Должност за извршување на работите и на работните задачи**

Член 60

(1) Судските службеници се должни да ги извршуваат работите и работните задачи, опишани во актот за систематизација на работните места на судот.

(2) Судските службеници врз основа на задолжение во писмена форма од непосредно претпоставениот судски службеник, судскиот администратор или од претседателот на судот, се должни да извршуваат и работи и работни задачи кои не се содржани во описот од ставот (1) на овој член, а кои се соодветни со нивните професионални квалификации и со работните компетенции.

**Должност за укажување на незаконски работни задачи**

Член 61

(1) Судскиот службеник е должен да ги извршува работните задачи дадени од непосредно претпоставениот судски службеник, судскиот администратор или од претседателот на судот и да постапуваат по нив во согласност со Уставот, закон или друг пропис.

(2) Ако судскиот службеник смета дека дадената работна задача од ставот (1) на овој член не е во согласност со Уставот, со закон и со друг пропис е должен за тоа да му укаже на лицето кое му ја дало задачата.

(3) Судскиот службеник е должен да постапи по работната задача од ставот (2) на овој член, дадена во писмена форма, освен ако оцени дека нејзиното извршување претставува кривично дело и веднаш за тоа писмено ќе го извести непосредно повисоко претпоставениот од оној кој им ја дал задачата, како и Државната комисија за спречување на корупцијата.

(4) Ако судскиот службеник не го предупреди непосредно претпоставениот службеник дека наредбата е неуставна и незаконска и ја изврши наредбата, тој ќе одговара за нејзиното извршување, како и оној што ја издал наредбата.

(5) Судскиот службеник не може да биде повикан на одговорност заради даденото укажување од ставот (2) на овој член и даденото известување од ставот (3) на овој член.

**Должност за известување за отсуство од работа**

Член 62

(1) Судскиот службеник е должен да го почитува работното време на судот.

(2) Во случај на спреченост за доаѓање на работа, судскиот службеник е должен да го извести непосредно претпоставениот судски службеник, судскиот администратор или претседателот на судот, до истекот на дневното работното време на судот.

(3) По исклучок од ставот (1) на овој член, кога спреченоста за доаѓање на работа е настаната од виша сила, известувањето за спреченост за доаѓање на работа, судскиот службеник е должен да го изврши веднаш по престанувањето на причината која го оневозможила известувањето.

**Забрана за примање подароци**

Член 63

(1) Судскиот службеник не смее да прима подароци поврзани со неговата работа, со исклучок на протоколарни и повремени подароци од پониска вредност. Подароците што не ја надминуваат вредноста од 1.000 денари, или подароци добиени од иста личност чијашто вкупна вредност не надминува 3.000 денари во дадена година, се сметаат за подароци од пониска вредност. Подароците примени од страна на службени лица или од меѓународни организации, дадени за време на посети, гостувања или во други слични околности, се сметаат за протоколарни подароци.

(2) Забраната и ограничувањата утврдени во ставот (1) на овој член исто така се однесуваат и на брачниот другар на судскиот службеник, на лица кои живеат заедно со судскиот службеник во вонбрачна заедница, на неговите деца, родители и на лица кои живеат во исто домаќинство.

(3) Судскиот службеник е обврзант да ги предупреди дарителите дека подароците што ја надминуваат вредноста изнесена во ставо (1) на овој член стануваат сопственост на судот. Во случај дарителот да инсистира на примање на подарокот, судскиот службеник, или лицата од ставот (2) на овој член се обврзани да го достават подарокот до јавното обвинителство.

(4) Податоците за примените подароци, нивната вредност, дарителите и другите околности се внесуваат во евиденцијата на подароци. Судскиот службеник исто така е обврзан да ги пријави податоците што треба да се внесат во случаите од ставот (2) на овој член.

**Забрана за политичко дејствување на работно место**

Член 64

(1) Судскиот службеник со членството во политичка партија и со учеството во партиските активности, не смее да го доведе во прашање вршењето на работите и на работните задачи од работното место во судот.

(2) Судскиот службеник, при вршењето на работите и на работните задачи не смее да ги искажува или да ги застапува своите политички и партиски уверувања.

(3) Судскиот службеник, во текот на работното време не смее директно да учествуваат во изборни активности или во други јавни настапи од таков вид.

(4) Судскиот службеник, во судот во кој ги извршува работите и работните задачи не смее на себе да носи или да истакнува партиски симболи во работните простории и во просториите на судот.

X. ПЛАТА И НАДОМЕСТОЦИ НА ПЛАТА НА СУДСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

**Плата и надоместоци**

Член 65

(1) Вработениот во судската служба има право на плата и надоместоци од плата, која што одговара на неговото работно место според услови и критериуми утврдени со овој закон и/или колективен договор.

(2) Платите и надоместоците од плата на вработените во судската служба се обезбедуваат од судскиот буџет.

(3) Платите на вработениот во судската служба се пресметуваат во бруто износ, а се исплатуваат во нето паричен износ еднаш месечно во тековниот месец за претходниот месец.

**Компоненти на плата**

Член 66

Платата на судскиот службеник се состои од следниве компоненти:

- основна компонента и
- исклучителна компонента.

**Основна компонента на плата**

Член 67

(1) Со основната плата која се исплатува на судскиот службеник се обезбедува вреднување на соодветниот степен на образование утврден со актот за систематизација на работните места, за работното место на кое тој е распореден и работното искуство.

(2) Делот на плата за степенот на образование кое го стекнал судскиот службеник се вреднува на следниот начин:

- завршен VII/3 степен или 480 кредити според ЕКТС 250 бода,
- завршен VII/2 степен или 300 кредити според ЕКТС 225 бода,
- завршен VII/1 степен или 240 кредити според ЕКТС 200 бода,
- 180 кредити според ЕКТС 175 бода,
- вишо образование 150 бода и
- средно образование 100 бода.

(3) Додатокот на плата за звање се вреднува, и тоа за:

- А1 - судски администратор на Врховниот суд на на Република Македонија 649 бода,
- А2 - судски администратор на Управниот суд, на Вишиот управен суд, на апелационите судови, на основните судови со проширена надлежност 550 бода,
- Б1 - самостоен судски советник 516 бода,
- Б2 - раководител на служба 490 бода,
- Б4 - раководител на судски оддел 435 бода,
- Б4 - раководител на оддел 435 бода,
- Б4 - раководител на судско одделение 372 бода,
- Б4 - раководител на одделение 372 бода,
- В1 - судски советник 325 бода,
- В2 - виш судски соработник 287 бода,
- В3 - судски соработник 270 бода,
- В4 - помлад судски соработник 243 бода,
- В1 - советник 325 бода,
- В3 - соработник 270 бода,
- В4 - помлад соработник 243 бода,
- Г1 - самостоен судски референт 246 бода,
- Г2 - виш судски референт 228 бода,
- Г3 - судски референт 211 бода,
- Г4 - помлад судски референт 187 бода,
- Г1 - самостоен референт 246 бода,

- Г3 - референт 211 бода и
- Г4 - помлад референт 187 бода.

(4) Работното искуство на судскиот службеник се вреднува во износ од 0,5% во делот на основната плата со која се вреднува образованието и додатокот на плата за звање, за секоја навршена година работен стаж, а најмногу до 20%.

**Вредност на бодот**

Член 68

Вредноста на бодот за пресметување на платите на судските службеници се утврдува секоја година со одлука на Владата на Република Македонија.

**Исклучителна компонента на плата**

Член 69

Исклучителната компонента ја сочинуваат:
- дотаток на плата заради приспособување кон пазарот на трудот и/или
- додаток на плата за прекувремена работа.

**Додаток на плата заради приспособување кон пазарот на трудот**

Член 70

(1) Судскиот службеник има право на додаток на плата заради приспособување кон пазарот на трудот.

(2) Барањето за одобрување на додатокот од ставот (1) на овој член треба да биде засновано на анализа која ќе покаже дека:
- платите на пазарот на трудот за таквите работни места се значително повисоки од платите на судските службеници кои извршуваат исти работи,
- вработувањето е отежнато или стапката на напуштање на работните места е неприфатливо висока,
- пазарот на трудот нуди ограничен број на квалификувани поединци за таквата работа или
- судските службеници биле подложени на повеќегодишно стручно усовршување и нивното напуштање на работното место би предизвикало големи фискални импликации по судот.

(3) Барањето за одобрување на додатокот од ставот (1) на овој член до Владата на Република Македонија го доставува Судскиот совет на Република Македонија.

**Додаток на плата за прекувремена работа**

Член 71

(1) Судскиот службеник има право на додаток на плата за:
- работа за време на неделен одмор,
- работа за време на празници утврдени со закон и
- работа подолго од полното работно време.

(2) Судскиот службеник кој бил ангажиран да работи согласно со условите во ставот (1) алинеи 3, 4 и 5 на овој член има право на онолку слободни часови, односно денови, колку што бил ангажиран за работата надвор од редовното работно време.

(3) Слободните часови, односни денови од тековниот месец, судскиот службеник ги користи до крајот на наредениот месец, по месецот во кој бил ангажиран.

(4) Доколку на судскиот службеник не му се обезбеди користење на слободни часови, односно денови согласно со ставот (6) на овој член, му се исплатува додаток на плата во износ од 35% од износот на основната плата, пресметана по час.

(5) Додатоците на плата од ставот (1) на овој член, меѓусебно не се исклучуваат.

(6) Евидентирањето на работните часови поминати на работа под услови утврдени во ставот (1) на овој член се врши согласно со закон.

**Други надоместоци на плата**

Член 72

(1) Судскиот службеник има право на надоместоци на плата и други надоместоци согласно со овој закон и општите прописи за работни односи, и тоа:
- за патни, дневни и други трошоци за службени патувања во земјата и во странство,
- за трошоци за користење на возила во лична сопственост за службени цели,
- за трошоци за одвоен живот од семејството,
- за трошоци за селидба,
- за трошоци за работа на терен,
- за трошоци за погреб во случај на смрт на судски службеник или член на неговото потесно семејство (брачниот другар и децата родени во брак или надвор од брак, посиноците, посвоените деца и деца земени на издржување),
- за штета при елементарни непогоди и
- за боледување на судскиот службеник подолго од шест месеци во висина од една плата.

(2) Висината на надоместоците од ставот (1) на овој член за секоја година се утврдува со Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија.

**Надоместок за време на боледување, професионално заболување и повреда на работно место**

Член 73

(1) Судскиот службеник кој се наоѓа на боледување, има право на плата во висина утврдена во позитивните законски прописи од областа на здравственото осигурување.

(2) За професионално заболување и повреда на работно место на судскиот службеник му се исплаќа плата во висина од 100%.

**Надоместок за време на привремена неспособност за работа**

Член 74

(1) Ако кај судскиот службеник настапи привремена неспособност за работа има право на надоместок на плата во висина утврдена согласно со закон.

(2) Висината на надоместокот од ставот (1) на овој член за секоја година се утврдува со Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија.

**Плата за време на годишен одмор или специјализирана обука**

Член 75

За време на користење на годишен одмор или специјализирана обука за стручно усовршување, судскиот службеник има право на плата во висина на платата што би ја примил во тековниот месец кога би бил на работа.

**Плата за време на суспензија**

Член 76

Судскиот службеник кој врз основа на решение е суспендиран од судот, за времетраење на суспензијата има право на плата во износ од 60% од платата што ја примил за последниот месец пред донесување на решението за суспензија.

**Плата за време на штрајк**

Член 77

За време на штрајк судскиот службеник има право на плата во висина од 60% од платата што ја примил претходниот месец.

**Плати на лица вработени во судовите кои врша помошни и технички работи**

Член 78

Платите на лицата вработени во судовите кои вршат технички и помошни работи се во рамките на платите утврдени за административно-техничките судски службеници во зависност од степенот на образование, работното место на кое се распоредени согласно со актот за систематизација на работните места и работното искуство.

## XI. СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА СУДСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

**Стручно усовршување на судските службеници**

Член 79

(1) Судскиот службеник има право и обврска, во текот на годината стручно да се усовршува врз основа на индивидуалниот план за стручно усовршување, како и должност да го пренесе стекнатото знаење на другите судски службеници.

(2) Планот од ставот (1) на овој член е дел од системот за управувањето со ефектот на судскиот службеник. Во планот за стручно усовршување на судскиот службеник можат да бидат предвидени обуки и менторство.

**Обуки за судските службеници**

Член 80

(1) Обуките за стручно усовршување на судските службеници можат да бидат генерички и специјализирани.

(2) Генеричките обуки се вршат заради стручно усовршување на судските службеници согласно со рамката на општи компетенции.

(3) Специјализираните обуки се вршат заради стручно усовршување на судските службеници во однос на посебните компетенции и истите можат да бидат организирани во судовите, Академијата за судии и јавни обвинители и преку други институции.

(4) Институцијата која ја спроведува обуката, по завршената обука, на судскиот службеник му издава потврда за успешно реализирана обука.

(5) Меѓусебните права и обврски на судот и судскиот службеник кој е упатен на специјализирана обука за потребите на судот, се уредуваат со писмен договор во кој се утврдува точниот датум до кој судскиот службеник не може да побара престанок на работниот однос, како и неговата материјалната одговорност сразмерна на средствата потрошени за реализација на обуката, доколку по негова вина или на негово барање му престане работниот однос пред утврдениот датум.

(6) Начинот на организирање и спроведување на обуките ги пропишува министерот за правда.

**Годишен план за обуки на судските службеници**

Член 81

(1) Врз основа на обуките од индивидуалните планови за стручно усовршување, судскиот администратор, односно претседателот на судот во кој не е избран судски администратор, подготвува годишен план за обуки на судските службеници во судот.

(2) Содржината и формата на годишниот план од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот за правда.

**Менторство**

Член 82

(1) Менторство е метод на пренесување на знаења и вештини меѓу судските службеници, и истото може да биде советодавно или практично.

(2) Советодавното менторство е пренесување на знаења и вештини преку конкретни совети на менторот и се врши заради развој на општите компетенции на судскиот службеник.

(3) Практичното менторство се остварува преку набљудување на работата на менторираниот судски службеник, постојани консулатции и преку практична работа, и се врши заради развој на посебните компетенции на судскиот службеник.

(4) Ментор може да биде секој судски службеник, кој завршил обука за ментор и кој е распореден на работно место на повисоко ниво од судскиот службеник кој е менториран.

(5) Менторот го определува судскиот администратот, односно претседателот на судот во кој не е избран судски администратор.

(6) Врховниот суд на Република Македонија води база на ментори, која е јавно објавена на веб страницата на Врховниот суд на Република Македонија.

(7) Менторот и менторираниот судски службеник, по успешно завршеното менторство, подготвуваат изјави за завршено менторство.

## XII.УПРАВУВАЊЕ СО ЕФЕКТОТ НА СУДСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

**Систем за управување со ефектот**

Член 83

(1) Во судовите се воспоставува систем за управување со ефектот на судските службеници.

(2) Системот од ставот (1) на овој член го сочинуваат утврдување на работните цели и задачи, утврдување на индивидуалниот план за стручно усовршување, како и постапка за оценување на ефектот на судскиот службеник.

**Утврдување на работните цели и задачи**

Член 84

(1) Работните цели и задачи на судскиот службеник се утврдуваат врз основа на годишната програма за работа на судовите.

(2) Работните цели и задачи на судскиот службеник треба да бидат јасни, прецизни, мерливи и со утврдена временска рамка за извршување.

(3) Работните цели и задачи се утврдуваат од страна на непосредно претпоставениот судски службеник во соработка со судскиот службеник на крајот на постапката на оценување на работните достигнувања, во декември во тековната година за наредната.

**Утврдување на индивидуален план за стручно усовршување**

Член 85

(1) Во индивидуалниот план за стручно усовршување се утврдува потребата за стручно усовршување на судскиот службеник, заради ефикасно извршување на утврдените работни цели и задачи и потребата од развој и унапредување на работните компетенции.

(2) Индивидуалниот план за стручно усовршување се утврдува од страна на непосредно претпоставениот судски службеник, во соработка со судски службеник, по поставувањето на работните цели и задачи.

**Континуирано следење на ефектот и полугодишно интервју**

Член 86

(1) Непосредно претпоставениот судски службеник е должен континуирано да го следи ефектот на судскиот службеник во текот на целата година и по потреба да предлага мерки за подобрување на истиот.

(2) Како дел од процесот на континуирано следење на ефектот на судскиот службеник, најдоцна до 31 мај во годината, се спроведува полугодишно интервју.

(3) По спроведување на полугодишното интервју се пополнува извештајот за полугодишно интервју, кој го потпишуваат судскиот службеник и неговиот непосредно претпоставен судски службеник.

(4) Копија од извештајот од ставот (3) на овој член му се доставува на судскиот службеник.

(5) Доколку во извештајот за полугодишното интервју, непосредно претпоставениот судски службеник врз основа на докази, утврди дека судскиот службеник не ги исполнил поставените цели, односно покажува незадоволителни резултати за време на полугодишниот период, не покажува потребна стручност и компетентност, има значителни грешки во работата и постапувањето, работните задачи ги извршува ненавремено односно не покажува интерес за квалитетот на извршување на работните задачи, истиот ќе започне постапка за подобрување на ефектот.

(6) Во постапката за подобрување на ефектот се предлагаат дополнителни обуки или менторство и се изрекува писмена опомена во која судскиот службеник се предупредува на можноста да биде оценет со негативна оцена доколку и покрај укажувањата и предложените мерки до истекот на годината за која се врши оценувањето, не го подобри својот ефект.

(7) Доколку судскиот службеник нема непосредно претпоставен судски службеник, интервјуто од ставот (2) на овој член го врши извештајот од ставот (3) на овој член го потпишува и постапката за подобрување на ефектот ја води претпоставен судски службеник од категоријата Б, односно судскиот администратор или претседателот на судот во кој не е избран судски администратор.

(8) Начинот на спроведување на полугодишното интервју, како и формата и содржината на извештајот од ставот (3) на овој член, ги пропишува министерот за правда.

**Оценување на ефектот на судскиот службеник**

Член 87

(1) Судските службеници задолжително се оценуваат еднаш годишно и тоа најдоцна до 1 декември за тековната година.

(2) Оценувањето на судскиот службеник го врши непосредно претпоставениот судски службеник, односно претпоставениот судски службеник од категоријата Б или судскиот администратор, односно претседателот на судот каде што не е избран судски администратор, во случаите кога судскиот службеник нема непосредно претпоставен судски службеник (во натамошниот текст: оценувач).

(3) Оценувањето на судскиот администратор го врши претседателот на судот по претходно добиени оценки од раководителите на судските оддели.

(4) Оценувачот со оценки од „1“, „2“, „3“, „4“ и „5“ ја оценува работата на судскиот службеник во однос на квалитетот, ефективноста и ефикасноста на работењето, почитувањето на роковите и нивото на исполнување на утврдените работни цели и задачи, нивото на вклученост и посветеност на работата, придонесот во реализацијата на програмата за работа на судот, реализацијата на индивидуалниот план за стручно усовршување и однесувањето на судскиот службеник, а го зема предвид и извештајот од полугодишното интервју.

(5) Со оценка “5”, може да бидат оценети најмногу 5% од вработените судски службеници во судот, за што судскиот администратор, односно претседателот на судот во кој не е избран судски администратор, ги координира оценувачите.

(6) Годишната оценка на судскиот службеник се добива врз основа на оценката на оценувачот, која учествува со 65%, како и од просечната оценка од четири други судски службеници со кои судскиот службеник непосредно соработувал и тоа двајца на пониско и двајца на исто ниво, како и двајца оценувачи кои не се вработени во судот, а со кои судскиот службеник има непосредна соработка (во натамошниот текст: други оценувачи), која учествува со 35%.

(7) Во судовите во кои нема судски службеници кои ги исполнуваат условите од ставот (6) на овој член, други оценувачи ќе бидат судски службеници од кое било ниво, односно други вработени во судот.

(8) По исклучок, во судовите во кои нема судски службеници кои ги исполнуваат условите од ставот (5) на овој член, оценувањето го врши само непосредно претпоставениот судски службеник, односно претпоставениот судски службеник од категоријата Б или судскиот администратор, односно претседателот на судот во кој не е избран судски администратор, и годишната оценка на судскиот службеник се добива врз основа на оценката на овој оценувач, и учествува со 100%.

(9) Другите оценувачи ги бира судскиот службеник во договор со неговиот оценувач и истите со оценки од „1“, „2“, „3“, „4“ и „5“ ги оценуваат општите работни компетенции на судскиот службеник и предлагаат начини на подобрување на работата на судскиот службеник.

(10) За судскиот службеник кој при извршувањето на работните задачи има постојан непосреден контакт со граѓани и за кој постои механизам за оценување на неговата работа од страна на граѓаните, во годишната оценка за ефектот како други оценувачи кои не се вработени во судот, се сметаат граѓаните.

(11) Оценувачите од ставот (2) на овој член се должни на пропишан образец во координација со судскиот администратор, односно претседателот на судот во кој не е избран судски администратор, да ги оценат судските службеници и најдоцна до 1 ноември да му ги достават обрасците за оценување.

(12) За спроведување на оценувањето на четири други судски службеници со кои судскиот службеник непосредно соработувал, судскиот администратор, односно претседателот на судот во кој не е избран судски аднминистратор, најдоцна до 1 октомври е должен да донесе решение во кое ќе го назначи времето и местото на спроведување на оценувањето и ќе формира комисија за спроведување на оценувањето, составена од пет члена од кои еден е претставник на синдикатот доколку таков е вработен во судот, а кои не може да бидат од редот на оценувачите од ставот (2) на овој член.

(13) Судските службеници од ставот (12) на овој член, најдоцна до 1 ноември ги даваат оценките анонимно, на образец на кој задолжително е внесено името и презимето на судскиот службеник кој се оценува како и општите работни компетенции по однос на кои се оценува.

(14) Образецот од ставот (13) на овој член се става во прозрачна кутија за оценки сместена во посебна просторија во присуство на комисијата од ставот (12) на овој член.

(15) По завршувањето на оценувањето од ставот (13) на овој член, членовите на комисијата со записник ги предаваат обрасците за оценување до судскиот администратор, односно претседателот на судот во кој не е избран судски администратор.

(16) Најдоцна до 1 ноември, судскиот администратор, односно претседателот на судот во кој не е избран судски администратор ги добива оценките од двајцата оценувачи кои не се вработени во институцијата.

(17) Судскиот администратор, односно претседателот на судот во кој не е избран судски администратор, во соработка со оценувачите од ставот (2) на овој член, најдоцна до 15 декември на пропишан образец да ја пресметаат годишната оценка за судскиот службеник.

(18) По завршувањето на оценувањето, копија од образецот за оценување, освен делот кој се однесува на поединечните оценки на другите оценувачи, се доставува и до судскиот службеник.

(19) Против оценката на ефектот незадоволниот судски службеник има право во рок од осум дена од денот на приемот на копијата од образецот за оценување, да поднесе жалба преку судот до Советот.

(20) Судскиот администратор, односно претседателот на судот во кој не е избран судски администратор, е должен најдоцна до 31 декември до Судскиот буџетски совет да достави извештај за извршеното оценување.

(21) Судскиот буџетски совет врз основа на добиените извештаи од судовите изготвува сублимиран извештај за извршеното оценување.

(22) Примерок од извештајот од ставот (20) на овој член, се доставува и до Министерството за информатичко општество, како надлежно за водење на Регистарот за годишни оценки на административните службеници.

(23) Начинот на оценување на судскиот службеник, формата и содржината на образецот за оценување од ставовите (11) и (13) на овој член, како и формата и содржината на извештајот од ставовите (20) и (21) на овој член ги пропишува министерот за правда.

**Постапка на оценување во други околности**

Член 88

(1) Судскиот службеник кој во текот на годината за која се врши оценувањето, бил отсутен од работа подолго од шест месеци (боледување, неплатено отсуство и друго), како и судскиот службеник кој за првпат се вработил како судски службеник и работел пократко од шест месеци во периодот за кој се врши оценувањето, нема да биде оценуван.

(2) Оценувањето на судскиот службеник, кој во текот на годината за која се врши оценувањето преку постапка на мобилност е распореден, односно преземен на друго работно место, го врши новиот врз основа на писмен извештај од претходниот оценувач.

(3) Доколку оценувачот во текот на годината за која се врши оценувањето го промени работното место, или му престане работниот однос, оценувањето на судските службеници со кои раководел, го врши новиот врз основа на писмен извештај од претходниот оценувач.

(4) Формата и содржината на извештаите од ставовите (2) и (3) на овој член и начинот на оценување на судските службеници ги пропишува министерот за правда.

**Годишна оцена на судскиот службеник**

Член 89

Годишната оценка на судскиот службеник може да биде:

- „особено се истакнува”, доколку има вредност од 4,51 до 5,00,
- „се истакнува”, доколку има вредност од 3,51 до 4,50,
- „задоволува”, доколку има вредност од 2,51 до 3,50,
- „делумно задоволува”, доколку има вредност од 1,51 до 2,50 и
- „не задоволува”, доколку има вредност од 1,00 до 1,50.

**Одличен и слаб ефект**

Член 90

(1) Судските службеници за кои годишната оцена е “особено се истакнува”, ќе бидат наградени со бонус во износ од една платата примена во последниот месец во годината во која се вршело оценувањето.

(2) На последните 5% судски службеници од ранг-листата од членот 90 став (19) од овој закон,

- ќе им престане работниот однос доколку се оценети со оцена „не задоволува“,
- ќе им биде намалена платата во износ од 20% во период од шест месеци доколку се оценети со оцена „делумно задоволува“ и
- ќе им биде намалена платата во износ од 10% во период од шест месеци доколку спаѓаат во последните 5% од ранг-листата, а не се оценети со оцена „не задоволува“ или „делумно задоволува“.

(5) На судскиот службеник кој е оценет со оценка „делумно задоволува” во две последователни оценувања, ќе му престане работниот однос.

(6) Начинот на утврдување на висината и пресметката на бонусите и намалувањата од плата ги пропишува министерот за правда

## XIII. ОДГОВОРНОСТ НА СУДСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

### 1. Дисциплинска одговорност

**Дисциплинска одговорност**

Член 91

(1) Судскиот службеник е лично одговорен за вршењето на работите и работните задачи од работното место.

(2) За повреда на службената должност судскиот службеник, освен судскиот администратор одговара дисциплински.

(3) Одговорноста за сторено кривично дело, односно прекршок не ја исклучува дисциплинската одговорност на судскиот службеник.

**Полесна дисциплинска повреда**

Член 92

Полесна дисциплинска повреда претставува полесна повреда на работната дисциплина, работните задачи, угледот на судот или на судскиот службеник, и тоа:

- непочитување на работното време, распоредот и користењето на работното време,
- неуредно чување на службените списи и податоци,
- недоаѓање на работа два работни дена во текот на една календарска година без оправдување,
- непочитување на обврската за носење на ознаките со личното име и звањето или називот,
- неизвршување, несовесно, ненавремено или небрежно вршење на работните задачи со полесни последици од повредата,
- непристојно однесување на судскиот службеник при вршење на работа и работни задачи со полесни последици од повредата,

- недомаќинско користење и употреба на доверените финансиски средства и средствата за работа,
- неоправдано неизвестување на непосредно претпоставениот судски службеник, судскиот администратор, односно претседателот на судот каде што не е избран судски администратор, за спреченоста за недоаѓање на работа во рок од три часа и
- одбивање на стручно оспособување и усовршување на кое судскиот службеник се упатува.

### Потешка дисциплинска повреда

Член 93

Потешка дисциплинска повреда преставува потешка повреда на службената должност, работната дисциплина, угледот на судот или угледот на судскиот службеник, и тоа:
- неизвршување, несовесно, ненавремено или небрежно вршење на работните задачи,
- непристојно однесување на судскиот службеник при вршење на работа и работни задачи,
- искажување и застапување на политичко уверување во вршењето на работните задачи, учество во изборни активности или други јавни настапи од таков карактер во текот на работното време, доведување во прашање на својот статус на судски службеник со вршење на партиски активности, носење или истакнување на партиски симболи во работната просторија,
- одбивање на давање или давање на неточни податоци на институциите, односно на граѓаните и правните лица, доколку давањето на податоци е утврдено со закон,
- незаконито располагање со материјалните и финансиските средства,
- одбивање на вршење на работни задачи поврзани со работното место на кое е распореден,
- одбивање на писмена наредба за извршување на работни задачи поврзани со работата на судот издадени од непосредно претпоставениот судски службеник, судскиот администратор, односно председателот на судот во кој не е избран судски администратор, во случај на неодложна потреба,
- непреземање или нецелосно преземање на пропишаните мерки за осигурување на безбедноста на доверените предмети во работа,
- предизвикување на материјална штета со намера или од крајно невнимание,
- повторување на полесна дисциплинска повреда повеќе од два пати во тековната година,
- примање на подароци или друг вид корист,
- злоупотреба на статусот на судски службеник,
- злоупотреба на доверените овластувањата во вршењето на работните задачи,
- злоупотреба на боледување,
- злоупотреба на лични податоци,
- злоупотреба на доверливи податоци,
- оддавање класифицирана информација со степен на тајност утврдена со закон,
- внесување и употреба, како и работење под дејство на алкохол или наркотични средства,
- непридржување кон прописите за заштита од болест, безбедност и здравје при работа, пожар, експлозија, штетно дејствување на отрови и други опасни материи и на прописите за заштита на животната средина,
- поставување на личен финансиски интерес во судир со положбата и статусот на судски службеник,
- навредливо или насилничко однесување на работното место,
- однесување спротивно на одредбите на Кодексот за судските службеници и
- непостапувањето по обврската за оценување на судски службеник.

### Дисциплински мерки

Член 94

(1) Со одлука за утврдена полесна дисциплинска повреда на судскиот службеник може да му се изрече една од следниве дисциплински мерки:
- писмена опомена и
- парична казна во висина од 20% од височината на едномесечниот износ на нето платата исплатена во последниот месец пред полесна дисциплинска повреда, во траење од еден до три месеци.

(2) Со одлука за утврдена потешка дисциплинска повреда на судскиот службеник може да му се изрече една од следниве дисциплински мерки:
- парична казна во висина од 30% од висината на едномесечниот износ на нето платата исплатена во последниот месец пред потешката дисциплинска повреда во траење од еден до шест месеци,
- распоредување на работно место во непосредно пониско ниво, односно звање и
- престанок на работниот однос кога настапиле штетни последици за судот, а притоа не се утврдени олеснителни околности за судскиот службеник кој го сторил престапот.

(3) При изрекување на дисциплинските мерки од ставовите (1) и (2) на овој член се земаат предвид тежината на повредата, последиците од повредата, степенот на одговорноста на судскиот службеник, околностите под кои е сторена повредата, неговото поранешно однесување и вршењето на работите, како и други олеснителни и отежителни околности кои се од значење за изрекување на дисциплинската мерка.

(4) Збирот на паричните казни изречени на судскиот службеник во еден месец за полесна дисциплинска повреда и потешка дисциплински повреда и намалувањето на плата заради слаб ефект не може да надмине 30% од износот на неговата вкупна нето плата за тој месец.

### Изрекување на дисциплинска мерка

Член 95

(1) Дисциплинските мерки против судскиот службеник за полесна дисциплинска повреда ги изрекува судскиот администратор, односно претседателот на судот во кој не е избран судски администратор, а по претходен писмен извештај од непосредно претпоставен судски службеник или судија со кој работи.

(2) По исклучок, доколку нема непосредно претпоставен судски службеник, писмениот извештај го поднесува судскиот администратор, односно претседателот на судот во кој не е избран судски администратор.

(3) Пред изрекување на мерката судскиот службеник се известува писмено за наводите што постојат против него и тој има можност во рок од седум дена од приемот на извештајот од ставот (1) на овој член да даде писмен одговор по истиот.

(4) Против одлуката од ставот (1) на овој член незадоволниот судски службеник има право во рок од осум дена да поднесе жалба преку судот до Советот.

### Комисија за водење дисциплинска постапка за потешка дисциплинска повреда

Член 96

(1) Судскиот администратор, односно претседателот на судот во кој не е избран судски администратор, во рок од осум дена од поднесување на предлогот за покренување на дисциплинска постапка, формира Комисија за водење на дисциплинска постапка за потешка дисциплинска повреда.

(2) Комисијата од ставот (1) на овој член е составена од пет члена, од кои претседателот е раководен судски службеник, тројца раководни, односно стручни судски службеници и еден судски службеник со исто звање, како и судскиот службеник против кој се води дисциплинската постапка.

(3) Еден од членовите на Комисијата од ставот (1) на овој член е претставник на синдикатот.

(4) При формирањето на Комисијата од ставот (1) на овој член, се обезбедува начелото на соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници.

**Дисциплинска постапка за потешка дисциплинска повреда**

Член 97

(1) Претседателот на Комисијата за водење на дисциплинска постапка за потешка дисциплинска повреда е должен најдоцна во рок од 20 дена од денот на формирањето на Комисијата да закаже седница, за која уредно десет дена пред одржување на истата ги поканува членовите на Комисијата и судскиот службеник против кој е поведена дисциплинската постапка.

(2) Судскиот службеник против кој е поведена дисциплинската постапка, лично ќе се произнесе по наводите во предлогот за покренување на дисциплинска постапка за потешка дисциплинска повреда, а доколку од оправдани причини не може да присуствува на седницата, писмено ќе се произнесе по истите и ќе ги риложи доказ за оправданоста на отсуството.

(3) Доколку судскиот службеник против кој е поведена дисциплинската постапка за потешка дисциплинска повреда лично или писмено не се произнесе по наводите во предлогот за покренување на дисциплинска постапка, Комисијата од членот 96 од овој закон, ќе ја спроведе дисциплинската постапка без негово присуство.

(4) Комисијата од членот 96 од овој закон, по изведувањето на доказите и произнесувањето на судскиот службеник против кој е поведена дисциплинската постапка за потешка дисциплинска повреда, со мнозинство гласови, преку тајно гласање се изјаснува за дисциплинската одговорност на судскиот службеник.

(5) Доколку Комисијата од членот 96 од овој закон утврди дека судскиот службеник не е одговорен или не се исполнети условите за донесување решение за изрекување на дисциплинска мерка, му предлага на судскиот администратор, односно претседателот на судот во кој не е избран судски администратор, да го отфрли предлогот, за што истиот е должен во рок од три дена да донесе решение за отфрлање на предлогот.

(6) Доколку Комисијата од членот 96 од овој закон утврди дека судскиот службеник е одговорен, претседателот и членовите тајно гласаат за една од дисциплинските мерки од членот 98 став (2) од овој закон.

(7) Дисциплинската мерка која добила најмногу гласови му се предлага на судскиот администратор, односно претседателот на судот во кој не е избран судски администратор, кој во рок од три дена од доставувањето на предлогот на Комисијата за водење на дисциплинска постапка за потешка дисциплинска повреда, донесува решение за изрекување на дисциплинска мерка.

(8) Доколку како дисциплинска мерка е изречена парична казна согласно со членот 94 став (2) од овој закон, судскиот администратор, односно претседателот на судот во кој не е избран судски администратор, го определува времетраењето на дисциплинската мерка.

(9) Доколку судскиот администратор, односно претседателот на судот во кој не е избран судски администратор, изрече дисциплинска мерка различна од предложената од Комисијата за водење на дисциплинска постапка за потешка дисциплинска повреда, е должен истата да ја образложи со задолжително наведување на причините поради кои изрекол дисциплинска мерка различна од предложената.

(10) Решението за отфрлање на предлогот, односно за изрекување на дисциплинска мерка се врачува лично на судскиот службеник, по правило во работните простории на судот во кој судскиот службеник работи, односно на адреса на живеалиштето, односно престојувалиштето од кое судскиот службеник секојдневно доаѓа на работа.

(11) Ако судскиот службеник не може да се пронајде на адресата на живеалиштето, односно престојувалиштето или ако го одбие врачувањето, решението се објавува на огласната табла во судот. По изминувањето на три работни дена од денот на објавувањето на огласната табла се смета дека врачувањето е извршено.

(12) Начинот на водењето на дисциплинската постапка за потешка дисциплинска повреда го пропишува министерот за правда.

**Право на поднесување на иницијатива за дисциплинска постапка**

Член 98

(1) Секој судски службеник и друго лице, во согласност со закон, има право да поднесе иницијатива за покренување на дисциплинска постапка против судски службеник, која треба да биде образложена.

(2) Предлог за покренување на дисциплинска постапка против судскиот службеник поднесува непосредно претпоставениот судски службеник, судија со кој работи, судскиот администратор, односно претседателот на судот во кој не е избран судски администратор.

(3) Предлогот од ставот (2) на овој член се доставува до судскиот службеник и синдикалната организација, чиј член е судскиот службеник.

**Застареност на поведување**

Член 99

(1) Дисциплинската постапка не може да се поведе ако поминале 30 дена од денот кога непосредно претпоставениот судски службеник, судскиот администратор, односно претседателот на судот во кој не е избран судски администратор, дознал за повредата на службената должност.

(2) Дисциплинската постапка не може да се поведе ако поминале три месеци од денот кога е сторена повредата на службената должност, освен кога дисциплинската постапка се поведува по наод на внатрешна ревизија за што рокот на застареност е една година.

(3) Ако повредата на службената должност повлекува и кривична одговорност, дисциплинската постапка за утврдување на одговорноста на судскиот службеник застарува во рок од две години од денот на дознавањето за повредата.

**Извршување на парична казна**

Член 100

(1) Задршката од плата, на име изречени парични казни на судскиот службеник за сторена полесна дисциплинска повреда или потешка дисциплинска повреда, во текот на еден месец не може да надмине една третина од износот на неговата вкупна нето плата за тој месец.

(2) Ако на судскиот службеник, му престане работниот однос во судот во кој му била изречена парична казна, наплатата на изречената парична казна, по бара-

ње на судот во кој што казната е изречена, ќе ја спроведе новиот работодавач или надлежен орган во постапка утврдена со закон.

**Суспензија**

Член 101

(1) Судскиот службеник може да биде суспендиран од судот врз основа на решение на претседателот на судот, а по предлог на непосредно претпоставениот судски службеник или судскиот администратор.

(2) Судскиот службеник може да биде суспендиран од судот во случаи кога против него е покрената кривична постапка за кривично дело сторено на работа или во врска со работата или е покрената дисциплинска постапка за потешка дисциплинска повреда, а повредата е од таква природа што неговото натамошно присуство во судот додека трае постапката штетно ќе се одрази врз службата, односно ќе го осуети или оневозможи утврдувањето на одговорноста за дисциплинската повреда.

(3) Суспензијата од ставот (2) на овој член трае до донесувањето на правосилна или конечна одлука.

(4) Додека трае суспендирањето судскиот службеник има право на плата во висина од 60% од последната исплатена плата во месецот пред покренувањето на дисциплинската постапка што се утврдува со решение.

**2. Материјална одговорност**

**Надомест за причинета штета**

Член 102

(1) Судскиот службеник, кој на работа или во врска со работата, намерно или од крајна небрежност ќе предизвика штета на судот, е одговорен за настанатата штета и е должен да ја надомести.

(2) Судскиот администратор, односно претседателот на судот во кој не е избран судски администратор формира Комисија за водење на дисциплинска постапка за материјална одговорност, составена од три члена и тоа двајца раководни, односно стручни судски службеници и еден судски службеник со исто звање, како и судскиот службеник против кого се води постапката за утврдување на материјална одговорност.

(3) Комисијата за водење на дисциплинска постапка за материјална одговорност ја утврдува материјалната одговорност за постоење на сторена материјална штета, нејзината висина и начинот на сторување, кој ја предизвикал штетата и кој ќе ја надомести.

(4) Комисијата за водење на дисциплинска постапка за материјална одговорност, за утврдената фактичка состојба поднесува извештај, врз основа на кој судскиот администратор, односно претседателот на судот во кој не е избран судски администратор, донесува решение за надоместокот на штета.

**Постапка за утврдување на материјална одговорност**

Член 103

(1) Предлог за покренување на постапка за утврдување на материјална одговорност против судски службеник поднесува непосредно претпоставениот судски службеник, судскиот администратор, односно претседателот на судот во кој не е избран судски администратор.

(2) Постапката за утврдување на материјална одговорност не може да се поведе, ако поминале 30 дена од денот кога непосредно претпоставениот судски службеник, судскиот администратор, односно претседателот на судот во кој не е избран судски администратор дознал за тоа, освен кога постапката се поведува по наод на внатрешна ревизија, за што рокот на застареност е една година.

(3) Постапката за утврдување на материјална одговорност не може да се поведе, ако од денот кога е сторена материјалната штета поминала една година.

(4) Постапката за утврдување на материјална одговорност не може да се води подолго од 60 дена, сметано од денот на донесување на решение за формирање на Комисија за водење на дисциплинска постапка за материјална одговорност.

(5) Против судскиот службеник, кој во рок од 60 дена од конечноста на одлуката за надоместок на штета, не ја надомести штетата, судот поведува постапка пред надлежниот основен суд.

(6) Претседателот на судот, може целосно или делумно да го ослободи судскиот службеник од надоместување на штетата, доколку таа не е сторена со намера или доколку со исплата на надоместокот за настанатата штета се загрозува егзистенцијата на судскиот службеник и неговото семејство или во други случаи утврдени со колективен договор.

(7) Начинот на водењето на постапка за уредување на материјална одговорност го пропишува министерот за правда.

**Надоместок за претрпена штета**

Член 104

(1) Ако судскиот службеник претрпи штета на работа или во врска со работата, судот е должен да му ја надомести штетата согласно со одредбите од Законот за облигационите односи.

(2) Судот е должен да ја надомести материјалната штета што судскиот службеник во вршењето на работите и работните задачи ја предизвикал кон трети лица.

**Жалби во постапки за одговорност на судските службеници**

Член 105

Против решението со кое е изречена дисциплинска мерка за полесна дисциплинска повреда, потешка дисциплинска повреда и решението за суспензија, решението за надоместок на штета, судскиот службеник има право да изјави жалба преку судот до Советот во рок од осум дена од денот на врачувањето на решението.

**Одговорност на припадниците на судската полиција и на лицата вработени во судовите кои вршат технички и помошни работи**

Член 106

Одредбите за дисциплинската и материјалната одговорност на судските службеници од овој закон, соодветно се применуваат и на припадниците на судската полиција и лицата вработени во судот кои вршат технички и помошни работи.

XIV. ПРЕСТАНОК НА РАБОТНИОТ ОДНОС НА СУДСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

**Видови на престанок на работен однос**

Член 107

На судскиот службеник му престанува работниот однос:

- со спогодба,
- по негово барање,
- по сила на закон и
- во други случаи утврдени со овој и друг закон и колективен договор.

**Престанок на работен однос со спогодба**

Член 108

На судскиот службеник му престанува работниот однос со спогодба, кога со претседателот на судот ќе склучи писмена спогодба за престанок на работниот однос.

**Престанок на работен однос по барање на судскиот службеник**

Член 109

(1) На судскиот службеник му престанува работниот однос во судот, ако поднесе писмено барање за престанок на работниот однос.

(2) Во случај на престанок на работниот однос по барање на судскиот службеник, отказниот рок трае 30 дена од денот на поднесувањето на барањето за престанок на работниот однос, освен ако со закон поинаку не е утврдено.

**Престанок на работен однос по сила на закон**

Член 110

На судскиот службеник му престанува работниот однос по сила на закон, ако:

- ја загуби работната способност, со денот на доставувањето на правосилното решение за утврдување на загубената работна способност,
- му престане државјанството на Република Македонија, со денот на доставувањето на решението за отпуст од државјанство на Република Македонија,
- биде осуден за кривично дело во врска со службената должност, со денот на правосилноста на пресудата,
- му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност, со денот на правосилноста на пресудата,
-поради издржување на казна затвор во траење подолго од шест месеци, со денот на започнувањето на издржување на казната,
- наврши 64 години старост,
- неоправдано отсуствува од работа најмалку три работни дена последователно во еден месец,
- се утврди дека при вработувањето премолчил или дал невистинити податоци во однос на општите и посебните услови за вработување,
- во рок од три работни дена не се врати на работа по завршувањето на неплатеното отсуство поради стручното оспособување или усовршување,
- органот на државната управа, надлежен за инспекциски надзор, во рок од една година утврди дека вработениот е вработен спротивно на одредбите од овој закон и
- во други случаи утврдени со овој и друг закон и колективен договор.

**Решение за престанок на работен однос**

Член 111

(1) Решението за престанок на работниот однос на судскиот службеник го донесува претседателот на судот.

(2) Решението за престанок на работниот однос се врачува лично на судскиот службеник, по правило во работните простории на судот во кој работи, односно на адреса на неговото живеалиште, односно престојувалиште.

(3) Ако судскиот службеник не може да се пронајде на адресата на живеалиштето, односно престојувалиштето или ако го одбие врачувањето, решението се прикачува на огласната табла во судот и по изминувањето на осум дена од денот на огласувањето се смета дека врачувањето е извршено.

**Жалба против решение за престанок на работен однос**

Член 112

(1) Против решението за престанок на работниот однос, судскиот службеник има право на жалба преку судот до Советот во рок од осум дена од денот на доставувањето на решението.

(2) Советот одлучува по жалбата во рок од 15 дена од приемот на жалбата.

(3) Жалбата го одлага извршувањето на решението за престанок на работниот однос до донесувањето на конечното решение по жалбата.

**Соодветност на примената за престанок на работниот однос**

Член 113

Одредбите за престанок на работниот однос соодветно се применуваат на припадниците на судската полиција.

## XV. ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА СУДСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

**Право на жалба**

Член 114

(1) Судскиот службеник на кој со решение му е повредено право од работен однос има право на жалба до Советот во рок од осум дена од приемот на решението, освен кога со овој закон поинаку не е утврдено.

(2) Советот е должен да одлучи по жалбата во рок од 15 дена од приемот на жалбата, освен кога со овој закон поинаку не е утврдено.

**Заштита на право пред надлежен суд**

Член 115

(1) Судскиот службеник кој не е задоволен од конечната одлука на Советот или ако Советот не одлучил во рок од 15 дена од приемот на жалбата, има право во рок од 15 дена од приемот на решението да бара заштита на своите права пред надлежен суд.

(2) Судскиот службеник не може да бара заштита на правото пред надлежен суд ако претходно не барал заштита на правото пред Советот, освен за правото на парично побарување.

## XVI. РЕГИСТАР НА СУДСКА СЛУЖБА

**Регистар на вработените во судската служба**

Член 116

(1) Стручната служба на Судскиот буџетски совет води регистар на вработените во судската служба, како единствена банка на податоци кои претставуваат класифицирани информации со степен на тајност определен согласно со закон.

(2) Судот е должен секој податок за настанатата промена во податоците на вработенте во судската служба да го достави до стручната служба на Судскиот буџетски совет во рок од 15 дена од настанатата промена.

(3) Стручната служба на Судскиот буџетски совет е должна податоците да ги внесе во регистарот во рок од 15 дена од нивниот прием.

(4) Формата и содржината на обрасците за евидентирање на податоците на вработените во судската служба ги пропишува министерот за правда.

**Доставување на податоци до Регистарот на вработени во јавните сектор**

Член 117

Судот е должен секој податок за настанатата промена во податоците на вработените во судската служба покрај до стручната служба на Судскиот буџетски совет во рок од 15 дена од настанатата промена да го достави до Министерството за информатичко општество и администрација, заради внесување на податоците во Регистарот на вработени во јавниот сектор.

XVII. СУДСКА ПОЛИЦИЈА

Член 118

Обезбедувањето на објектите, имотот, лицата и одржувањето на редот во судот го врши судската полиција.

Член 119

За вршење на работите од судската полиција може да биде вработено лице кое покрај општите услови утврдени во членот 21 став (1) од овој закон, треба да ги исполнува и следниве посебни услови:

- да не е постаро од 25 години,
- да е физички и психички способен за вршење на работите од судската полиција,
- да има соодветни стручни квалификации потребни за работното место,
- да има соодветно работно искуство потребно за работното место,
- да поседува соодветни општи и посебни работни компетенции потребни за работното место,
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски) преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на Здружението ALTE на европски тестатори, или уверение од меѓународна институција, на А1 (А1) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно БУЛАТС или Аптис; или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 310 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 35 бода или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 10 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ; или Гете сертификат и
- други услови утврдени со актот за систематизација на работните места.

Член 120

(1) Пополнувањето на работните места во судската полиција се врши преку објавување на јавен оглас.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, слободно место во судскјата полиција може да се пополни со распоредување на припадник на судска полиција во ист суд на работно место на исто ниво, преземање на припадник на судска полиција во друг суд на работно месо на исто ниво, преземање од органи на државната управа, државни органи и други државни институции.

(3) Проверката на условите за вработување го врши Министерството за правда, без да се нарушат критериумите за соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници.

(4) Министерот за правда со одлука го утврдува бројот на припадници на судската полиција во секој суд.

Член 121

(1) Во судовите со судската полиција раководи претседателот на судот.

(2) Со судската полиција непосредно командува командир на судската полиција кој постапува по насоките и упатствата на претседателот на судот. Командирот на судската полиција има заменик.

(3) Командир, односно заменик-командир на судска полиција може да биде лице кое, покрај општите услови од членот 21 став (1) од овој закон, ги исполнува следните услови :

- да има стекнати 300 кредити според ЕКТС или VII/1 степен соодветно високо образование,
- да има најмалку една година работно искуство како припадник на судска полиција,
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски) преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на Здружението ALTE на европски тестатори на Б2 (В2) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно ИЕЛТС со 5-6 поени, ФЦЕ, БЕК В, ИЛЕК, ИКФЕ, БУЛАТС; или Аптис; или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 500 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 175 бода или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 60 бода; или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ; или Гете сертификат, ТестДаФ и
- други услови утврдени со актот за систематизација на работните места.

(4) Командирот, односно заменикот командир на судскјата полиција ги назначува претседателот на судот од редот на судската полиција.

Член 122

(1) Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија, од редот на припадниците на судската полиција во Врховниот суд на Република Македонија со високо образование, назначува командант на судската полиција на Република Македонија кој е вработен во Врховниот суд на Република Македонија.

(2) Претседателите на апелационите судови од редот на припадниците на судската полиција со високо образование во овие судови, назначуваат координатор на судската полиција за основните судови од апелационото подрачје, кои се вработени во соодветниот апелационен суд.

Член 123

(1) Министерот за правда донесува Програма за едукација и тренинг на припадниците на судската полиција.

(2) Програмата од ставот (1) на овој член се доставува до сите судови во Република Македонија.

(3) Претседателите на судовите најдоцна до декември претходната година донесуваат планови за реализација на Програмата од ставот (1) на овој член.

Член 124

(1) Припадниците на судската полиција се оценуваат еднаш годишно за својата работа.

(2) На оценувањето на припадниците на судската полиција соодветно се применуваат одредбите од овој закон.

(3) Начинот на оценување на припадниците на судската полиција, го пропишува министерот за правда.

Член 125

(1) Претседателот на судот донесува План за обезбедување на судот.

(2) Формата и содржината на Планот од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот за правда.

Член 126

(1) Надзор над работата на судската полиција во судовите на Република Македонија врши: претседателот на судот, Министерството за правда и командантот на судската полиција во Врховниот суд на Република Македонија.

(2) Координаторите на судската полиција во апелационите судови, вршат надзор над работата на судската полиција, во основните судови од подрачјето на соодветниот апелационен суд.

(3) Надзор над спроведувањето на обуката и тренингот на судската полиција во судовите на Република Македонија врши: претседателот на судот, Министерството за правда и командантот на Судската полиција на Република Македонија, како и координаторите на судската полиција во апелационите судови во основните судови од подрачјето на соодветниот апелационен суд.

(4) Доколку се констатираат неправилности во врска со работата на судската полиција од ставовите (1), (2) и (3) на овој член, лицата кои го вршат надзорот, предлагаат мерки и активности за отстранување на утврдените недостатоци.

(5) Лицата кои го вршат надзорот имаат право до претседателот на судот да предложат поведување дисциплинска постапка за припадник на судската полиција, при што соодветно се применуваат одредбите за дисциплинска одговорност од овој закон.

(6) Доколку лицата кои го вршат надзорот утврдат неправилности за кои е одговорен претседателот на судот, за тоа го известуваат Судскиот совет на Република Македонија.

Член 127

Платата на командантот на судската полиција, на координаторот на судската полиција, на командирот на судската полиција, на заменикот командир на судската полиција и на припадниците на судската полиција се состои од две компоненти, и тоа:
- основна компонента и
- исклучителна компонента.

**Основна компонента на плата**

Член 128

(1) Со основната плата која се исплатува на јавнообвинителскиот службеник се обезбедува вреднување на соодветниот степен на образование утврден со актот за систематизација за работните места, за работното место на кое тој е распореден и работното искуство.

(2) Делот на плата за степенот на образование кое го стекнал јавнообвинителскиот службеник се вреднува на следниот начин:
- завршен VII/3 степен или 480 кредити според ЕКТС 250 бода,
- завршен VII/2 степен или 300 кредити според ЕКТС 225 бода,
- завршен VII/1 степен или 240 кредити според ЕКТС 200 бода,
- 180 кредити според ЕКТС 175 бода,
- вишо образование 150 бода и
- средно образование 100 бода.

(3) Додатокот на плата за ниво и работно место се вреднува, и тоа за:
- Б1- командант на судската полиција во Врховниот суд на Република Македонија 320 бода,
- Б2 - координатор на судската полиција 267 бода,
- Б3 - командир на судската полиција 270 бода,
- Б4 - заменик – командир на судската полиција 238 бода и
- В1 - за припадник на судската полиција 228 бода.

(4) Работното искуство на вработените од ставот (3) на овој член се вреднува во износ од 0,5% во делот на основната плата со која се вреднува образованието и додатокот на плата за звање, за секоја навршена година работен стаж, а најмногу до 20%.

**Исклучителна компонента на плата**

Член 129

(1) Исклучителната компонента ја сочинуваат:
- додаток на плата за посебни услови за работа.

(2) Додаток на платата за посебни услови за работа претставува:
- ноќна работа,
- работа во смени, односно турнуси,
- работа изложена на висок ризик,
- работа за време на неделен одмор и
- работа за време на празници утврдени со закон.

(3) Работите под посебни услови од ставот (2) на овој член се предвидуваат во актите за систематизација на работните места.

Член 130

Додатокот на плата за ноќна работа по час се вреднува во износ од 35% од износот на основната плата и додатокот на платата за звање по час.

Член 131

Припадник на судската полиција кој е распореден да работи во смени, односно во турнуси, има право на додаток од 5% од износот на основната плата и додатокот на платата за звање пресметана по час.

Член 132

Припадник на судската полиција кој бил ангажиран да работи за време на неделен одмор има право на онолку слободни часови, односно денови колку што бил ангажиран за време на неделниот одмор или има право на додаток во износ од 5% од износот на основната плата и додатокот на плата за звање, пресметана по час.

Член 133

Припадник на судската полиција за работа во денови на празници утврдени со закон, има право на додаток на плата за поминати часови на работа во износ од 50% од износот на основната плата и додатокот на плата за звање.

Член 134

(1) Припадник на судската полиција има право на додаток на плата ако работи подолго од полното работно време и тоа во висина од 35% по час од износот на основната плата и додатокот на плата за звање.

(2) Припадник на судската полиција кој работел подолго од полното работно време, додатокот од ставот (1) на овој член има право да го замени со слободни часови,односно денови.

Член 135

Поради видот, природата и сложеноста на работите и задачите што се извршуваат од припадниците на судската полиција, износот на средствата наменети за плата за тие работни задачи може да се зголеми до 20%.

Министерот за правда со подзаконски акт ги утврдува процентите за зголемување на плата до 20% за секој суд посебно.

На припадниците на судската полиција им се исплаќа надоместок за ноќна работа и прекувремена работа согласно со закон и колективен договор.

Член 136

Припадниците на судската полиција носат пропишана униформа со ознака на звањето и со други посебни ознаки и се вооружени согласно со прописите за вршењето на службата.

Член 137

(1) При вршењето на службени работи, припадниците на судската полиција можат да употребат огнено оружје во судот и околу судот, во следниве случаи:

1) да го заштитат животот на присутните во судот;

2) да спречат бегство на лице затечено во вршење на кривично дело кое се гони по службена должност и ако постојат основи на сомнение дека ќе употреби огнено оружје во судот и околу судот;

3) да одбијат од себе непосреден противправен напад со кој се загрозува нивниот живот и

4) да одбијат напад на судот.

(2) Во случаите од ставот (1) на овој член, припадниците на судската полиција ќе употребат огнено оружје само ако со употреба на физичка сила, гумена палка или други средства на присилба не можат да ја обезбедат службената работа.

Член 138

Ако средствата за присилба и огнено оружје се употребени во границите на овластувањето, исклучена е одговорноста на припадникот на судската полиција што го употребил средството или огненото оружје."

Член 139

(1) Припадниците на судската полиција правото на штрајк можат да го остваруваат на начин да не се загрози безбедноста на судот, да не се нарушува редовното извршување на работата, ниту да се попречува работата на другите служби во судот и пристапот на странките во него.

(2) Организаторот на штрајкот е должен да им го најави штрајкот на министерот за правда, претседателот на Врховниот суд на Република Македонија и претседателот на соодветниот суд, и да ја достави одлуката за стапување во штрајк и програмата за начинот и обемот на вршење на работните задачи на судската полиција кои е неопходно да се извршуваат за време на штрајкот, најдоцна седум дена пред почетокот на штрајкот.

Член 140

Владата на Република Македонија на предлог на министерот за правда донесува прописи за:

- вооружувањето и опремата на судската полиција,
- звањата и условите за стекнување на звањата,
- ознаките за звањата и униформата,
- употребата на огнено оружје, гумена палка и други средства на присилба,
- правилата на вршење на работите на судската полиција,
- унапредувањето на припадниците на судската полиција,
- времетраењето на облеката, чевлите и посебно личната опрема,
- психофизичките способности што треба да ги поседуваат лицата кои се примаат на работа и
- материјалното работење со предметите на вооружувањето и посебната лична опрема и внатрешните односи во судската полиција.

XVIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 141

Подзаконските акти од овој закон ќе се донесат во рок од девет месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 142

Актите за внатрешна организација и за систематизација на работните места, претседателот на судот ќе ги донесе по претходна согласност на Советот, најдоцна 90 дена пред започнувањето на примената на овој закон.

Член 143

Постапките кои се однесуваат на вработување, утврдување на дисциплинска одговорност, оценување и другите постапки започнати пред започнувањето на примената на овој закон, ќе завршат според Законот за судска служба („Службен весник на Република Македонија" број 98/2008, 161/2008, 6/2009 и 150/10).

Член 144

(1) Судскиот службеник кој засновал работен однос во судот заклучно со денот на започнувањето со примената на овој закон, треба да достави докази за познавање на странски јазици и познавање на работа со компјутерски програми за канцелариско работење, во рок од две години од денот на започнувањето со примената на овој закон.

(2) Судскиот службеник кој нема да достави докази за познавање на странски јазици и познавање на работа со компјутерски програми за канцелариско работење согласно со ставот (1) на овој член, ќе биде распореден на работно место за една категорија пониско од работното место на кое бил во моментот на влегување во сила на овој закон, освен судските службеници кои на денот на отпочнување со примена на овој закон биле распоредени на работно место на влезните нивоа.

(3) Ставовите (1) и (2) на овој член не важат за судските службеници, кои ќе остварат право на пензија во рок од десет години од денот на започнувањето со примената на овој закон.

Член 145

Со денот на започнувањето на примената на обој закон престанува да се применува Законот за судска служба („Службен весник на Република Македонија" број 98/2008, 161/2008, 6/2009 и 150/10).

Член 146

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува со денот на започнувањето на примената на Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија"број 27/14) и Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија"број 27/14).

---

**L I GJ**
**PËR SHËRBIM GJYQËSOR**

I. DISPOZITAT THEMELORE

Neni 1

Me këtë ligj rregullohen të drejtat, obligimet, përgjegjësitë e nëpunësve gjyqësorë, sistemi i rrogave dhe kompensimet e rrogave të nëpunësve gjyqësorë.

Neni 2

Shërbimin gjyqësor e përbëjnë nëpunësit gjyqësorë, personat e punësuar në gjykata të cilët kryejnë punë teknike dhe ndihmëse dhe policia gjyqësore.

Neni 3

(1) Nëpunësit gjyqësorë janë persona me status të nëpunësve administrativë të cilët në gjykata kryejnë punë profesionale, administrative, informatike, teknike, statistike-analitike dhe materiale-financiare në pajtim me këtë ligj dhe ligj tjetër. Nëpunësit gjyqësorë të drejtat për marrëdhënie pune i realizojnë në pajtim me këtë ligj, marrëveshjet kolektive dhe dispozitat tjera të cilat i përcaktojnë të drejtat për marrëdhënie pune.

(2) Personat e punësuar në gjykata të cilët kryejnë punë teknike dhe ndihmëse kanë status të nëpunësve gjyqësorë dhe për ta vlejnë Ligji për të punësuarit në sektorin publik dhe dispozitat e përgjithshme për marrëdhënie pune.

(3) Policia gjyqësore është shërbim i cili i siguron objektet, pronën dhe personat dhe e mban rendin në hapësirën gjyqësore. Policia gjyqësore të drejtat për marrëdhënie pune i realizojnë në pajtim me këtë ligj, Ligjin për gjykata, marrëveshjet kolektive dhe dispozitat tjera të cilat i përcaktojnë të drejtat për marrëdhënie pune.

Neni 4

(1) Nëpunësit gjyqësorë punët e përcaktuara me ligj i kryejnë në bazë të parimeve të ligjshmërisë, profesionizmit, dhe kompetencës, përgjegjësisë, efikasitetit, dhe etikës profesionale, paanshmërisë dhe objektivitetit, orientimit të servisit, transparencës dhe besueshmërisë, pengimit të konfliktit të interesave dhe ekonomizimit.

(2) Nëpunësit gjyqësorë në suaza të kompetencës së tyre janë të obliguar tu sigurojnë qytetarëve realizim efikas dhe të ligjshëm të lirive, të drejtave dhe interesatve e tyre kushtetuese në procedurat para gjykatave.

Neni 5

Gjatë punësimeve në gjykata zbatohet parimi i përfaqësimit të drejtë dhe adekuat të qytetarëve të cilët u takojnë të gjitha bashkësive, me respektimin e kritereve për profesionizëm dhe kompetencë.

II. KLASIFIKIMI I VENDEVE TË PUNËS TË NËPUNËSVE GJYQËSORË

Neni 6

(1) Vendet e punës të nëpunësve gjyqësorë klasifikohen në pajtim me:

- përgjegjësinë, qëllimet, llojin dhe ndërlikueshmërinë e punëve dhe detyrave të punës në vendin e punës; dhe

- kualifikimet e nevojshme profesionale, përvojën e punës në profesion, kompetencat e përgjithshme dhe të veçanta të punës dhe kriteret tjera me rëndësi për vendin e punës.

(2) Kompetencat e përgjithshme të punës janë përcaktuar në Kornizën e kompetencave të përgjithshme për nëpunës administrativë.

(3) Kriteret nga paragrafi (1), alineja 2 të këtij neni, në aktin për sistematizimin e vendeve të punës në gjykatë, përcaktohen si kushte të veçanta për vendin e punës.

**Kategoritë e vendeve të punës të nëpunësve gjyqësorë**

Neni 7

(1) Në pajtim me kriteret nga neni 6 paragrafi (2) të këtij ligji, vendet e punës të nëpunësve gjyqësorë klasifikohen në katër kategori, edhe atë:

Kategoria A - administrator gjyqësor,

Kategoria B - nëpunës udhëheqës gjyqësorë,

Kategoria V - nëpunës gjyqësorë profesionistë dhe

Kategoria G - ndihmësnëpunës gjyqësorë profesionistë.

(2) Në suaza të çdo kategorie nga paragrafi (1) i këtij neni, përcaktohen më shumë nivele në vendet e punës së nëpunësve gjyqësorë.

**Titujt**

Neni 8

(1) Për nëpunësit gjyqësorë, nivelet në suaza të kategorive në mënyrë plotësuese përshkruhen me tituj edhe atë:

A1 - administratorët gjyqësorë në Gjykatën Supreme të Republikës së Maqedonisë,

A2 - administratori gjyqësorë në Gjykatën e Lartë Administrative, Gjykatën Administrative, gjykata e apelit, gjykatat themelore me kompetencë të zgjeruar,

B1 - këshilltar gjyqësor i pavarur,

B2 - udhëheqës i shërbimit,

B4 - udhëheqës i njësisë gjyqësore, udhëheqës i seksionit gjyqësor, udhëheqës i njësisë, udhëheqës i seksionit,

B1 - këshilltar i lartë gjyqësor, këshilltar gjyqësor, këshilltar,

B2 - bashkëpunëtor i lartë gjyqësor,

B3 - bashkëpunëtor gjyqësor, bashkëpunëtor,

B4 - bashkëpunëtor më i ri gjyqësor, bashkëpunëtor më i ri,

G1 - referent i pavarur gjyqësor, referent i pavarur,

G2 - referent i lartë gjyqësor,

G3 - referent gjyqësor, referent dhe

G4 - referent më i ri gjyqësor, referent më ri.

(2) Përshkrimin e titujve të nëpunësve gjyqësorë i përcakton me akt Këshilli i Shërbimit Gjyqësor.

**Nivelet e vendeve të punës të nëpunësve gjyqësorë të kategorisë A - administrator gjyqësor**

Neni 9

(1) Në suaza të kategorisë A, përcaktohen nivelet në vijim të vendeve të punës për sekretar:

A1 - Administrator gjyqësor i nivelit të parë dhe

A2 - Administrator gjyqësor i nivelit të dytë.

(2) Administratori gjyqësorë zgjidhet në Gjykatën Supreme të Republikës së Maqedonisë, në Gjykatën e Lartë Administrative, Gjykatën Administrative, gjykatën e apelit, gjykatat themelore me kompetencë të zgjeruar.

(3) Administratorin gjyqësorë nga paragrafi (2) i këtij neni, nga radhët e nëpunësve gjyqësorë të kategorisë B në procedurën për punësim nëpërmjet shpalljes publike e zgjedh kryetari i gjykatës dhe i njëjti duhet t'i plotësojë kushtet e veçanta për vendin e punës për nivelin B1 të nëpunësve gjyqësorë udhëheqës.

**Nivelet e vendeve të punës të nëpunësve gjyqësorë të kategorisë B - udhëheqës**

Neni 10

(1) Në suaza të kategorisë B, përcaktohen nivelet në vijim për vendet e punës për nëpunës gjyqësorë:

B1 - nëpunës gjyqësor udhëheqës i nivelit të parë

B2 - nëpunës gjyqësor udhëheqës i nivelit të dytë dhe

B4 - nëpunës gjyqësor udhëheqës i nivelit të katërt.

(2) Nëpunësi gjyqësor udhëheqës i kategorisë B, duhet t'i plotësojë kushtet e veçanta në vijim për vendin e punës:

1) kualifikimet profesionale: për të gjitha nivelet - së paku 300 kredi të fituara sipas SETK-së ose të ketë kryer shkallën VII/1;

2) përvojë pune si vijon:

- për nivelin B1 të paktën gjashtë vite përvojë pune në profesion, prej të cilave të paktën dy vite në vendin e punës për udhëheqës në sektorin publik, respektivisht së paku dhjetë vite përvojë pune në profesion, prej të cilave të paktën tri vite në vendin e punës për udhëheqës në sektorin privat ose

- për nivelin B2 të paktën pesë vite përvojë pune në profesion, prej të cilave të paktën dy vite në vendin e punës në sektorin publik, respektivisht së paku tetë vite përvojë pune në profesion, prej të cilave të paktën tri vite në vendin e punës për udhëheqës në sektorin privat ose

- për nivelin B4 të paktën katër vite përvojë pune në profesion, prej të cilave të paktën një vit në vendin e punës në sektorin publik, respektivisht të paktën gjashtë vite përvojë pune në profesion, prej të cilave të paktën dy vite në vendin e punës për udhëheqës në sektorin privat;

3) Kompetencat e përgjithshme të punës: për të gjitha nivelet e kategorisë B, në pajtim me Kornizën e kompetencave të përgjithshme të punës dhe

4) Kompetenca të veçanta të punës për të gjitha nivelet: të ketë dhënë provimin menaxhim administrativ, njohje aktive të programeve kompjuterike për punë në zyra, kompetenca tjera të veçanta për punë të përcaktuara në aktin për sistematizimin e vendeve të punës për vend adekuat të punës, si dhe njohjen e njërës nga tri gjuhët të cilat shfrytëzohen më shpesh në Bashkimin Evropian (gjuha anglishte, frënge dhe gjermane) si vijon:

- për nivelet B1 dhe B2 nëpërmjet posedimit të certifikatës së njohur ndërkombëtare të lëshuar nga testatori i njohur evropian, anëtar i shoqatës ALTE të testatorëve evropianë për nivelin B2 të CEFR-së, respektivisht IELTS-së me 5-6 pikë, FCE, BEK V, ILEK, IKFE BULATS; ose Aptis; ose TOEFEL PBT së paku 500 pikë;TOEFL CBT së paku 175 pikë ose TOEFEL IBT së paku 60 pikë; ose DELF, TCF, TEF; ose Gete Certifikatë, Test Daf.

- për nivelin B4 nëpërmjet posedimit të certifikatës së njohur ndërkombëtare të lëshuar nga testatori i njohur evropian, anëtar i shoqatës ALTE të testatoreve evropianë për nivelin B1 (B1) të CEFR-së, respektivisht IELTS-së me 3.5 - 4.5 pikë, PET, BEK P, BULATS; ose Aptis; ose TOEFEL PBT së paku 450 pikë, TOEFEL CBT së paku 135 pikë, ose TOEFL IBT së paku 45 pikë; ose DELF, TCF, TEF; ose Gete Certifikatë.

**Nivelet e vendeve të punës të nëpunësve gjyqësorë të kategorisë V - profesionistë**

Neni 11

(1) Në suaza të kategorisë V, përcaktohen nivelet në vijim për vendet e punës për nëpunës gjyqësorë:

B1- nëpunës gjyqësor profesionist i nivelit të parë

B2- nëpunës gjyqësor profesionist i nivelit të dytë

B3- nëpunës gjyqësor profesionist i nivelit të tretë dhe

B4- nëpunës gjyqësor profesionist i nivelit të katërt.

(2) Nëpunësi gjyqësor i kategorisë V, duhet t'i plotësojë kushtet e veçanta ne vijim për vendin e punës:

1) kualifikimet profesioniste si vijon:

- për nivelin B1 300 kredi të fituara sipas SETK-së ose të ketë kryer shkallën VII/1;

- për nivelin B2 dhe B3 me titull bashkëpunëtor i lartë gjyqësor dhe bashkëpunëtor gjyqësor: të paktën 300 kredi te fituara sipas SETK-së ose të ketë kryer shkallën VII/1;

- për nivelet B2 dhe B3 me titull bashkëpunëtor i lartë dhe bashkëpunëtor të paktën 240 kredi të fituara sipas SETK-së ose të ketë kryer shkallen VII/1.

- për nivelin B4 me titull bashkëpunëtor më i ri gjyqësorë: të paktën 240 kredi të fituara sipas SETK-së ose të ketë kryer shkallën VII/1.

- për nivelin B4 me titull bashkëpunëtor më i ri: të paktën 180 kredi të fituara sipas SETK-së ose të ketë kryer shkallën VII/1.

2) përvojë pune si vijon:

- për nivelin B1 së paku tre vite përvojë pune në profesion,

- për nivelin B2 së paku tre vite përvojë pune në profesion,

- për nivelin B3 së paku një vit përvojë pune në profesion ose

- për nivelin B4 me ose pa përvojë pune në profesion.

3) Kompetencat e përgjithshme të punës: për të gjithë nivelet - kategoria V, në pajtim me Kornizën e kompetencave të përgjithshme dhe

4) Kompetenca pune të veçanta: për të gjitha nivelet – njohje aktive e programeve kompjuterike për punë në zyrë, kompetenca tjera pune të veçanta të përcaktuara në aktin për sistematizimin e vendeve të punës për vend pune përkatës, si dhe njohje aktive e një nga tri gjuhët më shpesh të përdorura në Bashkimin Evropian (angleze, frënge, gjermane) nëpërmjet posedimit të certifikatës ndërkombëtarisht të pranuar të lëshuar nga testatori evropian zyrtar, anëtar i shoqatës ALTE të testuesve evropian të nivelit A2 (A2) të CEFR (CEFR), Respektivisht KET, IELTS me minimum 3 pikë, BULATS; ose Altis, ose TOEFEL PBT të paktën 400 pikë, TOEFEL CBT të paktën 95 pikë ose TOEFEL IBT të paktën 30 pikë ose DELF, TCF, TEF; ose Gete certifikatë.

**Nivelet e vendeve të punës të nëpunësve gjyqësorë nga kategoria G- ndihmës - profesional**

Neni 12

(1) Në suazat e kategorisë G, përcaktohen nivelet e vendeve të punës të nëpunësve gjyqësorë si vijon:

G1- ndihmësnëpunës gjyqësor profesional nga niveli i parë,

G2- ndihmës nëpunës gjyqësor profesional i nivelit të dytë,

G3 – ndihmës nëpunës gjyqësor profesional i nivelit të tretë dhe

G4 – ndihmës nëpunës gjyqësor profesional i nivelit të katërt.

(2) Ndihmësnëpunësi gjyqësor profesional i kategorisë G duhet t'i plotësojë kushtet për vendin e punës si vijon:

1) Kualifikime profesionale: për të gjitha nivelet – të paktën shkollë të lartë ose të mesme.

2) Përvojë pune si vijon:

- për nivelin G1 të paktën tre vjet përvojë pune në profesion,

- për nivelin G2 të paktën dy vjet përvojë pune në profesion,

- për nivelin G3 të paktën një vit përvojë pune në profesion ose

- për nivelin G4 me ose pa përvojë pune në profesion.

3) Kompetenca të përgjithshme pune: për të gjitha nivelet – kategoria G, në pajtim me Kornizën e kompetencave të përgjithshme të punës;

4) Kompetenca të veçanta pune: për të gjitha nivelet – njohje aktive e programeve kompjuterike për punë në zyrë, kompetenca tjera pune të veçanta të përcaktuara në aktin për sistematizimin e vendeve të punës për vend pune përkatës, si dhe njohje aktive të një nga tri gjuhët më shpesh të përdorura në Bashkimin Evropian (angleze, frënge, gjermane) nëpërmjet posedimit të certifikatës ndërkombëtarisht të pranuar të lëshuar nga testuesi evropian zyrtar, anëtar i shoqatës ALTE të testuesve evropian të nivelit A1 (A1) të CEFR (CEFR), respektivisht , BULATS ose Altis; ose TOEFEL PBT të paktën 310 pikë, TOEFEL CBT të paktën 35 pikë ose TOEFEL IBT të paktën 10 pikë ose DELF, TCF, TEF ose Gete certifikatë.

III. KËSHILLI I SHËRBIMIT GJYQËSOR DHE ADMINISTRATORI GJYQËSOR

**Këshilli i shërbimit gjyqësor**

Neni 13

(1) Për shkak të realizimit dhe mbrojtjes së të drejtave të shërbimit gjyqësor formohet Këshill i shërbimit gjyqësor ( në tekstin në vijim: Këshilli), me seli në Gjykatën Supreme të Republikës së Maqedonisë.

(2) Këshillin e përbëjnë 11 anëtarë, administratori gjyqësor i Gjykatës Supreme të Republikës së Maqedonisë, administratori gjyqësor i Gjykatës Administrative, administratori gjyqësor i Gjykatës së Lartë Administrative dhe administratorët gjyqësorë të gjykatave me kompetenca të zgjeruara, të cilët do jenë në rotacion në periudhë prej tre vjetësh, sipas renditjes së gjykatave të përcaktuara me Ligjin për gjykatat.

(3) Gjatë formimit të Këshillit, në mënyrë përkatëse dhe të drejtë janë të përfaqësuar pjesëtarët e bashkësive të cilët nuk janë shumicë në Republikën e Maqedonisë.

(4) Nga radhët e anëtarëve të Këshillit zgjidhet kryetar me mandat në kohëzgjatje prej dy vjetësh.

**Kompetenca të Këshillit të shërbimit gjyqësor**

Neni 14

Këshilli kryen punët si vijon:

- vendos në shkallë të dytë lidhur me kundërshtimet dhe parashtresat e paraqitura kundër vendimit të administratorit gjyqësor, respektivisht kryetarit të gjykatës në të cilën nuk zgjidhet administrator gjyqësor, për pranimin dhe pushimin e marrëdhënie së punës në shërbimin gjyqësor,
- vendos në shkallë të dytë lidhur me kundërshtime dhe parashtresa të vendimeve të administratorit gjyqësor, respektivisht kryetarit të gjykatës në të cilën nuk zgjidhet administrator gjyqësor, nga fushëveprimi i punës së tij;
- vendos në shkallë të dytë në procedurat disiplinore,
- vendos në shkallë të dytë lidhur me kundërshtime dhe parashtresa të vendimeve për realizimin e të drejtave të marrëdhënies së punës për të punësuarit në shërbimin gjyqësor dhe
- jep pëlqim lidhur me aktet e organizimit të brendshëm dhe sistematizimin në gjykata.

**Mënyra e vendimmarrjes së Këshillit të shërbimit gjyqësor**

Neni 15

(1) Këshilli vendimet i merr në seancë me shumicë votash të anëtarëve të pranishëm.

(2) Anëtari i Këshillit i cili vendos në shkallë të parë përjashtohet gjatë marrjes së vendimeve.

(3) Punët profesionale – administrative për Këshill i kryen seksioni në përbërje të Gjykatës Supreme të Republikës së Maqedonisë.

**Kompetenca e administratorit gjyqësor**

Neni 16

Administratori gjyqësor:

- udhëheq me shërbimin gjyqësor,
- është përgjegjës për realizimin dhe kryerjen e punëve profesionale dhe administrative teknike të gjykatës,
- kryen punë të administratës gjyqësore në suazat e fushëveprimit të tij të punëve të përcaktuara me këtë ligj, Rregulloren gjyqësore dhe dispozita tjera dhe akte nënligjore dhe
- bashkëpunon me kryetarin e gjykatës në kryerjen e punëve të drejtorisë gjyqtare të cilat janë në fushëveprimin e punëve të kryetarit të gjykatës.

IV. LLOJET E PUNËSIMIT NË SHËRBIMIN GJYQËSOR

**Llojet e punësimit**

Neni 17

(1) Marrëdhënien e punës nëpunësit gjyqësor e themelojnë për periudhë kohore të pa përcaktuar.

(2) Me përjashtim të paragrafit (1) të këtij neni, marrëdhënia e punës mund të themelohet për periudhë kohore të përcaktuar.

**Punësimi për periudhë kohore të përcaktuar**

Neni 18

(1) Marrëdhënia e punës për periudhë kohore të përcaktuar mund të themelohet për shkak të:

- zëvendësimit të përkohshëm të punëtorit që mungon, i cili mungon më tepër se një muaj;
- vëllim i punës i zmadhuar përkohësisht,
- aktivitete afatshkurta të pa parashikuara,
- punë me projekt

(2) Punësimi nga paragrafi (1) alineja 1 të këtij neni zgjat deri në skadimin e mungesës së lejuar për punëtorin që mungon, dhe jo më gjatë se dy vjet.

(3) Punësimi nga paragrafi (1) alineja 2 dhe 3 të këtij neni zgjat përderisa zgjat nevoja e gjykatës, më së shumti një vit.

(4) Punësimi nga paragrafi (1) alineja 4 të këtij neni zgjat deri në përfundim të projektit, e më së shumti deri në pesë vjet.

(5) Njësia projektuese dhe vendet e punës në njësinë projektuese në pajtim me paragrafin (1) alinenë 4 të këtij neni, duhet të përcaktohen në aktet për organizimin e brendshëm dhe sistematizimin e vendeve të punës në gjykatë.

(6) Për shkak të punësimit në rastet nga paragrafi (1) alinetë 1, 2 dhe 4 të këtij neni, kryetari i gjykatës shpall konkurs publik, në pajtim me dispozitat e përgjithshme për marrëdhënie pune, respektivisht lidh marrëveshje për lëshimin e të punësuarit me Agjenci për Punësime të Përkohshme.

(7) Për shkak të punësimit në rastin nga paragrafi (1) alineja 3 të këtij neni, për kohëzgjatje prej 30 ditë, kryetari i gjykatës shpall nevojën për punësim në shërbimin kompetent për ndërmjetësim gjatë punësimit, pa pagesë, nëpërmjet dërgimit të personave për punësim nga evidenca e personave pa punë në pajtim me dispozitat e përgjithshme për marrëdhënie pune.

(8) Kryetari i gjykatës, në pajtim me paragrafin (7) të këtij neni, më së shumti dy herë në vit, mund të punësojë persona nëpërmjet dërgimit në shërbimin kompetent për ndërmjetësim gjatë punësimit, me ç'rast numri i përgjithshëm i personave të punësuar nuk guxon të jetë më i lartë se 5% nga numri i të gjithë të punësuarve në gjykatë.

(9) Në rast të lidhjes së marrëveshjes për përjashtimin e të punësuarve me Agjenci për Punësime të Përkohshme, nga paragrafi (7) të këtij neni, kohëzgjatja e marrëveshjes për përjashtimin e të punësuarit për kryerjen e punëve të njëjta të përkohshme mund të lidhet për kohën përderisa zgjat nevoja, por jo më gjatë se një vit për të njëjtin punëtor te punëdhënësi i njëjtë.

(10) Marrëveshjet për punësim për periudhë kohore të caktuar në pajtim me bazat e përcaktuara në paragrafin (1) të këtij neni mund të lidhin vetëm nëse gjykata ka siguruar mjete financiare të nevojshme.

(11) Të drejtat dhe obligimet nga marrëdhënia e punës së të punësuarve për periudhë kohore të caktuar rregullohen me dispozitat e përgjithshme për marrëdhënie pune.

(12) Me përjashtim të paragrafit (2) të këtij neni, nëse punëtori që mungon edhe pas skadimit të dy viteve nuk kthehet në punë, marrëdhënia e punës së punëtorit i cili e zëvendëson mund të transferohet nga e përcaktuar në kohë të pa përcaktuar, me pëlqim paraprak të Këshillit Gjyqësor Buxhetor.

**Punësimi me orar pune jo të plotë**

Neni 19

(1) Orari i plotë i punës së të punësuarve në gjykatë është 40 orë në javë.

(2) Për orar pune jo të plotë konsiderohet koha e cila është më e shkurtë nga orari i plotë, dhe e njëjta mund të jetë të paktën 20 orë dhe më së shumti 30 orë në javë.

(3) Administratori gjyqësor, respektivisht kryetari i gjykatës ku nuk është zgjedhur administrator gjyqësor, me kërkesë ose sipas nevojës mund të marrë aktvendim për orar pune jo të plotë për shkak të:

- vëllimit të zvogëluar të punës për momentin,
- kujdesit për fëmijën e parë, deri në moshën dyvjeçare,
- kujdesit për fëmijën e dytë deri në moshën dy vjeç e gjysmë,
- kujdesit për fëmijën e tretë, deri në moshën e tij trevjeçare dhe

- aftësisë së zvogëluar për punë, në pajtim me dispozitat për sigurim pensional dhe invalidor, dispozitat për sigurim shëndetësor dhe dispozita tjera.

(4) Në kushtet nga paragrafi (3), alineja 1 të këtij neni, administratori gjyqësor, respektivisht kryetari i gjykatës ku nuk është zgjedhur administrator gjyqësor, mund të kërkojë nga i punësuari të punojë me orar pune jo të plotë, për çka merr pëlqim paraprak nga i punësuari, dhe në afat prej 15 ditësh merr aktvendim.

(5) Në kushtet nga paragrafi (3), alinetë 2, 3 dhe 4 të këtij neni, nëpunësi gjyqësor mund të paraqesë kërkesë për punë për orar pune jo të plotë, nëse punon me orar pune të plotë, ose e kundërta, deri te administratori gjyqësor, respektivisht kryetari i gjykatës, i cili në afat prej 15 ditë do të marrë vendim.

(6) Në kushtet nga paragrafi (3) alineja 5 të këtij neni, nëpunësi gjyqësor, në bazë të aktvendimit nga organi kompetent, mund të paraqesë kërkesë për punë me orar pune jo të plotë te administratori gjyqësor, respektivisht kryetari i gjykatës ku nuk është zgjedhur administrator gjyqësor, i cili në afat prej 15 ditësh do të marrë aktvendim.

(7) Rroga, kontributet e rrogës, shtesat e rrogës, pushimi dhe kushtet tjera për nëpunësin gjyqësor i cili punon me orar pune jo të plotë, përcaktohen në lidhje me numrin e orëve të punës në bazë javore.

## V. PLOTËSIMI I VENDEVE TË PUNËS TË NËPUNËSVE GJYQËSORË

### Mënyrat e plotësimit të vendeve të punës të nëpunësve gjyqësorë

Neni 20

(1) Plotësimi i vendit të punës të nëpunësit gjyqësor kryhet nëpërmjet zbatimit të procedurës për:

- punësim nëpërmjet shpalljes së konkursit publik,
- avancimit nëpërmjet shpalljes së konkursit intern,
- mobilitetit nëpërmjet transferimit dhe ndërmarrjes.

(2) Procedurat për plotësimin e vendeve të punës nga paragrafi (1) i këtij neni zbatohen me procedurë transparente, të drejtë dhe konkurrente .

(3) Procedurat për plotësimin e vendeve të punës nga paragrafi (1) të këtij neni zbatohen me njoftim paraprak për sigurimin e mjeteve financiare nga Këshilli Buxhetor Gjyqësor.

### Kushtet e përgjithshme dhe të veçanta për plotësimin e vendeve të punës

Neni 21

(1) Për plotësimin e vendeve të punës të nëpunësit gjyqësor, kandidati duhet të plotësojë kushtet e përgjithshme si vijon:

- të jetë shtetas i Republikës së Maqedonisë,
- në mënyrë aktive të përdorë gjuhën maqedonase,
- të jetë i moshës madhore,
- të ketë aftësi të përgjithshme shëndetësore për vendin e punës,
- me aktvendim gjyqësor të mos i jetë shqiptuar dënim ndalim për ushtrimin e funksionit, profesionit, veprimtarisë ose detyrës.

(2) Përveç kushteve të përgjithshme për plotësimin e vendeve të punës të nëpunësit gjyqësor nga paragrafi (1) i këtij neni, kandidati duhet t'i plotësojë kushtet e veçanta:

- të ketë kualifikime profesionale përkatëse të nevojshme për vendin e punës,
- të ketë përvojë pune përkatëse për vendin e punës.
(4) Formën dhe përmbajtjen e formularëve për evidentim të të dhënave të të punësuarve në shërbimin gjyqësor i përcakton ministri i Drejtësisë.

**Parashtrimi i të dhënave në Regjistrin e të punësuarve në sektorin publik**

Neni 117

Gjykata është e obliguar që çdo informatë për ndryshimin e paraqitur në të dhënat e të punësuarve në shërbimin gjyqësor krahas te shërbimi profesional i Këshillit Gjyqësor Buxhetor në afat prej 15 ditësh ta parashtrojë në Ministrinë për Shoqëri Informatike dhe Administratë, për futjen e të dhënave në Regjistrin e të punësuarve në sektorin publik.

XVII. POLICIA GJYQËSORE

Neni 118

Sigurimin e objekteve, pronës, personave dhe mirëmbajtjen e rendit në gjykatë e bën policia gjyqësore.

Neni 119

Për kryerjen e punëve nga policia gjyqësore mund të punësohet një person i cili krahas kushteve të përgjithshme të caktuara në nenin 21 paragrafin (1) tëi këtij ligji, duhet t'i plotësojë edhe kushtet e veçanta në vijim:

- të mos jetë më i vjetër se 25 vjet,
- të jetë fizikisht dhe psiqikisht i aftë për kryerjen e punëve nga policia gjyqësore,
- të ketë kualifikime përkatëse profesionale të nevojshme për vendin e punës,
- të ketë përvoje përkatëse pune të nevojshme për vendin e punës,
- të posedojë kompetenca përkatëse të përgjithshme dhe të veçanta pune të nevojshme për vendin e punës,
- njohje aktive të programeve kompjuterike për punë në zyrë,
- njohje aktive të një prej gjuhëve më së shpeshti të përdorura në Bashkimin Evropian (anglisht, frëngjisht, gjermanisht) nëpërmjet posedimit të certifikatës së njohur n nivel ndërkombëtar të lëshuar nga testues zyrtar evropian, anëtar të shoqatës ALTE të testuesve evropian, ose vërtetim nga institucionet ndërkombëtare, të nivelit A1 (A1) të CEFR (CEFR), përkatësisht BULATS ose Aptis; ose TOEFEL PBT së paku 310 pikë, TOEFEL CBT së paku 35 pikë ose TOEFEL IBT së paku 10 pikë, ose DELF, TCF, TEF; ose Gete Certifikatë dhe
- kushte tjera të caktuara me aktin për sistematizim të vendeve të punës.

Neni 120

(1) Plotësimi i vendeve të punës në policinë gjyqësore bëhet nëpërmjet shpalljes së konkursit publik.

(2) Me përjashtim nga paragrafi (1) i këtij neni, vendi i lirë në policinë gjyqësore mund të plotësohet me sistematizimin e pjesëtarit të policisë gjyqësore në gjykatë të njëjtë në nivel të njëjtë, ndërmarrje të pjesëtarit të policisë gjyqësore në gjykatë tjetër në vend pune në nivel të njëjtë, ndërmarrje nga organet e drejtorisë shtetërore, organe shtetërore institucione tjera shtetërore.

(3) Kontrollin e kushteve për punësim e kryen Ministria e Drejtësisë, pa u prishur kriteret për përfaqësim përkatëse dhe të drejtë të qytetarëve të cilët u përkasin të gjitha bashkësive.

(4) Ministria e Drejtësisë me vendim e cakton numrin e pjesëtarëve të policisë gjyqësore në çdo gjykatë.

Neni 121

(1) Në gjykata me policinë gjyqësore udhëheq kryetari i gjykatës.

(2) Me policinë gjyqësore drejtpërdrejtë komandon komandanti i policisë gjyqësore i cili vepron sipas udhëzimeve dhe këshillave të kryetarit të gjykatës. Komandanti i policisë gjyqësore ka zëvendës.

(3) Komandant, përkatësisht zëvendëskomandant i policisë gjyqësore mund të jetë personi i cili, përkrah kushteve të përgjithshme nga neni 21 paragrafi (1) të këtij ligji, i plotëson kushtet në vijim:

- të ketë fituar 300 kredi sipas SEKT ose shkallë përkatëse VII/1 të arsimit të lartë,
- të ketë së paku një vit përvojë pune si pjesëtar i policisë gjyqësore,
- njohje aktive të programeve kompjuterike për punë në zyrë,
- njohje aktive të një prej tri gjuhëve më së shpeshti të përdorura në Bashkimin Evropian (anglisht, frëngjisht, gjermanisht) nëpërmjet posedimit të certifikatës së njohur në nivel ndërkombëtar të lëshuar nga testues zyrtar evropian, anëtar të shoqatës ALTE të testuesve evropian, ose vërtetim nga institucionet ndërkombëtare, të nivelit A1 (A1) të CEFR (CEFR), përkatësisht BULATS ose Aptis; ose TOEFEL PBT së paku 500 pikë, TOEFEL CBT se paku 175 pikë ose TOEFEL IBT se paku 60 pikë, ose DELF, TCF, TEF; ose Gete Certifikatë, Test DaF dhe
- kushte tjera të caktuara me aktin për sistematizim të vendeve të punës.

(4) Komandantin, përkatësisht zëvendëskomandantin e policisë gjyqësore i cakton kryetari i gjykatës nga radhët e policisë gjyqësore.

Neni 122

(1) Kryetari i Gjykatës Supreme të Republikës së Maqedonisë, nga radhët e pjesëtarëve të policisë gjyqësore nga Gjykata Supreme e Republikës së Maqedonisë me arsim të lartë, i cakton komandanti i policisë gjyqësore të Republikës së Maqedonisë i cili është i punësuar në Gjykatën Supreme të Republikës së Maqedonisë.

(2) Kryetarët e gjykatave të apelit nga radhët e pjesëtarëve të policisë gjyqësore me arsim të lartë në këto gjykata, caktojnë koordinator të policisë gjyqësore për gjykatat themelore nga zona e apelit, të cilët janë të punësuar në gjykatën e apelit.

Neni 123

(1) Ministri i Drejtësisë miraton Program për edukim dhe trajnim të pjesëtarëve të policisë gjyqësore.

(2) Programi nga paragrafi (1) i këtij neni parashtrohet të gjitha gjykatat në Republikën e Maqedonisë.

(3) Kryetarët e gjykatave më së shumti deri më dhjetor të vitit paraprak miratojnë plane për realizim të Programit nga paragrafi (1) i këtij neni.

Neni 124

(1) Pjesëtarët e policisë gjyqësore vlerësohen një herë në nivel vjetor për punën e vet.

(2) Për vlerësimin e pjesëtarëve të policisë gjyqësore në mënyrë përkatëse aplikohen dispozitat e këtij ligji

(3) Mënyrën e vlerësimin të pjesëtarëve të policisë gjyqësore, e cakton ministri i Drejtësisë.

Neni 125

(1) Kryetari i gjykatës miraton Plan për sigurim të gjykatës.

(2) Formën dhe përmbajtjen e Planit nga paragrafi (1) i këtij neni, e cakton ministri i Drejtësisë.

Neni 126

(1) Mbikëqyrje mbi punën e policisë gjyqësore në gjykatat e Republikës së Maqedonisë bën: kryetari i gjykatës, Ministria e Drejtësisë dhe komandanti i policisë gjyqësore në Gjykatën Supreme të Republikës së Maqedonisë.

(2) Koordinatorët e policisë gjyqësore në gjykatat e apelit, kryejnë mbikëqyrje mbi punën e policisë gjyqësore, në gjykatat themelore nga rajoni i gjykatës përkatëse të apelit.

(3) Mbikëqyrje mbi zbatimin e trajnimit dhe ushtrimeve të policisë gjyqësore në gjykatat e Republikës së Maqedonisë bën: kryetari i gjykatës, Ministria e Drejtësisë dhe komandanti i Policisë Gjyqësore i Republikës së Maqedonisë, si dhe koordinatorët e policisë gjyqësore në gjykatat e apelit në gjykatat themelore në rajonin e gjykatës përkatëse të apelit.

(4) Nëse konstatohen parregullsi në lidhje me punën e policisë gjyqësore nga paragrafët (1), (2) dhe (3) të këtij neni, personat të cilët kryejnë mbikëqyrje, propozojnë masa dhe aktivitete për mënjanimin e mangësive të caktuara.

(5) Personat të cilët kryejnë mbikëqyrjen kanë të drejtë te kryetari i gjykatës të propozojnë ngritje të procedurës disiplinore për pjesëtar të policisë gjyqësore, me ç'rast në mënyrë përkatëse zbatohen dispozitat për përgjegjësi disiplinore të këtij ligji.

(6) Nëse personat të cilët kryejnë mbikëqyrjen konstatojnë parregullsi për të cilat përgjegjës është kryetari i gjykatës, për atë e informojnë Këshillin Gjyqësor të Republikës së Maqedonisë.

Neni 127

Rroga e komandantit të policisë gjyqësore, të koordinatorit të policisë gjyqësore, komandantit të policisë gjyqësore, zëvendëskomandantit të policisë gjyqësore dhe të pjesëtarëve të policisë gjyqësore përbëhet prej dy komponentëve, dhe atë:

- komponent themelor dhe
- komponent i jashtëzakonshëm.

**Komponenti themelor i rrogës**

Neni 128

(1) Me rrogën themelore që i paguhet nëpunësit të prokurorisë publike sigurohet vlerësimi i shkallës përkatëse të arsimit i përcaktuar me aktin për sistematizim për vende të punës, për vend pune në të cilin ai është sistemuar dhe përvojë pune.

(2) Pjesa e rrogës për shkallën e arsimit të cilin e ka filluar nëpunësi prokurorisë publike vlerësohet në mënyrën si vijon:

- shkalla VII/3 e mbaruar ose 480 kredi sipas SETK 250 pikë,
- shkalla VII/2 e mbaruar ose 300 kredi sipas SETK 225 pikë,
- shkalla VII/1 e mbaruar ose 240 kredi sipas SETK 200 pikë,

180 kredi sipas SETK 175 pikë,

- arsim i lartë 150 pikë dhe
- arsim i mesëm 100 pikë.

(3) Shtojca e rrogës për nivel dhe vend pune vlerësohet, si vijon:

- B1 - komandant i policisë gjyqësore në Gjykatën Supreme të Republikës së Maqedonisë 320 pikë,
- B2 – koordinator i policisë gjyqësore 267 pikë,
- B3 – komandant i policisë gjyqësore 270 pikë,
- B4 – zëvendës - komandant i policisë gjyqësore 238 pikë dhe
- B1 – për pjesëtar të policisë gjyqësore 228 pikë

(4) Përvoja e punës e të punësuarve nga paragrafi (3) i këtij neni vlerësohet në shumë 0,5% në pjesën e rrogës themelore me të cilën vlerësohet arsimimi dhe shtojca e rrogës për titull, për çdo vit të mbushur stazhi, kurse më së shumti deri 20%.

**Komponenti i jashtëzakonshëm i rrogës**

Neni 129

(1) Komponentin e jashtëzakonshëm e përbëjnë:

- shtojca e rrogës për kushte të veçanta për punë.

(2) Shtojcë e rrogës për kushte të veçanta për punë paraqet:

- puna në turnin e natës,
- puna në turne, përkatësisht turne,
- puna e ekspozuar në rrezik të lartë,
- puna gjatë kohës së pushimit javor dhe
- puna gjatë kohës së festave të caktuara me ligj.

(3) Punët me kushte të veçanta nga paragrafi (2) i këtij neni, parashihen në aktet për sistematizim në vendet e punës.

Neni 130

Shtojca e rrogës për punë gjatë natës për orë vlerësohet në shumë prej 35% nga shuma e rrogës bazë dhe shtojcës së rrogës për titull për orë.

Neni 131

Pjesëtar i policisë gjyqësore i cili është i sistematizuar të punojë në turne, përkatësisht në turnuse, ka të drejtë shtojce prej 5% nga shuma e rrogës themelore dhe shtojcës për titull të llogaritur për orë.

Neni 132

Pjesëtari i policisë gjyqësore i cili ka qenë i angazhuar të punojë gjatë pushimit javor ka të drejtë në aq orë të lira, përkatësisht ditë, sa ka qenë i angazhuar gjatë kohës së pushimit javor ose ka të drejtë shtojce në shumë prej 5% nga shuma e rrogës themelore dhe shtojcës së rrogës për titull, llogaritur për orë.

Neni 133

Pjesëtari i policisë gjyqësore për punë gjatë ditës së festave të caktuara me ligj, ka të drejtë shtojce për rrogë për orë të kaluara në punë në shumë prej 50% të shumës së rrogës themelore dhe shtojcës së rrogës për titull.

Neni 134

(1) Pjesëtari i policisë gjyqësore ka të drejtë shtojce të rrogës nëse punon më gjatë nga orari i plotë i punës dhe atë në lartësi prej 35% për orë nga shuma e rrogës themelore dhe shtojcës së rrogës për titull.

(2) Pjesëtari i policisë gjyqësore i cili ka punuar më gjatë se orari i plotë i punës, shtojcën nga paragrafi 1 i këtij neni ka të drejtë të zëvendësojë me orë të lira, përkatësisht ditë.

Neni 135

Për shkak të llojit, natyrës dhe kompleksitetit të punëve dhe detyrave që kryhen nga pjesëtarët e policisë gjyqësore, shuma e mjeteve të dedikuara për rrogë për ato detyra të punës mund të rritet deri në 20%.

Ministri i Drejtësisë me akt nënligjor i cakton përqindjet për rritje të rrogës deri në 20% për çdo gjykatë veçanërisht.

Pjesëtarëve të policisë gjyqësore u paguhet kompensim për punë gjatë natës dhe kohë jashtë orarit të punës në pajtim me ligjin dhe marrëveshje kolektive.

Neni 136

Pjesëtarët e policisë gjyqësore mbajnë uniformë të caktuar me shenjë me titullin dhe me shenja të veçanta dhe janë të armatosur në pajtim me dispozitat për kryerjen e shërbimit.

Neni 137

(1) Gjatë kryerjes së punëve të shërbimit, pjesëtarët e policisë gjyqësore mund të përdorin armë zjarri në gjykatë dhe rreth gjykatës, në rastet në vijim:

1) të mbrojnë jetën e personave të pranishëm në gjykatë;

2) të parandalojnë arratisje të personit të kapur në kryerjen e veprës penale i cili ndiqet me detyrë zyrtare dhe nëse ekzistojnë baza për dyshim se do të përdoret armë zjarri në gjykatë edhe rreth gjykatës;

3) të largojnë nga vetja sulm të drejtpërdrejtë kundërligjor me të cilin rrezikohet jeta e tyre dhe

4) të evitojnë sulmin ndaj gjykatës.

(2) Në rastet nga paragrafi (1) i këtij neni, pjesëtarët e policisë gjyqësore do të përdorin armë zjarri vetëm nëse me përdorim të forcës fizike, shkopit prej gome ose mjeteve tjera të detyrimit nuk mund të sigurojnë punën zyrtare.

Neni 138

Nëse mjetet për detyrim dhe armë zjarri përdoren në kufijtë e autorizimit, përjashtohet përgjegjësia e pjesëtarit të policisë gjyqësore që ka përdorur mjetin ose armën e zjarrit."

Neni 139

(1) Pjesëtarët e policisë gjyqësore të drejtën për greva mund ta realizojnë në mënyrë që të mos rrezikohet siguria e gjykatës, të mos cenohet kryerja e rregullt e punës, as të mos pengohet puna e shërbimeve tjera në gjykatë dhe qasja e palëve në të.

(2) Organizatori i grevës është i obliguar t'ua paralajmërojë grevën ministrit të Drejtësisë, kryetarit të Gjykatës Supreme të Republikës së Maqedonisë dhe kryetarit të gjykatës përkatëse, dhe të parashtrojë vendimin për fillim të grevave dhe programin për mënyrën dhe vëllimin e kryerjes së detyrave të punës së policisë gjyqësore të cilat janë të domosdoshme të kryhen gjatë kohës së grevës, më së shumti shtatë ditë para fillimit të grevës.

Neni 140

Qeveria e Republikës së Maqedonisë me propozim të Ministrit të Drejtësisë miraton dispozita për:

- armatim dhe pajisje të policisë gjyqësore,
- titujt dhe kushtet për marrje të titujve,
- shenjat për titujt dhe uniformën,
- përdorimin e armës së zjarrit, shkopin prej gome dhe mjete tjera të detyrimit,
- rregullat për kryerjen e punëve të policisë gjyqësore,
- avancimin e pjesëtarëve të policisë gjyqësore,
- kohëzgjatjen në uniformë, mbathje dhe veçanërisht përgatitjen personale,
- aftësitë psikofizike që duhet t'i posedojnë personat të cilët pranohen në punë dhe
- punën materiale me lëndët e armatosjes dhe përgatitjen personale dhe marrëdhëniet e brendshme në policinë gjyqësore.

XVIII. DISPOZITA KALIMTARE DHE TË FUNDIT

Neni 141

Aktet nënligjore të këtij ligji do të miratohen në afat prej nëntë muajsh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 142

Aktet për organizim dhe sistematizim të brendshëm të vendeve të punës, kryetari i gjykatës do t'i miratojë me pëlqim paraprak të Këshillit, më së voni 90 ditë para fillimit të zbatimit të këtij ligji.

Neni 143

Procedurat që kanë të bëjnë me punësimin, përcaktimin e përgjegjësisë disiplinore, vlerësim dhe procedura tjera të filluara para fillimit të zbatimit të këtij ligji, do të përfundohen sipas Ligjit për shërbim gjyqësor ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 98/2008, 161/2008, 6/2009 dhe 150/10).

Neni 144

(1) Nëpunësi gjyqësor i cili ka themeluar marrëdhënie pune në gjykatë përfundimisht me ditën e fillimit të zbatimit të këtij ligji, duhet të parashtrojë dëshmi për

njohje të gjuhëve të huaja dhe njohje të punës së programeve kompjuterike për punë në zyrë, në afat prej dy viteve nga dita e fillimit të zbatimit të këtij ligji.

(2) Nëpunësi gjyqësor i cili nuk do të parashtrojë dëshmi për njohje të gjuhëve të huaja dhe njohje të punës me programe kompjuterike për punë në zyre në pajtim me paragrafin (1) të këtij neni, do të sistematizohet në vendin e punës për një kategori më poshtë nga vendi i punës në të cilin ka qenë në momentin e hyrjes në fuqi të këtij ligji, përveç nëpunësve gjyqësorë të cilët në ditën e fillimit të zbatimit të këtij ligji kanë qenë të sistemuar në vend pune në nivelet hyrëse.

(3) Paragrafët (1) dhe (2) të këtij neni nuk kanë të bëjnë me nëpunësit, të cilët do ta realizojnë të drejtën e pensionit në afat prej dhjetë viteve nga dita e fillimit me zbatimin e këtij ligji.

Neni 145

Me ditën e fillimit të zbatimit të këtij ligji shfuqizohet Ligji për shërbim gjyqësor ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 98/2008, 161/2008, 6/2009 dhe 150/10).

Neni 146

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë, kurse do të fillojë të zbatohet në ditën e fillimit të zbatimit të Ligjit për të punësuarit në sektorin publik ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 27/14) dhe Ligjin për nëpunës administrativë ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 27/14).

---

**1246.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИТЕ**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување на санкциите,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 25 февруари 2014 година.

Бр. 07-1213/1
25 февруари 2014 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИТЕ**

Член 1

Во Законот за извршување на санкциите („Службен весник на Република Македонија“ број 2/2006, 57/10, 170/13), во членот 15 ставот (4) кој станува став (3) се менува и гласи:

„(3) Директорот на Управата за извршување на санкциите се избира по пат на јавен оглас кој треба да биде објавен во најмалку три дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Македонија од кои во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик. За директор на Управата може да биде именувано лице кое ги исполнува општите услови согласно со закон и следните дополнителни услови:

1) е државјанин на Република Македонија;

2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

3) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;

4) да има најмалку пет години работно искуство;

5) поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:

- ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода и
- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2) и

6) има положено психолошки тест и тест за интегритет.“

Член 2

Во членот 34 ставот 2 се менува и гласи:

„Директор на казнено-поправна и воспитно-поправна установа и негов заменик се избира по пат на јавен оглас кој треба да биде објавен во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Македонија, од кои во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик. За директор на установата и негов заменик може да биде именувано лице кое ги исполнува општите услови согласно со закон и следниве дополнителни услови:

1) е државјанин на Република Македонија;

2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

3) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;

4) да има најмалку пет години работно искуство;

5) поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:

- ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода и
- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2) и

6) има положено психолошки тест и тест за интегритет.“

Член 3

Членот 54 се менува и гласи:

“(1) Вработените во казнено-поправните и воспитно-поправните установи имаат статус на:

- државни службеници,
- затворска полиција и
- помошно-технички лица.

(2) Државните службеници од ставот (1) алинеја 1 на овој член се лица кои работат на ресоцијализација на осудени лица, извршно-управни, финансиски работи и работи од областа на човечките ресурси во установата, и истите права од работен однос ги остваруваат согласно со Законот за административните службеници.

(3) Затворска полиција од ставот (1) алинеја 2 на овој член се овластени службени лица кои работат на обезбедување во казнено-поправната, односно воспитно-поправната установа, и истите правата од работен однос ги остваруваат согласно со овој закон и Законот за вработените во јавниот сектор.

(4) Помошно-техничките лица од ставот (1) алинеја 3 на овој член се вработените кои вршат помошни и технички работи во установата и вработените во стопанските единици, и истите права од работен однос ги остваруваат согласно со Законот за вработените во јавниот сектор и општите прописи за работни односи.

(5) Казнено-поправната, односно воспитно-поправната установа, има обврска да ги планира вработувањата во установата врз основа на Методологијата за планирање утврдена во Законот за вработените во јавниот сектор, за што директорот подготвува годишен план за вработувања за следната календарска година (во натамошниот текст: годишен план), кој ги содржи следниве податоци:

- тековна состојба на пополнетост на работни места според категории и нивоа,
- тековна состојба на пополнетост на работни места според пол, возраст, образование и припадност на заедница,
- тековна состојба на пополнетост на работни места според начин на вработување - неопределено, определено и неполно работно време,
- работни места кои ќе се испразнат и основите за нивното испразнување,
- предлози за нови вработувања во установата,
- финансискиот план на установата за наредната календарска година и
- други податоци од значење за работните места.

(6) Директорот е должен, најдоцна до 1 март да го достави планот од ставот (5) на овој член на согласност до Управата за извршување на санкции, која врз основа на добиените планови од установите, изготвува единствен годишен план за вработување, кој го доставува до Министерството за финансии, кое во рамките на својата надлежност, во рок од два месеца е должно да му одговори.

(7) Доколку Министерството за финансии во рокот од ставот (6) на овој член не одговори, ќе се смета дека согласноста е дадена.

(8) Врз основа на согласноста од ставот (6) на овој член, а во рок од еден месец од приемот на согласноста, односно истекот на рокот од став (7) на овој член, Управата за извршување на санкции е должна да го донесе годишниот план и да го достави до установите, а до Министерството за информатичко општество и администрација на мислење.

(9) Во рок од два месеца од денот на приемот на планот од ставот (8) на овој закон, Министерството за информатичко општество и администрација е должно да даде мислење по однос на примената на Методологијата од ставот (5) на овој член.

(10) Планот од ставот (8) на овој член во текот на годината на која се однесува може да се менува само по претходно добиена согласност од Министерството за финансии.

(11) Установите два пати годишно известуваат за реализација на плановите, за што директорот, најдоцна до 15 јули за периодот јануари-јуни, односно најдоцна до 15 јануари за периодот јули-декември, испраќа извештај до Управата за извршување на санкции.

(12) Извештајот од ставот (11) на овој член на увид се доставува и до Министерството за информатичко општество и администрација и Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор.“

Член 4

По членот 54 насловите на точките 2, 3, 4, 5 и 6 и членовите 54-а, 54-б, 54-в, 54-г, 54-д, 54-ѓ, 54-е, 54-ж, 54-з, 54-ѕ, 54-и, 54-ј, 54-к, 54-л, 54-љ, 54-м, 54-н, 54-њ, 54-о и 54-п се менуваат и гласат:

**„2. Организација и надлежност на припадниците на затворската полиција**

Член 54-а

(1) Работите на обезбедувањето во казнено-поправните и воспитно-поправните установи ги врши затворска полиција која се организира како посебна организациона единица.

(2) Затворската полиција врши обезбедување на осудените и притворените лица, надворешно и внатрешно обезбедување на установата и нејзините објекти потребни за одржување на безбедноста и врши други работи уредени со овој закон.

Член 54-б

(1) Затворската полиција е единствено униформирана, вооружена и опремена.

(2) Припадниците на затворската полиција поседуваат службена легитимација во која се наведуваат нивните овластувања.

(3) Службената легитимација има важност од шест години.

(4) По истекот на важноста на легитимацијата, припадникот на затворската полиција е должен да ја врати старата легитимација на издавачот и да задолжи нова легитимација.

(5) Во случај на откажување на престанок на работниот однос, односно суспензија, припадникот на затворската полиција е должен да ја врати легитимацијата на издавачот.

(6) Доколку во случај на суспендирање не биде утврдена одговорноста, припадникот на затворската полиција повторно се задолжува со легитимацијата.

(7) Овластувањата на затворската полиција, начинот на вооружувањето и вршењето на работите на затворската полиција ги пропишува министерот за правда.

(8) Формата, содржината и начинот на издавање на службената легитимација, униформата и ознаките на униформата на затворската полиција ги пропишува министерот за правда.

**3. Општи начела за постапување на припадниците на затворската полиција**

Член 54-в

За припадниците во затворската полиција важат општите начела за вработените во јавниот сектор согласно со Законот за вработените во јавниот сектор и тоа:

- начело на еднакви услови, еднаков пристап до работно место, соодветна и правична застапеност,
- начело на стручност и компетентност,
- начело на управување со учинокот на вработените,
- начело на сервисна ориентираност,
- начело на професионална етика, непристрасност и објективност,
- начело на транспарентност и доверливост,
- начело на одговорност,
- начело на спречување на судир на интереси и
- начело на економично користење на средствата.

**4. Класификација на работни места на припадниците на затворската полиција**

Член 54-г

Работните места на затворската полиција се класифицираат согласно:

- одговорноста, целите, видот и сложеноста на работите и работните задачи на работното место и

- потребните стручни квалификации, работното искуство во струката, општите и посебните работни компетенции и други критериуми од значење за работното место.

Член 54-д

(1) Општите работни компетенции на припадниците на затворската полиција се утврдуваат во Рамка на општи компетенции за припадниците на затворската полиција која ја пропишува министерот за правда.

(2) Со актот за систематизација на работните места, за секое работно место во установата, се утврдува групата, подгрупата, категоријата и нивото каде припаѓа работното место, како и општите, посебните услови и описот на работите и на работните задачи за секое работно место.

(3) Критериумите од членот 54-г од овој закон во актот за систематизација на работни места на затворската полиција, се утврдуваат како посебни услови за работното место.

**5. Категории, нивоа и звања на работни места на припадниците на затворската полиција**

Член 54-ѓ

(1) Согласно со критериумите од член 54-г од овој закон, работните места на затворската полиција се класифицираат во три категории, и тоа:

- категорија А - раководни припадници на затворската полиција,

- категорија Б - стручни припадници на затворската полиција и

- категорија В - помошно-стручни припадници на затворската полиција.

(2) Во рамките на секоја категорија од ставот (1) на овој член се утврдуваат повеќе нивоа на работни места на припадниците на затворската полиција.

**Нивоа на работни места на затворска полиција од категоријата А - раководни**

Член 54-е

(1) Во рамките на категоријата А се утврдуваат следниве нивоа на работни места на затворската полиција:

- А1 - раководен припадник на затворска полиција од прво ниво,

- А2 - раководен припадник на затворска полиција од второ ниво,

- А3 - раководен припадник на затворска полиција од трето ниво и

- А4 - раководен припадник на затворска полиција од четврто ниво.

(2) Раководниот припадник на затворската полиција од категорија А, треба да ги исполни следниве посебни услови за работното место:

а) стручни квалификации за сите нивоа - ниво на квалификации VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен;

б) Работно искуство, и тоа за:

- нивото А најмалку шест години работно искуство во струката, од кои најмалку две години на раководно работно место во казнено-поправните и воспитно-поправните установи,

- нивото А2 најмалку пет години работно искуство во струката, од кои две години работно искуство во казнено-поправните и воспитно-поправните установи,

- нивото А3 најмалку четири години работно искуство во струката, од кои една година работно искуство во казнено-поправните и воспитно-поправните установи и

- нивото А4 најмалку три години работно искуство во струката, од кои една година работно искуство во казнено-поправните и воспитно-поправните установи;

в) посебни работни компетенции за сите нивоа - активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење, за сите нивоа - други посебни работни компетенции утврдени во актот за систематизација на работни места за соодветното работно место, како и познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски) и тоа:

- за нивоата А1, А2, А3 и А4 преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на Б1 (B1) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно ИЕЛТС со 3,5 - 4,5 поени, ПЕТ, БЕК П, БУЛАТС; или Аптис, или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 450 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 135 бода или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 45 бода; или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ; или Гете сертификат.

(3) Секој од меѓународно признатите сертификати од ставот (2) точка в) алинеја 1 на овој член имаат неограничена временска важност за работното место за чие пополнување ги приложил припадникот на затворската полиција, а истите припадникот на затворската полиција може да ги користи при аплицирање на интерен или јавен оглас во рок од пет години од датумот на издавањето и за други работни места, освен ако издавачот не предвидел подолг рок на важност.

**Нивоа на работни места на затворска полиција од категоријата Б - стручни**

Член 54-ж

(1) Во рамките на категорија Б се утврдуваат следниве нивоа на работни места на затворска полиција:

- Б1 - стручен припадник на затворска полиција од прво ниво,

- Б2 - стручен припадник на затворска полиција од второ ниво и

- Б3 - стручен припадник на затворска полиција од трето ниво.

(2) Стручниот припадник на затворска полиција од категоријата В, треба да ги исполни следниве посебни услови за работното место:

а) стручни квалификации, и тоа:

- за нивоата Б1, Б2 и Б3 ниво на квалификации VI Б според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен.

б) работно искуство, и тоа:

- за нивото Б1 најмалку две години работно искуство во струката,

- за нивото Б2 најмалку една години работно искуство во струката и

- за нивото Б3 со или без работно искуство во струката и

в) посебни работни компетенции: за сите нивоа - активно познавање на компјутерски програми за канцеларско работење, други посебни работни компетенции утврдени во актот за систематизација на работни места за соодветното работно место, како и активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски) преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на Здружението ALTE на европски тестатори, или уверение од меѓународна институција, на А1 (A1) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно БУЛАТС или Аптис; или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 310 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 35 бода или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 10 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или Гете сертификат.

(3) Секој од меѓународно признатите сертификати од ставот (2) точка в) на овој член имаат неограничена временска важност за работното место за чие пополнување ги приложил припадникот на затворската полиција, а истите припадникот на затворската полиција може да ги користи при аплицирање на интерен или јавен оглас во рок од пет години од датумот на издавањето и за други работни места, освен ако издавачот не предвидел подолг рок на важност.

**Нивоа на работни места на затворска полиција од категоријата В - помошно-стручни**

Член 54-з

(1) Во рамките на категоријата В се утврдуваат следниве нивоа на работни места затворската полиција:

- В1 - помошно-стручен припадник на затворската полиција од прво ниво,
- В2 - помошно-стручен припадник на затворската полиција од второ ниво,
- В3 - помошно-стручен припадник на затворската полиција од трето ниво,
- В4 - помошно-стручен припадник на затворската полиција од четврто ниво и

(2) Помошно-стручниот припадник на затворската полиција од категоријата В треба да ги исполни следниве посебни услови за работното место:

а) стручни квалификации за сите нивоа - ниво на квалификации V A или ниво на квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или најмалку више или средно образование;

б) работно искуство, и тоа за:

- нивото В1 најмалку три години работно искуство во струката,
- нивото В2 најмалку две години работно искуство во струката,
- нивото В3 најмалку една години работно искуство во струката и
- нивото В4 со или без работно искуство во струката и

в) Посебни работни компетенции за сите нивоа - активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење, други посебни работни компетенции утврдени во актот за систематизација на работни места за соодветното работно место, како и активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски) преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на Здружението ALTE на европски тестатори, или уверение од меѓународна институција, на А1 (A1) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно БУЛАТС или Аптис; или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 310 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 35 бода или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 10 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или Гете сертификат.

(3) Секој од меѓународно признатите сертификати од ставот 2 точка в) на овој член имаат неограничена временска важност за работното место за чие пополнување ги приложил припадникот на затворската полиција, а истите припадникот на затворската полиција може да ги користи при аплицирање на интерен или јавен оглас во рок од пет години од датумот на издавање и за други работни места, освен ако издавачот не предвидел подолг рок на важност.

**Звања**

Член 54-ѕ

За припадниците на затворската полиција, нивоата во рамките на категориите дополнително се опишуваат со звање, и тоа:

- А1 - заповедник,
- А2 - заменик заповедник,
- А3 - главен командир,
- А4 - командир,
- Б1- виш соработник за внатрешно и надворешно обезбедување-помошник командир,
- Б2 - соработник за внатрешно и надворешно обезбедување,
- Б3 - помлад соработник за внатрешно и надворешно обезбедување,
- В1 - виш надзорник,
- В2 - постар надзорник,
- В3 - надзорник и
- В4 - помлад надзорник.

**6. Општи права, одговорности и должности на припадниците на затворската полиција**

**Општи права на припадниците на затворската полиција**

Член 54-и

За припадниците во затворската полиција важат општите права предвидени со Законот за вработени во јавен сектор, ако со овој закон поинаку не се уредени, и тоа:

- право на плата и надоместоци од плата,
- право на одмор и отсуство,
- право на работа во соодветни работни услови,
- право на стручно усовршување,
- право на заштита,
- право на заштита на припадниците на затворската полиција кои пријавиле сомневање или сознание за кривично дело или за незаконско или недозволиво,
- право на мирување на работен однос,
- право на синдикално организирање и право на штрајк и
- право на кандидирање на избори.

**Право на одмор и отсуства**

Член 54-ј

(1) Припадникот на затворската полиција има право на одмор и отсуства од работа согласно со овој закон, општите прописи за работни односи и колективните договори.

(2) Должината на годишниот одмор на припадникот на затворската полиција се определува според должината на пензискиот стаж.

Член 54-к

Припадникот на затворската полиција по основ на должината на пензискиот стаж, се стекнува со право на годишен одмор за:

- пензиски стаж од шест месеци до две години - 20 работни дена,
- пензиски стаж од две до осум години - 21 работен ден,
- пензиски стаж од осум до 15 години - 22 работни дена,
- пензиски стаж од 15 до 20 години - 24 работни дена и
- пензиски стаж над 20 години - 26 работни дена.

**Право на синдикално организирање и право на штрајк**

Член 54-л

Припадниците на затворската полиција заради остварување на своите економски и социјални права имаат право да се вклучат во основање и да членуваат во синдикат под услови во постапка утврдени со закон и со актите на синдикатот.

Член 54-љ

(1) Припадниците на затворската полиција имаат право на штрајк, организиран во согласност со Уставот, овој закон и ратификуваните меѓународни договори согласно со Уставот.

(2) Правото на штрајк можат да го остварат без битно да се наруши редовното извршување на работата.

(3) Организаторот на штрајкот е должен писмено да го најави штрајкот до директорот на установата, директорот на Управата за извршување на санкциите и министерот за правда, да ја достави одлуката за стапување во штрајк и програмата за начинот и обемот на вршење на работните задачи на затворската полиција кои е неопходно да се извршуваат за време на штрајкот, најдоцна седум дена пред почетокот на штрајкот.

(4) За време на организиран штрајк на припадниците на затворската полиција, не смее да се загрози безбедноста на установата, ниту да се попречи нормалното работење на установата.

(5) Се забранува штрајк во случај на воена, вонредна или кризна состојба.

(6) Во случај на сложена безбедносна состојба, нарушување на редот и дисциплината во установата во поголем обем, природни непогоди и епидемии или загрозување на животот и здравјето на лицата во установата во поголем обем, не можат истовремено да учествуваат повеќе од 10% од припадниците на затворската полиција и штрајкот не може да трае подолго од три дена.

(7) Доколку штрајкот започнал пред настапување на кој било од условите од ставовите (6) и (7) на овој член, припадниците на затворската полиција се должни штрајкот веднаш да го прекинат.

(8) Во случај на штајк ќе се применуваат и одредбите од Правилникот за работа во услови на штрајк на затворската полиција во казнено-поправните и воспитно-поправните установи, кој го донесува министерот за правда.

**Должности и одговорности на затворската полиција**

Член 54-м

За припадниците во затворската полиција важат општите должности и одговорности предвидени со Законот за вработените во јавниот сектор, доколку со овој закон поинаку не се уредени, и тоа:

- должност за извршување на работите и работните задачи,
- должност за укажување на незаконски работни задачи,
- должност за известување за отсуство од работа,
- должност за постапување по барање за упатување,
- забрана за политичко дејствување на работно место,
- забрана за примање подароци и
- одговорност за вршење на работите и работните задачи.

**Должност за постапување по барање за упатување**

Член 54-н

(1) Во случај на вонредни околности (природни непогоди, епидемии, поплави, од безбедносни причини и слично), припадниците на затворската полиција можат да бидат упатени на извршување работи и работни задачи во друга казнено-поправна и воспитно-поправна установа.

(2) Припадник на затворската полиција може да биде упатен и во друга казнено-поправна и воспитно-поправна установа, заради:

- недостиг на работници со соодветна стручна подготвеност и работна способност за конкретните работи и задачи и
- давање стручна помош во извршувањето на работите и задачите на затворската полиција во установата во која се упатува припадникот на затворската полиција.

(3) Упатувањето од ставовите (1) и (2) на овој член го врши директорот на установата каде што е вработен припадникот на затворската полиција во координација на директорот на Управата за извршување на санкциите. Упатувањето се врши со посебен акт и не може да трае подолго од три месеци.

(4) При упатувањето на припадникот на затворската полиција од став (2) на овој член, потребно е да ги исполнува условите пропишани во актот за систематизација на работните места утврдени за работното место на кое се врши упатувањето и извршува исти или сродни работи во согласност со неговото работно место.

(5) Во случаите на упатување на извршување на работите и на работните задачи од ставовите (1) и (2) на овој член, припадниците на затворската полиција правото на плата и надоместоци утврдени со овој закон и колективен договор, ги добиваат од установата во којашто се вработени, односно од установата од којашто се упатуваат.

**Забрана за примање подароци**

Член 54-њ

(1) Припадниците на затворската полиција не смеат да примаат подароци поврзани со нивната работа, со исклучок на протоколарни подароци. Подароци примени од страна на службени лица или од меѓународни организации дадени за време на посети, гостувања или во други слични околности се сметаат за протоколарни подароци.

(2) Забраната и ограничувањата утврдени во ставот (1) на овој член, исто така, се однесуваат и на брачниот другар на припадникот на затворската полицја, на лица кои живеат заедно со вработениот во вонбрачна заедница, на нивните деца, родители и на лица кои живеат во исто домаќинство.

(3) Податоците за примените подароци, нивната вредност, дарителите и другите околности се внесуваат во евиденцијата на подароци која секоја установа е должна да ја води.

Член 54-о

Припадникот на затворската полиција е должен да ги извршува наредбите на директорот на установата, инспекторите за извршување на санкциите и на своите претпоставени и да го почитува Кодексот за однесување на службените лица во извршувањето на работните задачи во казнено-поправните и воспитно-поправните установи.

Член 54-п

Припадникот на затворската полиција е должен да:

- ја врши својата работа професионално, совесно, одговорно, навремено и ефикасно согласно со Уставот на Република Македонија, законите и подзаконските акти,
- ја врши својата работа непристрасно и без влијанија од политички партии;
- носи службена униформа и службена легитимација во текот на работното време,
- го остава оружјето за кое е задолжен во установата по завршување на работното време и
- ја чува класифицираната информација и угледот на установата.“

Член 5

Пред членот 58 точката 7 се менува и гласи:

"пополнување на работни места на припадниците на затворската полиција."

Член 6

Членот 58 се менува и гласи:

“(1) Пополнувањето на работно место на припадниците на затворската полиција се врши преку спроведување на постапка за:

- вработување,
- унапредување и
- мобилност преку распоредување или преземање.

(2) Постапката за вработување започнува со објавување на јавен оглас, по што во транспарентна, фер и конкурентна постапка на селекција се избира најдобриот кандидат за работното место и истиот заснова работен однос со работодавачот.

(3) Постапките за унапредување започнуваат со објавување на интерен оглас, по што во транспарентна, фер и конкурентна постапка на селекција се избира најдобриот кандидат од редот на вработените во установата и истиот преминува на работно место на повисоко ниво.

(4) Постапките за мобилност се спроведуваат во транспарентна и фер постапка на распоредување, односно преземање на вработен на работно место во исто ниво во истата или друга институција согласно со Законот за вработените во јавниот сектор.

(5) Постапките за пополнување на работно место од ставот (1) на овој член се спроведуваат по претходно известување за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии.“

Член 7

По членот 58 точката 8 се брише.

Членовите 58-а, 58-б, 58-в, 58-г,58-д 58-ѓ, 58-е, 58-ж, 58-з, 58-ѕ, 58-и, 58-ј, 58-к, 58-л, 58-љ, 58-м, 58-н,58-њ, 58-о, 58-п, 58-р, 58-с, 58-т, 58-ќ, 58-у, 58-ф, 58-х, 58-ц, 58-ч, 58-џ и 58-ш се менуваат и гласат:

**“Општи и посебни услови за пополнување на работни места**

Член 58-а

(1) За пополнување на работно место припадник на затворската полиција, кандидатот треба да ги исполни следниве општи услови:

- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност.

(2) Покрај општите услови за пополнување на работно место припадник на затворска полиција од ставот (1) на овој член, кандидатот треба да ги исполни следниве посебни услови:

- да има соодветни стручни квалификации потребни за работното место,
- да има соодветно работно искуство потребно за работното место,
- да поседува соодветни посебни работни компетенции потребни за работното место,
- да не е постаро од 25 години, ако за првпат се вработува на работните места помлад соработник за внатрешно и надворешно обезбедување и помлад надзорник и
- да е психофизички способно за вршење на работите на затворската полиција.

(3) Како дополнителен услов за пополнување на работно место припадник на затворската полиција може да се утврди и:

- статус на дете без родители и без родителска грижа, кое до својата осумнаесетгодишна возраст имало ваков статус, согласно со закон,
- статус на лице со посебни потреби, согласно со закон или
- статус на корисник на државна стипендија, согласно со закон.

**Постапка за вработување**

Член 58-б

(1) За започнување на постапка за вработување на припадник на затворската полиција, директорот на установата до Управата за извршување на санкциите доставува известување во кое го назначува бројот, нивоата и описите на работните места кои се предлагаат за пополнување.

(2) Кон известувањето од ставот (1) на овој член, директорот на установата задолжително го приложува изводот од годишниот план на установата во кој е предвидено пополнување на работното место, односно работните места.

(3) Управата за извршување на санкциите известувањето од ставот (1) на овој член, заедно со изводот од годишниот план на установата, ги доставува на согласност до Министерството за финасии.

**Јавен оглас**

Член 58-в

(1) Јавниот оглас за вработување се објавува во најмалку три дневни весника кои се издаваат на целата територија на Република Македонија, од кои во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

(2) Во јавниот оглас се назначува нивото и посебните услови за пополнување на работните места.

(3) Рокот за пријавување на јавниот оглас од ставот (1) на овој член не може да биде пократок од 15 дена, односно подолг од 20 дена од денот на неговото објавување во дневните весници.

(4) Јавниот оглас го објавува установата по претходно добиено писмено известување за обезбедените средства за вработување од Министерството за финансии.

(5) Потребните документи кандидатите ги доставуваат до установата во која се вработува припадникот на затворската полиција.

**Комисија за селекција за вработување**

Член 58-г

(1) Директорот на установата формира комисија за селекција при спроведување на постапка за вработување на припадник на затворската полиција составена од претседател и двајца членови.

(2) Претседателот и едниот член на комисијата за избор на припадник на затворската полиција се од редот на раководните припадници на затворската полиција, а другиот член е од редот на припадниците на затворската полиција со исто звање, како и кандидатот за вработување.

(3) Членовите на Комисијата за селекција од ставот (1) на овој член ги определува директорот на установата во која се пополнуваат работните места со решение.

**Постапка за селекција за вработување**

Член 58-д

Постапката за селекција за вработување се состои од четири фази: административна селекција, испит за припадник за затворската полиција, проверка на веродостојност на докази и интервју, како и тест на личност.

**Фаза 1 - административна селекција за вработување**

Член 58-ѓ

(1) Административната селекција се состои од проверка на податоците и приложените документи и докази кои биле по барани во јавниот оглас за вработување.

(2) За кандидатите кои при административната селекција се утврди дека не ги исполнуваат условите утврдени во јавниот оглас, постапката на селекција завршува.

(3) Вкупниот број на бодови за секој пријавен кандидат се утврдува врз основа на бодовите од бодовите од стручните квалификации, работното искуство во струката, познавањето на странски јазици, како познавањето на работа со компјутерски програми за канцелариско работење.

(4) Стручните квалификации се вреднуваат во однос на формалното и неформалното образование.

(5) Формалното образование на кандидатите за припадник на затворската полиција од категоријата В, се вреднува согласно со постигнатиот успех во средното и/или кратките стручни студиски програми во рамките на првиот циклус, односно вишото образование.

(6) Формалното образование на кандидатите за припадник на затворската полиција од категориите А и Б се вреднува согласно постигнатиот успех на сите циклуси на студии кои ги завршил кандидатот и од рангирањето на универзитетот според ранг-листата на домашни универзитети согласно Законот за високото образование и ранг листите на странски универзитети, и тоа следниве: Shanghai Ranking - ARWU (Academic Ranking of World Universities); Times Higher Education - World University Rankings и QS World University Rankings.

(7) Неформалното образование на кандидатите за припадници на затворската полиција се вреднува во зависност од бројот и релевантноста на меѓународно признатите стручни сертификати или уверенија за работното место.

(8) Работното искуство во струката, доколку кандидатот бил вработен се вреднува во зависност од времетраењето и од видот на одговорноста на работното место (раководно/нераководно). Дополнителни бодови носат позитивните препораки на кандидатот од претходните работни места и волонтерскиот стаж на кандидатот во институциите на јавниот сектор.

(9) Познавањето на странски јазик на утврденото ниво за работното место се докажува со приложување на еден од следниве меѓународно признати сертификати или меѓународно употребувани уверенија: АПТИС (APTIS), БУЛАТС (BULATS), ЦАЕ (CAE), ИЕЛТС (IELTS), ФЦЕ (FCE), БЕК (BEC), ПЕТ (PET), КЕТ (KET), ИЛЕК (ILEC), ТОЕФЕЛ ПБТ (TOEFL PBT), ТОЕФЕЛ ЦБТ (TOEFL CBT), ТОЕФЕЛ ИБТ (TOEFL IBT) за англиски јазик, односно ДЕЛФ (DELF), ДАЛФ (DALF), ТЦФ (TCF), ТЕФ (TEF), БУЛАТС (BULATS) за француски јазик, односно Гете Сертификат (Goethe-Zertifikat), ТестДаФ (TestDaF) и БУЛАТС (BULATS) за германски јазик или друг меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на Здружението ALTE на европски тестатори, или други меѓународни организации, а за едно од нивоата на Европската јазична рамка на Советот на Европа ЦЕФР (CEFR), при што познавање на странски јазик на повисоко ниво од утврденото ниво за работното место и познавање на втор странски јазик од шесте официјални јазици на Обединетите нации, се вреднува со дополнителни бодови. Потврдата за завршен прв, втор или трет циклус на студии на еден од 200 највисоко рангирани факултети на Shanghai Ranking - ARWU (Academic Ranking of World Universities) на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски), се вреднува на Б2 (B2) ниво според ЦЕФР (CEFR) за завршен прв циклус, односно на Ц2 (C2) за завршен втор или трет циклус на студии.

(10) Познавањето на работа со компјутерски програми за канцелариско работење се докажува со приложување на потврда, при што поседување на меѓународно признат сертификат за положен Certiport: IC3 GS4 Key Applications, Microsoft: MOS Word или MOS Excell – положен; или ECDL: Core се вреднува со дополнителни бодови.

(11) Селекцијата на припадниците на затворската полиција завршува најдоцна во рок од петнаесет дена по истекот на рокот за пријавување на кандидатите на јавните огласи, за што Комисијата за секоја постапка подготвува листа со бројот на бодови на кандидатите за кои постапката на селекција завршила и ранг листата со бројот на бодови на кандидатите кои ја поминале административната селекција.

(12) Најмногу десет пати повеќе кандидати од бројот на работните места за кои се спроведува постапката, а кои биле најдобро рангирани на листата од став (10) на овој член, преминуваат во следната фаза на селекција.

(13) Во следната фаза на селекција учествуваат и кандидатите кои имаат ист број на бодови со последно рангираните кандидати од став (10) на овој член.

(14) За датумот и времето на одржување на следната фаза на селекција се известуваат кандидатите кои преминуваат во следната фаза на селекција.

**Фаза 2 - испит за припадниците на затворската полиција**

Член 58-е

(1) Испитот за припадник на затворската полиција се полага електронски. Испитот се полага во посебна просторија специјално опремена со информатичка опрема, интернет врска, опрема за снимање на полагањето и дисплеј за објавување на резултатите со најмалку димензии 2x2 метра.

(2) Испитот се состои од стручен дел, преку одговарање на прашања во вид на тестирање, се проверуваат познавањата на кандидатот во следниве области:

- уставниот поредок на Република Македонија,
- кривичното законодавство,
- системот на извршување на санкциите,
- положбата и други општи прашања за вработените во јавниот сектор и
- Кодексот за однесување на службените лица во извршувањето на работните задачи во казнено-поправните установи.

(3) Базата на прашања за стручниот дел ја формира Управата за извршување на санкциите, при што најмалку еднаш годишно, истата ја ревидира.

(4) Прашањата од стручниот дел на испитот, во зависност од тежината, се вреднуваат со определен број на бодови, кои се наведени за секое прашање за време на полагањето.

(5) Во рок од три дена од денот на спроведувањето на испитот, согласно со освоените бодови од административната селекција и испитот, Комисијата подготвува ранг-листа со бројот на бодови на кандидатите.

(6) Најмногу пет кандидати кои биле најдобро рангирани на листата од ставот (4) на овој член, преминуваат во следната фаза на селекција.

(7) Во следната фаза на селекција учествуваат и кандидатите кои имаат ист број на бодови со последно рангираните кандидати од ставот (4) на овој член.

(8) За датумот и времето на одржување на следната фаза на селекција се известуваат кандидатите кои преминуваат во следната фаза на селекција.

**Фаза 3 - интервју**

Член 58-ж

(1) На интервјуто, преку ситуациони прашања, се проверуваат потребните општи работни компетенции за категоријата на која припаѓа работното место, а преку стручни прашања или практични задачи, се проверуваат посебните работни компетенции од делокругот на работното место.

(2) Интервјуто од ставот (1) на овој член се спроведува усно.

(3) Во рок од три дена од денот на спроведувањето на интервјуто, согласно со освоените бодови од административната селекција, писмениот тест и интервјуто, комисијата составува конечна ранг-листа со број на бодови на кандидатите.

(4) За датумот и времето на одржување на последната фаза на селекција се известуваат кандидатите кои преминуваат во следната фаза на селекција.

**Фаза 4 - тест на личност**

Член 58-з

(1) Со тестот на личност се проверува соодветноста на кандидатот за работно место за кое аплицирал, преку полагање на валидиран тест за користење во Република Македонија базиран на стандардизиран пет - факторски модел со кој се проверуваат социјалните особини, одредени аспекти на интегритетот на личноста, пристапот кон учењето, како и останатите психолошки особини во функција на извршувањето на работите и работните задачи за соодветната категорија на работни места.

(2) Кандидатите кои успешно го поминале тестот на личност и се покажале како соодветни за работното место, остануваат на конечната ранг-листа, додека за другите постапката на селекција завршува.

(3) Базата на прашања на тестот на личност ја обезбедува Управата за извршување на санкциите во соработка со стручна институција за процена на интелектуалниот и психометрискиот капацитет на кандидати за вработување.

Член 58-ѕ

(1) Комисијата за селекција, го бира најдобро рангираниот кандидат од конечната ранг-листа и во рок од три дена го предлага на директорот на установата.

(2) Во случај кога нема ниту еден кандидат од конечната ранг-листа од ставот (1) на овој член, Комисијата за селекција не подготвува предлог до директорот на установата, при што јавниот оглас се повторува.

**Одлука за избор за вработување**

Член 58-и

(1) Директорот на установата, во рок од пет дена по добивањето предлогот од членот 58 ј став (2) од овој закон е должен да донесе одлука за избор.

(2) Одлуката за избор се доставува до избраниот кандидат.

(3) Против одлуката од ставот (1) на овој член незадоволниот кандидат има право во рок од осум дена да поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**Донесување на решение за вработување**

Член 58-ј

(1) Во рок од пет дена од конечноста на одлуката за избор, директорот на установата носи решение, односно склучува договор за вработување на неопределено време.

(2) На избраниот кандидат му се врачува решението, односно договорот му се обезбедува пристап до актите за внатрешна организација и систематизација на институцијата, до Кодексот за однесување на службените лица во извршувањето на работните задачи, до законите и подзаконските акти од областа на надлежност на установата и други релевантни акти, за што припадникот на затворската полиција потпишува потврда за прием која се чува во неговото досие.

(3) Формата и содржината на јавниот оглас, начинот на докажување на општите и посебните услови за пополнување на работните места, соодветното бодување на меѓународно признатите сертификати, начинот на спроведување на административната селекција, испитите, проверката на веродостојност на докази и интервјуто, тестот на личност, како и начинот на нивното бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категориите на работни места, како и други прашања во врска со постапката на селекција ги пропишува министерот за правда.

**Унапредување на припадниците на затворската полиција**

Член 58-к

(1) Постапката на унапредување има за цел да им овозможи на припадниците на затворската полиција кариерно напредување, односно преминување од пониски, на повисоки работни места.

(2) При постапката на унапредување се почитува начелото за соодветна и правична застапеност.

(3) За започнување на постапка за унапредување на припадникот на затворската полиција, директорот на установата до организационата единица надлежна за управување со човечки ресурси во установата, доставува барање за започнување на постапка за унапредување на припадникот на затворската полиција, во кое го назначува нивото и описот на работно место кое се предлага за пополнување.

(4) Доколку установата има добиено известување за обезбедени финансиски средства, организационата единица надлежна за управување со човечки ресурси, објавува интерен оглас за унапредување.

(5) На интерниот оглас може да се јави припадник на затворската полиција, вработен во истата установа, кој ги исполнува општите и посебните услови за пополнување на работното место пропишани за соодветното ниво во овој закон и во актот за систематизација, како и:

- да е оценет со оценка „особено се истакнува" или „се истакнува“ при последното оценување,
- да е на работно место на непосредно пониско ниво од работното место за кое е објавен интерниот оглас,
- да поминал најмалку две години на тековното работно место и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

Член 58-л

(1) Директорот на установата, формира Комисија за селекција за унапредување.

(2) Комисијата од ставот (1) на овој член е составена од тројца припадници на затворската полиција и тоа претседател и два члена, и нивни заменици.

(3) Во рок од три дена од добивањето на предлогот за избор, директорот на установата е должен да донесе одлука за избор.

(4) Одлуката за избор од ставот (3) на овој член се доставува до кандидатите за унапредување.

(5) Ако во рокот од ставот (3) на овој член директорот на установата донесе одлука за не вршење на избор, во истата е должен да ги наведе причините за нејзиното донесување.

(6) Интерниот оглас може да се повтори пред да се донесе одлука за објавување на јавен оглас.

(7) Против одлуката од ставот (5) на овој член незадоволниот кандидат има право во рок од осум дена да поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

(8) Директорот на установата во рок од пет дена по конечноста на одлуката, донесува решение за унапредување на припадникот на затворската полиција.

(9) Формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на документите и доказите за исполнување на условите содржани во огласот, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодување и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас ги пропишува министерот за правда.

Член 58-љ

(1) Припадникот на затворската полиција со негова согласност може да се вработи без јавен оглас од една во друга установа, ако за тоа се согласат директорите на установите, по претходна согласност од Управата.

(2) Слободно работно место во затворската полиција може да се пополни со преземање и распоредување од орган на државната управа, државен орган и други институции без јавен оглас, доколку ги исполнува општите и посебните услови за работното место, а по претходно добиено писмено известување за обезбедените средства за вработување од Министерството за финансии.

**Дисциплинска одговорност на припадниците на затворската полиција**

Член 58-м

(1) Припадникот на затворската полиција е лично одговорен за вршењето на работите и работните задачи од работното место.

(2) За повреда на службената должност припадникот на затворската полиција одговара дисциплински.

(3) Одговорноста за сторено кривично дело, односно прекршок не ја исклучува дисциплинската одговорност на припадникот на затворската полиција.

**Видови на дисциплинска одговорност**

Член 58-н

Припадникот на затворската полиција одговара дисциплински за дисциплинска неуредност и дисциплински престап.

**Дисциплинска неуредност**

Член 58-њ

Дисциплинската неуредност претставува полесна повреда на работната дисциплина, работните задачи, угледот на установата или на припадникот на затворската полиција, и тоа:

- непочитување на работното време, распоредот и користењето на работното време,
- неуредно чување на службените списи и податоци,
- недоаѓање на работа два работни дена во текот на една календарска година без оправдување,
- неносење на службена опрема во текот на работното време,
- неизвршување, несовесно, ненавремено или небрежно вршење на работните задачи со полесни последици од повредата,
- непристојно однесување на припадникот на затворската полиција при вршење на работа и работни задачи со полесни последици од повредата,
- недомаќинско користење и употреба на доверените финансиски средства и средствата за работа,
- неоправдано неизвестување на непосредно претпоставениот припадник на затворската полиција за спреченоста за недоаѓање на работа во рок од три часа и
- одбивање на стручно оспособување и усовршување на кое припадникот на затворската полиција се упатува.

**Дисциплински престап**

Член 58-о

Дисциплински престап претставува потешка повреда на службената должност, работната дисциплина, угледот на установата или угледот на припадникот на затворската полиција, и тоа:

1) неизвршување, несовесно, ненавремено или небрежно вршење на работните задачи;

2) непристојно однесување на припадникот на затворската полиција при вршење на работа и работни задачи;

3) искажување и застапување на политичко уверување во вршењето на работните задачи, учество во изборни активности или други јавни настапи од таков карактер во текот на работното време, доведување во прашање на својот статус на припадник на затворската полиција со вршење на партиски активности, носење или истакнување на партиски симболи во работните простории на установата;

4) одбивање на давање или давање на неточни податоци на институциите, односно на граѓаните и правните лица, доколку давањето на податоци е утврдено со закон;

5) незаконито располагање со материјалните и финансиските средства;

6) одбивање на вршење на работни задачи поврзани со работното место на кои е распореден;

7) одбивање на наредба за извршување на работни задачи поврзани со работата на установата издадени од непосредно претпоставениот припадник на затворската полиција и директорот на установата;

8) непреземање или нецелосно преземање на пропишаните мерки за осигурување на безбедноста на доверените предмети во работа;

9) предизвикување на материјална штета со намера или од крајно невнимание;

10) повторување на дисциплинска неуредност повеќе од два пати во тековната година;

11) примање на подароци или друг вид на корист;

12) злоупотреба на статусот на припадник на затворска полиција или пречекорување на овластувањата во вршењето на работата и работните задачи;

13) злоупотреба на доверените овластувања во вршењето на работните задачи;

14) злоупотреба на боледување;

15) злоупотреба на лични податоци;

16) злоупотреба на доверливи податоци;

17) оддавање класифицирана информација со степен на тајност утврдена со закон;

18) внесување и употреба, како и работење под дејство на алкохол или наркотични средства;

19) непридржување кон прописите за заштита од болест, безбедност и здравје при работа, пожар, експлозија, штетно дејствување на отрови и други опасни материи и на прописите за заштита на животната средина;

20) поставување на личен финансиски интерес во судир со положбата и статусот на припадникот на затворската полиција;

21) навредливо или насилничко однесување на работното место;

22) непостапувањето по обврската за оценување на припадникот на затворската полиција;

23) навредливо или насилничко однесување на припадникот на затворската полиција и

24) однесување спротивно на одредбите од Кодексот за однесување на службените лица во извршувањето на работните задачи во казнено-поправните и воспитно-поправните установи.

**Дисциплински мерки**

Член 58-п

(1) Со одлука за утврдена дисциплинска неуредност на припадникот на затворската полиција може да му се изрече една од следниве дисциплински мерки:

- писмена опомена и
- парична казна во висина од 20% од висината на едномесечниот износ на нето-платата исплатена во последниот месец пред дисциплинска неуредност, во траење од еден до три месеци.

(2) Со одлука за утврден дисциплински престап на припадникот на затворската полиција може да му се изрече една од следниве дисциплински мерки:

- парична казна во висина од 30% од висината на едномесечниот износ на нето платата исплатена во последниот месец пред дисциплинскиот престап во траење од еден до шест месеци,
- распоредување на работно место во непосредно пониско ниво и
- престанок на работниот однос кога настапиле штетни последици за установата, а притоа не се утврдени олеснителни околности за припадникот на затворската полиција кој го сторил престапот.

(3) При изрекување на дисциплинските мерки од ставовите (1) и (2) на овој член се земаат предвид тежината на повредата, последиците од повредата, степенот на одговорноста на припадникот на затворската полиција, околностите под кои е сторена повредата, неговото поранешно однесување и вршењето на работите, како и други олеснителни и отежителни околности кои се од значење за изрекување на дисциплинската мерка.

(4) Збирот на паричните казни изречени на припадникот на затворската полиција во еден месец за дисциплинска неуредност, дисциплински престап и намалувањето на плата заради слаб учинок не може да надмине 30% од износот на неговата вкупна нето-плата за тој месец.

**Изрекување на дисциплинска мерка**

Член 58-р

(1) Дисциплинските мерки против припадникот на затворската полиција за дисциплинска неуредност ги изрекува директорот на установата, во рок од седум дена од денот на добиениот писмен извештај од претпоставениот припадник на затворската полиција.

(2) Пред изрекување на мерката припадникот на затворската полиција се известува писмено за наводите што постојат против него и тој има можност во рок од три дена да даде писмен одговор на извештајот од ставот (1) на овој член.

(3) Против одлуката од ставот (1) на овој член незадоволниот припадник на затворската полиција има право во рок од осум дена да поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка од работен однос во втор степен.

**Дисциплинска постапка по дисциплински престап**

Член 58-с

(1) Директорот на установата со решение формира Комисија за водење на дисциплинска постапка за дисциплински престап (во натамошниот текст: дисциплинска комисија), во рок од осум дена од денот на поднесување на предлогот за покренување на дисциплинска постапка во кој задолжително се содржани причините за поведување на постапката.

(2) Дисциплинската комисија е составена од претседател, шест члена и нивни заменици.

(3) Претседател на дисциплинската комисија е раководен припадник на затворската полиција, а членови се припадници на затворската полиција, од кои еден е претставник на синдикатот доколку таков е вработен во установата.

(4) Доколку во установата нема раководни припадници на затворската полиција, претседател може да биде друг припадник на затворската полиција.

(5) Доколку во установата нема доволен број на припадници на затворската полиција, претседателот и членовите се определуваат од редот на другите вработени.

(6) Претседателот е должен најдоцна во рок од 20 дена од денот на формирање на дисциплинската комисија да свика седница, за која уредно ги поканува членовите и припадникот на затворската полиција против кој е поведена постапката, десет дена пред денот на одржување на седницата.

(7) На седницата ќе се изведат доказите и припадникот на затворската полиција против кој е поведена постапката лично ќе се произнесе по наводите во предлогот за покренување на дисциплинска постапка, а доколку од оправдани причини не може да присуствува на седницата писмено ќе се произнесе, и ќе приложи документација, односно докази со кои ќе го оправда отсуството.

(8) Доколку припадникот на затворската полиција против кој е поведена постапката лично или писмено не се произнесе по наводите во предлогот за покренување на дисциплинска постапка, дисциплинската комисија ќе ја спроведе дисциплинската постапка без неговото произнесување.

(9) Дисциплинската комисија, по изведувањето на доказите и произнесувањето на припадникот на затворската полиција против кој е поведена постапката, со мнозинство гласови преку тајно гласање се изјаснува за дисциплинската одговорност на припадникот на затворската полиција.

(10) Доколку дисциплинската комисија утврди дека припадникот на затворската полиција не е одговорен му предлага на директорот на установата, да го отфрли предлогот, за што директорот на установата во рок од три дена е должен да донесе решение за отфрлање на предлогот.

(11) Доколку дисциплинската комисија утврди дека припадникот на затворската полиција е одговорен, претседателот и секој од членовите на дисциплинската комисија тајно гласаат за една од трите дисциплински мерки од членот 58-п став (2) од овој закон, по што онаа дисциплинска мерка која има најмногу гласови се смета за усвоена.

(12) Доколку две дисциплински мерки од членот 58-п став (2) од овој закон имаат еднаков број на гласови, кој е поголем од бројот на гласови од третата дисциплинска мерка, тајното гласање се повторува за тие две мерки, а за усвоена се смета онаа мерка која добила мнозинство гласови.

(13) По усвојување на дисциплинската мерка, истата му се предлага на директорот на установата, кој во рок од три дена е должен да донесе решение за изрекување на дисциплинска мерка.

(14) Доколку како дисциплинска мерка биде изречена парична казна согласно со членот 58-п став (2) алинеја 1 од овој закон директорот на установата го определува времетраењето на дисциплинската мерка.

(15) Доколку директорот на установата изрече дисциплинска мерка различна од онаа која му е предложена од дисциплинската комисија согласно со ставот (15) на овој член, е должен истата особено да ја образложи со наведување на причините поради кои изрекол мерка различна од предложената.

(16) Претседателот и членовите на дисциплинската комисија не може да бидат воздржани при гласањето за утврдување на дисциплинска одговорност и за изрекување на дисциплинска мерка.

(17) Решението за отфрлање на предлогот од ставот (12) на овој член, односно решението за изрекување на дисциплинска мерка од ставот (15) на овој член се врачува лично на припадникот на затворската полиција, по правило во работните простории на установата во која припадникот на затворската полиција работи, односно на адреса на живеалиштето односно престојувалиштето од кое припадникот на затворската полиција секојдневно доаѓа на работа.

(18) Ако припадникот на затворската полиција не може да се пронајде на адресата на живеалиштето, односно престојувалиштето или ако го одбие врачувањето, решението се објавува на огласната табла во установата. По изминувањето на осум работни дена од денот на објавувањето на огласната табла се смета дека врачувањето е извршено.

(19) Начинот на водењето на дисциплинската постапка и образецот за тајното гласање го пропишува министерот за правда.

(20) Против решението од ставот (15) на овој член незадоволниот припадник на затворската полиција има право во рок од осум дена да поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка од работен однос во втор степен.

**Право на поднесување на иницијатива за дисциплинска постапка и застареност на поведување**

Член 58-т

(1) Секој припадник на затворската полиција и друго вработено лице во установата, во согласност со овој закон, има право да поднесе иницијатива за покренување на дисциплинска постапка против припадникот на затворската полиција која треба да биде образложена.

(2) Предлог за покренување на дисциплинска постапка против припадникот на затворската полиција поднесува непосредно претпоставениот раководител, заповедникот или директорот на установата.

(3) Предлогот од ставот (2) на овој член се доставува до припадникот на затворската полиција против кого е покрената дисциплинската постапка и синдикалната организација доколку е член.

(4) Дисциплинската постапка не може да се поведе ако поминале еден месец од денот кога непосредно претпоставениот раководител, заповедникот или директорот на установата, дознал за повредата на службената должност.

(5) Дисциплинската постапка не може да се поведе ако поминале три месеци од денот кога е сторена повредата на службената должност, освен кога дисциплинската постапка се поведува по наод на внатрешна ревизија за што рокот на застареност е една година.

(6) Ако повредата на службената должност повлекува и кривична одговорност, дисциплинската постапка за утврдување на одговорноста на припадникот на затворската полиција застарува во рок од две години од денот на дознавањето за повредата.

**Извршување на парична казна**

Член 58-ќ

(1) Задршката од плата, на име изречени парични казни на припадникот на затворската полиција за сторена дисциплинска неуредност или дисциплински престап, во текот на еден месец не може да надмине една третина од износот на неговата вкупна нето-плата за тој месец.

(2) Ако на вработениот припадник на затворската полиција, му престане работниот однос во установата во која му била изречена парична казна, наплатата на изречената парична казна, по барање на установата во којашто казната е изречена, ќе ја спроведе новиот работодавач или надлежен орган во постапка утврдена со закон.

**Суспензија**

Член 58-у

(1) Припадникот на затворската полиција може да биде суспендиран од установата врз основа на решение на директорот на установата, а по предлог на непосредно претпоставениот раководител.

(2) Припадникот на затворската полиција може да биде суспендиран од установата, во случаи кога против него е покрената кривична постапка за кривично дело сторено на работа или во врска со работата или е покрената дисциплинска постапка за дисциплински престап, а повредата е од таква природа што неговото натамошно присуство во установата додека трае постапката штетно ќе се одрази врз установата, односно ќе го осуети или оневозможи утврдувањето на одговорноста за дисциплински престап.

(3) Суспензијата од ставот (2) на овој член трае до донесувањето на правосилното решение.

**Надоместок за причинета штета при материјална одговорност на припадниците на затворската полиција**

Член 58-ф

(1) Припадникот на затворската полиција, кој на работа или во врска со работата, намерно или од крајна небрежност ќе предизвика штета на установата, одговорен е за настанатата штета и е должен да ја надомести.

(2) Директорот на установата, со решение формира Комисија за утврдување на материјална одговорност на припадникот на затворската полиција.

(3) Комисијата од ставот (2) на овој член е составена од три члена и нивни заменици.

(4) Претседател на комисијата е раководен припадник на затворската полиција, а членови се двајца припадници на затворската полиција на исто ниво како припадникот на затворската полиција против кого се води постапка за утврдување на материјална одговорност.

(5) Комисијата од ставот (2) на овој член ја утврдува материјалната одговорност за постоење на сторена материјална штета, нејзината висина и начинот на сторување, кој ја предизвикал штетата и кој ќе ја надомести.

(6) Комисијата од ставот (2) на овој член за утврдената фактичка состојба поднесува извештај директорот на установата донесува одлука за надомест на штета.

(7) Против одлуката од ставот (6) на овој член незадоволниот припадник на затворската полиција има право во рок од осум дена да поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка од работен однос во втор степен.

**Постапка за утврдување на материјална одговорност**

Член 58-х

(1) Предлог за покренување на постапка за утврдување на материјална одговорност против припадникот на затворската полиција поднесува непосредно претпоставениот раководител, односно директорот на установата.

(2) Постапката за утврдување на материјална одговорност не може да се поведе, ако поминале 30 дена од денот кога непосредно претпоставениот раководител односно директорот на установата дознал за тоа, освен кога постапката се поведува по наод на внатрешна ревизија за што рокот на застареност е една година.

(3) Постапката за утврдување на материјална одговорност не може да се поведе, ако од денот кога е сторена материјалната штета поминала една година.

(4) Постапката за утврдување на материјална одговорност не може да се води подолго од 60 дена, сметано од денот на донесувањето на решението за формирање на Комисијата од членот 58-ц став (2) од овој закон.

(5) Против припадникот на затворската полиција, кој во рок од 60 дена од конечноста на одлуката за надоместок на штета не ја надомести штетата, установата поведува постапка пред надлежниот основен суд.

(6) Директорот на установата, може целосно или делумно да го ослободи припадникот на затворската полиција од надоместување на штетата, доколку таа не е сторена со намера или доколку со исплата на надоместок за настанатата штета се загрозува егзистенцијата на припадникот на затворската полиција и неговото семејство или во други случаи утврдени со колективен договор.

(7) Начинот на водењето на постапка за уредување на материјална одговорност, како и формата и содржината на решението за надоместок на штета ги пропишува министерот за правда.

**Надоместок за претрпена штета**

Член 58-ц

(1) Ако припадникот на затворската полиција претрпи штета на работа или во врска со работата, установата е должна да му ја надомести штетата согласно со одредбите од Законот за облигационите односи.

(2) Установата е должна да ја надомести материјалната штета што припадникот на затворската полиција во вршењето на работите и работните задачи ја предизвикал кон трети лица.

**Доставување на извештај за изречени мерки**

Член 58-ч

(1) Директорот на установата е должен до Управата за извршување на санкциите да достави годишен извештај за изречените мерки за утврдена дисциплинска и материјална одговорност на припадниците на затворската полиција, најдоцна до 31 јануари во тековната година, за претходната.

(2) Содржината и формата на извештајот од ставот (1) на овој член ги пропишува директорот на Управата за извршување на санкциите.

Член 58-џ

(1) На припадникот на затворската полиција му престанува работниот однос:

- со спогодба,
- по негово барање,
- по сила на закон и
- во други случаи утврдени со овој и друг закон и колективен договор.

(2) На припадникот на затворската полиција му престанува работниот однос со спогодба, кога со директорот на установата ќе склучи писмена спогодба за престанок на работниот однос.

(3) На припадникот на затворската полиција му престанува работниот однос во установата, ако поднесе писмено барање за престанок на работниот однос.

(4) Во случај на престанок на работниот однос по барање на припадникот на затворската полиција, отказниот рок трае 30 дена од денот на поднесувањето на барањето за престанок на работниот однос, освен ако со закон поинаку не е утврдено.

(5) На припадник на затворската полиција му престанува работниот однос по сила на закон, ако:

- ја загуби работната способност со денот на доставувањето на правосилното решение за утврдување на загубената работна способност,
- му престане државјанството на Република Македонија, со денот на доставувањето на решението за отпуст од државјанство на Република Македонија,
- биде осуден за кривично дело во врска со службената должност, со денот на правосилноста на пресудата,
- му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност, со денот на правосилноста на пресудата,
- поради издржување на казна затвор во траење подолго од шест месеци, со денот на започнувањето на издржување на казната,
- наврши 64 години старост,
- неоправдано отсуствува од работа најмалку три работни дена последователно во еден месец,
- се утврди дека при вработувањето премолчил или дал невистинити податоци во однос на општите и посебните услови за вработување,
- во рок од три работни дена не се врати на работа по завршувањето на неплатеното отсуство поради стручното оспособување или усовршување,
- органот на државната управа, надлежен за инспекциски надзор, во рок од една година утврди дека вработениот е вработен спротивно на одредбите од овој закон и
- други услови согласно со овој закон и посебните закони.

(6) Решението за престанок на работниот однос на припадникот на затворската полиција го донесува директорот на установата.

(7) Решението за престанок на работниот однос се врачува лично на припадникот на затворската полиција, по правило во работните простории на установата во која работи, односно на адреса на неговото живеалиште, односно престојувалиште.

(8) Ако припадникот на затворската полиција не може да се пронајде на адресата на живеалиштето, односно престојувалиштето или ако го одбие врачувањето, решението се прикачува на огласната табла во установата и по изминувањето на осум дена од денот на огласувањето се смета дека врачувањето е извршено.

(9) Против решението од ставот (6) на овој член припадникот на затворската полиција има право во рок од осум дена да поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Член 58-ш

(1) Евиденција и регистар на припадниците на затворската полиција води Управата за извршување на санкциите.

(2) Установата е должна секој податок за настанатата промена во податоците на вработените во затворската полиција во рок од 15 дена од настанатата промена да го достави до Управата за извршување на санкциите, заради внесување на податоците во Регистарот на вработените во јавниот сектор.“

Член 8

Во членот 63 ставот (2) се брише.

Член 9

По членот 63 се додаваат десет нови члена 63-а, 63-б, 63-в, 63-г, 63-д,63-ѓ, 63-е, 63-ж, 63-з и 63-ѕ, кои гласат:

**“Плата и надоместоци на плата на затворската полиција**

Член 63-а

(1) Припадникот на затворската полиција има право на плата и надоместоци на плата под услови и критериуми утврдени со овој закон, ако со посебен закон и колективен договор поинаку не е уредено.

(2) Платите и надоместоците на плати на припадниците на затворската полиција се обезбедуваат во Буџетот на Република Македонија.

(3) Платите на припадниците на затворската полиција се пресметуваат во бруто износ, а се исплатуваат во нето паричен износ еднаш месечно во тековниот месец за претходниот месец.

(4) Придонесите и персоналниот данок од доход на припадниците на затворската полиција ги плаќа установата со исплата на платата во согласност со закон.

(5) Установата е должна да води евиденција на платите, додатоците на платите, надоместоците на платите и исплатените придонеси од плата и персоналниот данок од доход и за нив на припадникот на затворската полиција му издава потврда дека се исплатени, најдоцна до 1 февруари во тековната година, а за претходната година.

**Компоненти на плата:**

**Основна и исклучителна компонента**

Член 63-б

(1) Платата на административниот службеник се состои од следниве компоненти:

- основна компонента и
- исклучителна компонента.

(2) Основната компонента на плата ја сочинуваат:

- дел на плата за степен на образование,
- дел на плата за ниво и
- дел на плата за стаж.

(3) Делот на плата за степенот на образование кое го стекнал припадникот на затворската полиција се вреднува на следниов начин:

| НИВО НА КВАЛИФИКАЦИИ/ОБРАЗОВАНИЕ | БОДОВИ |
|---|---|
| Ниво на квалификации VI А, 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен | 200 |
| Ниво на квалификации VI Б или 180 кредити според ЕКТС | 175 |
| Ниво на квалификации V А, 60 до 120 кредити според ЕКТС или вишо образование | 150 |
| Ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четиригодишно средно образование | 100 |

(4) Делот на плата за нивото на кое е распореден административниот службеник се вреднува на следниов начин:

| НИВО | БОДОВИ |
|---|---|
| А1-раководен припадник на затворска полиција од прво ниво | 496 |
| А2 - раководен припадник на затворска полиција од второ ниво | 406 |
| А3 - раководен припадник на затворска полиција од трето ниво | 346 |
| А4 - раководен припадник на затворска полиција од четврто ниво | 281 |
| Б1 - стручен припадник на затворска полиција од прво ниво | 246 |
| Б2 - стручен припадник на затворска полиција од второ ниво | 231 |
| Б3 - стручен припадник на затворска полиција од трето ниво | 201 |
| В1 - помошно-стручен припадник на затворска полиција од прво ниво | 196 |
| В2 - помошно-стручен припадник на затворска полиција од второ ниво | 181 |
| В3 - помошно-стручен припадник на затворска полиција од трето ниво | 166 |
| В4 - помошно-стручен припадник на затворска полиција од четврто ниво | 146 |

(5) Делот на плата за работниот стаж на припадникот на затворската полиција се вреднува во износ од 0,5% од деловите на платата за степен на образование и за ниво, за секоја навршена година работен стаж, а најмногу до 20%.

(6) Вредноста на бодот за платите на припадниците на затворската полиција се утврдува секоја година со одлука на Владата на Република Македонија на предлог на министерот за правда, по претходно добиено мислење од Министерството за финансии, која се донесува во рок од десет дена од денот на влегувањето во сила на Буџетот на Република Македонија.

(7) Исклучителната компонента ја сочинуваат:

- додаток на плата за посебни услови за работа,
- дотаток на плата заради приспособување кон пазарот на трудот и/или
- додаток на плата за ноќна работа, работа во смени и прекувремена работа.

**Додаток на плата за посебни услови за работа**

Член 63-в

Припадникот на затворската полиција има право на додаток на платата за посебни услови за работа и за работа изложена на ризик во висина до 30% од износот на основната плата.

**Додаток на плата заради присоисобување кон пазарот на трудот**

Член 63-г

(1) Припадникот на затворската полиција има право на додаток на плата за заради приспособување кон пазарот на трудот, за што Министерството за правда во соработка со Министерството за финансии и Министерството за труд и социјална политика, може да побара од Владата да одобри додаток на плата.

(2) Барањето за одобрување на додатокот од ставот (3) на овој член треба да биде засновано на анализа која ќе покаже дека:

- платите на пазарот на трудот за таквите работни места се значително повисоки од платите на припадниците на затворската полиција кои извршуваат исти работи; (нема потреба да стои),
- вработувањето е отежнато или стапката на напуштање на работните места е неприфатливо висока,
- пазарот на трудот нуди ограничен број на квалификувани поединци за таквата работа или
- припадниците на затворската полиција биле подложени на повеќегодишно стручно усовршување и нивното напуштање на работното место би предизвикало големи фискални импликации по установата.

(3) Доколку Владата врз основа на анализата од ставот (2) на овој член, оцени дека додатокот на плата ќе го постигне саканиот ефект на вработливост и задржливост, ќе донесе одлука со која ќе го утврди износот на додатокот и датумот од кој истиот ќе влезе во сила.

**Додаток на плата за ноќна работа, работа во смени и прекувремена работа**

Член 63-д

(1) Припадникот на затворската полиција има право на додаток на плата за:

- ноќна работа,
- работа во смени,
- работа за време на неделен одмор,
- работа за време на празници утврдени со закон и
- работа подолго од полното работно време.

(2) Додатокот на плата за ноќна работа по час се вреднува во износ од 35% од износот на основната плата по час.

(3) Додатокот на плата за работа во смени по час се вреднува во износ од 5% од износот на основната плата пресметана по час.

(4) Припадникот на затворската полиција кој бил ангажиран да работи согласно со условите во ставот (1) алинеи 3, 4 и 5 на овој член има право на онолку слободни часови, односно денови, колку што бил ангажиран за работата надвор од редовното работно време.

(5) Слободните часови, односни денови од тековниот месец, припадникот на затворската полиција ги користи до крајот на наредниот месец, по месецот во кој бил ангажиран.

(6) Доколку на припадникот на затворската полиција не му се обезбеди користење на слободни часови, односно денови согласно со ставот (5) на овој член, му се исплатува додаток на плата во износ од 35% од износот на основната плата, пресметана по час.

(7) Додатоците на плата од ставот (1) на овој член, меѓусебно не се исклучуваат.

(8) Евидентирањето на работните часови поминати на работа под услови утврдени во ставот (1) на овој член се врши согласно со закон.

(9) Директорот на Управата за извршување на санкциите донесува Упатство за начинот на евидентирање на реализирани часови на работа, работа подолга од полното работно време, ноќна работа, работа во недела, работа за време на празник и работи во смени, како и пополнување на месечните списоци за евиденција на работните часови на затворската полиција.

**Други надоместоци на плата**

Член 63-ѓ

(1) Припадникот на затворската полиција има право на надоместоци на плата и други надоместоци согласно со овој закон и општите прописи за работни односи, и тоа:

- за патни, дневни и други трошоци за службени патувања во земјата и во странство,
- за трошоци за користење на возила во лична сопственост за службени цели,
- за трошоци за погреб во случај на смрт на припадникот на затворската полиција или член на неговото потесно семејство (брачниот другар и децата родени во брак или надвор од брак, посиноците, посвоените деца и деца земени на издржување),
- за штета при елементарни непогоди и
- за трошок при подолго боледување на припадникот на затворската полиција.

(2) Висината на надоместоците од ставот (1) на овој член за секоја година се утврдуваат со Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија.

**Надоместок за време на привремена неспособност за работа**

Член 63-е

(1) Ако кај припадникот на затворската полиција настапи привремена неспособност за работа има право на надоместок на плата во висина утврдена согласно со закон.

(2) Висината на надоместокот од ставот (1) на овој член за секоја година се утврдува со Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија.

**Плата за време на годишен одмор или специјализирана обука**

Член 63-ж

За време на користење на годишен одмор или специјализирана обука за стручно усовршување, припадникот на затворската полиција има право на плата во висина на платата што би ја примил во тековниот месец кога би бил на работа, без додатокот на плата по основа на членот 63-в од овој закон.

**Плата за време на суспензија**

Член 63-з

Припадникот на затворската полиција кој врз основа на решение е суспендиран од установата, за времетраење на суспензијата има право на плата во износ од 60% од платата што ја примил за последниот месец пред донесување на решението за суспензија.

**Плата за време на штрајк**

Член 63-ѕ

За време на штрајк припадникот на затворската полиција има право на плата во висина од 60% од платата што ја примил претходниот месец.“

Член 10

По членот 67 се додаваат 11 нови члена 67-а, 67-б, 67-в, 67-г, 67-д, 67-ѓ, 67-е, 67-ж, 67-з, 67-ѕ, и 67-и, кои гласат:

**“Стручно усовршување и обуки на припадниците на затворската полиција**

Член 67-а

(1) Припадникот на затворската полиција има право и обврска, во текот на годината стручно да се усовршува врз основа на индивидуалниот план за стручно усовршување, како и должност да го пренесе стекнатото знаење на другите припадници на затворската полиција.

(2) Планот од ставот (1) на овој член е дел од системот за управувањето со учинокот на припадниците на затворската полиција. Во планот за стручно усовршување на припадникот на затворската полиција можат да бидат предвидени обуки и менторство.

(3) Обуките за стручно усовршување на припадниците на затворската полиција можат да бидат генерички и специјализирани.

(4) Генеричките обуки се вршат заради стручно усовршување на припадниците на затворската полиција за подобрување на стручните компетенции.

(5) Специјализираните обуки се вршат заради стручно усовршување на припадниците на затворската полиција во однос на посебните компетенции.

(6) За изработка и спроведување на генеричките обуки се обезбедуваат средства од буџетот на Управата за извршување на санкциите, а за спроведување на специјализираните обуки од сопствениот буџет на установите.

(7) Меѓусебните права и обврски на установата и припадникот на затворската полиција кој е упатен на специјализирана обука за потребите на установата, се уредуваат со писмен договор во кој се утврдува точниот датум до кој припадникот на затворската полиција не може да побара престанок на работниот однос, како и неговата материјална одговорност сразмерна на средствата потрошени за реализација на обуката, доколку по негова вина или на негово барање му престане работниот однос пред утврдениот датум.

**Годишен план за обуки на припадниците на затворската полиција**

Член 67-б

(1) Управата за извршување на санкциите, подготвува годишен план за обуки на сите припадници на затворската полиција во казнено-поправните и воспитно-поправните установи, по претходно добиено мислење од установите и го донесува најдоцна до 31 декември во тековната година за наредната.

(2) Директорите на установите се должни да постапуваат согласно со годишниот план за обуки.

**Менторство**

Член 67-в

(1) Менторство е метод на пренесување на знаења и вештини меѓу припадниците на затворската полиција и истото може да биде советодавно или практично.

(2) Советодавното менторство е пренесување на знаења и вештини преку конкретни совети на менторот, и се врши заради развој на општите компетенции на вработениот.

(3) Практичното менторство се остварува преку набљудување на работата на менторираниот припадник на затворската полиција, постојани консулатции и преку практична работа и се врши заради развој на посебните компетенции на вработениот.

(4) Ментор може да биде секој припадник на затворската полиција кој е распореден на работно место на повисоко ниво од припадникот на затворската полиција кој е менториран и кој завршил обука за ментор.

(5) Секоја установа води база на ментори.

(6) Менторот и менторираниот припадник на затворската полиција, по успешно завршеното менторство, подготвуваат изјави за завршено менторство.

(7) Управата за извршување на санкциите води Регистар за ментори кој содржи податоци за менторот (име и презиме, работна позиција и казнено-поправна или воспитно-поправна установа), а кој е јавно објавен на веб страницата на Министерството за правда-Управа за извршување на санкциите.

(8) Начинот на вршење на менторската работа ја пропишува министерот за правда.

**Управување со учинокот на припадниците на затворската полиција**

Член 67-г

(1) Установите воспоставуваат систем за управување со учинокот на припадниците на затворската полиција.

(2) Системот од ставот (1) на овој член го сочинуваат: утврдување на работните цели и задачи, утврдување на индивидуалниот план за стручно усовршување, како и постапка за оценување на учинокот на припадникот на затворската полиција.

Член 67-д

(1) Работните цели и задачи на припадникот на затворската полиција се утврдуваат врз основа на стратешкиот план и/или согласно со годишната програма за работа на установата.

(2) Работните цели и задачи на припадникот на затворската полиција треба да бидат јасни, прецизни, мерливи и со утврдена временска рамка за извршување.

(3) Работните цели и задачи се утврдуваат од страна на непосредно претпоставениот припадник на затворската полиција во соработка со припадникот на затворската полиција на крајот на постапката на оценување на работните достигнувања, во декември во тековната година за наредната.

Член 67-ѓ

(1) Во индивидуалниот план за стручно усовршување се утврдува потребата за стручно усовршување на припадникот на затворската полиција, заради ефикасно извршување на утврдените работни цели и задачи и потребата од развој и унапредување на работните компетенции.

(2) Индивидуалниот план за стручно усовршување се утврдува од страна на претпоставениот припадник на затворската полиција, во соработка со припадникот на затворската полиција, по поставувањето на работните цели и задачи.

Член 67-е

(1) Непосредно претпоставениот припадник на затворската полиција е должен континуирано да го следи учинокот на припадникот на затворската полиција во текот на целата година и по потреба да предлага мерки за подобрување на истиот.

(2) Како дел од процесот на континуирано следење на учинокот на припадникот на затворската полиција, најдоцна до 31 мај во годината, се спроведува полугодишно интервју.

(3) По спроведување на полугодишното интервју се пополнува извештајот за полугодишно интервју, кој го потпишуваат припадникот на затворската полиција и неговиот непосредно претпоставен.

(4) Копија од извештајот од ставот (3) на овој член му се доставува на припадникот на затворската полиција.

- ILEC (ILEC) (Cambridge English: Legal) - së paku niveli B2 (B2),
- FCE (FCE) (Cambridge English: First) - të dhënë,
- BULATS (BULATS) - së paku 60 pikë ose
- APTIS (APTIS) - së paku niveli B2 (B2) dhe

2) ka të dhënë test psikologjik dhe test për integritet".

Paragrafët 2 dhe 3 bëhen paragrafë 4 dhe 5.

Neni 2

Drejtori i Agjencisë i emëruar deri në ditën e fillimit të zbatimit të këtij ligji vazhdon ta ushtrojë funksionin deri në kalimin e mandatit për të cilin është emëruar.

Neni 3

Dispozitat e nenit 1 të këtij ligji të cilat kanë të bëjnë me kushtin për njohje të gjuhës së huaj do të fillojnë të zbatohen pas dy vitesh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 4

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë", ndërsa do fillojë të zbatohet pas një viti nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

**1254.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВЈЕТО НА РАСТЕНИЈАТА**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за здравјето на растенијата,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 25 февруари 2014 година.

Бр. 07 – 1221/1
25 февруари 2014 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВЈЕТО НА РАСТЕНИЈАТА**

Член 1

Во Законот за здравјето на растенијата („Службен весник на Република Македонија“ број 29/2005, 81/2008, 20/2009, 57/10, 17/11, 148/11 и 69/13), во членот 78 ставот 3 се менува и гласи:

„Со Државната фитосанитарна лабораторија раководи директор, кој го именува и разрешува Владата на Република Македонија на предлог на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.“

По ставот 3 се додаваат два нови става 4 и 5, кои гласат:

„(4) За именување на директор се објавува јавен оглас во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Македонија од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

(5) За директор на Државната фитосанитарна лабораторија може да биде именувано лице кое:

1) е државјанин на Република Македонија;

2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

3) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование;

4 ) има минимум пет години работно искуство;

- поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:

-ТОЕФЕЛ (TOEFEL) - најмалку 74 бода,

- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,

- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво;,

-ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,

- БУЛАТС( BULATS) - најмалку 60 бода или

-АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2) и

5) има положено психолошки тест и тест за интегритет.“

Член 2

Директорот на Државната фитосанитарна лабораторија именуван до денот на започнувањето на примената на овој закон продолжува да ја врши функцијата до истекот на мандатот за кој е именуван.

Член 3

Одредбите од членот 1 од овој закон кои се однесуваат на условот за познавање на странски јазик ќе започнат да се применуваат по две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе започне да се применува една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

---

**L I GJ**
**PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR SHËNDETIN E BIMËVE**

Neni 1

Në Ligjin për shëndetin e bimëve („Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë“ numër 29/2005, 81/2008, 20/2009, 57/10, 17/11, 148/11 dhe 69/13), në nenin 78 paragrafi 3 ndryshohet si vijon:

"Me Laboratorin fitosanitar shtetëror udhëheq drejtori, të cilin e emëron dhe e shkarkon Qeveria e Republikës së Maqedonisë me propozim të ministrit të Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave."

Pas paragrafit 3 shtohen dy paragrafë të ri 4 dhe 5, si vijojnë:

"(4) Për emërimin e drejtorit Drejtori publikohet shpallje në së paku tri gazeta ditore, të cilat botohen në gjithë territorin e Republikës së Maqedonisë, prej të cilave njëra nga gazetat botohet në gjuhën që e flasin së paku 20% të qytetarëve që flasin gjuhë zyrtare të ndryshme nga gjuha maqedonase.

(5) Drejtor i Laboratorit shtetëror fitosanitar mund të emërohet personi i cili:

1) është shtetas i Republikës së Maqedonisë;

2) në momentin e emërimit me aktgjykim të plotfuqishëm njësor nuk i është shqiptuar dënim ose sanksion kundërvajtës ndalim i ushtrimit të profesionit, veprimtarisë ose detyrës;

3) ka marrë së paku 240 kredi sipas SETK ose të ketë kryer shkallën e arsimit VII/1;

4) ka minimum pesë vjet përvojë pune;

- posedon një nga certifikatat e pranuara ndërkombëtarisht për njohje aktive të gjuhës angleze jo më të vjetër se pesë vjet:

- TOEFEL (TOEFEL) - së paku 74 pikë,

- IELTS (IELTS) - së paku 6 pikë,

- ILEC (ILEC) (Cambridge English: Legal) - së paku nivelin B2 (B2);

- FCE (FCE) (Cambridge English First) - i dhënë,

- BULATS (BULATS) - së paku 60 pikë ose

- APTIS (APTIS) - së paku niveli (B2) dhe

5) ka të dhënë testin psikologjik dhe testin e integritetit."

Neni 2

Drejtori i Laboratorit shtetëror fitosanitar i emëruar deri në ditën e fillimit të zbatimit të këtij ligji vazhdon ta ushtrojë funksionin deri në skadimin e mandatit për të cilin është emëruar.

Neni 3

Dispozitat e nenit 1 të këtij ligji që kanë të bëjnë me kushtin për njohjen e gjuhës së huaj do të fillojnë të zbatohen pas dy vitesh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 4

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në „Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë“, ndërsa do të fillojë të zbatohet një vit nga dita e hyrjes në fuqi e këtij ligji.

**1255.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНАТА

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за безбедност на храната,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 25 февруари 2014 година.

Бр. 07 – 1222/1
25 февруари 2014 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНАТА

Член 1

Во Законот за безбедност на храната („Службен весник на Република Македонија“ број 157/10, 53/11 , 1/12, 164/13 и 187/13), во членот 18 по ставот (2) се додаваат два нови става (3) и (4), кои гласат:

„(3) За именување на директорот се објавува јавен оглас во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Македонија, од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

(4) За директор на Агенцијата за храна и ветеринарство може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

1) е државјанин на Република Македонија;

2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

3) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование;

4) има минимум пет години работно искуство;

5) поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:

- ТОЕФЕЛ (TOEFEL) - најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или
- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2( B2) и

6) да има положено психолошки тест и тест за интегритет.“

Член 2

Директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство именуван до денот на започнувањето на примената на овој закон продолжува да ја врши функцијата до истекот на мандатот за кој е именуван.

Член 3

Одредбите од членот 1 од овој закон кои се однесуваат на условот за познавање на странски јазик ќе започнат да се применуваат по две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе започне да се применува една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

---

## L I GJ
## PËR PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR SIGURI TË USHQIMIT

Neni 1

Në Ligjin për siguri të ushqimit („Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë“ numër 157/10, 53/11, 1/12, 164/13 dhe 187/13) në nenin 18 pas paragrafit (2) shtohen dy paragrafë të rinj (3) dhe (4), si vijojnë:

(3) Për emërim të drejtorit publikohet shpallje publike në së paku tri gazeta ditore të cilat botohen në tërë territorin e Republikës së Maqedonisë, nga të cilat njëra nga gazetat që botohet në gjuhën që e flasin së paku 20% e qytetarëve të cilët flasin gjuhë zyrtare të ndryshme nga gjuha maqedonase.

(4) Drejtor i Agjencisë për Ushqim dhe Veterinari mund të emërohet personi që i plotëson kushtet në vijim:

1) është shtetas i Republikës së Maqedonisë;

2) në momentin e emërimit me aktvendim të plotfuqishëm gjyqësor nuk i është shqiptuar dënim apo sanksion i kundërvajtjes ndalim për kryerje të profesionit, veprimtarisë apo detyrës;

3) ka marrë së paku 240 kredi sipas SETK apo ka mbaruar shkallën VII/1 të arsimit;

4) ka minimum pesë vjet përvojë pune;

5) posedon njërën nga certifikatat vijuese të njohura ndërkombëtarisht për njohje aktive të gjuhës angleze jo më të vjetër se pesë vjet:

- TOEFEL (TOEFEL) - së paku 74 pikë,
- IELTS (IELTS) - së paku 6 pikë,
- ILEC (ILEC) (Cambridge English: Legal) - së paku niveli B2 (B2),
- FCE (FCE) ((Cambridge English: First) - të dhënë,
- BULATS (BULATS) - së paku 60 pikë apo
- APTIS (APTIS) - së paku niveli B2 (B2) dhe

6) të ketë të dhënë testin psikologjik dhe testin për integritet."

Neni 2

Drejtori i Agjencisë për Ushqim dhe Veterinari i emëruar deri në ditën e fillimit të zbatimit të këtij ligji vazhdon ta kryejë funksionin deri në kalimin e mandatit për të cilin është emëruar.

Neni 3

Dispozitat e nenit 1 të këtij ligji që kanë të bëjnë me kushtin për njohjen e gjuhës së huaj do të fillojnë të zbatohen pas dy vitesh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 4

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në „Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë“, kurse do të fillojë të zbatohet një vit nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

**1256.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СЕМЕНСКИ И САДЕН МАТЕРИЈАЛ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ РАСТЕНИЈА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 25 февруари 2014 година.

Бр. 07-1223/1
25 февруари 2014 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СЕМЕНСКИ И САДЕН МАТЕРИЈАЛ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ РАСТЕНИЈА

Член 1

Во Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија („Службен весник на Република Македонија“ број 39/2006, 89/2008, 171/10, 53/11, 69/13 и 187/13), членот 27 се менува и гласи:

„(1) Увезениот семенски и саден материјал од видовите на земјоделски растенија може да се стави во трговија, доколку ги исполнува условите пропишани со овој закон и со Законот за здравјето на растенијата и доколку:

- прописите на земјата извозничка се еквивалентни на прописите на Република Македонија и доколку семенскиот и садниот материјал се произведени според тие прописи,

- семенскиот материјал од видовите на земјоделски растенија одгледувани во земјата извозничка е во согласност со меѓународните прописи за семе на OECD, испитуван е во согласност со методите на ISTA и е здравствено исправен според условите пропишани од IPPC и

- садниот материјал од видовите на земјоделски растенија одгледувани во земјата извозничка е во согласност со меѓународните прописи за здравје и квалитет на саден материјал и ги исполнува условите од Законот за здравјето на растенијата.

(2) Управата проверува по службена должност, во случај на сомневање или на барање на увозникот дали се исполнети условите за сертификација на семенски или саден материјал за земјоделски растенија кој е произведен во земјата извозничка и дали нејзините прописи на земјата се еквивалентни на прописите на Република Македонија.

(3) Увезениот семенски и саден материјал за да се стави во трговија мора да има и контролна марка - етикета со сериски број издадена од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Управа за семе и саден материјал.

(4) Снабдувачот е должен до Управата за семе и саден материјал, да поднесе барање за издавање на контролна марка - етикета, доказ за платен надоместок за издавање на контролна марка - етикета и потребни документи за дозвола на увоз.

(5) Контролните марки - етикети треба да се јасно видливи, читливи, неизбришливи и прицврстени или трајно втиснати на секое парче поединечно на начин што при отворањето на пакувањето ознаките видливо и трајно се оштетуваат.

(6) Со контролната марка - етикета од ставот (3) на овој член се потврдува дека увезениот семенски и саден материјал ги исполнува условите од ставот (1) на овој член.

(7) Формата, содржината на барањето за издавање на контролната марка - етикета, потребната документација, формата и содржината на контролната марка - етикета, како и начинот на издавањето на контролната марка - етикета ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(8) Надоместокот за издавањето на контролна марка - етикета е на товар на снабдувачот и се уплатува во Буџетот на Република Македонија.

(9) Висината на надоместокот за издавање на контролните марки - етикети се утврдува во висина на реално направените трошоци за печатење и чување на контролните марки - етикети.

(10) Висината на надоместокот од ставот (9) на овој член го определува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(11) Управата за семе и саден материјал води регистар за издадени контролни марки - етикети, а снабдувачот води евиденција во евидентна книга за искористени контролни марки - етикети.

(12) Формата, содржината, како и начинот на водење на регистарот и евидентната книга од ставот (11) на овој член ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(13) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ги пропишува одделните видови и категории на семенски и саден материјал и поблиските услови за ниven увоз утврдени во ставот (1) на овој член.“

Член 2

Подзаконските прописи утврдени со овој закон ќе се донесат во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 3

Одредбите од членот 1 од овој закон со кој се менува членот 27 ставови (3), (4), (5), (6), (7), (8), (9), (10), (11) и (12) ќе започнат да се применуваат од 1 јули 2014 година.

Член 4

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

---

## _ L I GJ
## PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR MATERIAL FAROR DHE PËR MBËLTIM PËR BIMË BUJQËSORE

Neni 1

Në Ligjin për material faror dhe për mbëltim për bimë bujqësore („Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë“ nr. 39/2006, 89/2008, 171/2010, 53/2011, 69/2013 dhe 187/2013), neni 27 ndryshon si vijon:

"(1) Materiali faror dhe për mbëltim nga lloje të bimëve bujqësore i importuar mund të lëshohet në tregti, nëse i plotëson kushtet e përcaktuara me këtë ligj dhe me Ligjin për shëndetin e bimëve nëse:

- rregullat e shtetit eksportues janë ekuivalente me rregullat e Republikës së Maqedonisë dhe nëse materiali faror dhe për mbëltim janë prodhuar sipas këtyre rregullave,

- material faror nga lloje të bimëve bujqësore të kultivuara në vendin eksportues është në pajtim me rregullat ndërkombëtare për farë të OECD, është analizuar në pajtim me rregullat ndërkombëtare për fara të ISTA dhe është i rregullt sipas kushteve të përcaktuara nga IPPC dhe

- material faror nga llojet e bimëve bujqësore të kultivuara në vendin eksportues është në pajtim me rregullat ndërkombëtare për shëndet dhe kualitet të materialit për mbëltim dhe i plotëson kushtet nga Ligji për shëndetin e bimëve.

(2) Drejtoria kontrollon, me detyrë zyrtare, në raste të dyshimit ose me kërkesë të importuesit nëse janë plotësuar kushtet për certifikimin e material faror dhe për mbëltim për bimë bujqësore i cili është prodhuar në vendin eksportues dhe nëse rregullat e tij të vendit janë ekuivalente me dispozitat e Republikës së Maqedonisë.

(3) Material faror dhe për mbëltim i importuar që të lëshohet në tregti doemos duhet të ketë edhe markë kontrolluese - etiketë me numër serik të lëshuar nga Ministria e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave - Drejtoria për material faror dhe më mbëltim.

(4) Furnizuesi është i obliguar që në Drejtorinë për material faror dhe për mbëltim të parashtrojë kërkesë për lëshimin e markës kontrolluese etiketës, dëshmi për kompensim të paguar për lëshimin e markës kontrolluese – etiketës dhe dokumente të nevojshme për leje të importit.

(5) Markat kontrolluese - etiketat duhet të jenë të dukshme qartë, të lexueshme, të pashlyeshme dhe të përforcuara ose me vulë të përhershme të shtypur në çdo pjesë veç e veç dhe në mënyrë që gjatë hapjes së paketimit shenjat qartë dhe krejtësisht dëmtohen.

(6) Me markën-etiketën kontrolluese nga paragrafi (3) i këtij neni përcaktohet se material faror dhe për mbëltim i importuar i plotëson kushtet nga paragrafi (1) i këtij neni.

(7) Formën, përmbajtjen e kërkesës për lëshimin e markës-etiketës kontrolluese, dokumentacionin e nevojshëm, formën dhe përmbajtjen e markës-etiketës kontrolluese, si dhe mënyrën e lëshimit të markës-etiketës kontrolluese i përcakton ministri i Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave.

(8) Kompensimin për lëshimin e markës-etiketës kontrolluese është në llogari të furnizuesit dhe paguhet në Buxhetin e Republikës së Maqedonisë.

(9) Lartësia e kompensimit për lëshimin e markave-etiketave kontrolluese përcaktohet në lartësi të shpezimeve të bëra reale për shtypjen dhe ruajtjen e markave-etiketave kontrolluese.

(10) Lartësinë e kompensimit nga paragrafi (9) i këtij neni e përcakton ministri i Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave.

(11) Drejtoria për material faror dhe për mbëltim mban regjistër për marka të lëshuara kontrolluese - etiketa, ndërsa furnizuesi mban evidencë në librin për evidenca për marka kontrolluese të shfrytëzuara.

(12) Formën, përmbajtjen, si dhe mënyrën e mbajtjes së regjistrit dhe librit evidentues nga paragrafi (11) i këtij neni, i përcakton ministri i Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave.

(13) Ministri i Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave i përcakton llojet dhe kategoritë e veçanta të materialit faror dhe për mbëltim dhe kushtet më të afërta për transportin e tyre të përcaktuara me paragrafin (1) të këtij neni."

Neni 2

Rregullat nënligjore të përcaktuara me këtë ligj do miratohen në afat prej tre muajsh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 3

Dispozitat nga neni 1 i këtij ligji me të cilin ndryshohet neni 27 paragrafët (3), (4), (5), (6), (7), (8), (9), (10), (11) dhe (12) do të fillojnë të zbatohen nga 1 korriku 2014.

Neni 4

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e botimit në „Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

---

**1257.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАМНОМЕРЕН РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за рамномерен регионален развој,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 25 февруари 2014 година.

Бр. 07-1224/1
25 февруари 2014 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАМНОМЕРЕН РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ**

Член 1

Во Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на Република Македонија" број 63/2007 и 187/13), во членот 22 став (2) точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите: „за време од четири години."

По ставот (2) се додаваат два нови става (3) и (4), кои гласат:

„(3) Директорот се избира по пат на јавен оглас, објавен во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Македонија од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

(4) За директор може да биде избрано лице кое ги исполнува следниве услови:

- да е државјанин на Република Македонија;

- да не му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност, за времетраење на мерката,

- да има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование;

- да има најмалку пет години работно искуство по дипломирањето;

- да поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати за познавање на англиски јазик не постар од пет години: ТОЕФЕЛ со најмалку 74 бодови, ИЕЛТС со најмалку 6 бодови, ТОЛЕС базично познавање, ИЛЕК најмалку Б2 ниво или Кембриџ сертификат со најмалку Б1 ниво и

- да има положено психолошки тест и тест за интегритет."

Член 2

Директорот на Бирото за регионален развој именуван пред денот на започнувањето на примената на овој закон продолжува да ја врши функцијата до истекот на мандатот за кој е именуван.

Член 3

Одредбата од членот 1 од овој закон со која во членот 22 се додава нов став (4) алинеја 5 ќе започне да се применува по две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”, а ќе започне да се применува по една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

---

**L I G J**
**PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR ZHVILLIM TË BARABARTË RAJONAL**

Neni 1

Në Ligjin për zhvillim të barabartë rajonal ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 63/2007 dhe 187/13), në nenin 22 paragrafi (2) pika në fund të fjalisë shlyhet dhe shtohen fjalët: "për periudhë prej katër vitesh."

Pas paragrafit (2) shtohen dy paragrafë të rinj (3) dhe (4), si vijojnë:

"(3) Drejtori zgjidhet nëpërmjet shpalljes publike, që shpallet në së paku tri gazeta ditore të cilat botohen në tërë territorin e Republikës së Maqedonisë, nga të cilat njëra nga gazetat që botohen në gjuhën që e flasin së paku 20% e qytetarëve të cilët flasin gjuhë zyrtare të ndryshme nga gjuha maqedonase.

(4) Për drejtor mund të zgjidhet personi i cili i plotëson këto kushte:

- të jetë shtetas i Republikës së Maqedonisë;
- të mos i jetë shqiptuar masë e sigurisë ndalim për ushtrim të profesionit, veprimtarisë ose detyrës, gjatë kohëzgjatjes së masës;
- të ketë marrë së paku 240 kredi sipas SETK ose të përfunduar shkallën VII/1 të arsimit;
- të ketë së paku pesë vjet përvojë pune pas diplomimit;
- të posedojë një nga certifikatat e njohura ndërkombëtarisht për njohje të gjuhës angleze si vijon, jo më të vjetër se pesë vjet: TOEFEL me së paku 74 pikë, IELTS me së paku 6 pikë, TOLES njohje bazike, ILEK së paku niveli B2 ose certifikatë Kembrixhi me së paku nivelin B1dhe
- të ketë dhënë test psikologjik dhe test për integritet."

Neni 2

Drejtori i Byrosë për Zhvillim Rajonal i emëruar para ditës së fillimit të zbatimit të këtij ligji vazhdon ta kryejë funksionin deri në kalimin e mandatit për të cilin është emëruar.

Neni 3

Dispozita e nenit 1 të këtij ligji me të cilën në nenin 22 shtohet paragrafi i ri (4) alineja 5, do të fillojë të zbatohet pas dy vitesh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 4

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë", ndërsa do të fillojë të zbatohen pas një viti nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

**1258.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за Државниот инспекторат за локална самоуправа,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 25 февруари 2014 година.

Бр. 07-1225/1
25 февруари 2014 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА**

Член 1

Во Законот за Државниот инспекторат за локална самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” број 158/10 и 187/13), во членот 12 став (1) точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите: „за време од четири години.“

Ставовите (2) и (3) се менуваат и гласат:

„(2) Директорот се избира по пат на јавен оглас, објавен во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Македонија од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

(3) За директор може да биде избрано лице кое ги исполнува следниве услови:

- да е државјанин на Република Македонија,
- да не му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење професија, дејност или должност, за времетраење на мерката,
- да има стекнати најмалку 300 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование,
- да има најмалку пет години работно искуство по дипломирањето,
- да поседува еден од следните меѓународно признати сертификати за познавање на англиски јазик не постар од пет години: ТОЕФЕЛ со најмалку 74 бодови, ИЕЛТС со најмалку 6 бодови, ТОЛЕС базично познавање, ИЛЕК најмалку Б2 ниво или Кембриџ сертификат со намалку Б1 ниво и
- да има положено психолошки тест и тест за интегритет.“

Член 2

Директорот на Државниот инспекторат за локална самоуправа именуван пред денот на започнувањето на примената на овој закон продолжува да ја врши функцијата до истекот на мандатот за кој е именуван.

Член 3

Одредбата од членот 1 од овој закон со која во членот 12 се менува во ставот (3) алинејата 5 ќе започне да се применува по две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува по една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

---

**L I G J**
**PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR INSPEKTORATIN SHTETËROR TË VETADMINISTRIMIT LOKAL**

Neni 1

Në Ligjin për Inspektoratin Shtetëror të Vetadministrimit Lokal ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 158/10 dhe 187/13), në nenin 12 paragrafin (1) pika në fund të fjalisë shlyhet dhe shtohen fjalët: "në kohëzgjatje prej katër vitesh."

Paragrafët (2) dhe (3) ndryshohen si vijon:

"(2) Drejtori zgjidhet me shpallje publike të publikuar së paku në tri gazeta ditore të cilat botohen në gjithë territorin e Republikës së Maqedonisë prej të cilave njëra nga gazetat e cila botohet në gjuhën të cilën e flasin të paktën 20% e qytetarëve të cilët flasin gjuhë zyrtare të ndryshme nga gjuha maqedonase.

(3) Drejtor mund të zgjidhet personi cili i plotëson kushtet si vijonë:

- të jetë shtetas i Republikës së Maqedonisë,
- të mos i jetë shqiptuar masë e sigurisë ndalim për ushtrimin e profesionit, veprimtarisë ose detyrës, gjatë kohëzgjatjes së masës,
- të ketë marrë të paktën 300 kredi sipas SETK ose të kryer shkallën VII/1,
- të ketë minimum pesë vite përvojë pune pas diplomimit,
- të posedojë një nga certifikatat në vijim ndërkombëtarisht të pranuara për njohje të gjuhës angleze jo më të vjetër se pesë vjet: TOEFL me të paktën 74 pikë, IELTS me të paktën 6 pikë, TOLES njohje bazike, ILEK të paktën niveli B2 ose certifikatë të Kembrixhit me të paktën nivelin B1 dhe
- të ketë kaluar testin psikologjik dhe testin e integritetit."

Neni 2

Drejtori i Inspektoratit Shtetëror për Vetadministrim Lokal i emëruar para ditës së fillimit të zbatimit të këtij ligji vazhdon të ushtrojnë funksionin deri në skadimin e mandatit për të cilin është emëruar.

Neni 3

Dispozita e nenit 1 të këtij ligji me të cilën në nenin 12 ndryshohet paragrafi (3) alineja 5 do të fillojë të zbatohet pas dy vitesh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 4

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë", ndërkaq do të fillojë të zbatohet pas një viti nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

**1259.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АКЦИЗИТЕ**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за акцизите,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 26 февруари 2014 година.

Бр. 07-1253/1
26 февруари 2014 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АКЦИЗИТЕ**

Член 1

Во Законот за акцизите („Службен весник на Република Македонија" број 32/2001, 50/2001, 52/2001, 45/2002, 24/2003, 96/2004, 38/2005, 88/2008, 105/2009, 34/10, 24/11, 55/11, 135/11 и 82/13), во членот 26 по ставот (4) се додаваат два нови става (5) и (6), кои гласат:

„(5) Барање за поврат на акциза се поднесува до Царинската управа најдоцна во рок од 12 месеци од денот кога е платена акцизата.

(6) Рокот од ставот (5) на овој член не се однесува за враќање на акциза во случаите од членот 24 од овој закон."

Член 2

Во член 31-а во ставовите (3) и (4) по зборот „трговија" се додаваат зборовите „на мало".

Член 3

Во членот 37 по ставот (9) се додава нов став (10), кој гласи:

„(10) Имателот на акцизна дозвола или увозникот, своите месечни потреби од контролни марки ги пријавува од 1 до 5 во тековниот месец за наредниот месец. Рокот за подигнување на пријавените контролни марки е три месеци."

Ставот (10) станува став (11).

Член 4

Во членот 42-в во ставовите (5) и (6) по зборовите: „по парче" се додаваат зборовите: „на 1 јули".

Во ставот (7) по зборовите: „по килограм" се додаваат зборовите: „на 1 јули".

Член 5

По членот 42-в се додава нов член 42-г, кој гласи:

„Член 42-г

(1) Производителот и увозникот на тутунски добра се должни на денот на почетокот на примената на членот 42-в ставови (5), (6) и (7) од овој закон, да направат попис на затечени залихи на тутунски добра во акцизен склад, надвор од акцизен склад, во складови и други простори на овластени дистрибутери и затечени залихи на подигнати контролни марки и истиот да го достават до Царинската управа во рок од три работни дена.

(2) Производителот и увозникот на тутунски добра се должни да ја вкалкулираат новата акциза на тутунски добра на денот на зголемувањето на акцизата на тутунски добра.

(3) Ако акцизата на тутунски добра на денот на зголемувањето е поголема од наплатената акциза за подигнатите контролни марки по различни ценовни категории, производителот и увозникот на тутунски добра се должни да достават до Царинската управа барање за доплата на акциза и врз основа на решение од Царинската управа да ја уплатат разликата во рок од 30 дена по денот на зголемувањето на акцизата на тутунски добра."

Член 6

Во членот 44 по ставот (11) се додава нов став (12), кој гласи:

„(12) Производителот или увозникот, своите месечни потреби од контролни марки ги пријавува од 5 до 10 во тековниот месец за наредниот месец. Рокот за подигнување на пријавените контролни марки е три месеци."

Член 7

Во членот 51-в по ставот (6) се додава нов став (7), кој гласи:

„(7) Патничките автомобили ослободени од плаќање акциза согласно со ставовите (1) и (2) на овој член не смеат да се отуѓат ако за истите не се плати износот на акцизата за кој биле претходно ослободени, освен во случаите од ставот (3) од овој член.

Член 8

По членот 60 се додава нов член 61, кој гласи:

„Член 61

**Прекршоци**

(1) Глоба во износ од 10.000 до 15.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за сторен прекршок на даночниот обврзник - правно лице, ако:

1) не направи попис на затечени залихи на тутунски добра во акцизен склад, надвор од акцизен склад, во складови и други простори на овластени дистрибутери и затечени залихи на подигнати контролни марки и ако истиот не го достави до Царинската управа во рок од три работни дена (член 42-г став 1) и

2) не ја вкалкулира новата акциза на тутунски добра на денот на зголемувањето на акцизата на тутунски добра, не достави барање за доплата на акциза до Царинската управа или не ја уплати разликата во рок од 30 дена по денот на зголемувањето на акцизата на тутунски добра. (член 42-г ставови 2 и 3).

(2) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за прекршоците од ставот (1) на овој член.

(3) За повторување на прекршоците од ставот (1) на овој член во рок од две години на правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција привремена забрана за вршење на дејност во траење од три до 30 дена, а на одговорното лице во правното лице забрана за вршење на професија, дејност или должност во траење од три до 15 дена.“

Член 9

Членовите 61 и 61-а стануваат членови 61-а и 61-б.

Член 10

Во членот 61-б кој станува член 61-в ставот (1) се менува и гласи:

„За сторените прекршоци од овој закон, освен за прекршоците од членовите 61 став (1) точка 2, 61-а став (1) точки 11, 13 и 14 и 61-б став (1) точки 1 и 4 од овој закон, царинските службеници на сторителот на прекршокот му предлагаат постапка на порамнување со доставување на записник во кој е содржан констатираниот прекршок и платен налог со кој ќе му изречат глоба во износ од 1.500 евра во денарска противвредност за правното лице, односно во износ од 500 евра во денарска противвредност за одговорно лице во правното лице и на физичко лице, кое е сторител на прекршокот."

Член 11

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

---

## L I G J
## PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR AKCIZA

Neni 1

Në Ligjin për akciza (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 32/2001, 50/2001, 52/2001, 45/2002, 24/2003, 96/2004, 38/2005, 88/2008, 105/2009, 34/10, 24/11, 55/11, 135/11 dhe 82/13), në nenin 26 pas paragrafit (4) shtohen dy paragrafë të rinj (5) dhe (6), si vijojnë:

“(5) Kërkesa për kthim të akcizës parashtrohet në Drejtorinë Doganore më së shumti në afat prej 12 muajsh nga dita kur është paguar akciza.

(6) Afati nga paragrafi (5) i këtij neni nuk ka të bëjë me kthimin e akcizave në rastet e nenit 24 të këtij ligji.”

Neni 2

Në nenin 31-a në paragrafët (3) dhe (4) pas fjalës “tregti” shtohen fjalët: “me pakicë”.

Neni 3

Në nenin 37 pas paragrafit (9) shtohet paragraf i ri (10), si vijon:

“(10) Pronari i lejes për akciza ose importuesi, nevojat e tij mujore nga markat kontrolluese i paraqet nga data 1 deri më datën 5 të muajit rrjedhës për muajin e ardhshëm. Afati i ngritjes së markave të paraqitura kontrolluese është tre muaj.”

Paragrafi (10) bëhet paragrafi (11).

Neni 4

Në nenin 42 v në paragrafët (5) dhe (6) pas fjalëve: “për copë” shtohen fjalët: “më 1 korrik". Në paragrafin (7) pas fjalëve: “për kilogram” shtohen fjalët: “më 1 korrik".

Neni 5

Pas nenit 42v shtohet nen i ri 42-g, si vijon:

“Neni 42-g

(1) Prodhuesit dhe importuesit e të mirave të duhanit janë të obliguar në ditën e fillimit të zbatimit të nenit 42-v të paragrafët (5), (6) dhe (7) të këtij ligji, të bëjnë regjistrim të rezervave të hasura të të mirave të duhanit në depo të akcizave, jashtë depos së akcizave, në magazina dhe hapësira tjera të distributorëve të autorizuar dhe rezerva të hasura të markave të ngritura kontrolluese dhe të njëjtin ta parashtrojnë në Drejtorinë Doganore në afat prej 3 ditëve të punës.

(2) Prodhuesi dhe importuesi i të mirave të duhanit janë të obliguar ta llogarisin akcizën e re të të mirave të duhanit në ditën e rritjes së akcizës së të mirave të duhanit.

(3) Nëse akciza e të mirave të duhanit në ditën e rritjes është më e madhe nga akciza e arkëtuar për markat kontrolluese të ngritura për kategori të ndryshme të çmimeve, prodhuesi dhe importuesi i të mirave të duhanit janë të detyruar të parashtrojnë në Drejtorinë Doganore kërkesë për pagesë shtesë të akcizës dhe në bazë të

aktvendimit nga Drejtoria Doganore të paguajnë dallimin në afat prej 30 ditësh pas ditës së rritjes së akcizës së të mirave të duhanit."

Neni 6

Në nenin 44 pas paragrafit (11) shtohet paragraf i ri (12), si vijon:

“(12) Prodhuesi ose importuesi, nevojat e tyre mujore nga markat kontrolluese i paraqet prej datës 5 deri më datën 10 të muajit rrjedhës për muajin e ardhshëm. Afati për ngritjen e markave të paraqitura kontrolluese është tre muaj.”

Neni 7

Në nenin 51-v pas paragrafit (6) shtohet paragraf i ri (7), si vijon:

“(7) Automobilat e liruar nga pagesa e akcizës në pajtim me paragrafët (1) dhe (2) të këtij neni nuk guxojnë të tjetërsohen nëse për të njëjtat nuk paguhet shuma e akcizës për të cilat paraprakisht kanë qenë të liruar, përveç në rastet nga paragrafi (3) i këtij neni.

Neni 8

Pas nenit 60 shtohet nen i ri 61, si vijon:

“Neni 61

**Kundërvajtje**

(1) Gjobë në shumë prej 10 000 deri në 15 000 euro në kundërvlerë me denarë do t'i kumtohet për kundërvajtje të kryer detyrësit tatimor-person juridik, nëse:

1) nuk kryen regjistrim të rezervave të hasura të të mirave të duhanit në depo të akcizave, jashtë depos së akcizave, në magazina dhe hapësira tjera të distributorëve të autorizuar dhe rezervave të hasura të markave të ngritura kontrolluese dhe nuk e parashtron atë në Drejtorinë Doganore në afat prej 3 ditëve të punës (neni 42-g paragrafi 1) dhe

2) nuk e llogarit akcizën e re të të mirave të duhanit në ditën e rritjes së akcizës së të mirave të duhanit, nuk parashtron kërkesë për pagim shtesë të akcizës në Drejtorinë Doganore ose nuk e paguan dallimin në afat prej 30 ditëve pas ditës së rritjes së akcizës së të mirave të duhanit (neni 42-g paragrafët 2 dhe 3).

(2) Gjobë në shumë prej 500 deri në 1 000 euro në kundërvlerë me denarë do t'i kumtohet personit përgjegjës në personin juridik për kundërvajtjet nga paragrafi (1) i këtij neni.

(3) Për përsëritje të kundërvajtjeve nga paragrafi (1) i këtij neni në afat prej dy viteve personit juridik do t'i shqiptohet edhe sanksion për kundërvajtje ndalim i përkohshëm për kryerje të veprimtarisë në kohëzgjatje prej tre deri në 30 ditë, kurse personit përgjegjës në personin juridik ndalim për kryerje të profesionit, veprimtarisë ose detyrës në kohëzgjatje prej tre deri në15 ditë."

Neni 9

Nenet 61 dhe 61-a bëhen nene 61-a dhe 61-b.

Neni 10

Në nenin 61-b që bëhet neni 61-v paragrafi (1) ndryshohet si vijon:

“Për kundërvajtjet e kryera të këtij ligji, përveç për kundërvajtjet nga nenet 61 paragrafi (1) pika 2, 61-a paragrafi (1) pikat 11, 13 dhe 14 dhe 61-b paragrafi (1) pikat 1 dhe 4 të këtij ligji, nëpunësit doganorë kryerësit të kundërvajtjes i propozojnë procedurë të barazimit me parashtrimin e procesverbalit në të cilin përmbahet kundërvajtja e konstatuar dhe urdhërpagesa me të cilën do t'i kumtojnë gjobë në shumë prej 1 500 euro në kundërvlerë me denarë për personin juridik, përkatësisht në shumë prej 500 euro në kundërvlerë me denarë për personin përgjegjës në personin juridik dhe personit fizik, i cili është kryerës i kundërvajtjes.”

Neni 11

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në “Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë”.

---

**1260.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА СТАНБЕН КРЕДИТ**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за субвенционирање на станбен кредит,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 26 февруари 2014 година.

| | |
|---|---|
| Бр. 07-1254/1 | Претседател |
| 26 февруари 2014 година | на Република Македонија, |
| Скопје | **Ѓорге Иванов,** с.р. |

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА СТАНБЕН КРЕДИТ**

Член 1

Во Законот за субвенционирање на станбен кредит („Службен весник на Република Македонија“ број 158/11 и 24/13), во членот 5 став (1) по алинејата 2 се додава нова алинеја 3, која гласи:

„- има во негова сосопственост или во сосопственост на брачниот другар, дел од само еден стан или дел од само една куќа, која е стекната по основ на наследство, а делот на сосопственоста не надминува една половина од станот, односно куќата,“.

Алинејата 4 која станува алинеја 5 се менува и гласи:

„- има во негова сопственост, во сосопственост или заедничка сопственост со брачниот другар или во сопственост на брачниот другар само една куќа на територијата на Република Македонија која ја продава заради купување на нов поголем стан или заради купување/изградба на нова поголема куќа или ја руши заради изградба на нова поголема куќа за потребите на сопственото домување,“.

Алинеите 7 и 8 кои стануваат алинеи 8 и 9 се менуваат и гласат:

„- лицето кое не е во брачна заедница има месечен приход по основ на плата кој не надминува 900 евра во денарска противвредност пресметани по средниот курс на Народната банка на Република Македонија на денот на поднесувањето на барањето за субвенциониран станбен кредит,

- месечниот приход по основ на плата на лицето и неговиот брачен другар не надминува 1.300 евра во денарска противвредност пресметани по средниот курс на Народната банка на Република Македонија на денот на поднесувањето на барањето за субвенциониран станбен кредит и“

Во ставот (2) зборовите: „алинеја 3“ се менуваат со зборовите: „алинеи 3, 4 и 5“.

Во ставот (4) зборовите: „ставот (1) алинеи 2 и 3“ се менуваат со зборовите: „ставот (1) алинеи 2, 3, 4, 5 и 6“.

Во ставот (5) бројот „4“ се заменува со бројот „7“.

Во ставот (6) зборовите: „алинеи 5 и 6“ се заменуваат со зборовите: „алинеи 8 и 9“, а по зборовите: „за висината на износот на приходите“ се додаваат зборовите: „по основ на плата“.

Член 2

Во член 10 ставот (12) се менува и гласи:

„Критериуми за избор на корисниците на кредитите се висината на месечните приходи по основ на плата на барателот, односно месечните приходи по основ на плата на барателот и неговиот брачен другар и висината на бараниот кредит, при што предност имаат барателите со пониски примања и барањата на помал износ на кредит.“

Член 3

Членот 11 се менува и гласи:

„(1) Субвенционирањето на станбен кредит се одобрува до износот на средства утврдени со Буџетот на Република Македонија за таа цел во тековната година.

(2) Исплаќањето на субвенцијата на деловните банки се врши на следниов начин:

- за субвенциониран станбен кредит согласно со членот 9 став (1) алинеја 1 од овој закон годишно однапред, по доставена документација од деловните банки за склучен договор за субвенционирање на станбен кредит,

- за субвенциониран станбен кредит согласно со членот 9 став (1) алинеја 2 од овој закон по доставена документација од деловните банки за склучен договор за субвенционирање на станбен кредит“.

Член 4

Во членот 15 став (1) зборовите: „врз месечна основа“ се заменуваат со зборовите „еднаш годишно“.

Член 5

Постапките започнати за одобрување на субвенциониран станбен кредит до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе завршат согласно со одредбите од законот по кој се започнати.

Член 6

Се овластува Законодавно-правната Комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за субвенционирање на станбен кредит.

Член 7

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

---

## L I G J
## PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR SUBVENCIONIM TË KREDISË BANESORE

Neni 1

Në Ligjin për subvencionim të kredisë banesore ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 158/11 dhe 24/13), në nenin 5 paragrafi (1) pas alinesë 2 shtohet aline e re 3, si vijon:

"-ka në pronësi të tij ose në bashkëpronësi të bashkëshortit, pjesë të vetëm një banese ose pjesë të vetëm një shtëpie e cila është marrë në bazë të trashëgimisë, ndërsa pjesa bashkëpronësisë nuk tejkalon gjysmën e banesës përkatësisht shtëpisë,".

Alineja 4 e cila bëhet aline 5 ndryshohet si vijon:

"-ka në pronësi të tij, në bashkëpronësi ose pronësi të përbashkët me bashkëshortin ose në pronësi të bashkëshortit vetëm një shtëpi në territorin e Republikës së Maqedonisë të cilën e shet për blerje të banesës së re më të madhe ose për blerje/ndërtim të shtëpisë së re më të madhe ose e rrënon për shkak të ndërtimit të shtëpisë së re më të madhe të banimit personal,".

Alinetë 7 dhe 8 të cilat bëhen aline 8 dhe 9 ndryshohen si vijojnë:

"- personi i cili nuk është në bashkësi martesore ka të hyra në bazë të rrogës që nuk tejkalon 900 euro në kundërvlerë me denarë të përllogaritura sipas kursit të mesëm të Bankës Popullore të Republikës së Maqedonisë në ditën e parashtrimit të kërkesës për kredi të subvencionuar banesore,

- të hyrat mujore në bazë të rrogës të personit dhe bashkëshorit të tij nuk tejkalojnë 1 300 euro në kundërvlerë me denarë të përllogaritura sipas kursit të mesëm të Bankës Popullore të Republikës së Maqedonisë në diten e parashtrimit të kërkesës për kredi të subvencionuar banesore dhe".

Në paragrafin (2) fjalët: "alineja 3" ndryshohen me fjalët: "alinetë 3, 4 dhe 5".

Në paragrafin (4) fajlët: "paragrafi (1) alinetë 2 dhe 3" ndryshohen me fjalët: "paragrafi (1) alinetë 2, 3, 4, 5 dhe 6".

Në paragrafin (5) numri "4" zëvendësohet me numrin „7“.

Në paragrafin (6) fjalët: "alinetë 5 dhe 6" zëvendësohen me fjalët: "alinetë 8 dhe 9", ndërsa pas fjalëve: "për lartësinë e shumës së të hyrave" shtohen fjalët: "në bazë të rrogës".

Neni 2

Në nenin 10 paragrafi (12) ndryshohet si vijon:

"Kritere për zgjedhjen e shfrytëzuesve të kredive janë lartësia e të hyrave mujore në bazë të rrogës së kërkuesit, përkatësisht të hyrat mujore në bazë të rrogës së kërkuesit dhe bashkëshortit të tij dhe lartësia e kredisë së kërkuar, me ç’rast përparësi kanë kërkuesit me të hyra më të ulëta dhe kërkesat e shumës më të vogël të kredisë."

Neni 3

Neni 11 ndryshohet si vijon:

"(1) Subvencionimi i kredisë banesore miratohet deri në shumën e mjeteve të përcaktuara me Buxhetin e Republikës së Maqedonisë për atë qëllim në vitin rrjedhës.

(2) Pagesa e subvencionit të bankave afariste bëhet në këtë mënyrë:

- për kredi banesore të subvencionuar në pajtim me nenin 9 paragrafi (1) alineja 1 të këtij ligji në nivel vjetor paraprakisht, pas dokumentacionit të dorëzuar nga bankat afariste për marrëveshje të lidhur për subvencionim të kredisë banesore,

- për kredi banesore të subvencionuar në pajtim me nenin 9 paragrafi (1) alineja 2 të këtij ligji pas dokumentacionit të dorëzuar nga bankat afariste për marrëveshje të lidhur për subvencionim të kredisë banesore”.

Neni 4

Në nenin 15 paragrafi (1) fjalët: "në bazë mujore" zëvendësohen me fjalët: "një herë në vit".

Neni 5

(1) Procedurat e filluara për miratimin e kredisë së subvencionuar banesore deri nlë ditën e hyrjes në fuqi të këtij ligji do të përfundojnë në pajtim me dispozitat e ligjit sipas të cilit kanë filluar.

Neni 6

Autorizohet Komisioni Juridik Ligjvënës i Kuvendit të Republikës së Maqedonisë të përcaktojë tekst të spastruar të Ligjit për subvencionim të kredisë banesore.

Neni 7

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

**1261.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 26 февруари 2014 година.

Бр. 07-1255/1
26 февруари 2014 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ**

Член 1

Во Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија“ број 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/10, 13/13 и 188/13), во членот 182 по ставот (5) се додава нов став (6), кој гласи:

1) është shtetas i Republikës së Maqedonisë;

2) në momentin e emërimit me aktvendim të plotfuqishëm gjyqësor nuk i është shqiptuar dënim apo sanksion i kundërvajtjes ndalim për kryerje të profesionit, veprimtarisë apo detyrës;

3) ka fituar 300 kredi sipas SETK ose shkallën VII/1 të arsimit nga sfera e drejtësisë ose ekonomisë;

4) ka së paku pesë vjet përvojë pune në profesion;

5) të mos jetë anëtar i menaxhimit ose i punësuar në bankë ose kursimore;

6) posedon njërën nga certifikatat vijuese të njohura ndërkombëtarisht ose dëshmive për njohje aktive të gjuhës angleze jo më të vjetër se pesë vjet:

- TOEFEL IBT së paku 74 pikë,
- IELTS (IELTS) - së paku 6 pikë,
- ILEC (ILEC) (Cambridge English: Legal) - së paku niveli B2 (B2),
- FCE (FCE) (Cambridge English: First) - të dhënë,
- BULATS (BULATS) - së paku 60 pikë dhe
- APTIS (APTIS) - së paku niveli B2 (B2) dhe

7) të posedojë vërtetim për test të dhënë psikologjik dhe test për integritet."

Neni 2

Drejtori i emëruar deri në ditën e fillimit të zbatimit të nenit 1 të këtij ligji, vazhdon ta kryejë funksionin deri në kalimin e mandatit për të cilin është emëruar.

Neni 3

Dispozitat nga neni 1 të këtij ligji që kanë të bëjnë me kushtin për njohje të gjuhës së huaj do të fillojnë të zbatohen dy vjet nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 4

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e shpalljes në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë", kurse do të fillojë të zbatohet pas një viti nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

---

**1274.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СТОКОВНИТЕ РЕЗЕРВИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за стоковните резерви,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 26 февруари 2014 година.

Бр. 07-1268/1
26 февруари 2014 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СТОКОВНИТЕ РЕЗЕРВИ

Член 1

Во Законот за стоковните резерви („Службен весник на Република Македонија" број 84/2008, 77/2009 и 24/11), членот 17 се менува и гласи:

"(1) Со работата на Агенцијата раководи директор кој го именува и разрешува Владата на Република Македонија.

(2) Директорот има заменик кој го именува и разрешува Владата на Република Македонија.

(3) За директор и заменик-директор, може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

- да е државјанин на Република Македонија,
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност,
- да има стекнати 240 кредити според ЕКТС или VII/1 степен на образование, најмалку пет години работно искуство од областа на економијата, правото, технологијата или агрономијата од кои најмалку две години на раководна функција во областа на економски, финансиски, правни, технички и академски институции или во енергетскиот сектор,
- да има соодветен доказ (сертификат), не постар од пет години, за положен англиски јазик и тоа: ТОЕФЛ ИБТ (со најмалку 74 бода), или ИЕЛТС (најмалку 6 бода), или ТОЛЕС (базично познавање), или ИЛЕК (најмалку Б2 ниво) или Кембриџ сертификат (Б1 ниво), или АПТИС (најмалку Б2 ниво) и
- да поседува потврда за положен психолошки тест и тест за интегритет.

(4) Директорот и заменик-директорот се именуваат по спроведен јавен оглас за избор, објавен во три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Македонија, од кои еден се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик."

Член 2

Одредбите на членот 1 од овој закон ќе започнат да се применуваат во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон, освен одредбите кои се однесуваат на условот за познавање на странски јазик кои ќе започнат да се применуваат по две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

---

## L I GJ
## PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR REZERVA TË MALLRAVE

Neni 1

Në Ligjin për rezerva të mallrave ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë", numër 84/2008, 77/2009 dhe 24/11) neni 17 ndryshohet si vijon:

"(1) Me punën e Agjencisë udhëheq drejtori të cilin e emëron dhe shkarkon Qeveria e Republikës së Maqedonisë.

(2) Drejtori ka zëvendës të cilin e emëron dhe shkarkon Qeveria e Republikës së Maqedonisë.

(3) Për drejtor dhe zëvendësdrejtor, mund të emërohet personi i cili i plotëson këto kushte:

- të jetë shtetas i Republikës së Maqedonisë,
- me aktvendim të plotfuqishëm gjyqësor të mos i jetë shqiptuar ndalesë për kryerjen e profesionit, veprimtarisë ose detyrës,
- të ketë marrë 240 kredi sipas SETK ose shkallën arsimore VII/1, së paku pesë vjet përvojë pune, nga sfera e ekonomisë, drejtësisë, teknologjisë dhe agronomisë prej të cilave së paku dy vjet në funksion udhëheqës në sferën e institucioneve ekonomike, financiare, juridike, teknike dhe akademike ose në sektorin energjetik,
- të ketë dëshmi përkatëse (certifikatë), jo me të vjetër se pesë vjet, për provimin e dhënë të gjuhës angleze si vijon: TOEFEL IBT (me së paku 74 pikë), ose IELTS - (së paku 6 pikë), ose TOLES (njohuri bazike), ose ILEK (së paku nivelin B2) ose certifikatë Kembrixh (nivelin B1), ose APTIS (së paku nivelin B2) dhe
- të posedojë vërtetim për testin e dhënë psikologjik dhe testin e integritetit.

(4) Drejtori dhe zëvendësdrejtori emërohen pas shpalljes publike të realizuar për zgjedhje, të publikuar në së paku tri gazeta ditore të cilat botohen në tërë territorin e

Republikës së Maqedonisë, nga të cilat njëra botohet në gjuhën që e flasin së paku 20% e qytetarëve të cilët flasin gjuhë zyrtare të ndryshme nga gjuha maqedonase.”

Neni 2

Dispozitat e nenit 1 të këtij ligji do të fillojnë të zbatohen në afat prej një viti nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji, përveç dispozitave të cilat kanë të bëjnë me kushtin për njohjen e gjuhës së huaj të cilat do të fillojnë të zbatohen pas dy viteve nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 3

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e publikimit në "Gazetën Zyrtare te Republikës së Maqedonisë".

---

**1275.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЦАРИНСКАТА УПРАВА**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за Царинската управа

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 26 февруари 2014 година.

Бр. 07 – 1269/1
26 февруари 2014 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЦАРИНСКАТА УПРАВА**

Член 1

Во Законот за Царинската управа („Службен весник на Република Македонија“ број 46/2004, 81/2005, 107/2007, 103/2008, 64/2009, 105/2009, 48/10,158/10, 53/11 и 113/12), во членот 1 став (1) по зборовите: „царинските надлежности“ се додаваат зборовите: „класификацијата на работните места“.

Член 2

Во членот 2 точка 1 по зборовите: „Цармински службеник е“ се додава зборот „административен“.

Член 3

Членот 6 се менува и гласи:

„(1) Со работата на Царинската управа раководи директор кој го именува и го разрешува Владата на Република Македонија.

(2) Директорот на Царинската управа ( во натамошниот текст: директор) има заменик кој го именува и разрешува Владата на Република Македонија.

(3) Директорот и заменик-директорот се именуваат на предлог на министерот за финансии по спроведен јавен оглас за избор, објавен во три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Македонија од кои еден се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик и имаат мандат од четири години.

(4) Директорот и заменик директорот за својата работа и работата на Царинската управа лично е одговорен пред Владата на Република Македонија и министерот за финансии.

(5) За директор и заменик-директор, може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

1) да е државјанин на Република Македонија;

2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

3) да има стекнати 240 кредити според ЕКТС или VII/1 степен на образование;

4) најмалку пет години работно искуство;

5) да поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:

- ТОЕФЛ ИБТ (со најмалку 74 бодови),
- ИЕЛТС (најмалку 6 бодови),
- ТОЛЕС (базично познавање),
- ИЛЕК (најмалку Б2 ниво),
- Кембриџ сертификат (Б1 ниво) или
- АПТИС (најмалку Б2 ниво) и

6) поседува потврда за положен психолошки тест и тест за интегритет.“

Член 4

Во членот 7 став 1 се менува и гласи:

“Директорот ја претставува Царинската управа.“

Ставот (3) се менува и гласи:

“Директорот е надлежен за донесување акти во првостепена управна постапка и оперативни инструкции во писмена форма од сите области на царинското и акцизното работење.“

Ставот (5) се менува и гласи:

„Директорот е надлежен за започнување на постапка за откривање на случаи на несоодветно однесување или прекршување на должностите од страна на вработените во Царинската управа и за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност.“

Член 5

Во ДЕЛ ПРВИ Глава II точката 3 се менува и гласи:

“3. Класификација и посебни услови за работните места“.

Член 6

Членот 8 се менува и гласи:

„(1) Работните места на царинските службеници се класифицираат во три категории, и тоа:

- категорија Б - раководни цармински службеници,
- категорија В - стручни царински службеници и
- категорија Г - помошно - стручни царински службеници.

(2) Во рамките на секоја категорија од ставот (1) на овој член се утврдуваат повеќе нивоа на работни места на царинските службеници.“

Член 7

По членот 8 се додаваат три нови члена 8-а, 8-б и 8-в, кои гласат:

„Член 8-а

(1) Во рамките на категоријата Б се утврдуваат следниве нивоа на работни места и звања на раководни царински службеници:

- ниво Б1 помошник директор, управник на царинарница, советник на директорот,
- ниво Б2 помошник управник на царинарница и началник на одделение,
- ниво Б3 шеф на царинска испостава и шеф на служба и

- ниво Б4 водител на отсек и водител на смена.

(2) Раководнитеームцарински службеници треба да ги исполнат следниве посебни услови за работното место:

1) стручни квалификации, и тоа:

- за нивоата Б1 и Б2 ниво на квалификации VI A според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен и

- за нивоата Б3 и Б4 ниво на квалификации VI A според Македонската рамка на квалификации и најмалку 180 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен;

2) работно искуство, и тоа:

- за нивото Б1 најмалку шест години работно искуство на царински работи,

- за нивото Б2 најмалку пет години работно искуство на царински работи,

- за нивото Б3 најмалку четири години работно искуство на царински работи и

- за нивото Б4 најмалку четири години работно искуство на царински работи;

3) општи работни компетенции за сите нивоа категорија Б од Рамката на општи работни компетенции и

4) посебни работни компетенции, и тоа:

- за сите нивоа активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,

- за сите нивоа други посебни работни компетенции утврдени во актот за систематизација на работни места за соодветното работно место,

- за нивоата Б1 и Б2 познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски), преку поседување на меѓународно признат сертификат или уверение, и тоа: ИЕЛТС со 5-6 поени, ФЦЕ, БЕК В, ИЛЕК, ИКФЕ, БУЛАТС; или Аптис; или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 500 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 175 бода или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 60 бода; или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ; или Гете сертификат, ТестДаФ, на Б2 (В2) нивото на ЦЕФР (CEFR) и

- за нивоата Б3 и Б4 познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски), преку поседување на меѓународно признат сертификат или уверение, и тоа: ИЕЛТС со 3,5 - 4,5 поени, ПЕТ, БЕК П, БУЛАТС; или Аптис, или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 450 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 135 бода или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 45 бода; или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ; или Гете сертификат на Б1 (В1) нивото на ЦЕФР (CEFR).

(3) секој од меѓународно признатите сертификати имаат неограничена временска важност за работното место за чие пополнување ги приложил административниот службеник, а истите административниот службеник може да ги користи при аплицирање на интерен или јавен оглас во рок од пет години од датумот на издавањето и за други работни места освен ако издавачот не предвидел подолг рок на важност.

Член 8-б

(1) Во рамките на категоријата В се утврдуваат следниве нивоа на работни места и звања на стручните царински службеници:

- ниво В1 главен инспектор, самостоен советник, виш цариник контролор,

- ниво В2 виш инспектор, систем инженер,

- ниво В3 советник и

- ниво В4 виш цариник, цариник, водич на царински пес, помлад инспектор и инспектор.

(2) Стручните царински службеници, треба да ги исполнат следниве посебни услови за работното место:

1) стручни квалификации, и тоа:

- за нивото В1 ниво на квалификации VI A според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен,

- за нивоата В2 и В3 ниво на квалификации VI Б според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и

- за нивото В4 ниво на квалификации V A или ниво на квлаификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 или 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен или најмалку више или средно образование;

2) работно искуство, и тоа:

- за нивото В1 најмалку три години работно искуство на царински работи,

- за нивото В2 најмалку две години работно искуство на царински работи,

- за нивото В3 најмалку една години работно искуство на царински работи и

- за нивото В4 со или без работно искуство на царински работи или во струката;

3) општи работни компетенции: за сите нивоа: категорија В, од Рамката на општи работни компетенции и

4) посебни работни компетенции:

- за сите нивоа активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,

- за сите нивоа други посебни работни компетенции утврдени во актот за систематизација на работни места за соодветното работно место и

- за сите нивоа познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски) преку поседување на меѓународно признат сертификат или уверение, и тоа: КЕТ, ИЕЛТС со максимум 3 поени, БУЛАТС; или Аптис; или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 400 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 95 бода или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 30 бода или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ; или Гете сертификат на А2 (А2) нивото на ЦЕФР (CEFR).

(3) Секој од меѓународно признатите сертификати имаат неограничена временска важност за работното место за чие пополнување ги приложил административниот службеник, а истите административниот службеник може да ги користи при аплицирање на интерен или јавен оглас во рок од пет години од датумот на издавањето и за други работни места освен ако издавачот не предвидел подолг рок на важност.

Член 8-в

(1) Во рамките на категоријата Г се утврдуваат следниве нивоа на работни места и звања на помошностручните царински службеници:

- Г1 - оператор,

- Г2 -административен оператор и

- Г3 - техничар за поддршка и координација и оператор на ИТ мрежи.

(2) Помошно-стручните царински службеници треба да ги исполнат следниве посебни услови за работното место:

1) стручни квалификации: за сите нивоа: ниво на квалификации V A или ниво на квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или најмалку вишо или средно образование;

2) работно искуство, и тоа:

- за нивото Г1 најмалку три години работно искуство на царински работи или во струката,

- за нивото Г2 најмалку една година работно искуство на царински работи или во струката и

- за нивото Г3 со или без работно искуство на царински работи или во струката;

3) општи работни компетенции за сите нивоа категорија Г од Рамката на општи работни компетенции и

4) посебни работни компетенции:

- за сите нивоа - активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- други посебни работни компетенции утврдени во актот за систематизација на работни места за соодветното работно место и
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски).“

Член 8

Во членот 26 по ставот (2) се додаваат четири нови става (3), (4), (5) и (6), кои гласат:

„(3) Службената легитимација која ја издава директорот на Царинската управа има важност од шест години.

(4) По истекот на важноста на легитимацијата, царинскиот службеник е должен да ја врати старата легитимација на издавачот и да задолжи нова легитимација.

(5) Во случај на откажување на договорот за вработување, односно суспензија, царинскиот службеник е должен да ја врати легитимацијата на издавачот.

(6) Доколку во случај на суспендирање биде донесено решение за враќање на работа, царинскиот службеник повторно се задолжува со легитимацијата.“

Ставот (3) станува став (7).

Член 9

По членот 27 се додаваат три нови члена 27-а, 27-б и 27-в, кои гласат:

“Член 27-а

(1) По потреба и по наредба на јавниот обвинител ќе му бидат доделени на работа царински службеници од делокругот на работа за преземање мерки и активности за откривање на кривични дела, фаќање и пријавување на сторителите на кривични дела, обезбедување на докази за кривичните дела и други мерки со кои се овозможува водење на кривична постапка согласно со дадените овластувања за Царинската управа со Законот за кривичната постапка.

(2) Начинот на остварување на правата, обврските и одговорностите утврдени со закон и колективен договор на царинските службеници доделени по потреба на јавниот обвинител се уредуваат со договор за соработка склучен меѓу Царинската управа и Јавното обвинителство.

Член 27-б

(1) За царински службеник кој се доделува по потреба на јавниот обвинител, решение за доделување донесува директорот на Царинската управа.

(2) Царинскиот службеник доделен по потреба на јавниот обвинител правата, обврските и одговорностите ги остварува под услови и постапка утврдени со овој закон и колективен договор, како и на начин пропишан со прописите донесени врз основа на овој закон.

(3) Спроведувањето на постапките за остварување на правата, обврските и одговорностите на царинскиот службеник доделен по потреба на јавниот обвинител се врши врз основа на барање, односно иницијатива на јавниот обвинител.

(4) Доделениот царински службеник не може да биде распореден на друго работно место за времето додека е доделен на работа кај јавниот обвинител.

Член 27-в

(1) За царински службеник кој се упатува во истражен центар на јавното обвинителство решение за упатување донесува директорот по претходна согласност од министерот за финансии.

(2) Царинскиот службеник упатен во истражниот центар на јавното обвинителство правата, обврските и одговорностите ги остварува под услови и постапка утврдени со овој закон и колективен договор, како и на начин пропишан со прописите донесени врз основа на закон.

(3) Спроведувањето на постапките за остварување на правата, обврските и одговорностите на царинскиот службеник упатен во истражниот центар на јавното обвинителство се врши врз основа на предлог, барање, односно иницијатива на јавниот обвинител.“

Член 10

Во членот 50 ставот (1) се менува и гласи:

„Прашањата во врска со работниот однос на царинските службеници се уредуваат со овој закон, а за сите прашања кои не се уредени со овој закон се применуваат одредбите од законите кои го уредуваат статусот на административните службеници и вработените во јавниот сектор, како и општите прописи за работните односи.“

Во ставот (2) зборовите: “со стекнат статус на царински службеник се државни службеници “ се заменуваат со зборовите: „царински службеници, правата, должностите и одговорностите од работен однос ги остваруваат согласно со законите кои го уредуваат статусот на административните службеници и вработените во јавниот сектор, како и општите прописи за работните односи“.

Во ставот (3) зборовите: „Законот за работните односи“ се заменуваат со зборовите: „законот кој го уредува статусот на вработените во јавниот сектор како и општите прописи за работните односи“.

Член 11

Членот 51 се менува и гласи:

„(1) Постапката за вработување на царински службеници се врши согласно со законот кој го уредува статусот на административните службеници.

(2) Кандидатот за царински службеник полага испит за царински службеник во Агенцијата за администрација (во натамошниот текст: Агенцијата).

(3) Базата на прашања за стручниот дел ја формира Царинската управа во соработка со Министерството за информатичко општество и администрација и Агенцијата, при што најмалку еднаш годишно истата се ревидира, а истата ги покрива следниве области:

- уставниот поредок на Република Македонија,
- царински, акцизен и даночен систем,
- системот на управно право, управна постапка и управен спор,
- положбата и други општи прашања за вработените во јавниот сектор,
- правата од работен однос на царинските службеници и
- Кодексот на царинските службеници.“

Член 12

Членовите 52, 53, 53-а и 54 се бришат.

Член 13

Во членот 56 ставови (6), (7) и (8) зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“ се заменуваат со зборовите: „Агенцијата за администрација“.

Член 14

По членот 62 се додава нов член 62-а, кој гласи:

„Член 62-а

Меѓусебните права и обврски на Царинската управа и царинскиот службеник кој е упатен на обука за потребите на институцијата, се уредуваат со писмен договор во кој се утврдува точниот датум до кој царинскиот службеник не може да побара престанок на работниот однос, како и неговата материјалната одговорност сразмерна на средствата потрошени за реализација на обуката, доколку по негова вина или на негово барање му престане работниот однос пред утврдениот датум.“

Член 15

Во членот 63 ставот (2) се менува и гласи:

„Вработениот во Царинската управа, кој не е царински службеник може по потреба на Царинската управа да биде распореден на соодветно работно место на царински службеник, доколку ги исполнува условите утврдени во актот за систематизација на работните места во Царинската управа и доколку во рок од шест месеци го положи стручниот испит за царински службеник во Агенцијата за администрација.“

Член 16

Во членот 63-а ставови (1), (2) и (3) зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“ се заменуваат со зборовите: „Агенцијата за администрација“.

Член 17

По член 63-а се додава нов член 63-б, кој гласи:

“Член 63-б

(1) На царинскиот службеник кој по потреба на Царинската управа е времено распореден до три месеци не му следува надоместокот од членот 63 став (4) точка 2 од овој закон.

(2) Царинскиот службеник кој времено е распореден до три месеци на работно место оддалечено над 100 километри од местото на живеење, се сместува во сместувачките капацитети со кои располага Царинската управа.

(3) Со согласност на царинскиот службеник кој е времено распореден над три месеци, може да биде сместен во сместувачките капацитети со кои располага Царинската управа.“

Член 18

Во членот 65 по ставот (2) се додаваат три нови става (3), (4) и (5), кои гласат:

“(3) Царинскиот службеник може да биде распореден на работно место помошник директор и управник до четири години, а по претходно добиена согласност од министерот за финансии.

(4) Царинскиот службеник може да биде повторно распореден на работните места од ставот (3) доколку во периодот на распоредување од четири години покажал резултати во раководењето и работењето на организационата единица.

(5) Царинскиот службеник може и пред истекот на овој период да биде распореден на работно место со пониско звање доколку не покажал резултати во раководењето и работењето на организационата единица и на негово барање.“

Член 19

По членот 66 се додаваат два нови члена 66-а и 66-б, кои гласат:

“Член 66-а

(1) Царинските службеници кои нема да покажат задоволителни резултати во работењето и кои нема своето работење да го доведат на задоволителни ниво ќе бидат подложни на преиспитување на нивните знаења за вршење на работните задачи.

(2) Преиспитување на знаењата на царинските службеници ќе се врши во второто тримесечје од тековната година, а ќе ги опфати царинските службеници за кои непосредните раководни царински службеници во извештајот за оценување од претходната година ќе наведат дека е потребно да се врши проверка на знаењата.

Член 66-б

(1) Преиспитување на знаењата ќе се врши од комисија од три члена, од кои еден е претседател формирана од страна на директорот.

(2) Членовите на комисијата треба да ги исполнуваат следниве услови:

- во претходните три години да не биле дисциплински одговорни,

- во претходните три години да се оценети со оцена “се истакнува“ или “задоволува“ и

- во претходното работење да извршувале работни задачи од работните места на раководни и стручни царински службеници.

(3) Начинот на проверка на знаењата и на работата на комисија се утврдува со акт донесен од директорот на Царинската управа.“

Член 20

Во членот 67 ставот (2) се менува и гласи:

„Начинот на утврдување на основната плата, надоместоците на плата и на додатоците на плата на царинските службеници се уредува со колективен договор, а вредноста на бодот за пресметување на платите на царинските службеници, се утврдува секоја година со одлука на директорот на Царинскта управа по претходна согласност од министерот за финансии, која се донесува во рок од десет дена од денот на донесувањето на Буџетот на Република Македонија, а во рамките на предвидениот буџет и врз основа на вкупниот број на царински службеници распоредени по соодветните нивоа за тековната година.“

Ставот (2) станува став (3).

Во ставот (3) кој станува став(4) зборовите: „ставот (2)“ се заменуваат со зборовите: „ставот (3)“.

Во ставот (4) кој станува став (5) зборовите: „ставот (3)“ се заменуваат со зборовите: „ставот (4)“.

Ставовите (5) и (6) стануваат ставови (6) и (7).

Член 21

Членот 73 се менува и гласи:

„(1) Царинскиот службеник е лично одговорен за вршењето на работите и работните задачи од работното место.

(2) За повреда на службената должност царинскиот службеник одговара дисциплински.

(3) Одговорноста за сторено кривично дело, односно прекршок не ја исклучува дисциплинската одговорност на царинскиот службеник.“

Член 22

Во членот 73-а став (1) по алинејата 22 се додаваат две нови алинеи 23 и 24, кои гласат:

“- не ги извршува заклучоците од комитетите и комисиите формирани во Царинската управа и не постапува во предвидените рокови,

- не постапува по обврските од решенијата од договорите за стручно оспособување и усовршување,“.

Алинејата 23 станува алинеја 25.

Член 23

Во членот 73-и ставови (1), (2) и (3) зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“ се заменуваат со зборовите: „Агенцијата за администрација“.

Член 24

Во членот 73-ѕ ставот (1) се менува и гласи:

"Решението за изрекување на дисциплинска мерка на царинскиот службеник, директорот е надлежен да го донесе во рок од шест месеци од денот на пријавување на повредата на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски, а најдоцна во рок од една година од денот кога е сторена повредата."

Член 25

По членот 73-к се додава нова член 73-л, кој гласи:

„Член 73-л

(1) Задршката од плата, на име изречени парични казни на царинскиот службеник, во текот на еден месец не може да надмине една третина од износот на неговата вкупна нето-плата за тој месец.

(2) Ако на вработениот царински службеник му престане работниот однос во Царинската управа во која му била изречена парична казна, наплатата на изречената парична казна, по барање на Царинската управа во којашто казната е изречена, ќе ја спроведе новиот работодавач или надлежен орган во постапка утврдена со закон."

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 26

Подзаконските акти утврдени со овој закон ќе се донесат во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 27

Директорот на Царинската управа именуван до денот на започнувањето на примената на членот 3 од овој закон продолжува да ја врши функцијата до истекот на мандатот за кој е именуван.

Член 28

Царинскиот службеник кој засновал работен однос во Царинската управа заклучно со денот на започнувањето со примената на овој закон, треба до директорот на Царинската управа, да достави докази за познавање на странски јазици и познавање на работа со компјутерски програми за канцелариско работење, соодветни на нивото на неговото работно место во рок од две години од денот на започнувањето со примената на овој закон.

Царинскиот службеник кој нема да достави докази за познавање на странски јазици и познавање на работа со компјутерски програми за канцелариско работење согласно со ставот 1 на овој член, со решение на директорот на Царинската управа ќе биде распореден на работно место за едно ниво пониско од работното место на кое бил во моментот на влегувањето во сила на овој закон, освен царинските службеници кои на денот на започнувањето со примената на овој закон биле распоредени на работно место од влезно ниво, на кои ќе им биде намалена платата за износ од 10%.

Царинскиот службеник на кој согласно со ставот 2 на овој член платата му била намалена во износ од 10% може во секој момент да достави докази за познавање на странски јазици и познавање на работа со компјутерски програми за канцелариско работење до директорот на Царинската управа, носи решение, со кое решението за намалувањето на платата престанува да важи.

Ставовите 1 и 2 на овој член не важат за царинските службеници кои ќе остварат право на пензија во рок од десет години од денот на започнувањето со примената на овој закон.

Државниот управен инспекторат, во рок од три месеци по истекот на рокот од ставот 1 на овој член, ќе изврши надзор над спроведувањето на ставовите 1 и 2 на овој член.

Член 29

Започнатите постапките за царинските службеници кои се однесуваат на вработување, дисциплинските постапки и постапките за оценување до денот на започнувањето на примената на овој закон, односно жалбите и приговорите поднесени до Комисијата за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен до денот на започнувањето на примената на овој закон, ќе се завршат според Законот за Царинската управа („Службен весник на Република Македонија" број 46/2004, 81/2005, 107/2007, 103/2008, 64/2009, 105/2009, 48/10,158/10, 53/11 и 113/12).

Член 30

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за Царинската управа.

Член 31

Одредбите од членот 3 од овој закон ќе започнат да се применуваат по една година од денот на влегувањето во сила на овој закон, освен одредбите кои се однесуваат на условот за познавање на странски јазик кои ќе започнат да се применуваат по две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 32

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува со денот на започнувањето на примената на Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија" број 27/14).

---

**L I GJ**
**PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR DREJTORINË DOGANORE**

Neni 1

Në Ligjin për Drejtorinë Doganore ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 46/2004, 81/2005, 107/2007, 103/2008, 64/2009, 105/2009, 48/10,158/10, 53/11 dhe 113/12), në nenin 1 në paragrafin (1) pas fjalëve: "kompetenca doganore", shtohen fjalët: "klasifikimi i vendeve të punës".

Neni 2

Në nenin 2 në pikën 1 pas fjalëve: "Nëpunës doganor është" shtohet fjala "administrativ".

Neni 3

Neni 6 ndryshohet si vijon:

"(1) Me punën e Drejtorisë Doganore udhëheqë drejtori të cilin e emëron dhe e shkarkon Qeveria e Republikës së Maqedonisë.

(2) Drejtori i Drejtorisë doganore (në tekstin në vijim: drejtori) ka zëvendës të cilin e emëron dhe e shkarkon Qeveria e Republikës së Maqedonisë.

(3) Drejtori dhe zëvendësdrejtori emërohen me propozim të ministrit të Financave pas shpalljes publike për zgjedhje, të shpallur në tri gazeta ditore të cilat botohen në gjithë territorin e Republikës së Maqedonisë, prej të cilave një botohet në gjuhën të cilën e flasin të paktën 20% e qytetarëve të cilët flasin gjuhë zyrtare të ndryshme nga gjuha maqedonase dhe kanë mandat prej katër vjetësh.

(4) Drejtori dhe zëvendësdrejtori për punën e tyre dhe punën e Drejtorisë Doganore personalisht përgjigjet para Qeverisë së Republikës së Maqedonisë dhe ministrit të Financave.

(5) Drejtor dhe zëvendësdrejtor mund të emërohet personi cili i plotëson kushtet si vijon:

1) është shtetas i Republikës së Maqedonisë;

2) në momentin e emërimit me vendim të plotfuqishëm gjyqësor nuk i është shqiptuar dënim ose sanksion kundërvajtës ndalim për ushtrimin e funksionit, veprimtarisë ose detyrës;

3) ka fituar të paktën 240 kredi sipas SETK ose ka kryer shkallën VII/1 të arsimit;

4) të ketë përvojë pune minimum pesë vjet;

5) të posedojë një nga certifikatat ndërkombëtarisht të pranuara për njohje aktive të gjuhës angleze jo më të vjetër se pesë vjet, si vijon:

- TOEFL IBT ( me të paktën 74 pikë) ,
- IELTS ( të paktën 6 pikë),
- TOLES ( njohuri bazike),
- ILEK ( të paktën nivelin B2),
- Kembrixh certifikatë ( niveli B1) ose
- APTIS (të paktën nivelin B2) dhe

6) të posedojë vërtetim për test psikologjik dhe test të integritetit të kaluar."

Neni 4

Në nenin 7 paragrafi (1) ndryshohet si vijon:

"Drejtori përfaqëson Drejtorinë Doganore".

Paragrafi (3) ndryshohet si vijon:

"Drejtori është kompetent për miratimin e akteve në procedurë administrative të shkallës së parë dhe instruksione operative në formë të shkruar nga të gjitha fushat e punës doganore dhe me akciza."

Paragrafi (5) ndryshohet si vijon:

"Drejtori është kompetent për fillimin e procedurës për zbulimin rasteve të sjelljes jo përkatëse ose shkeljes së obligimeve nga të punësuarit në Drejtorinë Doganore dhe për ngritjen e procedurës për përcaktimin e përgjegjësisë disiplinore."

Neni 5

Në PJESËN E PARË Kreu II pika 3 ndryshohet si vijon: "3. Klasifikimi dhe kushtet e veçanta për vendet e punës".

Neni 6

Neni 8 ndryshohet si vijon:

"(1) Vendet e punës të nëpunësve doganorë klasifikohen në tre kategori, si vijon:

- Kategoria B- nëpunës doganorë udhëheqës,
- Kategoria V- nëpunës doganorë profesionalë dhe
- Kategoria G - nëpunës doganorë ndihmës - profesionalë.

(2) Në suazat e secilës kategori nga paragrafi (1) i këtij neni, përcaktohen më tepër nivele të vendeve të punës të nëpunësve doganorë."

Neni 7

Pas nenit 8 shtohen tre nene të reja neni 8-a 8-b dhe 8-v, si vijon:

"Neni 8-a

(1) Në suazat e kategorisë B, përcaktohen nivelet e punës dhe titujt e nëpunësve doganorë udhëheqës, si vijon:

- niveli B1 ndihmës drejtor, drejtor i doganës, këshilltar i drejtorit,
- niveli B2 ndihmësdrejtor i doganës dhe krye shef i seksionit,
- niveli B3 shef i sektorit doganor dhe shef i shërbimit dhe
- niveli B4 udhëheqës i seksionit dhe udhëheqës i ndërrimit.

(2) Nëpunësit doganor udhëheqës duhet t'i plotësojnë kushtet e veçanta për vendin e punës:

1) Klasifikime profesionale si vijon:

- për nivelet B1 dhe B2 niveli i klasifikimeve VI A sipas Kornizës Maqedonase të klasifikimeve dhe të paktën 240 kredi të fituara sipas SETK ose shkallën VII/1 të kryera dhe
- për nivelet B3 dhe B4: niveli i klasifikimeve VI A sipas Kornizës Maqedonase të klasifikimeve dhe të paktën 180 kredi të fituara sipas SETK ose shkallën VII/1 të kryera;

2) Përvoja e punës si vijon:

- për nivelin B1 të paktën gjashtë vjet përvojë pune në çështjet doganore,
- për nivelin B2 të paktën pesë vjet përvojë pune në çështjet doganore,
- për nivelin B3 të paktën katër vjet përvojë pune në çështjet doganore,
- për nivelin B4 të paktën katër vjet përvojë pune në çështjet doganore,

3) Kompetenca të përgjithshme të punës: për të gjitha nivelet: Kategoria B, nga Korniza e kompetencave të përgjithshme nëpunës.

4) Kompetenca pune të veçanta si vijon:

- për të gjitha nivelet njohje aktive e programeve kompjuterike për punë në zyrë,
- për të gjitha nivelet: kompetenca tjera të veçanta pune të përcaktuara në aktin e sistematizimit të vendeve të punës për vendin përkatës të punës,
- për nivelet B1 dhe B2: njohje e një nga tre gjuhët më shpesh të përdorura të Bashkimit Evropian (angleze, frënge, gjermane) nëpërmjet posedimit të certifikatës ndërkombëtarisht të njohur ose vërtetim si vijon: IELTS me 5-6 pikë, FCE, BEK B, ILEK, IKFE, BULATS; ose Aptis; ose TOEFEL PBT të paktën 500 pikë, TOEFEL CBT të paktën 175 pikë ose TOEFEL IBT të paktën 60 pikë; ose DELF, TCF, TEF; ose Gete certifikatë, TestDaf, në nivelin B2 të (CEFR) dhe
- për nivelet B3 dhe B4: njohje e një nga tri gjuhët më shpesh të përdorura të Bashkimit Evropian (angleze, frënge, gjermane) nëpërmjet posedimit të certifikatës ndërkombëtarisht të njohur ose vërtetim si vijon: IELTS me 3,5 - 4,5 pikë, PET, BEK P, BULATS ose Aptis, ose TOEFEL PBT të paktën 450 pikë, TOEFEL CBT të paktën 135 pikë ose TOEFEL IBT të paktën 45 pikë; ose DELF, TCF, TEF; ose Gete certifikatë të nivelit B1 të (CEFR).

(3) të gjitha certifikatat ndërkombëtarisht të njohura kanë vlefshmëri kohore të pa kufizuar për vendin e punës për plotësimin e të cilit i ka depozituar nëpunësi administrativ, ndërsa nëpunësi administrativ mund t'i shfrytëzojë gjatë aplikimit në konkurs intern ose publik në afat prej pesë vitesh nga data e lëshimit edhe për vende tjera pune përveç nëse lëshuesi nuk ka parashikuar afat vlefshmërie më të gjatë.

Neni 8-b

(1) Në suazat e kategorisë B, përcaktohen nivelet e punës dhe titujt e nëpunësve doganorë profesionalë, si vijon:

- Niveli B1 inspektor kryesor, këshilltar i pavarur, kontroll doganor i lartë,
- Niveli B2 inspektor i lartë, sistem inxhinier,
- Niveli B3: këshilltar,
- Niveli B4: doganier i lartë, doganier, udhëheqës i qenit doganor, inspektor i ri dhe inspektor,

(2) Nëpunësit doganorë profesionalë, duhet t'i plotësojnë kushtet e veçanta për vendin e punës:

1) Klasifikime profesionale si vijon:

- për nivelin B1 niveli i klasifikimeve VI A sipas Kornizës Maqedonase të klasifikimeve dhe të paktën 240 kredi të fituara sipas SETK ose shkallën VII/1 të kryera.
- për nivelet B2 dhe B3 niveli i klasifikimeve VI A sipas Kornizës Maqedonase të klasifikimeve dhe të paktën 180 kredi të fituara sipas SETK ose shkallën VII/1 të kryera.
- për nivelin B4 niveli i klasifikimeve V A ose niveli i klasifikimeve IV sipas Kornizës Maqedonase të klasifikimit dhe të paktën të kenë fituar 180 ose 240 kredi sipas SETK ose shkallën VII/1 të kryera ose të paktën arsim të lartë ose të mesëm;

2) Përvoja e punës si vijon:
- për nivelin B1 të paktën tre vjet përvojë pune në çështjet doganore,
- për nivelin B2 të paktën dy vjet përvojë pune në çështjet doganore,
- për nivelin B3 të paktën një vit përvojë pune në çështjet doganore dhe
- për nivelin B4 me ose pa përvojë pune në çështjet doganore ose profesion.

(3) Kompetenca të përgjithshme të punës: për të gjitha nivelet: Kategoria B, nga Korniza e kompetencave të përgjithshme nëpunës dhe

(4) Kompetenca të posaçme të punës:
- për të gjitha nivelet njohje aktive e programeve kompjuterike për punë në zyrë,
- për të gjitha nivelet kompetenca tjera të veçanta pune të përcaktuara në aktin e sistematizimit të vendeve të punës për vendin përkatës të punës dhe
- për të gjitha nivelet njohje e një nga tri gjuhët më shpesh të përdorura të Bashkimit Evropian (angleze, frënge, gjermane) nëpërmjet posedimit të certifikatës ndërkombëtarisht të njohur ose vërtetim si vijon: KET, IELTS me 3 - pikë maksimum, BULATS; ose Aptis ose TOEFEL PBT të paktën 400 pikë, TOEFEL CBT të paktën 95 pikë ose TOEFEL IBT të paktën 30 pikë, ose DELF, TCF, TEF, ose Gete certifikatë të nivelit A2 të (CEFR).

(3) Secila nga certifikatat ndërkombëtarisht të njohura kanë vlefshmëri kohore të pa kufizuar për vendin e punës për plotësimin e të cilit i ka depozituar nëpunësi administrativ, ndërsa nëpunësi administrativ mund t'i shfrytëzojë gjatë aplikimit në konkurs intern ose publik në afat prej pesë vitesh nga data e lëshimit edhe për vende tjera pune përveç nëse lëshuesi nuk ka parashikuar afat vlefshmërie më të gjatë.

Neni 8-v

(1) Në suazat e kategorisë G, përcaktohen nivelet e punës dhe titujt e nëpunësve doganorë profesionalë, si vijon:
- G1 - operator,
- G2 - operator administrativ dhe
- G3 - teknik për mbështetje dhe koordinim dhe operator i rrjetit IT.

(2) Nëpunësit doganorë profesionalë, duhet t'i plotësojnë kushtet e veçanta për vendin e punës:

1) Kualifikime profesionale: për të gjitha nivelet: niveli i klasifikimeve V A ose niveli i klasifikimeve IV sipas Kornizës Maqedonase të klasifikimit dhe të paktën të kenë fituar 180 ose 240 kredi sipas ECVET ose MKSOO ose të paktën arsim të lartë ose të mesëm;

2) Përvojë pune si vijon:
-për nivelin G1 të paktën tre vjet përvojë pune në çështjet doganore ose profesion,
- për nivelin G2 të paktën një vit përvojë pune në çështjet doganore ose profesion dhe
- për nivelin G3 me ose pa përvojë pune në çështjet doganore ose profesion;

(3) Kompetenca të përgjithshme të punës: për të gjitha nivelet: Kategoria G, nga Korniza e kompetencave të përgjithshme të punës.

(4) Kompetenca të përgjithshme të punës:
- për të gjitha nivelet - njohje aktive e programeve kompjuterike për punë në zyrë,
- kompetenca tjera të veçanta pune të përcaktuara në aktin e sistematizimit të vendeve të punës për vendin përkatës të punës dhe
- njohje aktive e një nga tri gjuhët më shpesh të përdorura në Bashkimin Evropian (anglisht, frëngjisht, gjermanisht)".

Neni 8

Në nenin 26 pas paragrafit (2) shtohen katër paragrafë të rinj (3), (4), (5) dhe (6) si vijon:

"(3) Legjitimacioni zyrtar të cilin e lëshon drejtori i Drejtorisë Doganore ka vlefshmëri prej gjashtë vitesh.

(4) Pas skadimit të vlefshmërisë së legjitimacionit, nëpunësi doganor është i obliguar t'ia kthejë legjitimacionin lëshuesit, dhe të kërkojë legjitimacion të ri.

(5) Në rast të anulimit të marrëveshjes për punësim, respektivisht suspendim, nëpunësi doganor është i obliguar t'ia kthejë legjitimacionin lëshuesit.

(6) Nëse në rast të suspendimit merret aktvendim për kthim në punë, nëpunësi doganor përsëri angazhohet me legjitimacion."

Paragrafi (3) bëhet paragraf (7).

Neni 9

Pas nenit 27 shtohen tre nene të reja 27-a, 27-b dhe 27-v, si vijon:

"Neni 27-a

(1) Sipas nevojës dhe me urdhër të Prokurorit publik do t'i jepen në dispozicion për punë nëpunës doganorë nga fushë veprimi i punës për ndërmarrjen e masave dhe aktiviteteve për zbulimin e veprave penale, kthimin dhe paraqitjen e kryerësve të veprave penale, sigurimin e provave për vepra penale dhe masa tjera me të cilat mundësohet mbajtja e procedurës penale në pajtim me autorizimet e ndara për Drejtorinë Doganore me Ligjin për procedurë penale.

(2) Mënyrën e realizimit të të drejtave, obligimeve dhe përgjegjësive të përcaktuara me ligj dhe marrëveshjen kolektive të nëpunësve doganorë të ndara sipas nevojës të prokurorit publik rregullohen me marrëveshje për bashkëpunim të lidhur ndërmjet Drejtorisë Doganore dhe Prokurorisë Publike.

Neni 27-b

(1) Për nëpunës doganor i cili ndahet sipas nevojës të prokurorit publik, aktvendim për ndarje miraton drejtori i Drejtorisë Doganore.

(2) Nëpunësi doganor sistematizohet sipas nevojës së prokurorit publik, obligimet dhe përgjegjësitë i realizon nën kushtet dhe procedurën e përcaktuara me këtë ligj dhe marrëveshjen kolektive, si dhe me mënyrën e përcaktuar me dispozitat e miratuara në bazë të këtij ligji.

(3) Zbatimi i procedurave për realizimin e të drejtave, obligimeve dhe përgjegjësive të nëpunësit doganor i sistematizuar sipas nevojës së prokurorit publik kryhet në bazë të kërkesës, respektivisht iniciativës së prokurorit publik.

(4) Nëpunësi doganor i sistematizuar nuk mund të vendoset në vend tjetër pune gjatë kohës përderisa është caktuar për punë te prokurori publik.

Neni 27-v

(1) Për nëpunës doganor i cili dërgohet në qendër hulumtuese te prokurori publik aktvendim për dërgim miraton drejtori me pëlqim paraprak nga ministri i Financave.

(2) Nëpunësi doganor i dërguar në qendrën hulumtuese në prokurorinë publike, të drejtat, obligimet dhe përgjegjësitë i realizon nën kushtet dhe procedurën e përcaktuara me këtë ligj dhe marrëveshjen kolektive, si dhe me mënyrën e përcaktuar me dispozitat e miratuara në bazë të këtij ligji.

(3) Zbatimi i procedurave për realizimin e të drejtave, obligimeve dhe përgjegjësive të nëpunësit doganor të dërguar në qendrën hulumtuese të prokurorisë publike kryhet në bazë të kërkesës, respektivisht iniciativës së prokurorit publik."

Neni 10

Në nenin 50 paragrafi (1) ndryshohet si vijon:

"Çështjet në lidhje me marrëdhënien e punës të nëpunësit doganor rregullohen me këtë ligj, ndërsa të gjitha

çështjet të cilat nuk janë të rregulluara me këtë ligj zbatohen dispozitat e ligjeve të cilat rregullojnë statusin e nëpunësve administrativë dhe të punësuarve në sektorin publik si dhe dispozitat e përgjithshme për marrëdhënie pune."

Në paragrafin (2) fjalët: "me status të fituar të nëpunësit doganor janë nëpunës shtetëror" zëvendësohen me fjalët "nëpunës doganor, të drejta, obligimet dhe përgjegjësitë nga marrëdhënia e punës i realizojnë në pajtim me ligjet të cilat i rregullojnë statusin e nëpunësve administrativë dhe të punësuarve në sektorin publik si dhe dispozitat e përgjithshme për marrëdhënie pune.

Në paragrafin (3) fjalët "Ligji për marrëdhënie pune" zëvendësohen me fjalët "ligji i cili rregullon statusin e të punësuarve në sektorin publik si dhe dispozitat e përgjithshme për marrëdhënie pune."

Neni 11

Neni 51 ndryshohet si vijon:

"(1) Procedura për punësimin e nëpunësve doganorë kryhet në pajtim me ligjin i cili rregullon statusin e nëpunësve administrativë.

(2) Kandidati për nëpunës doganor jep provim për nëpunës doganor në Agjencinë për Administratë (në tekstin në vijim: Agjencia).

(3) Bazën e pyetjeve për pjesën profesionale e formon Drejtoria Doganore në bashkëpunim me Ministrinë e Shoqërisë Informatike dhe Administratës dhe Agjencisë, me ç'rast të paktën një herë në vit, e njëjta revidohet ndërsa e njëjta përfshin sferat si vijon;

- rendi kushtetues i Republikës së Maqedonisë;
- sistemi doganor, i akcizave dhe tatimor,
- sistemi i të drejtës administrative, procedurës administrative dhe kontestit administrativ,
- pozita dhe çështje tjera të përgjithshme për të punësuarit në sektorin publik,
- të drejtat e marrëdhënies së punës të nëpunësve doganorë dhe
- Kodeksi i nëpunësve doganorë."

Neni 12

Nenet 52, 53, 53-a dhe 54 shlyhen.

Neni 13

Në nenin 56 në paragrafët (6), (7) dhe (8) fjalët "Komisioni Shtetëror për vendimmarrje në procedurë administrative dhe procedurë të marrëdhënies së punës në shkallë të dytë" zëvendësohen me fjalët: "Agjencia për Administratë".

Neni 14

Pas nenit 62 shtohet nen i ri 62-a, si vijon:

"Neni 62-a

Të drejtat e ndërsjella dhe obligimet e Drejtorisë Doganore dhe nëpunësi doganor i cili është udhëzuar në trajnim për nevojat e institucionit, rregullohen me marrëveshje me shkrim në të cilën përcaktohet data e saktë deri kur nëpunësi doganor nuk mund të kërkojë pushimin e marrëdhënies së punës, si dhe përgjegjësia e tij materiale reciproke me mjetet e shpenzuara për realizimin e trajnimit, nëse me faj të tij ose me kërkesë të tij i ka pushuar marrëdhënia e punës para datës së përcaktuar."

Neni 15

Në nenin 63 paragrafi (2) ndryshohet si vijon:

"I punësuari në Drejtorinë Doganore i cili nuk është nëpunës doganor, me kërkesë të Drejtorisë Doganore mund të sistematizohet në vendin e punës përkatës të nëpunësit doganor, nëse i plotëson kushtet e përcaktuara me aktin e sistematizimit të vendeve të punës në Drejtorinë Doganore dhe nëse në afat prej gjashtë muajve e jep provimin profesional për nëpunës doganor në Agjencinë për Administratë."

Neni 16

Në nenin 63-a në paragrafët (1), (2) dhe (3) fjalët: "Komisioni Shtetëror për vendimmarrje në procedurë administrative dhe procedurë të marrëdhënies së punës në shkallë të dytë" zëvendësohen me fjalët: "Agjencia për Administratë".

Neni 17

Pas nenit 63-a shtohet nen i ri 63-b, si vijon:

"Neni 63-b

(1) Nëpunësit doganor i cili sipas nevojës së Drejtorisë Doganore është i sistematizuar përkohësisht deri në tre muaj nuk i takon kompensimi nga neni 63, paragrafi (4), pika 2 të këtij ligji.

(2) Nëpunësi doganor i cili përkohësisht është i sistematizuar deri në tre muaj në vendin e punës në largësi mbi 100 kilometra nga vendbanimi, akomodohet në kapacitetet për akomodim me të cilat disponon Drejtoria Doganore.

(3) Me pëlqimin e nëpunësit doganor i cili përkohësisht është i sistematizuar mbi tre muaj, mund të akomodohet në kapacitete për akomodim me të cilat disponon Drejtoria Doganore."

Neni 18

Në nenin 65 pas paragrafit (2) shtohen katër paragrafë të rinj (3), (4) dhe (5) si vijon:

2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

3) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС, односно завршен VII/1 степен образование од областа на правото;

4) има положено правосуден испит;

5) има работно искуство од најмалку пет години од кои три години во областа на јавните набавки;

6) поседува еден од следните меѓународно признати сертификати за познавање на англиски јазик не постар од пет години:

- ТОЕФЕЛ (TOEFL) со најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) со најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) со најмалку Б2 ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
- БУЛАТС (BULATS) со најмалку 60 бода или
- АПТИС (APTIS) со најмалку Б2 ниво и

7) има положено психолошки тест и тест за интегритет.“

Член 7

Во членот 210 по алинејата 3 се додава нова алинеја 4, која гласи:

„- не е постапено согласно со членот 54 став (2) от овој закон,“.

Член 8

По членот 232-ј се додава нов член 232-к, кој гласи:

„Член 232-к

(1) Тој што свесно нема да го објави огласот за јавна набавка спротивно на членот 54 ставот (2) од овој закон, а бил должен тоа да го стори согласно со одредбите од овој закон и со тоа за себе или за друг ќе оствари поголема имотна корист, или ќе предизвика поголема штета, ќе се казни со казна затвор до една година.

(2) Ако сторителот со извршување на делото од ставот (1) на овој член остварил за себе или за друг значителна имотна корист, или предизвикал значителна штета, ќе се казни со казна затвор од една до три години.

(3) Ако сторителот со извршување на делото од ставот (1) на овој член остварил за себе или за друг имотна корист од поголеми размери, или предизвикал штета од поголеми размери, ќе се казни со казна затвор од три до пет години.

(4) Тој што делото од ставот (1) на овој член ќе го стори од небрежност ќе се казни со затвор до шест месеци, за ставот (2) со затвор до една година и за ставот (3) со затвор од една до три години.“

Член 9

Директорот на Бирото за јавни набавки, членовите на Советот за јавни набавки и претседателот и членовите на Државната комисија за жалби по јавни набавки именувани до денот на започнувањето со примена на овој закон продолжуваат да ја извршуваат функцијата до истекот на мандатот за кој се избрани.

Член 10

Одредбите од членовите 1, 2 и 6 од овој закон кои се однесуваат на условот за познавање на странски јазик ќе започнат да се применуваат по две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Одредбите од членовите 3 став (1), 7 и 8 од овој закон ќе започнат да се применуваат од 1 мај 2014 година.

Одредбите од членот 3 став (2) од овој закон ќе започнат да се применуваат од 1 јануари 2015 година.

Одредбите од членот 5 од овој закон ќе започнат да се применуваат со отпочнувањето со примена на Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ број 27/14).

Член 11

Постапките за доделување договори за јавни набавки започнати пред денот на започнувањето на примената на овој закон ќе завршат согласно со прописите што важеле до денот на влегување во сила на овој закон.

Член 12

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”, а ќе започне да се применува по една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

---

## L I GJ
## PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR FURNIZIME PUBLIKE

Neni 1

Në Ligjin për furnizime publike ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 136/2007, 130/2008, 97/10, 53/11, 185/11, 15/13, 148/13, 160/13 dhe 28/14) në nenin 13 pas paragrafit (2) shtohet paragraf i ri (3) si vijon:

"(3) Për emërim të drejtorit të Byrosë shpallet konkurs publik së paku në tre gazeta ditore të cilat botohen në gjithë territorin e Republikës së Maqedonisë, prej të cilave një nga gazetat të cilat botohen është në gjuhën të cilën e flasin së paku 20% e qytetarëve të cilët flasin gjuhë zyrtare të ndryshme nga gjuha maqedonase.”

Paragrafi (3) i cili bëhet paragraf (4) ndryshohet si vijon:

"Drejtor i Byrosë mund të emërohet personi i cili i plotëson këto kushte:

1) është shtetas i Republikës së Maqedonisë;

2) në momentin e emërimit me aktgjykim të plotfuqishëm gjyqësor nuk i është shqiptuar dënim ose sanksion i kundërvajtjes ndalim për ushtrim të profesionit, veprimtarisë ose detyrës;

3) ka fituar së paku 240 kredi sipas SETK, përkatësisht përfunduar shkallën VII/1 të arsimit nga sfera e drejtësisë ose ekonomisë;

4) ka përvojë pune së paku prej pesë vjetësh nga të cilat së paku tre vjet nga sfera e furnizimeve publike;

5) posedon një nga certifikatat ndërkombëtarisht të njohura për njohje të gjuhës angleze jo më të vjetër se pesë vjet:

- TOEFEL (TOEFL) me së paku 74 pikë,
- IELTS (IELTS) me së paku 6 pikë,
- ILEC (ILEC) (Cambridge English: Legal) me së paku nivelin B2,
- FCE (FCE) (Cambridge English: First) - të dhënë,
- BULATS (BULATS) me së paku 60 pikë ose
- APTIS (APTIS) me së paku nivelin B2 dhe

6) ka dhënë test psikologjik dhe test për integritet.”

Neni 2

Në nenin 14 në paragrafin (6) fjala "konkurs" zëvendësohet me fjalët: "shpallje e cila publikohet në së paku në tri gazeta ditore të cilat botohen në gjithë territorin e Republikës së Maqedonisë, prej të cilave një nga gazetat të cilat botohen është në gjuhën të cilën e flasin së paku 20% e qytetarëve të cilët flasin gjuhë zyrtare të ndryshme nga gjuha maqedonase".

Paragrafi (7) ndryshohet si vijon:

"Anëtar i Këshillit mund të emërohet personi i cili i plotëson këto kushte:

1) është shtetas i Republikës së Maqedonisë;

2) në momentin e emërimit me aktgjykim të plotfuqishëm gjyqësor nuk i është shqiptuar dënim ose sanksion i kundërvajtjes ndalim për ushtrim të profesionit, veprimtarisë ose detyrës;

3) ka fituar së paku 240 kredi sipas SETK, përkatësisht ka përfunduar shkallën VII/1 të arsimit;

4) ka përvojë pune prej së paku pesë vjet prej të cilave së paku tre vjet në sferën e furnizimeve publike;

5) posedon një nga certifikatat ndërkombëtarisht të pranuara për njohje të gjuhës angleze jo më të vjetër se pesë vjet, si vijon:

- TOEFEL (TOEFL) me së paku 74 pikë,
- IELTS (IELTS) me së paku 6 pikë,

- ILEC (ILEC) (Cambridge English: Legal) me së paku B2 nivel,
- FCE (FCE) (Cambridge English: First) - të dhënë,
- BULATS (BULATS) me së paku 60 pikë ose
- APTIS (APTIS) me së paku nivelin B2 dhe
6) ka dhënë testin psikologjik dhe testin për integritet.”

Neni 3

Në nenin 54 paragrafi (2) ndryshohet si vijon:

"Nëse vlera e llogaritur e marrëveshjes për furnizim publik pa TVSH të përfshirë është mbi 50.000 euro për mallra dhe shërbime, përkatësisht mbi 200.000 euro për punë, shpallja për ndarje të marrëveshjes për furnizim publik në mënyrë të obligueshme shpallet në Buletinin Zyrtar të Unionit Evropian. Organi kontraktues mund ta shpallë konkursin nga ky paragraf edhe në publikim përkatës afarist ose gazetë teknike ose profesionale e cila është e arritshme për publikun më të gjerë ndërkombëtar dhe publikun profesional.”

Pas paragrafit (2) shtohet paragraf i ri (3) si vijon:

"(3) Përkthimin e konkursit nga paragrafi (2) i këtij neni në gjuhën angleze me deklaratë e vërteton përkthyesi i cili posedon certifikatë ndërkombëtarisht të njohur për njohje të gjuhës angleze me së paku nivelin C1 ose në mënyrë ekuivalente.".

Paragrafët (3) dhe (4) bëhen paragrafë (4) dhe (5).

Neni 4

Në nenin 169 në paragrafin (2) numri "7" zëvendësohet me numrin "8".

Neni 5

Në nenin 201 në paragrafin (2) fjalët: "Ligji për nëpunës shtetërorë" zëvendësohen me fjalët :"Ligji për nëpunës administrativë".

Neni 6

Në nenin 202 në paragrafin (2) fjala "konkurs" zëvendësohet me fjalët "shpallje e cila publikohet në së paku tri gazeta ditore të cilat botohen në gjithë territorin e Republikës së Maqedonisë, prej të cilave një nga gazetat të cilat botohen është në gjuhën të cilën e flasin së paku 20% e qytetarëve të cilët flasin gjuhë zyrtare të ndryshme nga gjuha maqedonase".

Paragrafi (4) ndryshohet si vijon:

"Anëtar i Komisionit shtetëror mund të emërohet personi i cili i plotëson këto kushte:
1) është shtetas i Republikës së Maqedonisë;
2) në momentin e emërimit me aktgjykim të plotfuqishëm gjyqësor nuk i është shqiptuar dënim ose sanksion i kundërvajtjes ndalim për ushtrim të profesionit, veprimtarisë ose detyrës;
3) ka fituar së paku 240 kredi sipas SETK, përkatësisht ka përfunduar shkallën VII/1 të arsimit nga sfera e drejtësisë;
4) ka përvojë pune së paku prej pesë vjetësh prej të cilave së paku tre vjet në sferën e furnizimeve publike;
5) Posedon një nga certifikatat ndërkombëtarisht të njohura për njohje të gjuhës angleze jo më të vjetër se pesë vjet, si vijon:
- TOEFEL (TOEFL) me së paku 74 pikë,
- IELTS (IELTS) me më së paku 6 pikë,
- ILEC (ILEC) (Cambridge English: Legal) me së paku nivelin B2,
- FCE (FCE) (Cambridge English: First) - të dhënë,
- BULATS (BULATS) me së paku 60 pikë ose
- APTIS (APTIS) me së paku nivelin B2 dhe
6) ka dhënë testin psikologjik dhe testin për integritet.“

Paragrafi (5) ndryshohet si vijon:

"Kryetar i Komisionit shtetëror mund të emërohet personi i cili i plotëson këto kushte:
1) është shtetas i Republikës së Maqedonisë;
2) Në momentin e emërimit me aktgjykim të plotfuqishëm gjyqësor nuk i është shqiptuar dënim ose sanksion i kundërvajtjes ndalim për ushtrim të profesionit, veprimtarisë ose detyrës;
3) ka fituar së paku 240 kredi sipas SETK, përkatësisht ka përfunduar shkallën VII/1 të arsimit nga sfera e drejtësisë;
4) ka dhënë provim të jurisprudencës;
5) ka përvojë pune së paku prej pesë vjetësh prej të cilave tre vjet nga sfera e furnizimeve publike;
6) posedon një nga certifikatat ndërkombëtarisht të pranuara për njohje të gjuhës angleze jo më të vjetër se pesë vjet, si vijon:
- TOEFEL (TOEFL) me së paku 74 pikë,
- IELTS (IELTS) me së paku 6 pikë,
- ILEC (ILEC) (Cambridge English: Legal) me së paku nivelin B2,
- FCE (FCE) (Cambridge English: First) - të dhënë,
- BULATS (BULATS) me së paku 60 pikë ose
- APTIS (APTIS) me më së paku nivelin B2 dhe
7) ka dhënë testin psikologjik dhe testin për integritet.”

Neni 7

Në nenin 210 pas alinesë 3 shtohet aline e re 4 si vijon:

„- nuk është vepruar në pajtim me nenin 54 paragrafi (2) të këtij ligji,“.

Neni 8

Pas nenit 232-j shtohet nen i ri 232-k si vijon:

"Neni 232-k

(1) Ai i cili me vetëdije nuk e publikon shpalljen për furnizime publike në kundërshtim me nenin 54 paragrafin (2) të këtij ligji, ndërsa ka qenë i detyruar ta bëjë këtë në pajtim me këtë ligj dhe me këtë për vete ose për tjetrin do të realizojë dobi më të madhe pronësore, ose do të shkaktojë dëm më të madh, do të dënohet me dënim me burg deri në një vit.

(2) Nëse kryerësi me kryerje të veprës nga paragrafi (1) i këtij neni ka realizuar për vete ose për tjetrin dobi të rëndësishme pronësore, ose ka shkaktar dëm të dukshëm, do të dënohet me dënim me burg prej një deri në tre vjet.

(3) Nëse kryerësi me kryerje të veprës nga paragrafi (1) i këtij neni ka realizuar për vete ose për tjetrin dobi pronësore me përmasa më të mëdha, ose ka shkaktuar dëm me përmasa më të mëdha, do të dënohet me dënim me burg prej tre deri në pesë vjet.

(4) Ai i cili veprën nga paragrafi (1) i këtij neni do ta kryejë nga pakujdesia do të dënohet me dënim me burg deri në gjashtë muaj, për paragrafin (2) me burg deri një vit dhe për paragrafin (3) me burg prej një deri në tre vjet.”

Neni 9

Drejtori i Byrosë për furnizime publike, anëtarët e Këshillit për furnizime publike dhe kryetari dhe anëtarët e Komisionit shtetëror për ankesa për furnizime publike të emëruar deri në ditën e fillimit me zbatim të këtij ligji vazhdojnë ta ushtrojnë funksionin deri në përfundim të mandatit për të cilin janë zgjedhur.

Neni 10

Dispozitat nga nenet 1, 2 dhe 6 të këtij ligji të cilat kanë të bëjnë me kushtet për njohje të gjuhës së huaj do të fillojnë të zbatohen pas dy vitesh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Dispozitat nga neni 3 paragrafi (1), neni 7 dhe neni 8 të këtij ligji do të fillojnë të zbatohen prej 1 maj 2014.

Dispozitat nga neni 3 paragrafi (2) të këtij ligji do të fillojnë të zbatohen prej 1 janar 2015.

Dispozitat nga neni 5 të këtij ligji do të fillojnë të zbatohen me fillim të zbatimit të Ligjit për nëpunës administrativë ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 27/14).

Neni 11

Procedurat për ndarje të marrëveshjeve për furnizime publike të filluara para ditës së fillimit të zbatimit të këtij ligji do të përfundohen në pajtim me rregullat të cilat kanë qenë të vlefshme deri në ditën e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 12

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë", ndërsa do të fillojnë të zbatohen pas një viti nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

---

**1278.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 27 февруари 2014 година.

Бр. 07 – 1279/1
27 февруари 2014 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА

Член 1

Во Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ број 43/12, 145/12, 87/13 и 164/13), по членот 13 се додаваат два нови наслови и два нови члена 13-а и 13-б, кои гласат:

**„ Права од работен однос во јавна здравствена установа**

Член 13-а

Во јавните здравствени установи работните места на вработените се групираат во групи и подгрупи согласно Законот за вработените во јавниот сектор:

- административни службеници,
- даватели на јавни услуги во здравството и
- помошно - технички лица.

**Плати на вработените во јавните здравствени установи**

Член 13-б

Платите на вработените во јавните здравствени установи се утврдуваат во колективните договори согласно со видот на потребните стручни квалификации и работните компетенции, одговорноста, видот и сложеноста на работите и на работните задачи, како и согласно со другите критериуми од значење за работното место.“

Член 2

Во членот 104 ставот (2) се менува и гласи:

„За директор може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

1) е државјанин на Република Македонија;

2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

3) има завршено високо образование од областа на медицинските или стоматолошките науки, високо образование - дипломиран логопед, високо образование - специјалист по медицинска биохемија, високо образование од областа на економските или правните науки или јавно здравствениот менаџмент или завршени академски студии со најмалку 240 ЕКТС, односно најмалку VI Б ниво согласно со Националната рамка на високообразовните квалификации;

4) има минимум пет години работно искуство и положен испит за директор согласно со овој закон;

5) понуди најквалитетна програма за работа на јавната здравствена установа;

6) поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:

- ТОЕФЛ ИБТ најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или
- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2) и

7) има положено психолошки тест и тест за интегритет.“

Член 3

Во членот 105 ставот (2) се менува и гласи:

„За медицински директор може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

1) е државјанин на Република Македонија;

2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

3) има завршено високо образование од областа на медицинските или стоматолошките науки, високо образование - дипломиран логопед, високо образование - специјалист по медицинска биохемија или завршени академски студии со најмалку 240 ЕКТС, односно најмалку VI Б ниво согласно со Националната рамка на високообразовните квалификации;

4) има минимум пет години работно искуство во здравствена установа и положен испит за директор согласно со овој закон;

5) поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:

- ТОЕФЛ ИБТ најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или
- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2) и

6) има положено психолошки тест и тест за интегритет.“

Ставот (4) се менува и гласи:

„За организациски директор може да биде именувано лице кое ги исполнува следните услови:

1) е државјанин на Република Македонија;

2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

3) има завршено високо образование од областа на економските или правните науки или јавно здравствениот менаџмент или завршени академски студии со

најмалку 240 ЕКТС, односно најмалку VI Б ниво согласно со Националната рамка на високообразовните квалификации;

4) има минимум пет години работно искуство од економијата, финансиите, правото или менаџментот или од системот и организацијата на здравствената заштита и здравственото осигурување и положен испит за директор согласно со овој закон;

5) поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:

- ТОЕФЛ ИБТ најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или
- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2) и

6) има положено психолошки тест и тест за интегритет.“

Член 4

Во членот 108 ставот (1) се менува и гласи:

„Управниот одбор на јавната здравствена установа три месеци пред истекот на мандатот на постојниот директор донесува одлука за распишување на јавен конкурс кој се објавува во три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Македонија од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.“

Член 5

По членот 155 се додава нов оддел „5-а Даватели на јавни услуги во здравството“ и осум нови наслови и осум нови члена 155-а, 155-б, 155-в, 155-г, 155-д, 155-ѓ, 155-е и 155-ж, кои гласат:

**„5-а. Даватели на јавни услуги во здравството**

**Класификација на работни места**

Член 155-а

(1) Вработените во јавните здравствени установи кои вршат работи од здравствената дејност, имаат статус на даватели на јавни услуги во здравството и за нив се применуваат одредбите од овој закон, одредбите од Законот за вработени во јавниот сектор и општите прописи за работни односи.

(2) За вработените од ставот (1) на овој член се утврдуваат следниве категории на работни места:

- категорија А - здравствени работници со високо образование од областа на медицината, стоматологијата и фармацијата,
- категорија Б - здравствени работници со високо стручно образование од областа на медицината и стоматологијата,
- категорија В - здравствени работници со вишо стручно образование од областа на медицината и стоматологијата,
- категорија Г - здравствени работници со средно стручно образование од областа на медицината, стоматологијата и фармацијата и
- категорија Д - здравствени соработници.

(3) Нивоата на работните места во рамките на категориите од ставот (2) на овој член се опишуваат со звања, односно со стручен или со научен назив, при што најниско ниво во категоријата е влезното ниво.

(4) Работното искуство и другите посебни услови што треба да ги исполни лицето кое се вработува во јавна здравствена установа како здравствен работник, односно здравствен соработник се утврдуваат со актот за систематизација на јавната здравствена установа согласно со видот на потребните стручни квалификации и работните компетенции, одговорноста, видот и сложеноста на работите и на работните задачи, како и согласно со другите критериуми од значење за работното место.

**Категорија А - здравствени работници со високо образование од областа на медицината, стоматологијата и фармацијата**

Член 155-б

(1) Во рамките на категоријата А се утврдуваат следниве нивоа на работни места на даватели на јавни услуги во здравството:

- ниво А1 раководни работници на внатрешни организациони единици,
- ниво А2 доктор на медицина, доктор на стоматологија, дипломиран фармацевт- доктор на науки редовен професор,
- ниво А3 доктор на медицина, доктор на стоматологија, дипломиран фармацевт - доктор на науки - научен советник,
- ниво А4 доктор на медицина, доктор на стоматологија, дипломиран фармацевт - вонреден професор,
- ниво А5 доктор на медицина, доктор на стоматологија, дипломиран фармацевт - доктор на науки - виш научен соработник,
- ниво А6 доктор на медицина, доктор на стоматологија, дипломиран фармацевт - доктор на науки - доцент,
- ниво А7 доктор на медицина, доктор на стоматологија, дипломиран фармацевт - доктор на науки - научен соработник,
- ниво А8 доктор на медицина, доктор на стоматологија, дипломиран фармацевт -доктор на науки - асистент,
- ниво А9 доктор на медицина, доктор на стоматологија, дипломиран фармацевт -доктор на науки,
- ниво А10 доктор на медицина, доктор на стоматологија, дипломиран фармацевт - супспецијалист;
- ниво А11 доктор на медицина, доктор на стоматологија, дипломиран фармацевт специјалист - примариус,
- ниво А12 доктор на медицина, доктор на стоматологија, дипломиран фармацевт - специјалист магистер,
- ниво А13 доктор на медицина, доктор на стоматологија, дипломиран фармацевт - асистент,
- ниво А14 доктор на медицина, доктор на стоматологија, дипломиран фармацевт - специјалист и други,
- ниво А15 доктор на медицина, доктор на стоматологија, дипломиран фармацевт примариус,
- ниво А16 доктор на медицина, доктор на стоматологија, дипломиран фармацевт - магистер и
- ниво А17 доктор на медицина, доктор на стоматологија, дипломиран фармацевт.

(2) Вработените од категоријата А треба да имаат најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен.

(3) Вработените од категоријата А треба да поседуваат меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на Здружението ALTE на европски тестатори, или уверение од меѓународна институција за познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски) на А1 (А1) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно БУЛАТС или Аптис, или ТОЕФЛ ПБТ најмалку 310 бода, ТОЕФЛ ЦБТ најмалку 35 бода или ТОЕФЛ ИБТ најмалку 10 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или Гете сертификат.

(4) По исклучок од ставот (3) на овој член лицето кое може да биде назначено за раководител на оддел во универзитетски институт, универзитетска клиника и клиника во универзитетски клинички центар и лицата

кои се вработуваат како здравствени работници со високо образование во здравствена установа на терцијарно ниво треба да ги исполнуваат условите утврдени со одредбите од овој закон со кој е пропишано раководењето со оддел во универзитетски институт, универзитетска клиника и клиника во универзитетски клинички центар и со кои се пропишани посебните услови за вработување на здравствените работници со високо образование на терцијарно ниво.

(5) Кандидатите за здравствен работник со високо образование кои се пријавиле на јавен оглас за вработување во јавна здравствена организација и кои го поседуваат меѓународно признатиот сертификат, односно уверение за познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија од ставот (3) на овој член, се смета дека го положиле квалификациониот испит во делот во кој се проверува познавањето на еден од светските јазици.

**Категоријата Б - здравствени работници со високо стручно образование од областа на медицината и стоматологијата**

Член 155-в

(1) Во рамките на категоријата Б - здравствени работници со високо стручно образование од областа на медицината и стоматологијата, се утврдуваат следниве нивоа на работни места на даватели на јавни услуги во областа на здравството:

- ниво Б1 главна медицинска сестра и главен медицински лаборант на ниво на здравствена установа, главен радиолошки технолог, главен трансфузист, главен физиотерапевт и други,
- ниво Б2 одговорна медицинска сестра и одговорен медицински лаборант на ниво на внатрешна организациона единица, одговорен радиолошки технолог, одговорен трансфузист, одговорен физиотерапевт и други и
- ниво Б3 дипломирана медицинска сестра и медицинска сестра -специјалист, дипломиран радиолошки технолог, дипломиран физиотерапевт, дипломиран трансфузист, дипломирани логопеди (интегрирани студии на медицински факултет) и други.

(2) Вработените од категоријата Б треба да имаат најмалку 180 кредити стекнати според ЕКТС.

(3) Вработените од категоријата Б треба да поседуваат сертификат за работа со компјутерски програми за канцelариско работење и да поседуваат уверение за познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски) на А1 нивото.

**Категоријата В - здравствени работници со вишо стручно образование од областа на медицината и стоматологијата**

Член 155-г

(1) Во рамките на категоријата В - здравствени работници со вишо стручно образование од областа на медицината и стоматологијата, се утврдуваат следните нивоа на работни места на даватели на јавни услуги во областа на здравството:

- ниво В1н виш здравствен работник специјалист во психијатрија, нуклеарна медицина, забна здравствена превентива, медицина на трудот, интензивно лекување, патронажна, диететика, комунална хигиена, итна медицинска помош, визил техничар, трансфузионист, анестетичар и други и
- ниво В2н виш санитарен техничар, виш забен техничар, виш физиотерапевт, виша медицинска сестра - акушерка, виш лаборант, трансфузионист, виш фармацевт, виш цитогенски техничар, виш РТГ техничар, виш фармацевтски техничар, диететичар, нутрицист, работен терапевт и други.

(2) Вработените од категоријата В треба да имаат завршен VI степен.

(3) Вработените од категорија В треба да поседуваат сертификат за работа со компјутерски програми за канцелариско работење.

**Категоријата Г - здравствени работници со средно стручно образование од областа на медицината, стоматологијата и фармацијата**

Член 155-д

(1) Во рамките на категоријата Г - здравствени работници со средно стручно образование од областа на медицината, стоматологијата и фармацијата, се утврдуваат следниве нивоа на работни места на даватели на јавни услуги во областа на здравството:

- ниво Г1 медицинска сестра - инструментарка, инструментарка -акушерка, медицинска сестра - анестетичар, физиотерапевт во реанимација, медицинска сестра во интензивна нега, акушерка во родилна сала, медицинска сестра на дијализа, медицинска сестра физиотерапевт и трансфузист и други;,
- ниво Г2 патронажна медицинска сестра, медицинска сестра во итна медицинска помош, медицинска сестра во домашна посета, медицинска сестра во одделенија во психијатриска болница и други,
- ниво Г3 медицинска сестра, акушерка, медицински техничар, стоматолошка сестра, лаборант, лаборантски техничар, фармацеутски техничар, санитарен техничар, физиотерапевт, лаборант, препаратор, лаборант по нуклеарна медицина, цитогенски техничар, перфузионист, забен техничар, радиолошки техничар, фотолаборант, дезинсектор, забари-дентисти и други,
- ниво Г4 здравствен техничар за нега на болен, медицинска сестра - болничар и здравствен статистичар и други и
- ниво Г5 општа медицинска сестра на приемно и картотека и други.

(2) Вработените од категоријата Г треба да имаат најмалку средно стручно образование.

(3) Вработените од категоријата Г треба да поседуваат сертификат за работа со компјутерски програми за канцелариско работење.

**Категоријата Д - здравствени соработници**

Член 155-ѓ

(1) Во рамките на категоријата Д - здравствени соработници, се утврдуваат следниве нивоа на работни места на даватели на јавни услуги во областа на здравството:

- ниво Д1 - здравствени соработници со специјализација и други,
- ниво Д2 - магистер по јавно здравство и други магистри (биолог, физичар, педагог, психолог, логопед, сурдолог, соматопед) и други,
- ниво Д3 - самостоен стручен соработник (педагог, дефектолог, психолог, логопед, биолог, физичар, сурдолог, соматопед) и други,
- ниво Д4 дипломиран инженер, дипломиран хемичар и биохемичар и други,
- ниво Д5 стручен соработник (педагог, дефектолог, психолог, логопед, биолог, физичар, сурдолог, соматопед) и други,
- ниво Д6 дипломиран педагог, дипломиран дефектолог, дипломиран психолог, дипломиран логопед, дипломиран биолог, дипломиран физичар, дипломиран сурдолог, дипломиран соматопед, дипломиран социјален работник и други и
- ниво Д7 работен терапевт, воспитувач, педагог, наставник, виш здравствен соработник, инженер по медицинска радиологија, виш социјален работник и други.

(2) Вработените од категоријата Д од ниво Д1 до ниво Д6 треба да имаат најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен, а вработените од категоријата Д, нивото Д7 треба да имаат најмалку вишо образование.

(3) Вработените од категоријата Д, од нивоата од Д1 до Д7 треба да поседуваат сертификат за работа со компјутерски програми за канцелариско работење, а вработените од категоријата Д, од нивоата од Д1 до Д6 треба да поседуваат и меѓународно признат сертификат издаден од офицојален европски тестатор, член на Здружението ALTE на европски тестатори, или уверение од меѓународна институција за познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски) на А1 (А1) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно БУЛАТС или Аптис, или ТОЕФЛ ПБТ најмалку 310 бода, ТОЕФЛ ЦБТ најмалку 35 бода или ТОЕФЛ ИБТ најмалку 10 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или Гете сертификат.

**Помошно-технички лица**

Член 155-е

(1) Вработените во јавните здравствени установи кои вршат помошно- технички работи, имаат статус на помошно-технички лица и за нив се применуваат одредбите од овој закон, Законот за вработени во јавниот сектор и општите прописи за работни односи.

(2) За помошно-техничките лица се утврдуваат следниве подгрупи:

- подгрупа 1 - помошно-технички лица за одржување на објектите и на опремата,
- подгрупа 2 - помошно-технички лица за обезбедување на објектите и на опремата,
- подгрупа 3 - помошно-технички лица за превоз на лица и на опрема
- подгрупа 4 - помошно-технички лица во кујна или во хотелско-угостителски објект и
- подгрупа 5 - други помошно-технички лица.

(3) Во рамките на подгрупата 1 помошно-технички лица за одржување на објектите и опремата се утврдуваат следниве категории и нивоа:

- категорија А - помошно-технички лица за одржување на објектите
- ниво А1 дипломирани инженери и други,
- ниво А2 инженер (со степен) и други,
- ниво А3 ВКВ работници (водоинсталатер, електричар, монтер, машино-бравар, ѕидар и друго) и други и
- ниво А4 КВ работници (електричар , техничар (ТТ, ТВ и друго), економ-домаќин и други и
- категорија Б - помошно-технички лица за одржување на опремата
- ниво Б1 дипломирани инженери и други,
- ниво Б2 инженер (со степен) и други,
- ниво Б3 - техничар (електро, машински, ТТ, ТВ, ПП и друго) и други;
- ниво Б4 - ВКВ - работници ( автомеханичар, на парен котел) и други.

(4) Во рамките на подгрупата 2 помошно технички лица за обезбедување на објектите и опремата се утврдуваат следниве категории и нивоа:

- категорија А - помошно-технички лица за обезбедување на објектите и опремата
- ниво А1 обезбедувач со лиценца за обезбедување и други,
- ниво А2 противпожарен техничар и други,
- ниво А3 чувар - пожарникар и други и
- ниво А4 портир, вратар и други.

(5) Во рамките на подгрупата 3 помошно-технички лица за превоз на лица и опрема се утврдуваат следниве категории и нивоа:

- категорија А - помошно технички лица за превоз на лица и опрема
- ниво А1 возач во брза помош и други и
- ниво А2 возач и други.

(6) Во рамките на подгрупата 4 помошно-технички лица во кујна се утврдуваат следниве категории и нивоа:

- категорија А - помошно-технички лица во кујна
- ниво А1 ВКВ работник во кујна (готвач) и други,
- ниво А2 КВ сервирка и други и
- ниво А3 сервирка, садомијач во кујна и други.

(7) Во рамките на подгрупата 5 други помошно-технички лица се утврдуваат следниве категории и нивоа:

- категорија А - одржување на хигиената во работните простории,
- ниво А1 садомијач во лабораторија, трансфузиологија, инфузија и нуклеарна медицина и други,
- ниво А2 перач, сушар, пеглач на алишта и други,
- ниво А3 чистач во здравствени простории и други и
- ниво А4 чистач во административни простории, чистач во кујна, чувар на животни и општ работник, садомијач и други,
- категорија Б - други помошно-технички лица
- ниво Б1 телефонист во работна единица и други,
- ниво Б2 ВКВ работник - бербер и други,
- ниво Б3 котлар и други,
- ниво Б4 работници со ССП и други,
- ниво Б5 КВ - телефонист и КВ - работници и други,
- ниво Б6 КВ - работници (со стручен испит) и други,
- ниво Б7 телефонист во здравствена установа и физички работник -асанатор и други,
- ниво Б8 физички работници и други,
- ниво Б9 гипсер, разнесувач на материјал и други и
- ниво Б10 курир и други.

(8) Вработените во следниве подгрупи, односно категории и нивоа треба да имаат најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен:

- подгрупа 1, категорија А ниво А1 и
- подгрупа 1, категорија Б ниво Б1.

(9) Вработените во следниве подгрупи, односно категории и нивоа треба да имаат најмалку 180 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VI/1 степен:

- подгрупа 1, категорија А ниво А2, и
- подгрупа 1, категорија Б ниво Б2.

(10) Вработените во следниве подгрупи, односно категории и нивоа треба да имаат најмалку основно образование:

- подгрупа 2, категорија А ниво А4
- подгрупа 4, категорија А ниво А3
- подгрупа 5, категорија А, ниво А2, ниво А3 и А4,
- подгрупа 5, категорија Б, ниво Б3, Б7, Б8, Б9 и Б10.

(11) Вработените во останатите подгрупи, односно категории и нивоа треба да имаат најмалку четиригодишно средно образование, односно тригодишно средно образование.

**Годишен план за вработување на административни службеници, даватели на јавни услуги во областа на здравството и на помошно-технички лица**

Член 155-ж

(1) Директорот на јавната здравствена установа, по претходно мислење на Министерството за информатичко општество и администрација и претходна согласност од Министерството за здравство донесува годишен план за вработување на давателите на јавните услуги во областа на здравството, административните службеници и на помошно-техничките лица за следната година, согласно со Законот за вработените во јавниот сектор.

(2) Постапките за пополнување на работни места согласно со овој закон се спроведуваат во согласност со годишниот план од ставот (1) на овој член и по претходно известување за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии.“

Член 6

Насловот пред членот 210 и членот 210 се менуваат и гласат:

**„Права и обврски на административните службеници и на помошно-техничките лица во јавните здравствени установи**

Член 210

(1) Вработените во јавните здравствени установи кои вршат административни работи имаат статус на административни службеници.

(2) За прашањата кои се однесуваат на работниот однос на вработените од ставот (1) на овој член кои не се уредени со овој закон и со колективен договор, се применуваат одредбите од Законот за административните службеници и општите прописи за работните односи.

(3) Вработените во јавните здравствени установи кои вршат помошни и технички работи имаат статус на помошно-технички лица.

(4) На помошно-техничките лица во јавните здравствени установи ќе се применува Законот за вработените во јавниот сектор и општите прописи за работни односи.“

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 7

Директорите на јавните здравствени установи именувани до денот на започнувањето на примената на членовите 2 и 3 од овој закон продолжуваат да ја вршат функцијата до истекот на мандатот за кој се именувани.

Член 8

Постапките за здравствените работници и здравствените соработници, како и постапките за вработените во јавните здравствени установи кои не се здравствени работници и здравствени соработници, кои се однесуваат на вработувањето, дисциплинските постапки, материјалната одговорност и постапките за оценување за лицата, започнати до денот на започнувањето на примената на овој закон, ќе се завршат според Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ број 43/12, 145/12, 87/13 и 164/13).

Член 9

Вработените кои на денот на влегувањето во сила на овој закон, се затекнати на работно место од категоријата А - здравствени работници со високо образование од областа на медицината, стоматологијата и фармацијата, на работно место од категоријата Б - здравствени работници со високо стручно образование од областа на медицината и стоматологијата и на работно место од категоријата Д - здравствени соработници од ниво Д1 до ниво Д6, кои ќе остварат право на пензија во рок од десет години од денот на започнувањето со примената на овој закон, не треба да доставаат доказ за познавање на странски јазик, соодветно на нивото на нивното работно место.

Член 10

Вработените кои на денот на влегувањето во сила на овој закон, се затекнати на работно место од категоријата Б - здравствени работници со високо стручно образование од областа на медицината и стоматологијата, а имаат средно или вишо образование од областа на медицината, продолжуваат да ги вршат работните задачи што произлегуваат од ова работно место до исполнување на условите по однос на степенот на стручна подготовка потребен за ова работно место, но не подолго од пет години од денот на започнување на примената на овој закон.

Вработениот од ставот (1) на овој член кој нема да достави докази дека се исполнети условите по однос на степенот на стручна подготовка потребен за работното место од категоријата Б - здравствени работници со високо стручно образование од областа на медицината и стоматологијата, со решение на работоводниот орган на јавната здравствена установа, ќе биде распореден на работно место соодветно на неговиот степен на стручна подготовка.

Вработениот од ставот (1) на овој член кој ќе достави докази дека се исполнети условите по однос на степенот на стручна подготовка потребен за работното место од категоријата Б - здравствени работници со високо стручно образование од областа на медицината и стоматологијата, со решение на работоводниот орган на јавната здравствена установа, ќе биде распореден на истото работно место или на работно место соодветно на неговиот степен на стручна подготовка, а како негово работно искуство во струката ќе се смета целокупното работно искуство стекнато во здравствена установа како здравствен работник.

Ставот (1) на овој член не важи за вработените кои на денот на влегувањето во сила на овој закон, се затекнати на работно место од категоријата Б - здравствени работници со високо стручно образование од областа на медицината и стоматологијата, а кои ќе остварат право на пензија во рок од десет години од денот на започнувањето на примената на овој закон.

Член 11

Вработените кои на денот на влегувањето во сила на овој закон, се затекнати на работно место од Категоријата Г - здравствени работници со средно стручно образование од областа на медицината, стоматологијата и фармацијата, нивоа Г4 и Г5, а кои имаат завршено основно образование или кои немаат завршено средно образование од областа на медицината или имаат несоодветно средно образование, продолжуваат да ги вршат работните задачи што произлегуваат од ова работно место до исполнување на условите по однос на степенот на стручна подготовка потребен за ова работно место, но не подолго од пет години од денот на започнување на примената на овој закон.

Вработениот од ставот (1) на овој член кој нема да достави докази дека се исполнети условите по однос на степенот на стручна подготовка потребен за работното место од категоријата Г - здравствени работници со средно стручно образование од областа на медицината, стоматологијата и фармацијата, нивоа Г4 и Г5, со решение на работоводниот орган на јавната здравствена установа, ќе биде распореден на работно место соодветно на неговиот степен на стручна подготовка.

Вработениот од ставот (1) на овој член кој ќе достави докази дека се исполнети условите по однос на степенот на стручна подготовка потребен за работното место од категоријата Г - здравствени работници со средно стручно образование од областа на медицината, стоматологијата и фармацијата, нивоа Г4 и Г5, со решение на работоводниот орган на јавната здравствена установа, ќе биде распореден на истото работно место или на работно место соодветно на неговиот степен на стручна подготовка, а како негово работно искуство во струката ќе се смета целокупното работно искуство стекнато во здравствена установа како здравствен работник.

Условот од ставот (1) на овој член не важи за вработените кои на денот на влегувањето во сила на овој закон, се затекнати на работно место од категоријата Г

- здравствени работници со средно стручно образование од областа на медицината, стоматологијата и фармацијата, нивоа Г4 и Г5, а кои ќе остварат право на пензија во рок од десет години од денот на започнувањето на примената на овој закон.

Член 12

Вработен кој засновал работен однос во јавна здравствена установа со денот на започнување на примената на овој закон, треба до работоводниот орган на јавната здравствена установа да достави докази за познавање на странски јазици и познавање на работа со компјутерски програми за канцелариско работење, соодветни на категоријата и нивото на неговото работно место, во рок од две години од денот на започнувањето на примената на овој закон.

Вработениот од ставот (1) на овој член кој нема да достави докази за познавање на странски јазици и познавање на работа со компјутерски програми за канцелариско работење согласно со ставот (1) на овој член со решение на работоводниот орган на јавната здравствена установа, ќе биде распореден на работно место за едно ниво пониско од работното место на кое бил во моментот на влегувањето во сила на овој закон, освен вработените кои на денот на започнувањето на примената на овој закон биле распоредени на работно место од влезно ниво на кои ќе им биде намалена платата во износ од 10%.

Вработениот од ставот (1) на овој закон на кој согласно со ставот (2) на овој член платата му била намалена во износ од 10% може во секој момент да достави докази за познавање на странски јазици и познавање на работа со компјутерски програми за канцелариско работење до раководното лице на институцијата по што работоводниот орган на јавната здравствена установа носи решение со кое решението за намалувањето на платата престанува да важи.

Ставовите (1) и (2) на овој член не важат за вработените кои ќе остварат право на пензија во рок од десет години од денот на започнувањето на примената на овој закон.

Државниот управен инспекторат, во рок од три месеци по истекот на рокот од ставот (1) на овој член, ќе изврши надзор над спроведувањето на ставовите (1) и (2) на овој член во сите јавни здравствени установи.

Член 13

Одредбите од членовите 2, 3 и 4 од овој закон ќе започнат да се применуваат по една година од денот на влегувањето во сила на овој закон, освен одредбите кои се однесуваат на условот за познавање на странски јазик кои ќе започнат да се применуваат по две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 14

Одредбите од членовите 1, 5 и 6 од овој закон, ќе започнат да се применуваат со започнувањето на примената на Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ број 27/14) и Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ број 27/14).

Член 15

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

# L I GJ
# PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR MBROJTJE SHËNDETËSORE

Neni 1

Në Ligjin për mbrojtje shëndetësore ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 43/12, 145/12, 87/13 dhe 164/13), pas nenit 13 shtohen dy tituj të rinj dhe dy nene të reja 13-a dhe 13-b, si vijojnë:

**"Të drejtat e marrëdhënies së punës në institucionin shëndetësor publik**

Neni 13-a

Në institucionet shëndetësore publike vendet e punës së të punësuarve grupohen në grupe dhe nëngrupe në pajtim me Ligjin për të punësuarit në sektorin publik:
- nëpunës administrativë,
- dhënës të shërbimeve publike në shëndetësi dhe
- persona ndihmës-teknikë.

**Rrogat e të punësuarve në institucione shëndetësore publike**

Neni 13-b

Rrogat e të punësuarve në institucione shëndetësore publike përcaktohen në marrëveshje kolektive në pajtim me llojin e kualifikimeve të nevojshme profesionale dhe kompetencave të punës, përgjegjësinë, llojin dhe ndërlikueshmërinë e punëve dhe detyrave të punës, si dhe në pajtim me kritere tjera me rëndësi për vendin e punës."

Neni 2

Në nenin 104 paragrafi (2) ndryshohet si vijon:

"Drejtor mund të emërohet personi që i plotëson kushtet në vijim:

1) është shtetas i Republikës së Maqedonisë;

2) në momentin e emërimit me aktvendim të plotfuqishëm gjyqësor nuk i është shqiptuar dënim apo sanksion për kundërvajtje ndalim për kryerje të profesionit, veprimtarisë apo detyrës;

3) ka të mbaruar arsim sipëror nga sfera e shkencave të mjekësisë apo shkencave stomatologjike, arsim sipëror - logoped i diplomuar, arsim sipëror - specialist i biokimisë mjekësore, arsim sipëror nga sfera e shkencave ekonomike dhe shkencave juridike apo menaxhimit shëndetësor publik apo ka mbaruar studime akademike me së paku 240 SETK, përkatësisht së paku nivelin VI B në pajtim me Kornizën nacional të kualifikimeve të arsimit sipëror;

4) ka minimum pesë vjet përvojë pune dhe provim të dhënë për drejtor në pajtim me këtë ligj;

5) ofron program më cilësor për punën e institucionit shëndetësor publik;

6) posedon njërën nga certifikatat vijuese të njohura ndërkombëtarisht për njohje aktive të gjuhës angleze jo më të vjetër se pesë vjet:
- TOEFEL IBT së paku 74 pikë,
- IELTS (IELTS) - së paku 6 pikë,
- ILEC (ILEC) (Cambridge English: Legal) - së paku niveli B2 (B2),
- FCE (FCE) (Cambridge English: First) - të dhënë,
- BULATS (BULATS) - së paku 60 pikë apo
- APTIS (APTIS) - së paku niveli B2 (B2) dhe

7) ka të dhënë testin psikologjik dhe testin për integritet."

Neni 3

Në nenin 105 paragrafi (2) ndryshohet si vijon:

"Drejtor i mjekësisë mund të emërohet personi që i plotëson kushtet në vijim:

1) është shtetas i Republikës së Maqedonisë;

2) në momentin e emërimit me aktvendim të plotfuqishëm gjyqësor nuk i është shqiptuar dënim apo sanksion kundërvajtës ndalim për kryerje të profesionit, veprimtarisë apo detyrës;

3) ka të mbaruar arsim sipëror nga sfera e shkencave të mjekësisë apo shkencave stomatologjike, arsim sipëror - logoped i diplomuar, arsim sipëror - specialist i biokimisë mjekësore apo ka mbaruar studimet akademike me së paku 240 SETK, përkatësisht së paku nivelin VI B në pajtim me Kornizën nacionale të kualifikimeve të arsimit sipëror;

4) ka minimum pesë vjet përvojë pune në institucionin shëndetësor dhe provim të dhënë për drejtor në pajtim me këtë ligj;

5) posedon njërën nga certifikatat ose dëshmitë vijuese të njohura ndërkombëtarisht për njohje aktive të gjuhës angleze jo më të vjetër se pesë vjet:

- TOEFEL IBT së paku 74 pikë,
- IELTS (IELTS) - së paku 6 pikë,
- ILEC (ILEC) (Cambridge English: Legal) - së paku niveli B2 (B2),
- FCE (FCE) (Cambridge English: First) - të dhënë,
- BULATS (BULATS) - së paku 60 pikë apo
- APTIS (APTIS) - së paku niveli B2 (B2) dhe

6) ka të dhënë testin psikologjik dhe testin për integritet."

Paragrafi (4) ndryshohet si vijon:

Drejtori i Inspektoratit i emëruar deri në ditën e fillimit të zbatimit të këtij ligji vazhdon ta ushtrojë funksionin deri në përfundim të mandatit për të cilin është emëruar.

Neni 3

Dispozitat nga neni 1 të këtij ligji të cilat kanë të bëjnë me kushtin për njohje të gjuhës së huaj do të fillojnë të zbatohen pas dy viteve nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 4

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë", ndërsa do të fillojë të zbatohet pas një viti nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

**1281.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА ОД ЈОНИЗИРАЧКО ЗРАЧЕЊЕ И РАДИЈАЦИОНА СИГУРНОСТ

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 27 февруари 2014 година.

Бр. 07 – 1282/1
27 февруари 2014 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА ОД ЈОНИЗИРАЧКО ЗРАЧЕЊЕ И РАДИЈАЦИОНА СИГУРНОСТ

Член 1

Во Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност („Службен весник на Република Македонија“ број 48/2002, 135/2007, 53/11 и 164/13), по членот 4 се додава нов член 4-а, кој гласи:

„Член 4-а

(1) Директорот на Дирекцијата го именува и разрешува Владата на Република Македонија.

(2) За именување на директор се објавува јавен оглас, во најмалку три дневни весници кои се објавуваат на целата територија на Република Македонија од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

(3) Мандатот на директорот трае четири години.

(4) За директор на Дирекцијата се именува лице кое покрај општите услови утврдени со закон, треба да ги исполнува и следниве услови:

1) е државјанин на Република Македонија;

2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

3) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен високо образование;

4) има минимум пет години работно искуство;

5) поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:

- ТОЕФЛ ИБТ најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или
- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2) и

6) има положено психолошки тест и тест за интегритет.“

Член 2

Директорот на Дирекцијата именуван до денот на започнувањето на примената на овој закон продолжува да ја врши функцијата до истекот на мандатот за кој е именуван.

Член 3

Одредбите од членот 1 од овој закон кои се однесуваат на условот за познавање на странски јазик ќе започнат да се применуваат по две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”, а ќе започне да се применува по една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

---

## LI GJ
## PËR PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR MBROJTJE NGA RREZATIMI JONIZUES DHE SIGURI NGA RREZATIMI

Neni 1

Në Ligjin për mbrojtje nga rrezatimi jonizues dhe siguri nga rrezatimi ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 48/2002, 135/2007 53/11 dhe 164/13), pas nenit 4 shtohet nen i ri 4-a, si vijon:

"Neni 4-a

(1) Drejtorin e Drejtorisë e emëron dhe e shkarkon Qeveria e Republikës së Maqedonisë.

(2) Për emërimin e drejtorit shpallet konkurs publik në tre gazeta të shtypit ditor të cilat botohen në gjithë territorin e Republikës së Maqedonisë, prej të cilave njëra është gazetë e cila botohet në gjuhën të cilën e flasin të paktën 20% e qytetarëve të cilët flasin gjuhë zyrtare të ndryshme nga gjuha maqedonase.

(3) Mandati i drejtorit zgjat katër vjet.

(4) Si drejtor i Drejtorisë emërohet personi i cili përveç kushteve të përgjithshme të përcaktuara me ligj, duhet t'i plotësojë edhe kushtet si vijon:

1) të jetë shtetas i Republikës së Maqedonisë;

2) në momentin e emërimit me vendim të plotfuqishëm gjyqësor nuk i është shqiptuar dënim ose sanksion kundërvajtës ndalim për ushtrimin e funksionit, veprimtarisë ose detyrës;

3) ka fituar të paktën 240 kredi sipas SETK ose ka kryer shkallën VII/1 të arsimit të lartë,

4) të ketë përvojë pune minimum pesë vjet;

5) posedon një nga certifikatat në vijim ndërkombëtarisht të pranuara për njohje aktive të gjuhës angleze jo më të vjetër se pesë vjet;

- TOEFL IBT të paktën 74 pikë,
- IELTS - të paktën 6 pikë,
- IELS (ILEC) (Cambridge English: Legal) - të paktën nivelin B2,
- FCE (Cambridge English: First) - të kaluar,
- BULATS - të paktën 60 pikë ose
- APTIS- të paktën niveli B2 dhe

6) ka kaluar testin psikologjik dhe testin e integritetit dhe

Neni 2

Drejtori i Drejtorisë i emëruar deri në ditën e fillimit të zbatimit të këtij ligji vazhdon të ushtrojnë funksionin deri në skadimin e mandatit për të cilin është zgjedhur.

Neni 3

Dispozitat e nenit 1 të këtij ligji të cilat kanë të bëjnë me kushtet për njohjen e gjuhës së huaj do të fillojnë të zbatohen pas dy vitesh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 4

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë", ndërkaq do të fillojë të zbatohet pas një viti nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

---

**1282.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЛЕКОВИТЕ И МЕДИЦИНСКИТЕ ПОМАГАЛА**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за лековите и медицинските помагала што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 27 февруари 2014 година.

Бр. 07 – 1283/1
27 февруари 2014 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЛЕКОВИТЕ И МЕДИЦИНСКИТЕ ПОМАГАЛА**

Член 1

Во Законот за лековите и медицинските помагала („Службен весник на Република Македонија“ број 106/2007, 88/10, 36/11, 53/11, 136/11, 11/12, 147/13, 164/13 и 27/14), во членот 4 по ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„За именување на директор се објавува јавен оглас, во најмалку три дневни весници кои се објавуваат на целата територија на Република Македонија од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик. “

Ставот 3 кој станува став 4 се менува и гласи:

„Мандатот на директорот трае четири години.“

Член 2

По членот 4 се додава нов член 4-а, кој гласи:

„Член 4-а

За директор на Агенцијата може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

1) е државјанин на Република Македонија;

2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

3) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен од областа на фармацијата;

4) има минимум пет години работно искуство во областа на фармацијата;

5) поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:

- ТОЕФЛ ИБТ најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или
- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2) и

6) има положено психолошки тест и тест за интегритет.“

Член 3

Директорот на Агенцијата именуван до денот на започнувањето на примената на овој закон продолжува да ја врши функцијата до истекот на мандатот за кој е именуван.

Член 4

Одредбите од членот 2 од овој закон кои се однесуваат на условот за познавање на странски јазик ќе започнат да се применуваат по две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”, а ќе започне да се применува по една години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

---

**L I GJ**
**PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR BARNA DHE VEGLA NDIHMËSE MJEKËSORE**

Neni 1

Në Ligjin për barna dhe vegla ndihmëse mjekësore (“Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 106/2007, 88/10, 36/11, 53/11, 136/11, 11/12, 147/13, 164/13 dhe 27/14), në nenin 4 pas paragrafit 2 shtohet paragraf i ri 3, si vijon:

“Për emërim të drejtorit publikohet shpallje publike në tri gazeta ditore të cilat botohen në tërë territorin e Republikës së Maqedonisë, nga të cilat njëra nga gazetat që botohen në gjuhën që e flasin së paku 20% e qytetarëve të cilët flasin gjuhë zyrtare të ndryshme nga gjuha maqedonase. “

Paragrafi 3 që bëhet paragrafi 4 ndryshohet si vijon:

“Mandati i drejtorit zgjat katër vite."

Neni 2

Pas nenit 4 shtohet nen i ri 4-a, si vijon:

“Neni 4-a

Për drejtor i Agjencisë mund të emërohet personi i cili i plotëson këto kushte:

1) është shtetas i Republikës së Maqedonisë;

2) në momentin e emërimit me aktvendim të plotfuqishëm gjyqësor nuk i është shqiptuar dënim apo sanksion i kundërvajtjes ndalim për kryerje të profesionit, veprimtarisë apo detyrës;

3) ka marrë së paku 240 kredi sipas SETK ose ka përfunduar VII/1 shkallë nga fusha e farmacisë;

4) ka minimum pesë vite përvojë pune në fushën e farmacisë;

5) posedon njërën nga certifikatat apo dëshmitë vijuese të njohura ndërkombëtarisht për njohje aktive të gjuhës angleze jo më të vjetër se pesë vjet:

- TOEFEL IBT së paku 74 pikë,
- IELTS (IELTS) - së paku 6 pikë,
- ILEC (ILEC) (Cambridge English: Legal) - së paku niveli B2 (B2),
- FCE (FCE) (Cambridge English: First) - të dhënë,
- BULATS (BULATS) - së paku 60 pikë ose
- APTIS (APTIS) – së paku niveli B2 (B2) dhe

6) të ketë kaluar testin psikologjik dhe testin për integritet.”

Neni 3

Drejtori i Agjencisë i emëruar deri në ditën e fillimit të aplikimit të këtij ligji vazhdon ta kryejë funksionin deri në skadimin e mandatit për të cilin është emëruar.

Neni 4

Dispozitat nga neni 2 i këtij ligji të cilat kanë të bëjnë me kushtin për njohje të gjuhës së huaj të cilat do të fillojnë të zbatohen pas dy vitesh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 5

Ky ligj hyn në fuqi më ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë", kurse do të fillojë të zbatohet pas një viti nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

---

**1283.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 27 февруари 2014 година.

Бр. 07 – 1284/1
27 февруари 2014 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ**

Член 1

Во Законот за пензиското и инвалидското осигурување ("Службен весник на Република Македонија" број 98/12, 166/12, 15/13 и 170/13), во членот 159 став (2) се менува и гласи:

„Конкурсот од ставот (1) на овој член се објавува во три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Македонија, од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик."

Член 2

Членот 160 се менува и гласи:

„За директор, односно заменик директор на Фондот се именува домашно физичко лице кое ги исполнува следниве услови:

1) е државјанин на Република Македонија;

2) во моментот на изборот со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

3) има завршено високо образование со стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;

4) има минимум пет години работно искуство од областа на правото, финансиите, економијата и пензиското осигурување;

5) ќе понуди најквалитетна програма за работа на Фондот;

6) поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:

- ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или
- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2) и

7) има положено психолошки тест и тест за интегритет."

Член 3

Во членот 161 по точката 1 се додава нова точка 2, која гласи:

„2) донесува годишен план за вработување согласно со потребите на Фондот и начелото за соодветна и правична застапеност, а врз основа на Методологијата за планирање на вработувањата во јавниот сектор;".

Точките 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8 и 9 стануваат точки 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9 и 10.

По ставот (1) се додаваат два нови става (2) и (3), кои гласат:

"(2) Согласност на годишниот план за вработување дава Министерството за труд и социјална политика.

(3) Годишниот план од ставот (1) точка 2 на овој член се донесува до 30 септември во тековната за наредната година".

Член 4

Членот 164 се менува и гласи:

„(1) Стручните, нормативно-правните, управните, управно-надзорните, материјално-финансиските, сметководствените, информатичките и другите работи на Фондот ги врши стручна служба чија внатрешна организација, делокруг на работа и услови за вработување поблиску се уредуваат со актите за внатрешна организација и систематизација на работите и задачите.

(2) За вршење на работите од ставот (1) на овој член Фондот образува единствена стручна служба, филијали и деловници.

(3) Вработените во стручната служба од ставот (2) на овој член имаат статус на административни службеници, согласно со Законот за административните службеници.

(4) Вработените во Фондот кои вршат помошно-технички работи, имаат статус на помошно-технички персонал, согласно со Законот за вработените во јавниот сектор и општите прописи за работни односи."

Член 5

Членовите 165, 166, 167, 168, 169, 170, 171, 172, 173, 174, 175, 176, 177, 178, 179, 180, 181, 182, 183 и 184 се бришат.

Член 6

Директорот и заменик директорот на Фондот именуван до денот на започнувањето на примената на членот 1 од овој закон продолжува да ја врши функцијата до истекот на мандатот за кој е именуван.

Член 7

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

Член 8

Одредбите на членот 1 од овој закон ќе започнат да се применуваат по една година од денот на влегувањето во сила на овој закон, освен одредбите кои се однесуваат на условот за познавање на странски јазик кои ќе започнат да се применуваат по две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Одредбите на членовите 2, 3 и 4 од овој закон ќе започнат да се применуваат со денот на започнувањето на примената на Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ број 27/14) и Законот за административните службеници ( “ Службен весник на Република Македонија“ број 27/14).

Член 9

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

---

**L I GJ**
**PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR SIGURIM PENSIONAL DHE INVALIDOR**

Neni 1

Në Ligjin për sigurim pensional dhe invalidor ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 98/12, 166/12, 15/13 dhe 170/13), në nenin 159 paragrafi (2) ndryshon si vijon:

"Konkursi nga paragrafi (1) i këtij neni shpallet në tri gazeta ditore të cilat botohen në tërë territorin e Republikës së Maqedonisë, prej të cilëve njëri nga gazetat të cilat botohen në gjuhen të cilën e flasin së paku 20% të qytetareve të cilët flasin gjuhë zyrtare të ndryshme nga gjuha maqedonase."

Neni 2

Neni 160 ndryshon si vijon:

"Për drejtorin, respektivisht zëvendësdrejtorin e Fondit emërohet person fizik vendas i cili i plotëson kushtet në vijim:

1) është shtetas i Republikës së Maqedonisë;

2) në momentin e emërimit me aktgjykim të plotfuqishëm gjyqësorë nuk i është shqiptuar dënim ose sanksion për kundërvajtje ndalesë për kryerje të profesionit, veprimtarisë ose detyrës.

3) ka kryer arsim të lartë dhe ka marrë së paku 240 kredi sipas SETK ose ka kryer shkallën VII/1;

4) ka minimum pesë vite përvojë pune nga sfera e drejtësisë, financave, ekonomisë dhe sigurimit pensional;

5) do të ofrojë program më kualitativ për punë në Fond;

6) posedon një nga certifikatat e pranuara ndërkombëtare ne vijim ose vërtetim për njohje aktive të gjuhës angleze jo me të vjetër se pesë vite:

- TOEFEL IBT së paku 76 pikë,
- IELTS (IELTS) - së paku 6 pikë,
- ILEC (ILEC) - (Cambridge English: Legal) - së paku B2 (B2) niveli,
- FCE (FCE) (Cambridge English: First) - të dhënë,
- BULATS (BULATS) - së paku 60 pikë ose
- APTIS (APTIS) - së paku niveli B2 (B2) dhe

7) ka të dhënë test psikologjik dhe test për integritet."

Neni 3

Në nenin 161 pas pikës 1 shtohet pikë e re 2, si vijon:

"2) miraton plan vjetor për punësim në pajtim me nevojat e Fondit dhe parimet për përfaqësim të drejtë dhe adekuat, ndërsa në bazë të Metodologjisë për planifikim të punësimeve në sektorin publik;".

Pikat 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8 dhe 9 bëhen pika 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9 dhe 10.

Pas paragrafit (1) shtohen dy paragrafë të rinj (2) dhe (3), si vijon:

"(2) Pëlqim për planin vjetor për punësim jep Ministria e Punës dhe Politikës Sociale.

(3) Plani vjetor nga paragrafi (1) pika 2 të këtij neni miratohet deri më 30 shtator të vitit rrjedhës për vitin e ardhshëm".

Neni 4

Neni 164 ndryshon si vijon:

"(1) Punët profesionale, juridike normative, administrative, mbikëqyrëse-administrative, materiale-financiare, të kontabilitetit, informatike dhe punët tjera nga Fondi i kryen shërbimi profesional organizimi i brendshëm i të cilit, fushëveprimi i punës dhe kushtet për punësim më afër rregullohen me aktet për organizim të brendshëm dhe sistematizim të punës dhe detyrave.

(2) Për kryerjen e punëve nga paragrafi (1) i këtij neni Fondi formon shërbim të veçantë profesionist, filiale dhe rregullore.

(3) Të punësuarit në shërbimin profesional nga paragrafi (2) i këtij neni kanë status të nëpunësve administrativë, në pajtim me Ligjin për nëpunës administrativë.

(4) Të punësuarit në Fond, të cilët kryejnë punë ndihmëse-teknike, kanë status të personelit ndihmës-teknik, në pajtim me Ligjin për të punësuar në sektorin publik dhe dispozitat e përgjithshme për marrëdhënie pune."

Neni 5

Nenet 165, 166, 167, 168, 169, 170, 171, 172, 173, 174, 175, 176, 177, 178, 179, 180, 181, 182, 183 dhe 184 shlyhen.

Neni 6

Drejtori dhe zëvendësdrejtori i Fondit i emëruar deri në ditën e fillimit të zbatimit të nenit 1 të këtij ligji vazhdon ta kryejë funksionin deri në skadimin e mandatit për të cilin është emëruar.

Neni 7

Autorizohet Komisioni Juridik-ligjvënës i Kuvendit të Republikës së Maqedonisë të përcaktojë tekst të spastruar të Ligjit për sigurim pensional dhe invalidor.

Neni 8

Dispozitat nga neni 1 i këtij ligji do të fillojnë të zbatohen pas një viti nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji, përveç dispozitave të cilat kanë të bëjnë me kushtin për njohjen e gjuhës së huaj që do të fillojnë të zbatohen pas dy viteve nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Dispozitat e neneve 2, 3 dhe 4 të këtij ligji do të fillojnë të zbatohen me ditën e fillimit të zbatimit të Ligjit për të punësuarit në sektorin publik ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 27/14) dhe Ligjit për nëpunës administrativë ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 27/14).

Neni 9

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

**1284.**

Врз основа на членот 12 став 4 од Законот за поштенските услуги (" Службен весник на Република Македонија" број 158/10), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 28 февруари 2014 година, донесе

**О Д Л У К А
ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ПОШТИ ЗА 2014 ГОДИНА**

Член 1

Со оваа одлука се одобрува Годишната програма за работа на Агенцијата за пошти за 2014 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-1338/1
28 февруари 2014 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

---

**1285.**

Врз основа на членот 56 став (4) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113 /2005, 29/2007, 88/2008, 48/2009, 50/10, 171/10, 36/11, 98/12, 13/13 и 164/13), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 28 февруари 2014 година, донесе

**О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ВИСИНАТА НА МЕСЕЧНИОТ НАДОМЕСТ ЗА 2014 ГОДИНА ШТО АГЕНЦИЈАТА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ ГО НАПЛАТУВА ОД ПЕНЗИСКИТЕ ДРУШТВА**

Член 1

Со оваа одлука Собранието на Република Македонија дава согласност на Одлуката за висината на месечниот надомест за 2014 година што Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување го наплатува од пензиските друштва, број 02-1566/6 од 11 декември 2013 година, донесена на седница на Советот на експерти на Агенцијата одржана на 26 ноември 2013 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-1339/1
28 февруари 2014 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

---

**1286.**

Врз основа на членот 56 став (4) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113 /2005, 29/2007, 88/2008,48/2009, 50/10, 171/10, 36/11, 98/12, 13/13 и 164/13), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 28 февруари 2014 година, донесе

**О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОЦИТЕ ШТО АГЕНЦИЈАТА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ ГИ НАПЛАТУВА ОД ПЕНЗИСКИТЕ ДРУШТВА**

Член 1

Со Оваа одлука Собранието на Република Македонија дава согласност на Одлуката за измена на Одлуката за утврдување на висината на надоместоците што Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување ги наплатува од пензиските друштва, број 02-1566/7 од 11 декември 2013 година, донесена на седницата на Советот на експерти на Агенцијата одржана на 26 ноември 2013 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-1340/1
28 февруари 2014 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

---

**1287.**

Врз основа на членот 13 од Законот за воздухопловство ("Службен весник на Република Македонија" број 14/2006, 24/2007, 103/2008, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12 и 68/2013) Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 28 февруари 2014 година, донесе

**О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРЕДЛОГОТ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА И РАЗВОЈ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО ЗА 2014 ГОДИНА**

Член 1

Собранието на Република Македонија дава согласност на Предлогот на годишната програма за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2014 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-1341/1
28 февруари 2014 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

---

**1288.**

Врз основа на членот 13 од Законот за воздухопловство ("Службен весник на Република Македонија"бр.14/2006, 24/2007, 103/2008, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12 и 68/13) Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 28 февруари 2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРЕДЛОГОТ НА ГОДИШНИОТ ФИНАНСИСКИ ПЛАН НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО ЗА 2014 ГОДИНА**

Член 1
Собранието на Република Македонија дава согласност на Предлогот на годишниот финансиски план на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2014 година.

Член 2
Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-1342/1
28 февруари 2014 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

---

**1289.**
Врз основа на член 12 став (7) од Законот за воздухопловство ("Службен весник на Република Македонија" број 14/2006, 24/2007, 103/2008, 67/10, 24/12, 80/12 и155/12), Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 28 февруари 2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ОД КОНЦЕСИСКИОТ НАДОМЕСТОК ЗА КОРИСТЕЊЕ НА АЕРОДРОМИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2013 ГОДИНА**

Член 1
Со оваа одлука се утврдува користењето на средствата од концесискиот надоместок за користење на аеродромите во Република Македонија за 2013 година.

Член 2
Средствата од концесискиот надоместок за користење на аеродромите во Република Македонија во износ од 10.800.000,00 денари се користат за финансирање на расходите на Агенцијата за цивилно воздухопловство за извршување на пропишаните надлежности за надзор над безбедноста на аеродромите во Република Македонија за меѓународен воздушен транспорт, односно за покривање на реалните административни и надзорни трошоци над условите за безбедно користење.

Член 3
Средствата од концесискиот надоместок за финансирање на Агенцијата, Министерството за финансии ги префрла на сметката на Агенцијата за цивилно воздухопловство во рок од 90 дена од денот на влегување на сила на оваа одлука.

Член 4
Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-1343/1
28 февруари 2014 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**1290.**
Врз основа на членот 119 став 3 од Законот за радиодифузната дејност („Службен весник на Република Македонија“ број 100/2005, 19/2007, 103/2008, 152/08, 6/10, 145/10, 97/11, 13/12 и 72/13), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 28 февруари 2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН НА ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА ЗА РЕДОВНИ И ИНВЕСТИЦИОНИ АКТИВНОСТИ НА РАДИОПРОГРАМИТЕ НАМЕНЕТИ ЗА СОСЕДНИТЕ ЗЕМЈИ И ЕВРОПА НА СТРАНСКИ ЈАЗИЦИ ЗА 2014 ГОДИНА**

Член 1
Собранието на Република Македонија го одобрува Финансискиот план на ЈРП Македонска радио-телевизија за редовни и инвестициони активности на радиопрограмите наменети за соседните земји и Европа на странски јазици за 2014 година, во износ од 3.034.000 денари.

Член 2
Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-1344/1
28 февруари 2014 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

---

**1291.**
Врз основа на членот 119 став 3 од Законот за радиодифузната дејност ("Службен весник на Република Македонија" број 100/2005, 19/2007, 103/2008, 152/2008, 6/10, 145/10, 97/11, 13/12 и 72/13), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 28 февруари 2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН НА ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА ЗА РЕДОВНИ И ИНВЕСТИЦИОНИ АКТИВНОСТИ НА РАДИОПРОГРАМИТЕ НАМЕНЕТИ ЗА ИНФОРМИРАЊЕ НА ИСЕЛЕНИЦИТЕ И ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КОИ ЖИВЕАТ ВО СОСЕДНИТЕ ЗЕМЈИ, ВО ЕВРОПА И НА ДРУГИТЕ КОНТИНЕНТИ НА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И НА ЈАЗИКОТ ШТО ГО ЗБОРУВААТ НАЈМАЛКУ 20% ОД ГРАЃАНИТЕ КОЈ Е РАЗЛИЧЕН ОД МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК И НА ДРУГИТЕ НЕМНОЗИНСКИ ЗАЕДНИЦИ ЗА 2014 ГОДИНА**

Член 1
Собранието на Република Македонија го одобрува Финансискиот план на ЈРП Македонска радио-телевизија за редовни и инвестициони активности на радиопрограмите наменети за информирање на иселениците и граѓаните на Република Македонија кои живеат во соседните земји, во Европа и на другите континенти на македонски јазик и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински задници за 2014 година, во износ од 1.729.000 денари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-1345/1
28 февруари 2014 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

---

**1292.**

Врз основа на членот 119 став 3 од Законот за радиодифузната дејност ("Службен весник на Република Македонија" број 100/2005, 19/2007, 103/2008, 152/2008, 6/10, 145/10, 97/11, 13/12 и 72/13), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 28 февруари 2014 година, донесе

**О Д Л У К А
ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН НА ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА ЗА РЕДОВНИ И ИНВЕСТИЦИОНИ АКТИВНОСТИ НА РАДИОПРОГРАМСКИ СЕРВИС ПРЕКУ САТЕЛИТ НАМЕНЕТ ЗА ИСЕЛЕНИЦИТЕ И ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КОИ ЖИВЕАТ ВО ЕВРОПА И НА ДРУГИТЕ КОНТИНЕНТИ НА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И НА ЈАЗИКОТ ШТО ГО ЗБОРУВААТ НАЈМАЛКУ 20% ОД ГРАЃАНИТЕ КОЈ Е РАЗЛИЧЕН ОД МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК И НА ДРУГИТЕ НЕМНОЗИНСКИ ЗАЕДНИЦИ ЗА 2014 ГОДИНА**

Член 1

Собранието на Република Македонија го одобрува Финансискиот план на ЈРП Македонска радио-телевизија за редовни и инвестициони активности на радиопрограмски сервис преку сателит наменет за иселениците и граѓаните на Република Македонија кои живеат во Европа и на другите континенти на македонски јазик и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински задници за 2014 година, во износ од 16.646.000 денари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-1346/1
28 февруари 2014 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

---

**1293.**

Врз основа на членот 119 став 3 од Законот за радиодифузната дејност („Службен весник на Република Македонија” бр. 100/2005, 19/2007, 103/2008, 152/2008, 6/10, 145/10, 97/11, 13/12 и 72/13), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 28 февруари 2014 година, донесе

**О Д Л У К А
ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН НА ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА ЗА РЕДОВНИ И ИНВЕСТИЦИОНИ АКТИВНОСТИ НА ПРВИОТ ТЕЛЕВИЗИСКИ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС ПРЕКУ САТЕЛИТ НАМЕНЕТ ЗА ИСЕЛЕНИЦИТЕ И ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КОИ ЖИВЕАТ ВО ЕВРОПА И НА ДРУГИТЕ КОНТИНЕНТИ НА МЕКЕДОНСКИ ЈАЗИК И НА ЈАЗИКОТ ШТО ГО ЗБОРУВААТ НАЈМАЛКУ 20% ОД ГРАЃАНИТЕ КОЈ Е РАЗЛИЧЕН ОД МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК И НА ДРУГИТЕ НЕМНОЗИНСКИ ЗАЕДНИЦИ ЗА 2014 ГОДИНА**

Член 1

Собранието на Република Македонија го одобрува Финансискиот план на ЈРП Македонска радио-телевизија за редовни и инвестициони активности на Првиот телевизиски програмски сервис преку сателит наменет за иселениците и граѓаните на Република Македонија кои живеат во Европа и на другите континенти на македонски јазик и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници за 2014 година, во износ од 58.590.000 денари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-1347/1
28 февруари 2014 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

---

**1294.**

Врз основа на членот 119 став 3 од Законот за радиодифузната дејност (“Службен весник на Република Македонија” бр. 100/2005, 19/2007, 103/2008, 152/2008, 6/10, 145/10, 97/11, 13/12 и 72/13), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 28 февруари 2014 година, донесе

**О Д Л У К А
ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН НА ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА ЗА РЕДОВНИ И ИНВЕСТИЦИОНИ АКТИВНОСТИ НА ВТОРИОТ ТЕЛЕВИЗИСКИ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС ПРЕКУ САТЕЛИТ НАМЕНЕТ ЗА ИСЕЛЕНИЦИТЕ И ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КОИ ЖИВЕАТ ВО ЕВРОПА И НА ДРУГИТЕ КОНТИНЕНТИ НА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И НА ЈАЗИКОТ ШТО ГО ЗБОРУВААТ НАЈМАЛКУ 20% ОД ГРАЃАНИТЕ КОЈ Е РАЗЛИЧЕН ОД МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК И НА ДРУГИТЕ НЕМНОЗИНСКИ ЗАЕДНИЦИ ЗА 2014 ГОДИНА**

Член 1

Собранието на Република Македонија го одобрува Финансискиот план на ЈРП Македонска радио-телевизија за редовни и инвестициони активности на Вториот телевизиски програмски сервис преку сателит наменет за иселениците и граѓаните на Република Македонија кои живеат во Европа и на другите континенти на македонски јазик и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници за 2014 година, во износ од 32.912.000 денари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-1348/1
28 февруари 2014 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

---

**1295.**

Врз основа на членот 119 став 3 од Законот за радиодифузната дејност ("Службен весник на Република Македонија" број 100/2005, 19/2007, 103/2008, 152/2008, 6/10, 145/10, 97/11, 13/12 и 72/13), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 28 февруари 2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН НА ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА ЗА РЕДОВНИ И ИНВЕСТИЦИОНИ АКТИВНОСТИ ЗА СОБРАНИСКИОТ КАНАЛ ЗА 2014 ГОДИНА**

Член 1

Собранието на Република Македонија го одобрува Финансискиот план на ЈРП Македонска радио-телевизија за редовни и инвестициони активности за Собранискиот канал за 2014 година, во износ од 2.000.000 денари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-1349/1
28 февруари 2014 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

---

**1296.**

Врз основа на членот 68 став 1 алинеја 2 од Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 28 февруари 2014 година, даде

**АВТЕНТИЧНО ТОЛКУВАЊЕ**
**НА ЧЛЕНОТ 64 СТАВОВИ 1 И 2 ОД ЗАКОНОТ ЗА ДЕНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА („СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА" БРОЈ 20/98, 31/2000, 42/2003, 44/2007, 72/10, 171/10 И 55/13)**

Членот 64 од Законот за денационализација („Службен весник на Република Македонија" број 20/98, 31/2000, 42/2003, 44/2007, 72/10, 171/10 и 55/13) гласи:

"Во период од пет години од денот на влегувањето во сила на овој закон заклучно со 7 мај 2003 година, не е дозволено располагање со имотот што е предмет на денационализација, како и искористување на таков имот со кој се создаваат обврски за барателот.

По истекот на периодот од ставот 1 на овој член, без оглед кога е поднесено барање за денационализација, располагањето со имотот што е предмет на денационализација, како и искористување на таков имот со кој се создаваат обврски за барателот, е дозволено.

Склучените правни дела и дадените едностранни изјави на волја во периодот од ставот 1 на овој член, а со кои се располагало со имот предмет на денационализација или се искористил таков имот со кој се создале обврски за барателот се ништовни."

Одредбата на ставот 1 треба да се толкува така што располагање со имот што е предмет на денационализација, како и искористување на таков имот со кој се создаваат обврски за барателот не било дозволено во периодот од влегување во сила на Законот за денационализација („Службен весник на Република Македонија" број 20/98) до 7 мај 2003 година.

Одредбата од ставот 2 треба да се толкува така што располагање со имот што е предмет на денационализација, како и искористување на таков имот со кој се создаваат обврски за барателот е дозволено по 7 мај 2003 година. Дозволата за располагање и искористување на имот - предмет на денационализација се однесува за сите поднесени барања за денационализација, од денот на влегувањето во сила на Законот за денационализација („Службен весник на Република Македонија" број 20/98). Ова значи дека по 7 мај 2003 година, е дозволено располагање и искористување на имот - предмет на денационализација за сите поднесени барања од 7 мај 1998 година до крајниот рок 31 декември 2007 година, кој рок е утврден во членот 49 од Законот за денационализација („Службен весник на Република Македонија" број 20/98, 31/2000, 42/2003, 44/2007, 72/10, 171/10 и 55/13).

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-1350/1
28 февруари 2014 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

---

# ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

**1297.**

Врз основа на член 31 став (2) точка 1, а во врска со членовите 33 став (1), 34 став (1) и (4) и 35 став (1) и (2) од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија, бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13 и 34/13 и 14/2014), Државната изборна комисија на седницата одржана на 27.2.2014 година, во состав: претседател, Никола Рилкоски, потпретседател, м-р Субхи Јакупи и членовите Влатко Сајкоски, Сашо Срцев, Анета Стефановска, Виолета Дума и Бедредин Ибраими, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКИТЕ ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ОПШТИНСКИТЕ ИЗБОРНИ КОМИСИИ**

I. Во Одлуките за формирање на општинските изборни комисии („Службен весник на Република Македонија" бр. 60/11, 65/11, 67/11, 72/11, 15/13, 16/13, 17/13, 21/13, 23/13, 28/13, 32/13, 38/13, 44/13, 49/13 и 85/13), 10-1861/1 од 04.06.2011 година, 10-810/6 од 4.11.2011 и 10-137/1 од 3.4.2013 година се вршат следните изменувања и дополнувања и тоа:

1. Во составот на Општинската изборна комисија Струмица, заменик претседателот БЛАГИЦА АНДРЕЕВА, поранешна вработена во Министерство за информатичко општество и администрација, СЕ РАЗРЕШУВА.

За заменик претседател се именува СНЕЖАНА ПАЉОШКОВА вработена во Општина Струмица.

2. Во составот на Општинската изборна комисија Штип членот АНДОНЧО КОСТАДИНОВСКИ поранешен вработен во Министерство за финансии, СЕ РАЗРЕШУВА.

За член се именува ГОРАН РАДОЈЕВ, вработен во Општина Штип.

3. Во составот на Општинската изборна комисија Ранковце заменик членот ГРОЗДАН ЃОРГИЕВСКИ, пензионер, СЕ РАЗРЕШУВА.

За заменик член се именува ДАНИЕЛ ЈАКИМОВСКИ, вработен во Генерален секретаријат на Влада на Република Македонија.

4. Во составот на Општинската изборна комисија Пехчево заменик членот СУЗАНА СЕКУЛОВСКА, вработена во Министерство за образование и наука, СЕ РАЗРЕШУВА.

За заменик член се именува КАЛИНКА СТАНОЕВСКА, вработена во Министерство за финансии.

5. Во составот на Општинската изборна комисија Пехчево заменик членот ЈАСМИНКА ПАШАЛИСКА АНДОНОВСКА, поранешна вработена во Општина Берово, СЕ РАЗРЕШУВА.

За заменик член се именува ДАФИНКА ВУЧКОВСКА, вработена во Секретаријат за европски прашања.

6.Во составот на Општинската изборна комисија Гази Баба претседателот ПАНЧЕ КОВАЧЕВ, пензионер, СЕ РАЗРЕШУВА.

За претседател се именува ДУШКО ОНЧЕВСКИ, вработен во Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.

7. Во составот на Општинската изборна комисија Дојран членот ЖИВКО ДЕЛЕВ, пензионер, СЕ РАЗРЕШУВА.

За член се именува НИКОЛА БОЈАЏИЕВ, вработен во Општина Дојран.

8. Во составот на Општинската изборна комисија Боговиње членот АГИМ АДЕМИ, поранешен вработен во Општина Боговиње, СЕ РАЗРЕШУВА.

За член се именува АБДИЛЌЕРИМ ДАУТИ, вработен во Секретаријат за спроведување на рамковниот договор.

9. Во составот на Општинската изборна комисија Новаци членот ТОНИ ЈОВАНОВСКИ, СЕ РАЗРЕШУВА.

За член се именува СТЕВАН ЈАНКУЛОВСКИ, вработен во Државен архив на Република Македонија.

10. Во составот на Општинската изборна комисија Пласница претседателот ФАТМА ЕЈУБ, поранешна вработена во Биро за јавни набавки, СЕ РАЗРЕШУВА.

За претседател се именува МЕВЛУДА МЕМЕДОСКА, вработена во Општина Другово (Кичево).

11. Во составот на Општинската изборна комисија Тетово членот НАТАР ПАЈАЗИТИ, поранешен вработен во Биро за јавни набавки, СЕ РАЗРЕШУВА.

За член се именува ЏЕЛАДИН ЛОКМАНИ, вработен во Секретаријат за спроведување на рамковен договор.

12. Во составот на Општинската изборна комисија Тетово заменик членот КУШТРИМ ИСАКУ, вработен во Царинска управа, СЕ РАЗРЕШУВА.

За заменик член се именува ИЛБЕР МИРТА, вработен во Министерство за животна средина и просторно планирање.

13. Во составот на Општинската изборна комисија Петровец членот АРМЕНД ИБРАИМИ, вработен во Царинска управа, СЕ РАЗРЕШУВА.

За член се именува СУАД АБАЗИ, вработен во Секретаријат за спроведување на рамковен договор.

14. Во составот на Општинската изборна комисија Аеродром претседателот АНА КЛИМОВСКА вработена во Собрание на Република Македонија, СЕ РАЗРЕШУВА.

За претседател се именува СМИЉКА ТЕНЕВА, вработена во Министерство за животна средина и просторно планирање.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“ и на интернет страницата на Државна изборна комисија.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука, согласно член 18 став 3 од Изборниот законик, лицето избрано за претседател, заменик претседател, членови или нивни заменици на општинските изборни комисии имаат право да поднесат Изјава за неприфаќање на именувањето.

Изјавата за неприфаќање се поднесува до Државната изборна комисија, во рок од 48 часа, сметано од денот на објавувањето на оваа одлука во Службен весник на Република Македонија.

Доставувањето на Изјавата преку пошта не е дозволено.

Решението на Државната изборна комисија е конечно.

Бр. 07-433/3 — Државна изборна комисија,
28 февруари 2014 година — Претседател,
Скопје — **Никола Рилкоски**, с.р.

Службен весник на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје**
**бул. „Партизански одреди“ бр. 29. Поштенски фах 51.**
**Директор и одговорен уредник – м-р Тони Трајанов.**
**Телефон: +389-2-55 12 400.**
**Телефакс: +389-2-55 12 401.**

**Претплатата за 2014 година изнесува 10.100,00 денари.**
**„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.**
**Рок за рекламации: 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.**
**Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.**

ISSN 0354-1622

2014043